963

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
08 Бр.6/336 од 31.12 2018 год.

Врз основа на член 218 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" број 82/2018) и член 37 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Архитектонскиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 22. седница одржана на 27.12.2018 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за стекнување на звање редовен професор доживотно и засновање работен однос на неопределено време

### Член 1
Се констатира дека проф. д-р Минас Бакалчев, избран по прв пат во звањето редовен професор со одлука на Универзитетскиот сенат бр. 02-477 од 23.6.2011 година на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Архитектонски факултет – Скопје, се стекнува со звањето редовен професор доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

### Член 2
Со констатирање на статусот од точка 1 на оваа одлука се врши усогласување на статусот редовен професор на именуваниот со одредбите од член 218 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" број 82/2018).

### Член 3
Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Архитектонски факултет - Скопје

Декан

Вонр. проф. д-р Огнен Марина

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје * Република Македонија * АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Доставено до:
- Архивата
- Именуваниот наставник
- Персоналната служба

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 1008
Скопје, 16 мај 2011 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

## Содржина на Билтен број 1008 од 16 мај 2011 година

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје (**Кирил Чапов, Донка Деркоска, Талат Џафери, Милан Матовски, Игор Трајковски, Јане Клековски, Перо Арџанлиев, Жаклина Поп Ангелова, Мелита Ристовска, Васка Ивановска, Исуф Јусуфи, Ангелка Велкоска, Роза Андонаки Ивановска, Јане Ангеловски, Мимоза Абдула, Маја Манчевска, Владимир Митре, Алмира Папиќ, Весна Христова, Александра Арсовска, Елена Степаноска**)............1-2

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје (**Биљана Аврамовска, Наташа Бајдевска, Елена Пансовска, Симе Василевски, Дејан Станков, Емилија Проданоска, Никола Ивановски, Ана Угриновска, Јулијана Штрковска-Колариќ, Михајло Спасовски, Мери Џајковска, Елена Цикарска, Елена Минова, Марта Арсовска-Томовска, Сanda Перковска, Татјана Мицковска, Билјана Јоноска Стојкова, Емилија Ивановска**).........................3-4

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебното помагало **Физиологија на нервниот систем и неговите моторни функции**, од **проф. д-р Лидија Тодоровска и проф. д-р Бети Дејанова**, пријавено на Медицинскиот факултет во Скопје...........................................................................................5-8

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**Снежана Симоноска-Поповиќ, Марија Љаковска, Александар Наумоски, Панче Рибарски, Христина Михајлоска, Предраг Јањиќ, Олга Поповска, Томче Рунчевски**)..........................................................9-10

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Александра Бујаровска, Адриана Нешова, Христина Биноска, Даринка Минова, Ценка Палазова, Марија Маркоска, Лилјана Наумовска, Виктор Петрушевски, Наташа Стефановска, Кристина Терзиева, Магдалена Јосевска, Кристијан Смилевски, Росана Ставреска, Виолета Ѓорѓиевска, Спаска Танова, Аница Саздова, Марија Маневска, Горан Михајловски, Сара Вечка, Сања Скендерска, Нино Николов, Марјан Габеров, Мереме Али, Маја Андоновска, Катерина Илиевска, Станислава Дејановска, Владимир Банџо, Александар Јордев, Бисера Касутевска, Елена Денковска, Надица Митевска, Ангела Мојсовска, Александар Мале, Милијана Стојаноска, Ана Танаскоска, Стефан Наупов, Димитар Нацев, Бобан Богдановски, Марија Најдова, Мишел Силјаноски, Јасна Стојаноска, Коста Митко Тозија, Александар Кретев, Нада Палиќ, Надица Хаџи Петрушева, Златка Величковска, Мартин Спиров, Светлана Тодоровска, Бојан Сибиновиќ, Николина Јакимовска, Адријана Тошева, Софија Тодевска, Елена Краљевска, Ана Илиевска, Теодора Иванова, Марија Дамјановска, Елизабета Станоевиќ-Ѓокиќ, Даниела Стефановска, Моника Ефремовска, Тања Каурин, Билјана Каракашова, Александар Талевски, Миле Долдуров, Љубица Ангеловска, Љупка Манчева, Ели Русевска, Софија Алексоска, Томе Петров, Бисера Ќупева, Надица Стефанова, Васко Чамовски, Ема Чепреганова-Петрушевска, Ирена Јовановска, Биљана Трајковска, Влатко Миленов, Ангелина Караџакоска, Мартин Наков, Марија Матковиќ, Марина Николова, Инес Лаличиќ, Весна Трајанова, Јана Стојкова-Трајковска, Игор Стојанов, Магда Кречева, Ана Алибегова, Зоран Ристовски, Сања Јовановска, Марија Сунчевска, Милена Апостоловска**)...............................................11-18

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Тешкотии во учењето кај децата со посебни образовни потреби вклучени во редовниот образовен систем,** изработена од **м-р Буниамин Мемеди,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........................19-23

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Практикум по претклиника на парцијалното протезирање,** од **проф. д-р Љубен Гугувчевски, ас. д-р Сања Панчевска и ас. д-р Благоја Даштевски,** пријавен на Стоматолошкиот факултет во Скопје.......................................................24-29

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на редовен професор од областа архитектонското проектирање, по предметите: архитектонско проектирање III, архитектонско проектирање VII и архитектонско студио во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**д-р Минас Бакалчев**)...................................30-45

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**Цветанка Ацевска, Мирјана Андоновска, Деспина Јовчевска, Марјан Георгиев, Александар Милчевски**)...............46

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Ревизија,** од авторот **проф. д-р Зорица Божиновска-Лазаревска,** пријавен на Економскиот факултет во Скопје.....................................47-57

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"**

1. Реферат за подобност на темата за докторска дисертација **Народните преданија кај турците од Косово и од Македонија** и оспособеноста на кандидатот **м-р Етем Бајмак** за научна работа, пријавена на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје.......................................................................................................................58-62

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Реферат за избор на асистент од областа на земјотресното инженерство во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје (**м-р Горан Јекиќ**)......................................................................................................................63-68

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје (**Андријана Крстевска**)..................................................69
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Златко Зафировски, м-р Денис Поповски**)..............................70

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебното помагало **Прирачник за практична настава по морфологија на клетка,** од **доц. д-р Елида Митевска,** пријавено на Медицинскиот факултет во Скопје.......................................................................................................................71-73
2. Рецензија на учебникот **Физикална медицина и рехабилитација,** од **проф. д-р Ериста Николиќ-Димитрова,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје......................74-80

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на урбанистичкото и просторно планирање и проектирање, по предметите: урбанистичко обликување 2 и планирање на градски сообраќај при Институтот за урбанизам на Архитектонскиот факултет во Скопје (**д-р Владимир Арсовски**)......81-87

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Реферат за избор на соработник во звањето асистент на научната област меѓународно приватно право на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Илија Руменов, м-р Даниела Бочварска, м-р Роза Гурмашевиќ, м-р Александар Бежовски**)....................88-96

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на Европскаѕа унија врз почитувањето и остварувањето на правото на здравје во Република Македонија како фундаментален дел од човековите права**, изработена од **м-р Македонка Радуловиќ**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................97-103
2. Реферат за избор на помлад асистент за научните области андрагогија и педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Наташа Анѓелеска, м-р Марија Апостолова, м-р Елена Ризова**)....................104-112
3. Реферат за избор на помлад асистент за научните области (дисциплини) општа историја на новиот век, современа историја (до околу 1800) и современа историја (1800 до 1914) на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Никола Минов**)..........113-114
4. Реферат за избор на помлад асистент за научните области увод во филозофија и филозофија на религијата на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Марија Тодоровска**)....................115-119

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**м-р Александра Поповска, м-р Катерина Бачева, м-р Биљана Балабанова, м-р Јасмина Петреска, м-р Ѓорѓи Петрушевски**)....................120

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на помлад асистент од обласга на металните конструкции за групата предметни програми: основи на челичните конструкции, челични конструкции во високоградба, челични мостови, испитување на конструкции, алуминиумски конструкции, висечки конструкции, спрегнати конструкции, челични конструкции (Х/ПЖ), челични мостови (ПЖ), челични конструкции во архитектурата на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Миле Партиков**)....................121-124

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Шумарскиот факултет во Скопје (**Викторија Брндевска, Наташа Канарева, Милорад Андријевски**)....................125

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на вонреден професор за група предмети од физичка хемија, при Институтот за хемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**д-р Владимир (Ѓорѓи) Ивановски**)....................126-136

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор на лектор по германски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**м-р Бисера Станкова, м-р Милица Денковска, м-р Џулиано Исеини**)....................137-153

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје (**Бранкица Кузманоска, Божин Лазаревски**)....................154

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Владимир Пешевски**)....................155

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**
1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за дизајн и технолоигии на мебел и ентериер во Скопје (**Борис Илиев**)....................156

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на еден помлад асистент по групата предмети општа и неорганска хемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Лилјана Богдановска, Вјолца Ќерими**)....................157-161
2. Реферат за избор на еден помлад асистент по групата предмети: физичка хемија и инструментални фармацевтски анализи на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Наталија Наков, Вјолца Ќерими**)....................162-166

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на помлад асистент за научните области: историја на родот и полот, родот и религијата, родот и мирот и науката, технологијата и родот на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Горан Стојанов, м-р Марјан Стојанов, м-р Катерина Бишкоска-Димитриовска, м-р Ирена Цветковиќ, )**....................167-172

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**
1. Реферат за избор на соработник во звањето асистент на научната област граѓанско процесно право на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Даниела Бочварска, м-р Милка Ракочевиќ**)....................173-178

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Бујар Ќазими, Лилјана Богдановска, Наталија Наков, Јелена Ацевска**)....................179

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**
1. Рецензија на докторската дисертација **Нов алгоритам за временско-просторна локализација кај безжични сензорски мрежи преку ГПС-уреди**, изработено од **м-р Устијана Речкоска Шикоска**, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје....................180-186

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на помлад асистент од областа на техничката механика и јакост на материјалите на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Цветанка Филипова**)......187-190
2. Реферат за избор на помлад асистент од областа на теоријата на конструкциите на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Симона Марковска**)....................191-193

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**
1. Реферат за избор на еден соработник во звање - асистент на група наставна програма-композитни материјали, на предметите: производи од иситнето дрво, фурнири и фурнирски плочи, познавање на фурнири и плочи, технологија на отпресоци, примарна преработка на дрвото, како и предметот дрвноиндустриско градежништво на Факултетот за дизајн и технолоигии на мебел и ентериер во Скопје (**м-р Виолета Јакимовска Поповска**)....................194-198

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија на учебникот **Пејзаж и дизајн на зелени површини** од авторот **д-р Влатко Андоновски**, пријавен на Шумарскиот факултет во Скопје....................199-206

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Хистолошка градба и ембрионален развиток на органските системи**, од авторите **проф. д-р Невена Костовска и проф. д-р Лилјана Миленкова,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје....................................................207-212
2. Рецензија на практикумот за вежби **Трансфузиологија**, од група автори од Катедрата за трансфузиологија при Медицинскиот факултет во Скопје...................213-215

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. **Проговор** на рефератот за избор во наставно-научното звање доцент од областа методика на наставно-научните области, по предметите: методика на наставата по албански јазик, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик и методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, како и од областа литература за деца, по предметот литература за деца, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на албански наставен јазик и компаративна литература (изборен предмет), за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на албански наставен јазик на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје, објавен во Билтен бр. 1006 од 15.4.2011 година, поднесен од **д-р Хасан Хода**......................216-217
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на рефератот за избор во наставно-научното звање доцент од областа методика на наставно-научните области, по предметите: методика на наставата по албански јазик, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик и методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, како и од областа литература за деца, по предметот литература за деца, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на албански наставен јазик и компаративна литература (изборен предмет), за групите одделенска настава и предучилишно воспитание, на албански наставен јазик на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје, објавен во Билтен бр. 1006 од 15.4.2011 година.........................................................................................................................218-220

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник по предметите: конструкција на облека 1, конструкција на облека 2, студија на работата, моделирање и градење на облеката, испитување на текстилни материјали и менаџмент на квалитет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Соња Ќортошева)**.....................................221-230
2. Реферат за избор на наставник по предметите: технологија на облеката 1, технологија на облеката 2, проектирање во конфекциско производство, машини во конфекциско производство и CAD/CAM во конфекциско производство на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Горан Дембоски)**.............231-240

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Реферат за избор наставник во насловно звање - вонреден професор на научната област медиуми и комуникации на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Зоран Костов)**..........................................................................................................241-249

# Преглед

## на пријавени магистерски теми за изработка на магистерски труд на Филозофски факултет

| | Име и презиме | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Чапов Кирил | Создавањето на современата македонска држава и македонското црковно прашање 1943-1946 | проф. д-р Виолета Ачкоска |
| 2 | Донка Деркоска | Дидактичко-методски компоненти во учебниците по запознавање на околината во деветгодишното основно образование | доц. д-р Снежана Адамческа |
| 3 | Талат Џафери | Имплементација на стратегиските определби на Р. Македонија во однос на заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија | проф. д-р Зоран Нацев |
| 4 | Милан Митовски | Рударството и металургијата низ праисторијата на тлото на Р. Македонија | проф. д-р Драги Митревски |
| 5 | Игор Трајковски | Лисабонскиот договор и ефикасноста на европската безбедност и одбрамбена политика во процесот на менаџирање на конфликти | проф. д-р Лидија Георгиева |
| 6 | Јане Клековски | Парите и независните владетели во Македонија (1365-1395) | проф. д-р Елица Манева |
| 7 | Перо Арџанлиев | Дебој - Животот во Лихнид во античко време преку некрополата | доц. д-р Марјан Јованов |
| 8 | ПопАнгелова Жаклина | Осветлувањето на концептот на политичко водство со Европската комисија: улогата на Жак Делор | проф. д-р Билјана Ванковска |
| 9 | Мелита Ристовска | Активацијата во социјалната политика и ефектите врз пазарот на труд во Република Македонија | проф. д-р Маја Геровска-Митев |
| 10 | Васка Ивановска | Планирање и реализација на работата на училишниот педагог во основното образование | проф. д-р Вера Стојановска |
| 11 | Исуф Јусуфи | Соработката на директорот и наставниот кадар во основните училишта | проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 | Ангелка Велкоска | Социо-економски статус на семејствата на децата со интелектуална попреченост вклучени во посебните основни училишта и дневните центри на територијата на град Скопје | доц. д-р Наташа Чичевска Јованова |
| 13 | Роза Андонаки Ивановска | Споредба на говорно-јазичен развој помеѓу деца со лесна интелектуална попреченост и деца од редовна популација | проф. д-р Горан Ајдински |
| 14 | Јане Ангеловски | Процес на селекција на воздухопловни кадри како значајна функција на менаџментот на човечките ресурси | проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 15 | Мимоза Абдула | Обуката по англиски јазик во воздухопловството- фактор за безбедноста на воздушниот сообраќај | проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 16 | Маја Манчевска | Политката на родова интеграција (Gender mainstreaming) како темелна вредност на Европската унија и на Македонија | проф. д-р Милева Ѓуровска |
| 17 | Владимир Митре | Влијанието на социолошките фактори врз квалитетот на живот во градот Корча | проф. д-р Илија Ацески |
| 18 | Алмира Папиќ | Социјалното претприемништво и неговата улога во развојот на човечките ресурси во социјалните дејности | проф. д-р Јован Пејковски |
| 19 | Весна Христова | Причини за асоцијалното однесување на малолетните сторители на прекршоци од областа на јавниот ред и мир | проф. д-р Марија Доневска |
| 20 | Александра Арсовска | Современи фактори за дезорганизација на бракот и семејството | проф. д-р Сунчица Димитријоска |
| 21 | Елена Степаноска | Лица со умерена и тешка интелектуална попреченост опфатени со формата "Живеење со поддршка" | проф. д-р Ристо Петров |

Скопје
06.05.2011

СЕКРЕТАР
на Филозофскиот факултет
Мирјана Тодоровска

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ФИЗИОЛОГИЈА НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ И НЕГОВИТЕ МОТОРНИ ФУНКЦИИ ОД ПРОФ. Д-Р ЛИДИЈА ТОДОРОВСКА И ПРОФ. Д-Р БЕТИ ДЕЈАНОВА

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата VI редовна седница одржана на 25.5.2010 год., ја донесе одлуката за формирање Рецензентска комисија за оцена на текстот на учебното помагало ФИЗИОЛОГИЈА НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ И НЕГОВИТЕ МОТОРНИ ФУНКЦИИ, изработено од проф. д-р Лидија Тодоровска и проф. д-р Бети Дејанова. Уредник на учебното помагало е проф.д-р Лидија Тодоровска.

Прегледувајќи го доставениот текст, Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Васка Антевска
2. проф. д-р Вера Петрова
3. проф. д-р Мери Папазова

го изготви следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Предмет на оваа рецензија е текстот на учебното помагало под наслов: ФИЗИОЛОГИЈА НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ И НЕГОВИТЕ МОТОРНИ ФУНКЦИИ, наменет за додипломска едукација на студентите од Медицинскиот факултет по предметот физиологија. Прегледот на текстот покажува дека ракописот е правилно осмислен и во него систематски и едукативно се разработува наставната целина за изучување на дел од физиологијата на нервниот систем, што е предвидена со наставниот план и програма на Медицинскиот факултет, за студентите во четвртиот семестар.

Содржината на текстот е прегледно презентирана во облик кој кореспондира со утврдениот критериум за обем на ракопис со статус на учебно помагало (118 страници, 122 слики и 2 табели). Покрај деталната содржина и прегледот на поглавја, на крајот е даден и попис на користената актуелна литература. Текстот е напишан концизно, со јасен и лесно разбирлив јазик, а класификацијата на материјалот е современа и дидактички функционална.

Учебното помагало е составено од 4 поглавја: 1.Вовед во физиологијата на нервниот систем; 2.Соматски моторен нервен систем; 3.Автономен нервен систем; и 4. Литература.

**Првото поглавје,** *1.Вовед во физиологијата на нервниот систем,* ги содржи следниве сегменти: 1.1.Основна градба на нервната клетка (неврон); 1.2.Поделба на нервните клетки; 1.3.Физиолошки функции на нервната клетка; 1.4.Синапса и пренос на импулси низ синапса; 1.5.Функцинална организација на невроните во централниот нервен систем; 1.6.Функционална поделба на нервниот систем и 1.7.Физиологија на мозочната циркулација.

Во *првиот сегмент*, основна градба на нервната клетка (неврон), прикажани се составните делови на нервната клетка и нивното функционално значење, а потоа во наредниот *втор сегмент*, опишана е поделбата на нервните клетки во однос на нивната функција и дебелината на миелинската обвивка.

*Третиот сегмент*, физиолошки функции на нервната клетка, претставува приказ на ексцитабилноста и спроводливоста на нервната клетка, како нејзини основни физиолошки карактеристики.

*Четвртиот сегмент*, синапса и пренос на импулси низ синапса, ја опишува поврзаноста на нервните клетки преку специфична врска – синапса, нејзините составни делови, механизмот на трансмисија на нервните сигнали низ синапсата, генерирањето на електрични потенцијали и замор на синапсата. На крајот од овој сегмент опишани се механизмите на дејство на следните системи на невротрансмитери: холинергичниот систем, норадренергичниот систем, допаминергичниот систем, серотонергичниот систем, хистаминергичниот систем и на аминокиселините како невротрансмитери.

Разните типови на невронски кола (дивергенција и конвергенција, оклузија и сумација, синцирести врски, реверберација и инхибиција), како и спроведувањето на нервните сигнали низ овие кола е прикажано во наредниот *петти сегмент*, функцинална организација на невроните во централниот нервен систем. Функционалната поделба на нервниот систем и неговите физиолошките функции се дискутираат во *шестиот сегмент*.

На крајот од првото поглавје, во *седмиот сегмент*, физиологија на мозочната циркулација, детално се опишани: механизмите на регулација на мозочната циркулација, физиологијата на цереброспиналната течност, крвно-мозочната и крвно-ликворната бариера, како и нивното значење во одржувањето на хомеостазата на мозочното ткиво.

Материјалот во **второто поглавје** концизно и јасно ги објаснува физиологијата на соматскиот нервен систем преку следниве седум сегменти: 2.1.'Рбетен мозок (medulla spinalis); 2.2.Мозочно стебло; 2.3.Мал мозок (cerebellum); 2.4.Базални ганглии; 2.5.Моторна кора и централен моторен неврон; 2.6.Периферен моторен неврон; 2.7.Резиме за контролата на соматскиот нервен систем врз движењата.

Во *првиот сегмент*, 'рбетен мозок, авторите ја опишуваат градбата и функционалната организација на сивата и белата маса на 'рбетниот мозок, и даваат сеопфатна систематизација и опис на спиналните рефлекси (длабоките мускулно-тетивни, кожно-слузокожните и вегетативните рефлекси). Овој сегмент завршува со резиме за: сензитивно-моторната интеграција на спинално ниво, физиолошката контрола на рефлексната активност на 'рбетниот мозок и клиничкото значење на спиналните рефлекси.

Детален опис на физиолошките функции на мозочното стебло и кранијалните нерви, како и сензитивно-моторната интеграција на ова ниво е прикажана во *вториот сегмент*, мозочно стебло.

*Во третиот сегмент*, мал мозок, по приказот на функционалната организација на невроните во малиот мозок и церебеларните кругови, детално се образложени неговите физиолошки функции.

Базалните ганглии се прикажани во *четвртиот сегмент*, при што авторите најпрвин се осврнуваат на сложената класификација на овие структури, а потоа следува опис на невронските кола кои базалните ги поврзуваат со околните мозочни структури, како и преглед на многубројните инхибиторни и ексцитаторни невротрансмитери кои се ослободуваат во овие врски. Овој сегмент завршува со опис на физиолошките функции на базалните ганглии.

Во *петтиот сегмент*, моторна кора и централен моторен неврон, авторите ги елаборираат физиолошките функции на сите составни делови на моторната кора, соматотопската презентација на скелетните мускули во моторната кора и нејзината функционална организација во хоризонтален и вертикален правец. Потоа, авторите даваат образложение за: сензитивно-моторната интеграција на кортикално ниво, пирамидалните и екстрапирамидалните патишта на централниот моторен неврон, со нивното физиолошко значење.

Периферниот моторен неврон е опишан во *шестиот сегмент*, со посебен осврт на функционалните составни компоненти и физиолошки функции во обезбедувањето на моторна, сензитивна и вегетативна инервација на периферните органи. Второто поглавје завршува со резиме за контролата на соматскиот нервен систем врз свесните, автоматските и рефлексните моторни активности на организмот, што претставува содржина на *седмиот сегмент*.

Во **третото поглавје** авторите ја опишуваат физиологијата на автономниот нервен систем, а ова поглавје ги содржи следниве пет сегменти: 3.1.Организација на автономниот нервен систем со рефлексни патишта; 3.2.Регулација на автономната активност од страна на ЦНС; 3.3.Еферентна компонента на симпатичкиот и парасимпатичкиот нервен систем; 3.4.Разлики помеѓу автономниот нервен систем и соматскиот нервен систем; и 3.5.Организација на симпатичкиот и парасимпатичкиот нервен систем.

Во *првиот сегмент* е опишана организацијата на автономниот нервен систем со рефлексните патишта, а во наредниот, *втор сегмент*, авторите ги образложиле нивоата на централниот нервен систем и механизмите кои обезбедуваат контрола врз неврогената активност на автономниот нервен систем.

Во *третиот сегмент*, еферентна компонента на симпатичкиот и парасимпатичкиот нервен систем, авторите ги опишуваат спецификите на еферентниот дел од автономниот нервен систем, кој е двоневронски, составен од преганглиски и постганглиски неврони, кои завршуваат во одредени ефекторни органи.

*Четвртиот сегмент*, разлики помеѓу автономниот нервен систем и соматскиот нервен систем, ги објаснува разликите на овие делови на нервниот систем, во однос на: составните компоненти, функционалната организација на овие системи, механизамот на нивното дејствување, органите врз кои дејствуваат и нивните физиолошки функции.

Во последниот, *петти сегмент*, организација на симпатичкиот и парасимпатичкиот нервен систем, авторите одделно ги образложиле двата дела на автономниот нервен систем, предганглиските и постганглиските неврони, невротрансмитерите во автономниот нервен систем со нивните рецептори и механизмот на дејствување на овие невротрансмитери на

клеточно ниво во целните ткива, како и физиолошките ефекти на симпатичкиот и парасимпатичкиот систем врз разни органи и органски системи.

**Четвртото поглавје** се однесува на правилно цитирана литература која е составена од домашни и странски учебници, како и повеќе стручни и научни трудови од странски и домашни автори од областа на анатомијата, физиологијата, неврофизиологијата и неврологијата. Литературата се состои од 88 цитати подредени по азбучен ред.

## ЗАКЛУЧОК

Учебното помагало за студентите по медицина со наслов: ФИЗИОЛОГИЈА НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ И НЕГОВИТЕ МОТОРНИ ФУНКЦИИ, од авторите Лидија Тодоровска и Бети Дејанова, содржи материјал кој ќе им послужи на студентите по медицина полесно да ги совладаат конкретните содржини од предметот физиологија кои се обработуваат во предметот физиологија 2 во четвртиот семестар на додипломските студии (прв циклус на студии) за медицина. По обемот и содржината, приложениот материјал соодветствува со наставната програма од предметот физиологија 2, за областа физиологија на нервниот систем и кореспондира со утврдениот критериум за обем на ракопис со статус на учебно помагало.

Сите делови се на најдобар можен начин вклопени во единствена целина. Стилот на пишувањето е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите за кои учебното помагало е наменето. Во него се застапени голем број слики, табели и шематски прикази, што го прави дадениот текст да биде појасен и полесно разбирлив за студентите.

Со ова учебно помагало, авторите даваат значајан придонес во изучувањето на физиологијата на нервниот систем за студентите по медицина и за сите оние на кои оваа наука им е од посебен интерес. Затоа, имаме особена чест и задоволство ова учебно помагало да го прифатиме и да го предложиме за печатење.

9.3.2011

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Васка Антевска с.р.

2. Проф. д-р Вера Петрова с.р.

3. Проф. д-р Мери Папазова с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Билјана Аврамовска | "Номинална versus реална конвергенција во Европската унија" | проф.д-р Наталија Николовска |
| Наташа Бајдевска | "Мобилноста на трудот во земјите на ЕУ" | академик Гоце Петрески |
| Елена Пансовска | "Промени во структурите на вработеност во земјите на Европската унија" | академик Гоце Петрески |
| Симе Василески | "Улогата на странскиот капитал во банкарскиот сектор (случајот на НЛБ Тутунска банка)" | проф.д-р Горан Петревски |
| Дејан Станков | "Современи тенденции во меѓународните супервизорски стандарди" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Емилија Проданоска | "Институционалните инвеститори и развојот на пазарот на капитал (со посебен осврт на Република Македонија)" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Никола Ивановски | "Влијанието на глобалната финансиска криза врз земјите од Југоисточна Европа" | проф.д-р Горан Петревски |
| Ана Угриновска | "Влијанието на светската финансиска криза од 2008 година врз финансиските резултати на челичната индустрија" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Јулијана Штрковска-Колариќ | "Улогата на жената како извршен директор во процесот на стратегискиот менаџмент" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Михајло Спасовски | "Креирање на култура за ефективен одбор на директори" | проф.д-р Бобек Шиклев |

| | | |
|---|---|---|
| Мери Џајковска | ”Активни пристапи за намалување на невработеноста во Република Македонија” | академик Таки Фити |
| Елена Цикарска | ”Фазите на раст и развој на претприемничка фирма” | академик Таки Фити |
| Елена Минова | ”Поморскиот контејнерски транспорт како клучен фактор за успех на глобалните синџири на снабдување” | проф.д-р Лидија Пулевска Ивановска |
| Марта Арсовска-Томовска | “Современи форми и трендови на електронско тргување и задоволство на потрошувачите” | проф.д-р Снежана Ристевска Јовановска |
| Санда Перковска | “Влијание на психолошките фактори врз задоволството на потрошувачите при купување на текстилни производи” | проф.д-р Снежана Ристевска Јовановска |
| Татјана Мицковска | “Инструменти на комуникацискиот микс за создавање бренд кај козметиката за деца” | проф.д-р Нада Секуловска |
| Билјана Јоноска Стојкова | “Панел коинтеграција, каузалност и Законот на Вагнер во земјите од Западна, Централна и Југоисточна Европа” | проф.д-р Весна Буцевска |
| Емилија Ивановска | “Маркетинг микс концепт во индустријата за производство на пакувана минерална вода” | проф.д-р Митре Стојановски |

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 21.04.2011 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Александра Бујаровска | Еколошки криминалитет | Д-р Методија Каневчев |
| Адриана Нешова | Наркоманија во Република Македонија | Д-р Методија Каневчев |
| Христина Биноска | Клевета и навреда | Д-р Методија Каневчев |
| Даринка Минова | Вагабондажа | Д-р Методија Каневчев |
| Ценка Палазова | Законски депривации (со посебен осврт кон депривациите во КПУ Струмица) | Д-р Методија Каневчев |
| Марија Маркоска | Феноменологија и етиологија на крвните деликти | Д-р Методија Каневчев |
| Лилјана Наумовска | Казнени санкции спрема малолетници | Д-р Методија Каневчев |
| Виктор Петрушевски | Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | Д-р Методија Каневчев |
| Наташа Стефановска | Телесна повреда и тешка телесна повреда | Д-р Методија Каневчев |
| Кристина Терзиева | Проституција и криминалитет | Д-р Методија Каневчев |
| Магдалена Јосевска | Убиство од користољубие | Д-р Никола Тупанчески |
| Кристијан Смилевски | Меѓународни казниви дела – stricto sensu | Д-р Никола Тупанчески |
| Росана Ставреска | Убиство по порачка | Д-р Никола Тупанчески |
| Виолета Ѓорѓиевска | Казнено правни апекти на клонирањето | Д-р Никола Тупанчески |
| Спаска Танова | Несовесно лекување болни-анализа на случаи од судската практика | Д-р Никола Тупанчески |
| Аница Саздова | Убиство од ниски побуди | Д-р Никола Тупанчески |
| Марија Маневска | Возраста на малолетникот и нејзиното влијание при одмерувањето на | Д-р Никола Тупанчески |

| | | |
|---|---|---|
| | казната | |
| Горан Михајловски | Влијанието на меѓународниот корпус на човекови права врз казненото материјално право | Д-р Никола Тупанчески |
| Сара Вечка | Казнено-правни аспекти на био-медицинските истражувања | Д-р Никола Тупанчески |
| Сања Скендерска | Етиолошките карактеристики на перењето пари | Д-р Гордана Бужаровска |
| Нино Николов | Феноменолошките карактеристики на економскиот криминалитет во Република Македонија | Д-р Гордана Бужаровска |
| Марјан Габеров | Феноменолошките карактеристики на криминалитетот на насилство во Република Македонија | Д-р Гордана Бужаровска |
| Мереме Али | Заштита на малолетниците како жртви | Д-р Гордан Калајџиев |
| Маја Андоновска | Положбата на јавното обвинителство од аспект на неговата самостојност и независност (со осврт на новиот концепт на кривичната постапка) | Д-р Гордан Калајџиев |
| Катерина Илиевска | Примена на облиците на третман на осудените лица во КПУ Идризово | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Станислава Дејановска | Меѓународните договори во регионот по распадот на СФРЈугославија | Д-р Љубомир Фрчкоски |
| Владимир Банџо | Супсидијарната тужба во македонското правосудство | Д-р Гордана Бужаровска |
| | | |
| | | |

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Александар Јордев | Модели на електронски договори | проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска |
| Бисера Касутевска | Компаративен преглед на системот на јавни набавки во Србија, Хрватска, Бугарија и Република Македонија, | доц. д-р Александар Климовски |
| Елена Денковска | Агенција за вработување на Република Македонија | проф. д-р Тодор Каламатиев |
| Надица Митреска | Корупција во здравство | проф. д-р Никола Тупанчески |
| Ангела Мојсовска | Осигурителна измама | проф. д-р Никола Тупанчески |
| Александар Мале | Банките во Република Македонија и Република Албанија | проф. д-р Тито Беличанец |
| Милијана Стојаноска | Причини за недостојност за наследување во современите наследно-правни системи | проф. д-р Дејан Мицковиќ |
| Ана Танаскоска | Договорот за дело во правото и практиката на Република Македонија | проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска |
| Стефан Наунов | Правна природа на договорот за комисион | проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска |
| Димитар Нацев | Договор за превоз на стока во друмски сообраќај | проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска |
| Бобан Богдановски | Пропустите во законските решенија и последиците во спроведувањето во постапката за денационализација во Република Македонија | доц. д-р Татјана Зороска-Камиловска |
| Марија Најдова | Злоупотреба на процесните овластувања во парничната постапка | доц. д-р Татјана Зороска-Камиловска |
| Мишел Силјаноски | Beneficium novorum во парничната постапка | доц. д-р Татјана Зороска-Камиловска |
| Јасна Стојаноска | Согласност на волја на договорните страни | проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска |
| Косте Митко Тозија | Престанување на договорот | проф. д-р Јадранка |

| | | |
|---|---|---|
| | за доживотна издршка со осврт на судската пракса | Дабовиќ-Анастасовска |
| Александар Крстев | Ништовност на договори | проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска |
| Нада Палиќ | Претпоставки и услови за засновање на договорна хипотека како стварно субјективно право | проф. д-р Родна Живковска |
| Радица Хаџи Петрушева | Земјоделското земјиште како ствар од општ интерес | проф. д-р Родна Живковска |
| Златка Величковска | Адхезионо решавање на граѓански спорови во кривична постапка | проф. д-р Арсен Јаневски |
| Мартин Спиров | Учесник во вонпарничната постапка | проф. д-р Арсен Јаневски |
| Светлана Тодоровска | Улогата на нотарот во засновањето и реализацијата на договорниот залог според Законот за договорен залог | проф. д-р Арсен Јаневски |
| Бојана Сибиновиќ | Парнична способност на странките | проф. д-р Арсен Јаневски |
| Николина Јакимовска | Стечајна маса | проф. д-р Арсен Јаневски |
| Адријана Тошева | Слободата на располагањето со тестаментот во континенталното и англо-саксонското право | проф. д-р Дејан Мицковиќ |
| Софија Тодевска | Факти од решавачко значење за определување на кругот на законските наследници | проф. д-р Дејан Мицковиќ |
| Елена Краљевска | Родителското право во македонското и компаративното право | проф. д-р Дејан Мицковиќ |
| Ана Илиевска | Признавање и извршување на пресуди во брачни предмети во рамките на Европската унија | доц д-р Татјана Зороска-Камиловска |
| Теодора Иванова | Материјални недостатоци кај договорот за продажба | проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска |
| Марија Дамјановска | Сведокот како доказно средство во парничната постапка | доц д-р Татјана Зороска-Камиловска |
| Елизабета Станоевиќ-Ѓокиќ | Регулациско-центрификациската функција на нотарот во практиката на нотарското | проф. д-р Арсен Јаневски |

| | | |
|---|---|---|
| | работење, доказната сила на нотарскиот акт и неговите ефекти врз правната сигурност | |
| Даниела Стефаноска | „Тестаментална способност во современите наследно-правни системи | проф. д-р Дејан Мицковиќ |
| Соња Стевановска | Причини за поништување на тестаментот во современите европски наследно-правни системи | проф. д-р Дејан Мицковиќ |
| Моника Ефремовска | Одговорност за штета од животни во законодавството на Република Македонија и законодавството на Европската унија | проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска |
| Тодорче Божиновски | Реформа на телекомуникацискиот сектор во земјите во развој | проф. д-р Димитар Гелев |
| Тања Каурин | Управување со ликвидносниот ризик во банкарскиот сектор: Искуството на Република Македонија | доц. д-р Александар Стојков |
| Билјана Каракашова | Политиката на условеност на Меѓународниот монетарен фонд | доц. д-р Александар Стојков |
| Александар Талевски | Слободата на говорот во медиумите според Европската конвеција за човекови права | проф. д-р Димитар Гелев |
| Миле Долдуров | Регулација на тргувањето со ценовно-чувствителни информации | проф. д-р Димитар Гелев |
| Љубица Ангеловска | Казнена одговорност на органите на управување со трговските друштва | проф. д-р Никола Тупанчески |
| Љупка Манчева | Обврски на купувачот кај договорот за трговска продажба | проф. д-р Горан Коевски |
| Ели Русевска | Правна регулација на друштво со ограничена одговорност | проф. д-р Димитар Гелев |
| Софија Алексоска | Правна регулација на односот лекар-пациент | проф. д-р Димитар Гелев |
| Томе Петров | Стечајниот управник и неговата улога во стечајната постапка | проф. д-р Арсен Јаневски |

| | | |
|---|---|---|
| Бисер́а Ќупе́ва | INCOTERMS 2010 – новините во меѓународниот промет на стоки и услуги | проф. д-р Горан Коевски |
| Надица Стефанова | Разликите меѓу моделите и основањето на акционерските друштва во Англија, Франција, Германија, Холандија и република Македонија | проф. д-р Тито Беличанец |
| Васко Чамовски | Правните последици за должникот од отварањето на стечајната постапка | проф. д-р Тито Беличанец |
| Ема Чепреганова-Петрушевска | Видови договори за јавни набавки и нивната правна природа | Доц. д-р Александар Климовски |
| Ирена Јовановска | Анализа на ФИДИК условите на договорите за градежни работи | Проф.д-р Димитар Гелев |
| Биљана Трајковска | Интернетот и авторските права | Проф.д-р Димитар Гелев |
| Влатко Миленов | Пракса и ризик на постапка по потврдување на склучена трансакција со хартии од вредност | Проф.д-р Димитар Гелев |
| Ангелина Карадакоска | Поим и правна правна природа на банкарската гаранција | Проф.д-р Горан Коевски |
| Мартин Насков | Нови тенденции во корпоративното управување (common law vs continental law) кај инвестициските фондови | Проф.д-р Тито Беличанец |
| Марија Матковиќ | Корпоративното управување vs управување со семеен бизнис | Проф.д-р Тито Беличанец |
| Марина Николова | Улогата на стечајниот совет, како второстепен орган во стечајната постапка | Проф.д-р Тито Беличанец |
| Инес Лаличиќ | Водечките три земји во светот во примена на системот " Проценка на влијание на регулативата"(RIA-regulatory Imapct Assesment) | Проф.д-р Тито Беличанец |
| Весна Трајанова | Правото на информирање на акционерите во акционерско друштво„ | Проф.д-р Тито Беличанец |
| Јана Стојкова | Регулаторна реформа за | Проф.д-р Тито Беличанец |

| | | |
|---|---|---|
| **Трајковска** | **подобрување на деловната клима** | |

ДЕКАН

Проф.д-р Борче Давитковски

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Игор Стојанов | Артикулирањето на јавното мислење во печатот преку Интернет | проф.д-р Љубомир Јакимовски |
| Магда Кречева | Етичката култура на дневните печатени медиуми во Република Македонија за настани за семејно насилство врз децата | доц.д-р Дејан Донев |
| Ана Алибегова | Програмата на македонски јазик како дел од структурата на претставување на различни култури на програмите на Дојче Веле | проф.д-р Љубомир Јакимовски |
| Зоран Ристовски | Права и должности на пратениците во Република Македонија | проф.д-р Марика Ристовска |
| Сања Јовановска | Улогата и значењето на Европскиот парламент во процесот на донесување одлуки во Европската унија | проф.д-р Саво Климовски |
| Марија Сунчевска | Имиграција, идентитет и подемот на крајно десничарските движења во Европската унија (Immigration, identity issues and the reemergence of far right movements in EU)“ | проф.д-р Добринка Тасковска |
| Милена Апостоловска | Наддржавност наспроти федерализам: Правната природа на пост-Лисабонска Европска унија | проф.д-р Тања Каракамишева Јовановска |
| | | |

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ТЕШКОТИИ ВО УЧЕЊЕТО КАЈ ДЕЦАТА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ВКЛУЧЕНИ ВО РЕДОВНИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р БУНИАМИН МЕМЕДИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје на својата XIV редовна седница одржана на 2 февруари 2011 година, донесе одлука со која е формирана Комисија во состав: проф. д-р Љупчо Ајдински, доц. д-р Зоран Киткањ, доц. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ, проф. д-р Зора Јачова и доц. д-р Наташа Чичевска-Јованова за оцена на докторската дисертација под наслов: **Тешкотии во учењето кај децата со посебни образовни потреби вклучени во редовниот образовен систем**, поднесена од кандидатот м-р Буниамин Мемеди.

Комисијата по разгледувањето и проучувањето на презентираниот труд, има чест и задоволство на Наставно-научниот совет да му го предложи следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Буниамин Мемеди претставува самостоен труд, заснован врз континуирана долгогодишна истражувачка активност која актуализира прашања врзани со тешкотиите во учењето кај децата со посебни образовни потреби вклучени во редовниот образовен систем и истовремено е прв обид за поцелосно истражување, согледување и утврдување на тешкотиите во учењето кај овие деца.

Трудот е презентиран на 270 страници, формат А4, со 71 табела, 65 графикони, 6 прилози и 167 библиографски единици во литературата.

Содржи: Вовед; Теориски пристап кон проблемот на истражувањето; Методологија на истражувањето; Анализа и интерпретација на резултатите од прашалникот за наставниците и стручните соработници, за родителите и за учениците; Заклучоци; Предлог-мерки; Литература и Прилози.

**Во првиот дел** од докторската дисертација насловен **Теориски основи,** најнапред се цитирани поимите и дефинициите од познати автори кои ги дефинираат тешкотиите во учењето кај децата со посебни образовни потреби, вклучени во редовниот образовен систем во учењето и совладувањето на наставните содржини и притоа се изнесуваат податоци за епидемиологијата на оваа популација во одделни земји во светот која се движи од 3-5% до 10% од вкупниот број на децата во училиштата. Се наведуваат одделни автори за досега утврдените причини за тешкотиите во учењето во светот, кои развиваат социјални и

емоционални тешкотии, тешкотии во воспитно-образовниот процес и во однесувањето (Levine M.D., 1980, Mishna, Muskat, 2004; Kos A. 2005; Garry Fisher и Rhonda Cuminmings, 2008;). Притоа најчести фактори за причините се наведуваат психичко-физичките, емоционално-психосоцијалните, семејните и факторите во учењето.

Во теорискиот дел кандидатот им посветува внимание и на поимите и класификациите на тешкотиите во учењето. Според наведените автори (Bratanić M. 1993; Adelman, Taylor, 1986, Kos A. 2005), во поглед на модерната перспектива на интеракцијата, проблемите кај лицата со тешкотии во учењето ги делат во три основни типа: примарни причини на ученикот (проблеми во учењето), комбинација на фактори (реципрочна интеракција) и примарни причини (невролошки нарушувања).

Кандидатот ги обработува општите и специфичните тешкотии во учењето, основните тешкотии во учењето и специфичните тешкотии во учењето. Притоа, според авторите: Dockrell J. McShane J.,1993; Nasen, 1999; Лenček M., Blaži D., Ivsač J., 2007), се наведува дека посебен проблем во учењето се оние učenici кои се помалку успешни при усвојувањето знаења и вештини од одделни подрачја на учењето (читање, пишување, математички операции) или одделни предмети (странски јазик).

Кандидатот, наведувајќи ги спомнатите дефиниции, наведува дека тие влијаат на индивидуалната способност во толкување на откриената и интегративната информација, а со тоа се отежнува и учењето на образовните вештини (дислексија, дисграфија, дискалкулија, диспраксија). Оттука опширно ги обработува поимите и дефинициите на овие вештини според голем број странски автори (R. Berlin, 1872; Galić Jušić I., 2004; Golubović, 1998, 2008; Davis, Braun, 2001; Bojanin S., 1985; Žerdin T., 2005; Fisher G., Cummings, 2008; Čordić A., Greenspan S., 2004 и други).

Во опширното излагање на овие вештини, во однос на **дислексијата** кандидатот за неа наведува три групи тешкотии: неспецифични тешкотии поврзани со читањето, специфични тешкотии поврзани со пишувањето и неспецифични тешкотии во пишувањето. Во однос на **дисграфијата** наведува три вида дисграфија: акустична, оптичка и моторна, кои опширно ги образложува. Се задржува и на процесите како што се: развивање на графомоторните способности, автоматизираното читање и пишување и пречките во процесот на описменувањето. **Дискалкулијата** ја дефинира врз основа на три критериуми: А) математички способности; Б) тешкотии во математичките способности кои значително влијаат на достигнувањето на академско ниво; В) многу различни вештини кои можат да бидат оштетени во растројствата на математичките способности, вклучувајќи ги и „лингвистичките“ вештини. Во однос на **диспраксијата,** откако ги изложува поимот и дефиницијата, наведува дека постојат три вида диспраксии: орална, вербална и моторна диспраксија.

Во теорискиот дел кандидатот ги разработува и прашањата: тешкотии во вниманието; тешкотии во учењето на учениците кои забавено ги усвојуваат знаењата; тешкотии во учењето поради

недостаток на мотивација во наставата и тешкотии во учењето кои произлегуваат од детските емоционални проблеми.

Исто така опширно се разработуваат детекцијата и идентификацијата на проблемите во учењето, истакнувајќи ги истражувањата на поголем број автори (Skrinjar J., Todorović B., 1997; Čavlek T., Tičinović A.)

Третирањето на децата со тешкотии во учењето е прикажано како се одвива во одделни земји во светот поткрепено со голем број автори (Gardner H., 1999; Riding R.J., Sokolovski Z, 1997; Sharac S. Savić Lj. и др., 2001; Young K., 2006) и други. Прикажано е приспособувањето на методите и формите на работа за учениците со тешкотии во учењето во училиштата, дополнителната настава и продолжениот престој.

Разработен е и наставниот процес; улогата на наставниците, стручните соработници, волонтерите и родителите и во овој дел се изнесени добри странски искуства од познати автори (Golubović, 2008; Scheyer, 2001; Pučko, 2003; 1992; Florian, 1998).

**Во вториот дел** од докторската дисертација насловен **Методологија на истражувањето** се разработуваат: предметот; целите; задачите; хипотезите; варијаблите (независни и зависни); примерокот; методите; техниките и иструментите; статистичката обработка на податоците; организацијата и текот на истражувањето.

**Во третиот дел** од дисертацијата насловен **Анализа и интерпретација на резултатите**, се изнесуваат: резултатите од прашалниците за наставниците и стручните соработници чиј број е 300; за учениците чиј број е 200; и за 200 родители; од 12 основни училишта од Скопје и кумановскиот регион во кои наставата во дел од нив се изведува на македонски и во дел на албански јазик, српски и турски наставен јазик.

## 1. Анализа и интерпретација на резултатите од прашалникот за наставниците и стручните соработници

Во овој дел, низ табели и слики во секое истражувано училиште, посебно е прикажан бројот на наставниците и стручните соработници, прикажана е половата структура, видот на образованието, дејноста што ја вршат и работниот стаж на стручниот кадар, успехот на учениците и задоволувањето на стандардите на знаења. Сето тоа е изразено во проценти и е направена компарација меѓу нашето истражување и одделни странски истражувања со прикажување на нивното искуство.

Прикажано е во табели и со слики: застапеноста на учениците со тешкотии во учењето по одделенија; предметите кај кои учениците имаат проблеми во учењето; идентификација на учениците со тешкотии во учењето од страна на наставниците и стручните соработници; барање помош на учениците од наставниците; критериуми кои служат како показатели за учениците со тешкотии во учењето; групата ученици со тешкотии во учењето која најбрзо може да се идентификува; групата ученици со тешкотии во учењето која е најтешка за работа за поголемиот број наставници; степените на задоволство со начинот на

идентификација на учениците со тешкотии во учењето; најдобро време за откривање на учениците со тешкотии во учењето; кадри вклучени во помошта на учениците со тешкотии во учењето; соработка на родителите на учениците со тешкотии во учењето; постапка во случај кога родителите не се мотивирани и не соработуваат; соработка со други институции; проект за учениците со тешкотии во учењето, помош на училиштето на учениците со тешкотии во учењето; организација на дополнителна настава; состав на учениците од дополнителната настава; идентификација на учениците за дополнителна настава и евалуација на дополнителната настава.

## 2. Анализа и интерпретација на резултатите од прашалникот за родителите

Во овој дел се анализират одговорите на родителите на децата со тешкотии во учењето, изразени низ табели и слики, по следниве прашања: полова структура; вид на образование; децата со тешкотии во учењето го повторувале оделениeто; наставни предмети по кои децата имаат тешкотии во учењето; од кого е идентификувано детето со проблеми во учењето; откривање на тешкотиите во учењето; приказ на проблемот во учењето на детето; период на појава на тешкотии во учењетото кај детето; причини за тешкотии во учењето; загриженоста во домот поради однесувањето на детето; лицата кои даваат најдобра помош; подготвеноста на детето да посетува дополнителна настава; подрачја или предмети во кои детето е добро и успешно и дали училиштето доволно им посветува внимание на „силните страни“.

## 3. Анализа и интерпретација на резултатите од прашалниците изведени кај учениците

Опфатени биле 200 ученици, од кои 103 или 51% женски и 97 или 49% машки деца во 11 основни училишта и се елаборирани одговорите од прашалниците: полова структура на учениците; одделение кое го посетувале испитаниците; повторување на одделението; предмети по кои учениците имаат тешкотии во учењето; идентификација на учениците со тешкотии во учењето; приказ на проблемот во учењето; време на тешкотии во учењето; преглед на причините за тешкотиите во учењето; загриженоста во домот поради однесувањето на детето; способноста на родителите за давање помош; лицата кои даваат најсоодветна помош; желбата за посета на дополнителна настава; лицата од кои учениците најчесто бараат помош и подрачја или предмети во кои учениците се добри и успешни.

Согласно со методологијата на научноистражувачката активност, **завршниот дел** од докторската дисертација претставува синтетизирање на заклучоците при истражувањето на тешкотиите во учењето кај децата со посебни образовни потреби, вклучени во редовниот образовен систем **кои очекуваме да бидат изложени во одбраната.**

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација е обработена согласно со поставените цели и задачи. Хипотезите и методите на работа се добро дефинирани, резултатите се солидно статистички обработени со табеларен и графички приказ. Користена е најнова соодветна литература и анализирани се светски истражувања од оваа област.

Презентираниот труд од м-р Буниамин Мемеди е самостоен и прв од ваков вид во Република Македонија и претставува научен придонес во дефектолошката теорија и практика. Со задоволство можеме да истакнеме дека истражувањето, резултатите, заклучоците и предлозите во голема мера ќе послужат во практиката во изведувањето на наставата со децата со тешкотии во учењето кај децата со посебни образовни потреби.

Врз основа на анализата, заклучоците и предлозите во трудот, Комисијата формирана за оцена на докторската дисертација, заклучи дека се исполнети условите за позитивна рецензија и му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го прифати извештајот на комисијата и на кандидатот м-р Биниамин Мемеди да му одобри усна одбрана на докторската дисертација.

Комисија

1. Проф. д-р Љупчо Ајдински, с.р.
2. Доц. д-р Зоран Китkaњ, с.р.
3. Доц. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ, с.р.
4. Проф. д-р Зора Јачова, с.р.
5. Доц. д-р Наташа Чичевска-Јованова, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ "ПРАКТИКУМ ПО ПРЕТКЛИНИКА НА ПАРЦИЈАЛНОТО ПРОТЕЗИРАЊЕ" ОД ПРОФ. Д-Р ЉУБЕН ГУГУВЧЕВСКИ, АС. Д-Р САЊА ПАНЧЕВСКА И АС. Д-Р БЛАГОЈА ДАШТЕВСКИ

Врз основа на член 63 и член 174 од Законот за високото образование, како и член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, на својата XIII редовна седница одржана на 29. 12.2010 година, едногласно донесе одлука за утврдување на потреба од издавање учебно помагало, практикум по предметот претклиничка мобилна протетика-парцијална протеза, со наслов *Практикум по претклиника на парцијалното протезирање* од проф. д-р Љубен Гугувчевски, ас. д-р Сања Панчевска и ас. д-р Благоја Даштевски. Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, на својата редовна XIV седница одржана на 28.3.2011 година, едногласно избра Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Драгољуб Велески и проф. д-р Ерол Шабанов. Откако секој рецензент одделно го разгледа приложениот ракопис, на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## Извештај

1. НАЗИВ НА УЧЕБНИКОТ, ОДНОСНО УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО

„Практикум по претклиника на парцијалното протезирање"

2. НАЗИВ НА ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА ЗА КОЈА СЕ ОДНЕСУВА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО

Претклиничка мобилна протетика (парцијална протеза)

3. НАЗИВ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Доктор по дентална медицина.

4. ФОНД НА ЧАСОВИ НАСТАВА И ЕКТС-кредити

Вкупно часови-75 и 6 кредити.

5. ОЦЕНА НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ВО ОДНОС СО ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА

Практикумот со наслов „Практикум по претклиника на парцијалното протезирање" е целосно во согласност со методските единици кои се предвидени со практичната настава по предметот.

6. ИМЕ НА АВТОРОТ (АВТОРИТЕ)

Проф. д-р Љубен Гугувчевски, ас. д-р Сања Панчевска и ас. д-р Благоја Даштевски

7. ВРЕМЕТО И АКТОТ НА ИЗБОРОТ НА РЕЦЕНЗЕНТИТЕ

Рецензентот проф. д-р Драгољуб Велески е редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на Катедрата за стоматолошка протетика.

8. ДАЛИ СЕ РАБОТИ ЗА ПРВО ИЗДАНИЕ

Да, ова е прво издание на ова учебно помагало.

9. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО

Учебното помагало „Практикум по претклиника на парцијалното протезирање" е изнесено на 112 страници. Има четири дела и во рамките на тие делови вкупно 18 заглавија.

10. КРАТОК ОПИС НА СОДРЖИНАТА

Првиот дел се однесува на објаснување на техниките на подготовка на гипсената маса, потребна за излевање на земените анатомски отпечатоци. Се опишува начинот на излевање на земениот анатомски отпечаток со тврд гипс во работниот дел на моделот. Потоа е опишана постапката на изработка на основата на работниот модел кој се излева во обичен бел гипс. Во продолжение се опишува начинот на соклирање и паралелизирање на излеаниот отпечаток. Всушност, за да се спроведе правилна паралелометарската анализа, неопходно е претходна подготовка на основата на соклираниот работен модел. Треба да се обезбеди паралелност меѓу оклузалната рамнина на преостанатите природни заби и основата на работниот модел. Особено се нагласува потребата од добивање на прецизен и сигурен работен модел на којшто потоа се изработува парцијалната протеза.

Вториот дел од Практикумот е резервиран за основите на денталната паралелометрија, при што се опишува практичниот пристап во паралелометарската анализа. Опишани се техничките карактеристики на паралелометарот како инструмент кој е неопходен при заботехничката изработка на парцијалните протези. Практично се прикажува начинот на поставување на работниот модел на паралелометарската масичка, неговата паралелометарска анализа и наоѓањето на најповолниот правец на внесување и вадење на идната парцијална протеза од моделот. Понатаму, направен е практичен приказ на начинот на триподизација на работниот модел со кој се осигурува сигурна и повторлива поставеност на моделот на паралелометарската работна масичка. Се опишува начинот на изнаоѓање на протетичкиот екватор на ретенционите заби, како и начинот на исцртување на патеката по која треба да се движат составните делови на ретенциските кукички. Со помош на паралелометарската анализа практично се опишани и полињата на секундарната ретенција, како и степенот на поткопаност на резидуалните гребени. Обработена и опишана е и техниката на поставување на атечмените на ретенционите заби.

Третиот дел од Практикумот се занимава со прикажување на изработката на најчесто употребуваните жичени кукички во практиката. Од дидактички причини се опишуваат поедноставните жичени кукички, како што е, на пример, екваторијалната кукичка. На претходно паралелометарски исцратниот ретенциски заб прикажани се практичните фази во техниката на виткање на челичната жица со дебелина од 0,7 mm од којашто се изработува оваа кукичка. Покрај екваторијалната кукичка во книгата, „Практикум по претклиника на парцијалното протезирање" се опишува и изработката на Бонихард кукичката како една од почесто користените жичени кукички во ретенцијата на парцијалните протези. Освен оваа т.н. примарна ретенција, студентот се запознава и со секундарната ретенција на парцијалната протеза преку барање на поткопаните места на вестибуларните страни на работниот модел. Изработените жичени кукички потоа се поставуваат на адаптирана шелак базна плоча и со розев восок се изработуваат восочните бедеми. Со оваа

фаза завршува практичниот опис на изработката на парцијалните протези потребни за студентите по стоматологија. Следните етапи во изработката на акрилатните парцијални протези се однесуваат на забните техничари и тие ги извршуваат и понатамошните лабораториски фази. Следува описот на фазата на артикулација на вештачките заби во восочните бедеми, како и завршно моделирање на вестибуларните и оралните протезни плочи. Со тоа парцијалната протеза е подготвена за следната фаза, а тоа е нејзината проба во устатата на пациентот. Фазата на вложување и киветирање на парцијалната протеза за студентите се демонстрира од страна на забниот техничар. Дефинитивната обработка и полирање на акрилатната парцијална протеза е исто така фаза којашто ја изведува забниот техничар. Всушност, со практичното прикажување на овие фази се заокружува практичниот тек на изработка на плочестите, односно класичните парцијални протези.

Последниот, односно четвртиот дел од Практикумот се занимава со одредени, за практичарот, важни аспекти во изработката на скелетираните парцијални протези. Врз основа на претходно спроведената паралелометарска анализа на работниот модел, се врши процена на водечките рамнини и избор на ретенционите заби. Студентот работи на модел кадешто има едно дистално неограничено и едно вметнато протезно седло. Со помош на различни восочни профили се врши моделација на главните поврзувачи за горна и долна скелетирана парцијална протеза. Одделно се планира ретенцискиот и стабилизацискиот дел на идната протеза. Потоа на претходно направената паралелометарска анализа на работниот модел со восочни профили се врши моделација на кукички од системот на Неј. Се изработува кукичка број 1, потоа кукичка број 4 и кукичка број 5 според Неј-системот. Со тоа студентот го заокружува практичниот дел од изработката на скелетираната парцијална протеза. Забните техничари, покрај оваа моделација, продолжуваат и натаму, конкретно тие потоа прават дублирање на работните модели, вложување на моделите во маса за топење на високотопливи легури и излевање на вложениот објект во кобалт-хромната легура. Потоа се отвора вложениот објект, се обработува излеаната парцијална протеза со сечење на ливните канали, груба и фина обработка до висок сјај на скелетот на парцијалната протеза. На вака технички изработениот скелет потоа се поставуваат восочните загризни бедеми и се врши поставување на вештачките заби во восок. Практично се подготвува скелетираната парцијална протеза за проба во устата на пациентот. По извршената проба се спроведуваат фазите на дефинитивно завршување на протезата со замена на восокот со акрилат, дефинитивно полирање и нејзино предавање на пациентот.

## 11. ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОТРЕБНИ КОРЕКЦИИ

Онака како што е доставен за рецензија, Практикумот според содржинскиот концепт целосно ги покрива потребите за заокружување на практичните знаења на студентите по студиската програма доктор по дентална медицина. Останува во наредното издание да се продлабочат оние практични делови кои се потребни за забните техничари, поточно да се прошират деловите од практичната изработка на плочестите парцијални протези и скелетираните парцијални протези.

## 12. ОЦЕНА НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО

Учебното помагало со наслов „Практикум по претклиника на парцијалното протезирање" според обработените практични методски единици ги задоволува потребите за реализирање на практичните вежби на студентите и забните техничари.

13. КАТЕГОРИЗАЦИЈА

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје на својата XIII редовна седница одржана на 29.12.2010 година, едногласно донесе одлука приложениот ракопис од авторите проф. д-р Љубен Гугувчевски, ас. д-р Сања Панчевска и ас. д-р Благоја Даштевски со наслов „Практикум по претклиника на парцијалното протезирање" да се категоризира во категоријата учебно помагало.

14. ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРАВДАНОСТА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТРУДОТ

Врз основа на погоре изнесеното, на мислење сум дека ракописот со наслов „Практикум по претклиника на парцијалното протезирање" од проф. д-р Љубен Гугувчевски, ас. д-р Сања Панчевска и ас. д-р Благоја Даштевски, според обработените тематски содржини, претставува современ и модерен практикум во којшто се изнесени сите практични сознанија неопходно потребни за успешна реализација на вежбите по предметот ПМП-парцијална протеза. Поради тоа му препорачувам на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ѝ даде позитивен натамошен тек на постапката.

Рецензент

Проф. д-р Драгољуб Велески с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ "ПРАКТИКУМ ПО ПРЕТКЛИНИКА НА ПАРЦИЈАЛНОТО ПРОТЕЗИРАЊЕ" ОД ПРОФ. Д-Р ЉУБЕН ГУГУВЧЕВСКИ, АС. Д-Р САЊА ПАНЧЕВСКА И АС. Д-Р БЛАГОЈА ДАШТЕВСКИ

Учебното помагало со наслов „Практикум по претклиника на парцијалното протезирање" од проф. д-р Љубен Гугувчевски, ас. д-р Сања Панчевска и ас. д-р Благоја Даштевски се однесува на предметната програма претклиничка мобилна протетика (парцијална протеза).

Според својата содржина, овој практикум е наменет за студиската програма доктор по дентална медицина.

Вкупниот фонд на часови изнесува 75, од кои 30 се теоретски и 45 практични вежби. Според ЕКТ-системот, предметот е вреднуван со 6 кредити.

Од приложената содржина јасно е дека доставениот ракопис за рецензија е во согласност со предметната програма.

Рецензентот проф. д-р Ерол Шабанов е редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на Катедрата за стоматолошка протетика.

Ова е прво издание на учебното помагало со наслов „Практикум по претклиника на парцијалното протезирање".

Учебното помагало, односно Практикумот е богато илустриран со квалитетни колор-фотографии и неколку видеоклипови. Целокупниот материјал е прикажан во дигитално издание на компакт-диск што му дава посебен белег на современост на овој Практикум.

Од содржината посебно би сакал да го истакнам правилниот хронолошки редослед на изнесувањето на проблематиката во практичната изработка на овој вид протетички изработки. Всушност, Практикумот започнува со практичниот опис на отпечаточните техники, поточно со изнесување на начинот на подготовка на гисената маса за излевање на земениот отпечаток од делумно беззабната усна празнина. Се опишуваат точните количини на потребна гипсена маса, како и важноста од добивање на прецизен работен модел.

Потоа следува запознавање со основите на денталната паралелометрија, која е денес императив за изработка на солидна и биолошки прифатлива парцијална протеза. Се опишува подготовката на работниот модел со цел негово поставување во паралелометарската масичка, потоа начинот на триподизација на моделот и изнаоѓање на ретенционите и стабилизационите полиња на парцијално беззабната вилица. Во овој дел од Практикумот посебно се нагласува значењето од користењето на паралелометарот при поставување на атечмените врз ретенционите заби.

Во третиот дел авторите се задржуваат на описот на најчесто употребуваните жичени кукички во практиката. Врз основа на претходно спроведената паралелометарска анализа на ретенционите зони се опишува практичната изработка на опфатната, екваторијалната и Бонихард кукичката. Се опишуваат клештите, потребни за виткање на овие кукички, како и патот на нивното протегање во различните квадранти на ретенционите заби.

Во четвртиот, воедно и последниот дел од Практикумот, авторите го изнесуваат проблемот на практичната изработка на скелетираните парцијални протези. Се објаснуваат составните делови на овие протези, со осврт кон практичното моделирање на готовите восочни профили кои понатаму ќе бидат заменети со кобалтхромната легура од која се изработуваат протезите. Одделно се опишани системите кои придонесуваат во ретенцијата и стабилизацијата на овој вид протетички изработки. Во продолжение следува описот на технолошката постапка на излевање и завршна обработка на скелетираната парцијална протеза.

Во однос на одредени корекции кои би се направиле во ракописот, во овој момент мислам дека нема потреба од такво нешто. Можеби во следното издание, во зависност од вкупните нови сознанија до кои ќе дојде стоматолошката практика, ќе биде потребно да се внесат и некои нови методи.

**Заклучок**

По запознавањето со доставениот ракопис на Практикумот може да се заклучи дека целосно е покриена потребата од практичните сознанија што на вежбите треба да ги совладаат студентите. Материјалот е изложен по хронолошки редослед, па со тоа се добива целосен увид во практичната изработка на парцијалните протези.

Врз основа на досега изнесеното, учебното помагало со наслов „Практикум по претклиника на парцијалното протезирање" од проф. д-р Љубен Гугувчевски, ас. д-р Сања Панчевска и ас. д-р Благоја Даштевски целосно одговара на својата намена и затоа му препорачувам на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ѝ даде натамошен позитивен тек на постапката.

Рецензент

Проф. д-р Ерол Шабанов с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ III, АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ VII И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО ВО ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на 23 седница одржана на 22.II 2011 год., донесе одлука со која сме избрани за членови на Рецензентската комисија за избор на редовен професор од областа на архитектонското проектирање, по предметите: архитектонско проектирање III, архитектонско проектирање VII и архитектонско студио во Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје.

На распишаниот конкурс, објавен во „Дневник" и „Коха" од 12.II 2011 год., се пријави д-р Минас Бакалчев, д.и.а. досегашен вонреден професор во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Врз основа на прегледот на поднесените документи, како и врз основа на познавањето на кандидатот, го даваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**I. Биографски податоци и работно искуство**
Д-р Минас Бакалчев е роден 1956 година во Скопје.

**1983-2000**
Асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје

**2001 -** Доцент на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје по предметите: проектирање на станбени згради, проектирање на објекти за колективно домување, социологија на домување, архитектонско проектирање.

**2006 -** Вонреден професор на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје по предметите: проектирање на станбени згради, проектирање на објекти за колективно домување, социологија на домување, архитектонско проектирање.

УНИВЕРЗИТЕТСКИ ДИПЛОМИ:

**1981 -** Дипломирал на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (1975-1981), под менторство на проф. м-р Георги Константиновски.

**1988 -** Специјализирал на Архитектонскиот факултет, Универзитет во Белград, под менторство на проф. д-р Ранко Радовиќ, на тема „Домување како конститутивен елемент на градот".

**1991 -** Магистрирал на Архитектонскиот факултет, Универзитет во Белград, под менторство на проф. д-р Ранко Радовиќ, на тема „Начела на формирањето на станбени целини на примерот на Скопје".

**2004 -** Докторирал на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", под менторство на проф. д-р Ранко Радовиќ, на тема „Домување како урбан фрагмент на примерот на Скопје".

Прегледи на неговата наставно-образовна, теоретско-едукативна, научноистражувачка и проектантска дејност до неговиот избор за вонреден професор се објавени во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.599, 777 и 899.

## II. Наставно-образовна дејност

Во периодот од изборот за вонреден професор во 2006 година до 2011 година, д-р Минас Бакалчев ја води наставата по предметот проектирање на објекти за колективно домување за студентите во VII и VIII семестар, според старата студиска програма, односно предметот архитектонско проектирање VII според новата ЕКТС-програма. Во предметната програма инкорпонира редефинирани содржини и методи, кои на студентите им го олеснуваат изучувањето на принципите на архитектонското проектирање на објектите од областа на колективното домување.

Во овој период д-р Минас Бакалчев продолжува активно и квалитетно да партиципира во предметите проектирање станбени згради (V и VI семестар - стар наставен план), односно по предметите архитектонско проектирање III (V и VI семестар) и архитектонско студио V1 и архитектонско студио VI1 во рамките на ЕКТС-програмата.

Во периодот по последниот избор, вонр.проф. д-р Минас Бакалчев учествува во изведувањето на продлабочената настава во VIII и IX семестар, и тоа:

2008/09 - продлабочена настава: учење + домување, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје (раководител проф. д-р Минас Бакалчев);

2009/10- продлабочена настава: Прототип на станбен блок, Железничка колонија, Буњаковец, Скопје (раководител проф. д-р. Зорица Блажевска);

2010/11- продлабочена настава: Облакодер, за онтологија на вертикалата, Скопје/ Вардарска долина (раководител проф. д-р. Минас Бакалчев, проф. м-р Митко Хаџи Пуља).

Особено е вредно за внимание учеството на д-р Минас Бакалчев во дефинирањето на содржините и методите на работа во архитектонско студио I и архитектонско студио II заедно со раководителот на овие студии, вонр.проф. м-р Хаџи-Пуља. Архитектонските студија I и II започнаа со работа за прв пат според ЕКТС-програмата во 2007/2008 година и денес бележат видни резултати и значајни успеси. Од оваа учебна година, 2010/2011 год., д-р Минас Бакалчев раководи со архитектонското студио VII и архитектонското студио VIII, кадешто врз основа на студиозно и сензитивно избрани теми и контекстуални ситуации ги воведува студентите во процесот на архитектонското планирање и проектирање на објекти од областа на колективното домување.

Успешноста во наставно-образовната дејност на вонр.проф. д-р Минас Бакалчев се потврдува и низ неговата активна работа како ментор на 101 дипломска работа на темите „Сценарија за обнова на македонското село"; „Македонски винарии"; „Прототип на станбен блок, Железничка колонија, Буњаковец, Скопје"; „Посттранзициона станбена градба"; „Посттранзициона станбена градба"; „Следно домување"; „Хотел: 10-100 соби за Република Македонија".

Како ментор, проф. д-р Бакалчев ги поттикнува студентите на стекнување нови и продлабочени знаења, вештини и способности за разбирање на просторните консеквенци од различните социјални и технолошки новини и случувања на глобално ниво, придонесувајќи кон формирањето на широк професионален профил на архитект. Значаен е придонесот на д-р Бакалчев и во одвивањето на постдипломските студии на Архитектонскиот факултет во улога на професор и ментор на низа семинарски и магистерски трудови.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од областа на наставно-образовната дејност (148,4).

## III. Научноистражувачка дејност

Научно-истражувачката дејност на вонр.проф. д-р Минас Бакалчев се однесува на бројни аспекти од областа на програмирањето и обликувањето на градот и неговите фрагменти. Притоа, фокусот е ставен на перманентното истражување на домувањето во современиот град, осознавајќи ги и обзнанувајќи ги законитостите на неговото морфолошко, архитектонско-типолошко и социјално трансформирање.

Неговиот истражувачки интерес излегува и надвор од овие рамки и се простира многу пошироко навлегувајќи во областите на различните уметности и медиуми (филм, ликовна уметност).
Значаен е неговиот научен и истражувачки придонес во областа на теоријата и архитектонската критика, преку неговото учество во регионални и меѓународни научни семинари и објавување на негови трудови во меѓународни признати стручни списанија.
Научноистражувачката дејност на д-р Минас Бакалчев претставува повеќезначаен и повеќеслоен придонес, како во создавањето на основите на архитектонската теорија така и за нејзината операционализација во реалната практика.

- Ко-ментор на магистерска работа: Gjorgon, N., Gocieva, G., Integrative Potential of the Fringe Belt as Heterotopic Enclave in the Fragmented City - Debar Maalo, Skopje, Case Study Master Thesis. The Bauhaus University Weimar, Institute for European Urban Studies, Weimar, 2007.
- Ментор на магистерска работа: Асимов, Ц., Архитектура во научно-фантастичниот филм од преддигиталната ера преку примерот на делото на Андреј Тарковски. Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2011.
- „Георги Константиновски, архитектура на вертикално проникнување - 50 години творештво на архитект Георги Константиновски", МАНУ, Скопје, 2006 – автор на монографијата.
- Учесник во меѓународен научен проект: Темпус/проект на ЕУ: Реформирање на Архитектонската едукација во КАРДС-земјите (раководител, проф. д-р Влатко Коробар), European Union project: TEMPUS SCM C019 A04 – „Re-forming Architectural Education in the Cards Countries" - institution participant & co-ordinator. (Serbia, Bosnia & Herzegovina, Albania, Macedonia), 2005/2006.
- Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен /стручен собир, со меѓународен уредувачки одбор, Minas Bakalcev, „Index project 2000-2005", прилог во Siljanoska, J., Korobar, V. (Ed.): "REFORMAE/Reforming Architectural Education in the CARDS Countries", Skopje, 2006.
- Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно дело: „Архитект Георги Константиновски", прилог во „Архитектурата на почвата на Македонија од средината на XIX до крајот на XX век", Книга 14 од макопроектот „Историја на културата на Македонија", МАНУ, Скопје, 2006 – автор на прилогот.
- Bakalcev,M., Hadzi Pulja,M., „City of Posible Worlds (WORLD=CITY=WORLDS)". The Macedonian participation at 10 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, Museum of The City of Skopje, Skopje, 2006. – автор на монографијата.
- Bakalcev,M., Hadzi Pulja,M., „City of Posible Worlds", објавен труд во „Cities,Architecture and Society". 10 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, (director Richard Burdett), Marsilio Editori, s.p.a., Venice, 2006.
- Bakalcev,M., Hadzi Pulja,M., „META MAK CUT-OUTS, (Archi(Cut-Out)tecture/Popular Architecture". The Macedonian participation at 11 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, Museum of The City of Skopje, Skopje, 2008. – автор на монографијата.
- Bakalcev, M., Hadzi Pulja,M., „META MAK CUT-OUTS", објавен труд во „Out There, Architecture Beyond Buildings, Volume 4". 11 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, (director Aaron Betsky), Marsilio Editori, s.p.a., Venice, 2008.
- Bakalcev, M., Hadzi Pulja, M., „Learning Architecture". The Macedonian participation at 12 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, Museum of The City of Skopje, Skopje, 2010. – автор на монографијата.
- Bakalcev, M., Hadzi Pulja, M., „Learning Architecture", објавен труд во „People meet in Architecture: Biennale Architettura 2010 - Participating countries/Collaborative Events". 12 International Architecture Exhibition (director Kazuyo Sejima), La Biennale di Venezia, Marsilio Editori, s.p.a., Venice (pp 48-51), 2010.
- „Град на можни светови"; „Секојдневен манифест" (Минас Бакалчев, Митко Хаџи-Пуља), 2 предавања на научен собир „ФОРУМ СКОПЈЕ", Скопје, 2008.

- Архи тектура и тоталитаризам", предавање „Разговор со Минас Бакалчев и Никола Гелевски", ГЕМ, Скопје, 2010.
- Предавање на научен собир со меѓународно учество: Ohrid Summer University (OSU): International, Interdisciplinary Summer School for Young Faculty from SEE and EU: „Integrating Cultures/ Negotiating New Subjectivities" (Course Director: Suzana Milevska, PhD), Ohrid, 2007.
- „Everyday Manifesto / Metamak Architecture" (Minas Bakalčev and Mitko Hadzi-Pulja), предавање на научен собир со меѓународно учество одржано на „BALKAN production _02 In conversation with architects from Southeast Europe Az W/ Architekturzentrum Wien – Podium", Виена, Австрија, 2008.
- „Metamak" (Minas Bakalčev, Mitko Hadzi-Pulja, Sasa Tasic), предавање на референтен странски универзитет "TUDelft", Delft, Холандија, 2007.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од областа на научноистражувачката дејност (77,8).

**IV. Стручно-уметничка дејност**

Стручно-уметничката дејност на вонр.проф. д-р Минас Бакалчев е перманентно присутен и еднакво вреден сегмент од неговото сестрано индивидуално и тимско дејствување, и во овој меѓуизборен период. Оваа негова дејност е богата, тематски разновидна и низ различни медиуми презентирана. Уметничката дејност можеме да ја следиме преку бројни архитектонски, архитектонско-урбанистички и конкурсни решенија и нивно јавно претставување на локално и национално ниво. Голем дел од нив постигнаа врвни резултати и високи награди. Со нивната програмска дефинираност, структурна и обликовна јасност придонесуваат за унапредувањето на културата на просторот и јавната свест.

Изложбите на тема: „City of Posible Worlds", 2006 и „META MAK CUT-OUTS", 2008, претставени на меѓународната архитектонска изложба La Biannale Di Venezia, претставуваат значајни национални претставувања, кадешто д-р Минас Бакалчев се јавува како куратор (заедно со м-р М. Хаџи-Пуља, д-р В. Коробар) заради неговите дострели во уметничкото творештво.

**Изложби:**

- МБМХП ПАНОРАМА 2000-2005: „ЕПИДИЈАГРАМСКИ ПЕЈСАЖ" (МБМХП), јавно претставено дело – изложба, Архитектонски факултет, 2006, Скопје
- „City of Posible Worlds", јавно претставено дело, национално претставување на 10. меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратор: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља), Венеција, 10.9.2006 - 19.11.2006.
- „The Blinded House 7x11" (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, Д. Папастеревски), јавно претставено дело, национално претставување на "House in Transition / Habitat at Ypenburg", Artotek & Qenep architecture, Den Hague, The Netherlands, 23.4 - 16. 5. 2007.
- „META MAK CUT-OUTS", јавно претставено дело, национално претставување на 11. меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратор: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, В. Коробар), Венеција, 14.9.2008 – 23.11.2008.
- „Brave New World Imprints - Towards the Face" (М.Бакалчев, М. Хаџи-Пуља), јавно претставено дело на "BRAVE NEW WORLD", IFA Institut fur Auslandsbeziehungen, Berlin, 2008.
- Групно јавно претставување на архитектонски дела на „13 БИМАС - Биенале на македонската архитектура" МГС - Музеј на град Скопје, 2006; „СКОПЈЕ ГРАД НА СОЛИДАРНОСТА 1963/2008", Музеј на град Скопје, (концепт/ просторна инсталација: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, Б. Зеќири), 2008; „Културно преоткривање/ Архитектонско и урбано преобликување на културните патеки", Мала станица, Скопје, 2008; „14 БИМАС" МГС - Скопје, 2008; „АСК - Архитектура Скопје 2008", МГС - Музеј на

град Скопје, 2008; „АСК 2009", МГС - Скопје, 2009; „НИЕ, 60-години Архитектонски факултет", Скопје, Музеј на град Скопје, 2009; „15 БИМАС "Културен центар - Мала станица, Скопје, 2009; „АСК 2010 ", МГС - Скопје, 2010.

**Идејни архитектонски решенија**

- Идејно архитектонско решение за „Фасадно обликување на хидроцентрала – Матка", локација: езеро Матка - Скопје, инвеститор: ЕВН - Македонија, (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ), 2007.
- Идејно архитектонско-урбанистичко решение за „Конгресен Центар – Св. Јован Кукузел", локација: ул. „Партизанска" - Охрид, (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски), 2008.
- Идејно архитектонско решение за „Приватен универзитет ИМЦ", локација: ул. Босна и Херцеговина, Скопје, автори: (В.Бакалчев + М.Бакалчев), 2008.

**Конкурсни проекти:**

- Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Градска Библиотека", локација: Берово, инвеститор: УНДП (автори: МБМХП), 2007.
- Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Градска куќа", локација: Градски плоштад „Македонија", Скопје, инвеститор: Министерство за култура на Р. Македонија (автори: МБМХП), 2007 – трета награда.
- Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Музејски комплекс – Македонска борба", локација: Скопје, инвеститор: Министерство за култура на Р.Македонија, (автори: МБМХП), 2007 – втора награда (прва награда не е доделена).
- Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Спомен-куќа на Мајка Тереза", локација: Скопје, инвеститор: Министерство за култура на Р. Македонија (автори: МБМХП), 2007 – откуп.
- Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Спомен-куќа на Тодор Проески", локација: Гумење, Крушево, инвеститор: Министерство за култура на Р. Македонија, (автори: С. Тасиќ, Д. Папастеревски, Н. Стрезовски, М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља), 2008 – втора награда.
- Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Православен храм", локација: плоштад „Македонија", Скопје, инвеститор: Министерство за култура на Р. Македонија, (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ), 2008.
- Учество на архитектонски конкурс „Градски трговски центар – надградба и доофрмување на трети кат", локација: ГТЦ - Скопје, инвеститор: А.Д. ГТЦ - Скопје (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски, Б. Зеќири), 2008 - откуп.
- Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Универзитет за информатички технологиии", локација: Скопје, инвеститор: Министерство за образование и наука на Р. Македонија, (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски, Б. Зеќири), 2008.
- Учество на архитектонски конкурс „Македонски народен театар - Центар", локација: Скопје, инвеститор: Министерство за култура на Р. Македонија (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, Б. Зеќири, Н. Стрезовски, Б. Мехмети) 2009 – прва награда.
- Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Хотел со пет ѕвезди во Скопје", локација: Центар – Мал Ринг (парцела 7,2) Скопје, инвеститор: Министерство за транспорт и врски (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски), 2009 - откуп.
- Учество на архитектонски конкурс „Пешачки мост на река Вардар", локација: Центар - Скопје, инвеститор: град Скопје, (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски), 2010.
- Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Административен објект на локалната самоуправа, Карпош", локација: Карпош 3, Скопје, инвеститор: општина Карпош (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), 2010 – втора награда.

- Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Катна Гаража", локација: ул. Даме Груев, Скопје, инвеститор: град Скопје, (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), 2010.
- Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Катна Гаража", локација: ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин", Скопје, инвеститор: град Скопје, (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), 2010 – прва награда.
- Учество на архитектонско-урбанистички конкурс „Изработка на типски идејни архитектонски решенија за згради за колективно домување кои би се применувале на повеќе локации во Република Македонија и изработка на нацрт – предлог синтезен план за архитектонско урбанистичко решение за една локација", инвеститор: Министерство за одбрана на Р.Македонија, (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, М. Зиноски, Н. Стрезовски, Д. Момировски) 2010 – втора награда (прва награда не е доделена).

**Изведени архитектонски објекти:**

- Изведен архитектонски објект „Семејна куќа Љубиќ", локација: ул. „Орце Николов", бр.174, Скопје (автори: МБМХП), 2007.
- Изведен архитектонски објект „Македонско-Италијански едукативен центар", локација: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје (автори: МБМХП), 2008.
- Изведен архитектонски објект „Стоматолошка ординација Смилеви", доградба, локација: Водно, Скопје (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев), 2008.
- Изведен архитектонски објект „Црква Свети Илија", локација: Говрлево, Скопје (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски), 2008.
- Изведен архитектонски објект „Трговско-угостителски објект", локација: плоштад „Македонија", Скопје (автори: МБМХП), 2009.
- Изведен архитектонски објект „Едносемејна куќа Костови", локација: Маврово, (автори: МБМХП), 2009.
- Изведен архитектонски објект „Станбено-деловен објект", локација: ул. „Чедомир Миндеровиќ" 31, Скопје (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев), 2009.
- Изведен архитектонски објект „Станбено-деловен објект", локација: ул. „Домбас" бр.7, Скопје, (автори: В. Бакалчев, Е. Арнаудова, М. Бакалчев), 2009.
- Изведен архитектонски објект „ДВОР, просторни програмски интервенции", локација: село Велмеј, (автори: МБМХП), 2010-2011.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од областа на стручно-уметничката дејност (172,0).

**V. Стручно-апликативна дејност**

Апликативната операционализација на научноистражувачките, стручно-уметничките и теориски знаења од областа на архитектурата, широките сознанија и ставови и од другите уметности ја наоѓаат својата релевантност во изработката на бројни идејни и основни архитектонски проекти (13) и идејни архитектонски проекти (5). Најголем број од проектите се со потпис МБМХП, односно Бакалчев + Бакалчев, а еден помал ден се производ на тимска работа.

Забележително е неговото учество во промовирањето на повеќе архитектонски изложби, а значаен е и неговиот континуиран професионален и уметнички ангажман во областа на графичкиот дизајн.

- Член на Меѓународна жири-комисија на 30-тиот Интернационален кинематограферски филмски фестивал „Браќа Манаки" (Manakı Brothers), Битола, 2009.
- Промотор на изложба: Made In Germany, Architecture + Religion / Архитектура + религија, Goethe Institute, Музеј на град Скопје, 2006.
- Промотор на изложба: 50 години творештво на архитект Георги Константиновски, МАНУ, Скопје, 2006.

- Промотор на изложба: 50 години творештво на архитект Георги Константиновски, Куманово, 2009.

**Идејни архитектонски проекти:**

- Идеен архитектонски проект за „Семејна куќа (надградба-доградба)“, локација: Водно, Скопје, 2007 – (автори: МБМХП)
- Идеен архитектонски проект за „Туристички комплекс Св. Стефан“, локација: Охрид, 2008 – (автори: МБМХП)
- Идеен архитектонски проект за „Едносемејна куќа Јорданови (куќа 360)“, локација: ул.20-ти Октомври 19, Скопје, 2009 – (автори: МБМХП)
- Идеен архитектонски проект за „Станбено деловен објект“, локација: ул. „20-ти Октомври“ 19, Скопје, 2009 – (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев).
- Идеен архитектонски проект за „Станбено деловен објект“, локација: ул. „Козара“ бр. 5, Скопје, 2010 – (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев)

**Идејни и основни архитектонски проекти:**

- Идеен и основен архитектонски проект за „Семејна куќа Љубиќ “, локација: ул. „Орце Николов“, бр.174, Скопје, 2007 - (автори: МБМХП),
- Идеен и основен архитектонски проект за „Македонско-италијански едукативен центар“, локација: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, - Скопје, 2008 - (автори: МБМХП),
- Идеен и основен архитектонски проект за „Едносемејна куќа со гостинска куќа Димитрови“, локација: Бардовци, Скопје, 2008 – (автори: МБМХП),
- Идеен и основен архитектонски проект за „Стоматолошка ординација Смилеви“, доградба, локација: Водно, Скопје, 2008 - (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев),
- Идеен и основен архитектонски проект за „Православен храм, црква Св. Илија“, локација: Говрлево - Скопје, инвеститор: црковен одбор - Говрлево, 2008 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски),
- Идеен и основен архитектонски проект за „Трговско-угостителски објект“, локација: Плоштад Македонија, Скопје, 2009 - (автори: МБМХП),
- Идеен и основен архитектонски проект за „Едносемејна куќа Костови“, локација: Маврово, 2009 - (автори: МБМХП),
- Идеен и основен архитектонски проект за „Станбено деловен објект“, локација: ул. „Чедомир Миндеровиќ“ 31, Скопје, 2009 - (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев),
- Идеен и основен архитектонски проект за „Станбено деловен објект“, локација: ул. „Домбас“ бр.7, Скопје, 2009 - (автори: В. Бакалчев, Е. Арнаудова, М. Бакалчев),
- Идеен и основен архитектонски проект за „ДВОР, просторни програмски интервенции“, локација: село Велмеј, 2010/2011 - (автори: МБМХП),
- Идеен и основен архитектонски проект за „Катна Гаража“, локација: ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин“, Скопје, инвеститор: Град Скопје, 2010 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски),
- Идеен и основен архитектонски проект за „Угостителски објект со времено домување“, локација: Горица, Охрид, 2010 – (автори: МБМХП),
- Идеен и основен архитектонски проект за „Семејна куќа – Вила Стојковски“, локација: ул. „Лазар Димитров“ б.б, Скопје, 2011 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски),

**Графички дизајн:**

Циклус проекти/календари за Комерцијална банка за 2008, 2009, 2011; плакат и каталог за изложба.

ПЛАКАТ/КАТАЛОГ: НИЕ, 60 години Архитектонски факултет, Скопје, 2009; плакат и каталог за изложба Културни патеки / Скопје навигатор, 2008; идејно решение на веб-страница: на Агенцијата за Катастар на недвижнини, www.katastar.gov.mk, (Минас Бакалчев, Саша Тасиќ.), октомври 2009; изработка на монографија „City of Possible Worlds (world = city = worlds)“ (ISBN 9989-156-24-7), 2006; графичко уредување на изложба - „Изложба за

Живко Поповски", изложбен коридор - Архитектонски факултет - Скопје, јануари 2007; графички дизајн на плакат за изложба „26 јули–Скопје", Музеј на град Скопје, 26.7.2007; изработка на плакат за изложба: „13 ноември – Скопје", Музеј на град Скопје, 13.11.2007; изработка на плакат за изложба: „Скопска тврдина – археолошки истражувања", Музеј на град Скопје, 10.12.2007; изработка на каталог „Metamac Cut-Outs, archi (cut-out) tecture / popular architecture (ISBN 978-9989-156-57-1), 2008;

**Дејности од поширок интерес**

Во овој меѓуизборен период од национално значење и важност е признанието добиено на интернационалната архитектонска изложба, Венециско биенале, 2006 година, кадешто д-р Минас Бакалчев е во улога на куратор на Македонскиот павилјон.

Двете големи годишни државни награди од 2006 и 2008 се потврда за придонесот на уметничкото дејствување на д-р Минас Бакалчев и архитектонското и социо-културно значење на неговите дела.

**Награди, студиски престои, учество во комисии и стручни тела:**

- Меѓународна награда на 10. Интернационална архитектонска изложба, Венециско биенале, куратор на Македонскиот павилјон, Венеција, 2006;
- голема годишна награда на ААМ, за најуспешно реализирано архитектонско дело во 2006, покровител на наградата - претседател на Р.Македонија, 2006;
- голема награда за архитектура на град Скопје (архитектонска реализација), Македонско-италијански едукативен центар, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, АСК, Архитектура Скопје, 2008;
- студиски претстој во странство (Италија, Франција, Германија, Австрија, Швајцарија, Холандија), 2006-2010;
- член на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, 2005-2011;
- раководител на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, 2008/2009;
- претседател на Советот на Летната школа при Архитектонскиот факултет во Скопје, 2010/2011;
- член на комисии за избор во звање, 2006 – 2010;
- консултант – експерт за изготвување на идејни решенија на Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, 2009 - 2010.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот и нивните бодови од обласга на стручно-апликативната дејност (113,5).

**Анекс 2**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Проектирање станбени згради, зимски сем. 2005/2006 (2+4), вежби: 4 часа x 15 недели x 0,03 поени x 2 групи = 3,6 | 3,6 |
| 2. | Проектирање објекти за колективно домување, зимски сем. 2005/2006 (1+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 2 групи =2,7, предавања:1 час x 15 недели x 0,04=0,6 | 3,3 |
| 3. | Социологија на домување (продлабочена настава, раководител: проф. д-р Влатко Коробар), зимски сем. 2005/2006 (1+0), предавања: 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 4. | Социологија на домување (продлабочена настава, раководител: проф. Димитрије Голубовски), зимски сем. 2005/2006 (1+0), предавања: 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 5. | Проектирање станбени згради, летен сем. 2005/2006 (2+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 2 групи = 2,7 | 2,7 |
| 6. | Проектирање објекти за колективно домување, летен сем. 2005/2006 (2+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 2 групи =2,7, предавања:2 часа x 15 недели x 0,04 =1,2 | 3,9 |
| 7. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава „Учење + Домување, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", раководител: проф. д-р Минас Бакалчев), летен сем. 2005/2006 (1+5), вежби: 5 часа x 15 недели x 0,03 поени x 1 група = 2,25 | 2,25 |
| 8. | Проектирање станбени згради, зимски сем. 2006/2007 (2+4), вежби: 4 часа x 15 недели x 0,03 поени x 3 групи = 5,4 | 5,4 |
| 9. | Проектирање објекти за колективно домување, зимски сем. 2006/2007 (1+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 2 групи =2,7 предавања: 1 час x 15 недели x 0,04=0,6 | 3,3 |
| 10. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава „Учење + Домување, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", раководител: проф. д-р Минас Бакалчев)" зимски сем. 2006/2007 (2+8), вежби: 8 часа x 15 недели x 0,03 поени x 1 група = 3,6 предавања: 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6 | 4,2 |
| 11. | Социологија на домување (продлабочена настава, раководител: проф.м-р Гоце Аџи-Митревски), зимски сем. 2006/2007 (1+0), предавања: 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 12. | Проектирање станбени згради, летен сем. 2006/2007 (2+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 3 групи = 4,05 | 4,05 |
| 13. | Проектирање објекти за колективно домување, летен сем. 2006/2007 (2+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 2 групи = 2,7, предавања: 2 часа x 15 недели x0,04= 1,2 | 3,9 |
| 14. | Социологија на домување (продлабочена настава, раководители: проф. д-р Влатко Коробар; проф. д-р Тихомир Стојков; проф. м-р Гоце Аџи-Митревски), летен сем. 2006/2007 (1+0), предавања: 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 15. | Проектирање станбени згради, зимски сем. 2007/2008 (2+4), вежби: 4 часа x 15 недели x 0,03 поени x 2 групи = 3,6 | 3,6 |
| 16. | Проектирање објекти за колективно домување, зимски сем. 2007/2008 (1+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 3 групи = 4,05, предавања: 1 час x 15 недели x0,04=0,6 | 4,65 |
| 17. | Социологија на домување (продлабочена настава, раководител: проф.м-р Гоце Аџи-Митревски), зимски сем. 2007/2008 (1+0), предавања: 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 18. | Архитектонско студио I (раководител), зимски сем. 2007/2008 (6), 6 часа x 15 недели x 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 19. | Проектирање станбени згради, летен сем. 2007/2008 (2+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 2 групи = 2,7 | 2,7 |
| 20. | Проектирање објекти за колективно домување, летен сем. 2007/2008 (2+3), вежби: 3 часа x 15 недели x 0,03 поени x 2 групи = 2,7, предавања: 2 часа x 15 недели x 0,04=1,2 | 3,9 |
| 21. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава „Прототип на станбен блок, Железничка колонија – Нов станбен пејзаж", раководител: проф. д-р Зорица Блажевска) летен сем. 2007/2008 (1+5), вежби: 5 часа x 15 недели x 0,03 поени x 1 група = 2,25 | 2,25 |
| 22. | Социологија на домување (продлабочена настава „Прототип на станбен блок, Железничка колонија – Нов станбен пејзаж", раководител: проф. д-р Зорица Блажевска), летен сем. 2007/2008 (1+0), предавања: 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 23. | Архитектонско студио II (раководител), летен сем. 2007/2008 (6), 6 часа x 15 недели x 0,03 = 2,7 | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| 24. | Проектирање станбени згради, зимски сем. 2008/2009 (2+4), вежби: 4 часа х 15 недели х 0,03 поени х 2 групи = 3,6 | 3,6 |
| 25. | Проектирање објекти за колективно домување, зимски сем. 2008/2009 (1+3), вежби: 3 часа х 15 недели х 0,03 поени х 2 групи = 2,7, предавања: 1 час х 15 недели х 0,04 = 0,6 | 3,3 |
| 26. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава „Прототип на станбен блок, Железничка колонија – Нов станбен пејзаж", раководител: проф. д-р Зорица Блажевска), зимски сем. 2008/2009 (2+8), вежби: 8 часа х 15 недели х 0,03 поени х 1 група = 3,6, предавања: 1 час х 15 недели х 0,04 = 0,6 | 4,2 |
| 27. | Архитектонско студио I (раководител), зимски сем. 2008/2009 (6), 6 часа х 15 недели х 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 28. | Проектирање станбени згради, летен сем. 2008/2009 (2+3), вежби: 3 часа х 15 недели х 0,03 поени х 3 групи = 4,05 | 4,05 |
| 29. | Проектирање објекти за колективно домување, летен сем. 2008/2009 (2+3), вежби: 3 часа х 15 недели х 0,03 поени х 2 групи = 2,7, предавања: 2 часа х 15 недели х 0,04 = 1,2 | 3,9 |
| 30. | Архитектонско студио II (раководител), летен сем. 2008/2009 (6), 6 часа х 15 недели х 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 31. | Проектирање објекти за колективно домување, зимски сем. 2009/2010 (1+3), вежби: 3 часа х 15 недели х 0,03 поени х 3 групи =4,05, предавања: 1 час х 15 недели х 0,04=0,6 | 4,65 |
| 32. | Архитектонско студио I (раководител), зимски сем. 2009/2010 (6), 6 часа х 15 недели х 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 33. | Архитектонско студио V/1, зимски сем. 2009/2010 (6), 6 часа х 15 недели х 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 34. | Проектирање објекти за колективно домување, летен сем. 2009/2010 (2+3), вежби: 3 часа х 15 недели х 0,03 поени х 3 групи =4,05 ,предавања: 2 часа х 15 недели х 0,04 = 1,2 | 5,25 |
| 35. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава „Облакодери – за онтологијата на вертикалата, Скопје / Врадарска долина", раководител: проф. д-р Минас Бакалчев), летен сем. 2009/2010 (3+5), вежби: 3 часа х 15 недели х 0,03 поени х 1 група = 1,35, предавања: 1 час х 15 недели х 0,04 = 0,6 | 1,95 |
| 36. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава, раководител: проф. д-р Влатко Коробар), летен сем. 2009/2010 (3+5), предавања: 1 час х 15 недели х 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 37. | Архитектонско студио II (раководител), летен сем. 2009/2010 (6), 6 часа х 15 недели х 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 38. | Архитектонско студио VI/1, летен сем. 2009/2010 (6), 6 часа х 15 недели х 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 39. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава „Облакодери – за онтологијата на вертикалата, Скопје / Врадарска долина ", раководител: проф. д-р Минас Бакалчев), зимски сем. 2010/2011 (4+8), вежби: 4 часа х 15 недели х 0,03 поени х 1 група = 1,8, предавања: 2 час х 15 недели х 0,04 = 1,2 | 3 |
| 40. | Архитектонско проектирање (продлабочена настава, раководител: проф. д-р Влатко Коробар), зимски сем. 2010/2011 (4+8), предавања: 1 час х 15 недели х 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 41. | Архитектонско проектирање 7, зимски сем. 2010/2011 (1), предавања: 1 час х 15 недели х 0,04 = 0,6 | 0,6 |
| 42. | Архитектонско студио I (раководител), зимски сем. 2010/2011 (6), 6 часа х 15 недели х 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 43. | Архитектонско студио V/1, зимски сем. 2010/2011 (6), 6 часа х 15 недели х 0,03 = 2,7 | 2,7 |
| 44. | Архитектонско студио VII/1, раководител (Тема: Хотел +, Којнско, Преспанско Езеро), зимски сем. 2010/2011 (8), 8 часа х 15 недели х 0,03 = 3,6 | 3,6 |
| 45. | Меѓународна летна школа за архитектура на тема „Процес" во организација на Архитектонски факултет во Скопје, манастир „Св. Јоаким Осоговски", раководител: Хрвоје Њириќ, 8.07-16.7. 2006 – учесник. | 1 |
| 46. | Работилница „Уредување на кејот на реката Вардар, лев брег – Просторот како медиум", во организација на град Скопје и Архитектонски факултет - Скопје, МКЦ, Скопје, 1.3-9.3. 2007 – раководител. | 1,5 |
| 47. | Работилница „Скопје, културни патеки", Route of Culture, Master Class of: Minas Bakalčev and Mitko Hadzi-Pulja, Ss. Cyril & Methodius University, realised with help of the government of Italy and IMG, Скопје, 2008 – раководител. | 1,5 |
| 48. | Ментор на 101 дипломска работа на теми: „Сценарија за обнова на македонското село"; Македонски винарии; „Прототип на станбен блок, Железничка колонија, Буњаковец, Скопје"; „Посттранзициона станбена градба";„Следно домување"; „Хотел: | 20,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | 10-100 соби за Република Македонија", Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, 2005-2011. 101 x 0,2 = 20,2 | |
| 49. | Член на 2 комисиии за оцена и одбрана на магистратура: 2 x 0,3 = 0,6 - Никољски, Е., Дизајнирањето на мебел, ергономијата, технолошкиот развој и нивното влијание врз прогресивната еволуција во проектирањето и дизајнирањето на кујните во станот. Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2006. - Тасиќ, С., Модели и постапки за осовременување на станбените целини од периодот на Модерната на примерот на Скопје. Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2009. | 0,6 |
| | **Вкупно** | **148,4** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 01. | Бакалчев, М., Константиновски, Г. „Георги Константиновски, архитектура на вертикално проникнување - 50 години творештво на архитект Георги Константиновски", МАНУ, Скопје, 2006 – автор на монографијата/каталог. | 7,2 |
| 02 | Бакалчев, М. + Хаџи-Пуља, *М. Културни патеки / Скопје навигатор*, Мастер класа: Бакалчев, М. + Хаџи-Пуља, М. , Скопје, 2008 – автор на монографијата/каталог. | 7,2 |
| 03. | Ко-Ментор на магистерска работа: Gjorgon, N., Gocieva, G., Integrative Potential of the Fringe Belt as Heterotopic Enclave in the Fragmented City -Debar Maalo, Skopje, Case Study Master Thesis. The Bauhaus University Weimar, Institute for European Urban Studies, Weimar, 2007. | 1 |
| 04. | Ментор на магистерска работа: Асимов, Ц., Архитектура во научно фантастичниот филм од преддигиталната ера преку примерот на делото на Андреј Тарковски. Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2011. | 1 |
| 05. | Учесник во меѓународен научен проект: Темпус / проект на ЕУ: Реформирање на Архитектонската едукација во КАРДС-земјите (раководител, проф. др. Влатко Коробар), European Union project: TEMPUS SCM C019 A04 –„Re-forming Architectural Education in the Cards Countries" - institution participant & co-ordinator. (Serbia, Bosnia & Herzegovina, Albania, Macedonia), 2005/2006. | 5 |
| 06. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, со меѓународен уредувачки одбор, Minas Bakalcev, „Index project 2000-2005", прилог во Siljanoska, J., Korobar, V. (Ed.): "REFORMAE / Reforming Architectural Education in the CARDS Countries", Skopje, 2006. | 3 |
| 07. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание: Бакалчев, М., Хаџи Пуља, М. „Град на можни светови", Културен живот бр.3-4/2006, Скопје, 2006. | 1,8 |
| 08. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание: Разговор со Бакалчев, М. и Хаџи-Пуља, М.,разговорот го водеше Вучковиќ, С. „Проектантското ниво на градење е во криза", Порта 3, бр.50, 15 01 2007. | 2 |
| 09. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание: Разговор со Бакалчев, М. и Хаџи-Пуља, М., разговорот го водеше Вучковиќ, С. „Архитектурата е професија која зрее низ времето", Порта 3, бр.85, 30 06 2008. | 2 |
| 10. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно дело: „Архитект Георги Константиновски", прилог во „Архитектурата на почвата на Македонија од средината на XIX до крајот на XX век", Книга 14 од макопроектот „Историја на културата на Македонија", МАНУ, Скопје, 2006 – автор на прилогот. | 3 |
| 11. | Bakalcev, M., Hadzi-Pulja, M., "City of Posible Worlds (WORLD=CITY=WORLDS)". The Macedonian participation at 10 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, Museum of The City of Skopje, Skopje, 2006. – автор на монографијата. | 7,2 |
| 12. | Bakalcev,M., Hadzi-Pulja, M., „City of Posible Worlds", објавен труд во „Cities, Architecture and Society ". 10 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, (director Richard Burdett), Marsilio Editori, s.p.a., Venice, 2006. | 5,4+и.ф. |
| 13. | Bakalcev, M., Hadzi-Pulja, M., „META MAK CUT-OUTS, (Archi(Cut-Out)tecture / Popular Architecture". The Macedonian participation at 11 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, Museum of The City of Skopje, Skopje, 2008 – автор на монографијата. | 7,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Bakalcev, M., Hadzi-Pulja, M., „META MAK CUT-OUTS", објавен труд во „Out There, Architecture Beyond Buildings, Volume 4". 11 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, (director Aaron Betsky), Marsilio Editori, s.p.a., Venice, 2008. | 5,4+и. ф. |
| 15. | Bakalcev, M., Hadzi-Pulja, M., „Learning Architecture". The Macedonian participation at 12 International Architecture Exhibition, La Biennale di Venezia, Museum of The City of Skopje, Skopje, 2010. – автор на монографијата. | 7,2 |
| 16. | Bakalcev, M., Hadzi-Pulja, M., „Learning Architecture", објавен труд во „People meet in Architecture: Biennale Architettura 2010 - Participating countries/ Collaborative Events". 12 International Architecture Exhibition (director Kazuyo Sejima), La Biennale di Venezia, Marsilio Editori, s.p.a., Venice (pp 48-51), 2010. | 5,4+и. ф. |
| 17. | „Град на можни светови"; „Секојдневен манифест" (Минас Бакалчев, МиткоХаџи-Пуља), 2 предавања на научен собир „ФОРУМ СКОПЈЕ", Скопје, 2008. (2+2=4) | 4 |
| 18. | Учество во научен стручен собир: Трибина на Утрински весник „Скопје треба да се гради, но дали со објекти од стари разгледници" (учесници: Трифун Костовски, Елизабета Канчевска Милевска, Виолета Аларова, Никола Ристановски, Минас Бакалчев, Митко Хаџи-Пуља) Утрински весник, 19.1.2007. | 1 |
| 19. | „Архитектура и тоталитаризам", предавање /разговор со Минас Бакалчев/Никола Гелевски, ГЕМ, Скопје, 2010. | 1 |
| 20. | Предавање на научен собир со меѓународно учество: Ohrid Summer University (OSU): International, Interdisciplinary Summer School for Young Faculty from SEE and EU: „Integrating Cultures/ Negotiating New Subjectivities" (Course Director: Suzana Milevska, PhD), Ohrid, 2007. | 3 |
| 21. | „Everyday Manifesto / Metamak Architecture" (Minas Bakalčev and Mitko Hadzi-Pulja), предавање на научен собир со меѓународно учество одржано на „BALKAN production _02 In conversation with architects from Southeast Europe Az W/ Architekturzentrum Wien – Podium", Виена, Австрија, 2008. | 3 |
| 22. | „Metamak" (Minas Bakalčev, Mitko Hadzi-Pulja, Sasa Tasic), предавање на референтен странски универзитет „TUDelft", Delft, Холандија, 2007. | 3 |
| | **Вкупно** | 77,8 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 01. | „МБМХП ПАНОРАМА 2000-2005: ЕПИДИЈАГРАМСКИ ПЕЈСАЖ" (МБМХП), јавно претставено дело – изложба, коридор, Архитектонски факултет, 2006, Скопје. | 8 |
| 02. | „Сеќавање на Живко Поповски", јавно претставено дело – изложба , коридор Архитектонски факултет - Скопје, јануари 2007. | 8 |
| 03. | „City of Posible Worlds", јавно претставено дело, национално претставување на 10-та меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратор: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, В. Коробар), Венеција, 10.9.2006 - 19.11.2006. | 8 |
| 04. | „The Blinded House 7x11", (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, Д. Папастеревски), јавно претставено дело, национално претставување на „House in Transition / Habitat at Ypenburg", Artotek & Qenep architecture, Den Hague, The Netherlands, 23.04 - 16. 05. 2007. | 8 |
| 05. | „META MAK CUT-OUTS", јавно претставено дело, национално претставување на 11. меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратор: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, В. Коробар), Венеција, 14.09.2008 - 23.11.2008. | 8 |
| 06. | „Brave New World Imprints - Towards the Face" (М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља), јавно претставено дело на „BRAVE NEW WORLD", IFA Institut fur Auslandsbeziehungen, Berlin, 2008. | 8 |
| 07. | „Learning Architecture", јавно претставено дело, национално претставување на 12-та меѓународна архитектонска изложба La Biannale Di Venezia (куратор: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља), Венеција, 2010. | 8 |
| 08. | Идејно архитектонско решение за „Фасадно обликување на хидроцентрала – Матка", локација: езеро Матка - Скопје, инвеститор: ЕВН - Македонија, (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ), 2007. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 09. | Идејно архитектонско решение за „Семејна куќа Љубиќ“, локација: ул. Орце Николов, бр. 174, Скопје, 2007 - (автори: МБМХП), (2+2=4). | 2 |
| 10. | Идејно архитектонско решение за „Семејна куќа (надградба-доградба)“, локација: Водно, Скопје, 2007 – (автори: МБМХП) | 2 |
| 11. | Идејно архитектонско-урбанистичко решение за „Конгресен центар – Св. Јован Кукузел“, локација: ул. Партизанска - Охрид, (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски), 2008. | 2 |
| 12. | Идејно архитектонско решение за „Приватен универзитет ИМЦ“, локација: ул. Босна и Херцеговина, Скопје, автори: (В. Бакалчев + М. Бакалчев), 2008. | 2 |
| 13. | Идејно архитектонско решение за „Македонско-италијански едукативен центар“, локација: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, 2008 - (автори: МБМХП), (2+2=4). | 2 |
| 14. | Идејно архитектонско решение за „Едносемејна куќа со гостинска куќа Димитрови“, локација: Бардовци, Скопје, 2008 – (автори: МБМХП), (2+2=4) | 2 |
| 15. | Идејно архитектонско решение за „Стоматолошка ординација Смилеви“, доградба, локација: Водно, Скопје, 2008 - (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев), (2+2=4). | 2 |
| 16. | Идејно архитектонско решение за „Православен храм, црква Св. Илија“, локација: Говрлево - Скопје, инвеститор: црковен одбор - Говрлево, 2008 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски), (2+2=4) | 2 |
| 17. | Идејно архитектонско решение за „Туристички комплекс Св. Стефан“, локација: Охрид, 2008 – (автори: МБМХП) | 2 |
| 18. | Идејно архитектонско решение за „Трговско-угостителски објект“, локација: плоштад „Македонија“, Скопје, 2009 - (автори: МБМХП), (2+2=4). | 2 |
| 19. | Идејно архитектонско решение за „Едносемејна куќа Јорданови (куќа 360)“, локација: ул.20-ти Октомври 19, Скопје, 2009 – (автори: МБМХП) | 2 |
| 20. | Идејно архитектонско решение за „Станбено деловен објект“, локација: ул.20-ти Октомври 19, Скопје, 2009 – (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев). | 2 |
| 21. | Идејно архитектонско решение за „Едносемејна куќа Костови“, локација: Маврово, 2009 - (автори: МБМХП), (2+2=4). | 2 |
| 22. | Идејно архитектонско решение за „Станбено деловен објект“, локација: ул.Чедомир Миндеровиќ 31, Скопје, 2009 - (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев), (2+2=4). | 2 |
| 23. | Идејно архитектонско решение за „Станбено деловен објект“, локација: ул. Домбас бр. 7, Скопје, 2009 - (автори: В. Бакалчев, Е. Арнаудова, М. Бакалчев), (2+2=4). | 2 |
| 24. | Идејно архитектонско решение за „ДВОР, просторни програмски интервенции“, локација: село Велмеј, 2010/2011 - (автори: МБМХП), (2+2=4). | 2 |
| 25. | Идејно архитектонско решение за „Угостителски објект со времено домување“, локација: Горица, Охрид, 2010 – (автори: МБМХП), (2+2=4) | 2 |
| 26. | Идејно архитектонско решение за „Станбено-деловен објект“, локација: ул. Козара бр. 5, Скопје, 2010 – (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев) | 2 |
| 27. | Идејно архитектонско решение за „Семејна куќа – Вила Стојковски“, локација: ул. Лазар Димитров б.б, Скопје, 2011 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), (2+2=4) | 2 |
| 28. | Изведен архитектонски објект „Стоматолошка ординација Смилеви“, доградба, локација: Водно, Скопје, (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев), 2008. | 4 |
| 29. | Изведен архитектонски објект „Црква Свети Илија“, локација: Говрлево, Скопје, (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски), 2008. | 4 |
| 30. | Изведен архитектонски објект „Трговско-угостителски објект“, локација: Плоштад Македонија, Скопје, (автори: МБМХП), 2009. | 4 |
| 31. | Изведен архитектонски објект „Едносемејна куќа Костови“, локација: Маврово, (автори: МБМХП), 2009. | 4 |
| 32. | Изведен архитектонски објект „Станбено-деловен објект“, локација: ул. Чедомир Миндеровиќ 31, Скопје (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев), 2009. | 4 |
| 33. | Изведен архитектонски објект „Станбено-деловен објект“, локација: ул. Домбас бр.7, Скопје, (автори: В. Бакалчев, Е. Арнаудова, М. Бакалчев), 2009. | 4 |
| 34. | Изведен архитектонски објект „ДВОР, просторни програмски интервенции“, локација: село Велмеј, (автори: МБМХП), 2010-2011. | 4 |
| 35. | Групно јавно претставување на архитектонски дела на „13 БИМАС - Биенале на македонската архитектура“ МГС - Музеј на град Скопје, 2006; „СКОПЈЕ ГРАД НА СОЛИ- | 18 |

| | | |
|---|---|---|
| | ДАРНОСТА 1963/2008", Музеј на град Скопје, (концепт/ просторна инсталација: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, Б. Зеќири), 2008; „Културно преоткривање/Архитектонско и урбано преобликување на културните патеки", Мала станица, Скопје, 2008; „14 БИМАС" МГС - Скопје, 2008; „АСК - Архитектура Скопје 2008", МГС - Музеј на град Скопје, 2008; „АСК 2009", МГС - Скопје, 2009; „НИЕ, 60-години Архитектонски факултет", Скопје, Музеј на град Скопје, 2009; „15 БИМАС" Културен центар - Мала Станица, Скопје, 2009; „АСК 2010", МГС - Скопје, 2010. (9 x 2 = 18) | |
| | **Вкупно** | **172** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 01. | Член на Меѓународна жири-комисија на 30-тиот Интернационален кинематограферски филмски фестивал „Браќа Манаки" (Manaki Brothers), Битола, 2009. | 2 |
| 02. | Промотор на изложба: Made In Germany, Architecture + Religion / Архитектура + религија, Goethe Institute, Музеј на град Скопје, 2006. | 0,5 |
| 03. | Промотор на изложба: 50 години творештво на архитект Георги Константиновски, МАНУ, Скопје, 2006. | 0,5 |
| 04. | Промотор на изложба: 50 години творештво на архитект Георги Константиновски, Куманово, 2009. | 0,5 |
| 05. | Поглавје во книга: Разговор со Бакалчев, М. разговор го водеше Дејан Буѓевац „Архитектурата е загрозена", (пп 41-49), Разговор со Бакалчев, М. разговор го водеше Звездан Георгиевски „Надвор од реалното време", (пп 55-60), *Неред и гротески*, 13 автори, Гелевски, Н. ед. Темплум & Плоштад слобода, Скопје, 2010. | 3 |
| 06. | Експертски активности: Разговор со Бакалчев, М. разговор го водеше Дејан Буѓевац „Архитектурата е загрозена", Глобус, 15.4.2008. | 1 |
| 07. | Експертски активности: Разговор со Бакалчев, М. разговор го водеше Звездан Георгиевски „Екстремност во антимодерниот исказ", Глобус, 16.2.2010. | 1 |
| 08. | Идеен и основен архитектонски проект за „Семејна куќа Љубиќ ", локација: ул. Орце Николов, бр.174, Скопје, 2007 (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |
| 09. | Идеен архитектонски проект за „Семејна куќа (надградба-доградба)", локација: Водно, Скопје, 2007 (автори: МБМХП) | 2 |
| 10. | Идеен и основен архитектонски проект за „Македонско-италијански едукативен центар", локација: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", - Скопје, 2008 (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |
| 11. | Идеен и основен архитектонски проект за „Едносемејна куќа со гостинска куќа Димитрови", локација: Бардовци, Скопје, 2008 (автори: МБМХП), (2+2=4) | 4 |
| 12. | Идеен и основен архитектонски проект за „Стоматолошка ординација Смилеви", доградба, локација: Водно, Скопје, 2008 (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев), (2+2=4). | 4 |
| 13. | Идеен и основен архитектонски проект за „Православен храм, црква Св. Илија", локација: Говрлево - Скопје, инвеститор: црковен одбор - Говрлево, 2008 (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, Н. Стрезовски), (2+2=4) | 4 |
| 14. | Идеен архитектонски проект за „Туристички комплекс Св. Стефан", локација: Охрид, 2008 (автори: МБМХП) | 2 |
| 15. | Идеен и основен архитектонски проект за „Трговско-угостителски објект", локација: Плоштад „Македонија", Скопје, 2009 (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |
| 16. | Идеен архитектонски проект за „Едносемејна куќа Јорданови (куќа 360)", локација: ул. 20-ти Октомври 19, Скопје, 2009 (автори: МБМХП) | 2 |
| 17. | Идеен архитектонски проект за „Станбено деловен објект", локација: ул. „20-ти Октомври" 19, Скопје, 2009 (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев). | 2 |
| 18. | Идеен и основен архитектонски проект за „Едносемејна куќа Костови", локација: Маврово, 2009 (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |
| 19. | Идеен и основен архитектонски проект за „Станбено деловен објект", локација: ул. Чедомир Миндеровиќ 31, Скопје, 2009 (автори: В. Бакалчев + М. Бакалчев), (2+2=4). | 4 |
| 20. | Идеен и основен архитектонски проект за „Станбено деловен објект", локација: ул. Домбас бр.7, Скопје, 2009 (автори: В. Бакалчев, Е. Арнаудова, М. Бакалчев), (2+2=4). | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Идеен и основен архитектонски проект за „ДВОР, просторни програмски интервенции", локација: село Велмеј, 2010/2011 (автори: МБМХП), (2+2=4). | 4 |
| 22. | Идеен и основен архитектонски проект за „Катна Гаража", локација: ул. Мито Хаџи-василев Јасмин, Скопје, инвеститор: Град Скопје, 2010 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), (2+2=4) | 4 |
| 23. | Идеен и основен архитектонски проект за „Угостителски објект со времено домување", локација: Горица, Охрид, 2010 (автори: МБМХП), (2+2=4) | 4 |
| 24. | Идеен архитектонски проект за „Станбено деловен објект", локација: ул. Козара бр.5 Скопје, 2010 – (автори: В.Бакалчев + М.Бакалчев) | 2 |
| 25. | Идеен и основен архитектонски проект за „Семејна куќа – Вила Стојковски", локација: ул. Лазар Димитров б.б, Скопје, 2011 – (автори: М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски), (2+2=4) | 4 |
| 26. | Графички дизајн: Циклус проекти/календари за Комерцијална банка за 2008, 2009, 2011; плакат и каталог за изложба ПЛАКАТ/КАТАЛОГ: НИЕ, 60 години Архитектонски факултет, Скопје, 2009; плакат и каталог за изложба Културни патеки/Скопје навигатор, 2008; идејно решение на веб страна: на Агенцијата за Катастар на недвижнини, www.katastar.gov.mk, (Минас Бакалчев, Саша Тасиќ.), октомври 2009; изработка на каталог „City of Possible Worlds (world = city = worlds)" (ISBN 9989-156-24-7), 2006; графичко уредување на изложба „Изложба за Живко Поповски", изложбен коридор Архитектонски Факултет - Скопје, јануари 2007; графички дизајн на плакат за изложба „26 јули – Скопје", Музеј на град Скопје, 26.07.2007; изработка на плакат за изложба: „13 ноември – Скопје", Музеј на град Скопје, 13.11.2007; изработка на плакат за изложба: „Скопска тврдина - археолошки истражувања", Музеј на град Скопје, 10.12.2007; изработка на каталог "Metamac Cut-Outs, archi (cut-out)tecture / popular architecture (ISBN 978-9989-156-57-1), 2008; (12x2=24) | 24 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 27. | Меѓународна награда на 10. Интернационална архитектонска изложба, Венециско биенале, Куратор на Македонскиот павилјон, Венеција, 2006 | 2 |
| 28. | Голема годишна награда на ААМ, за најуспешно реализирано архитектонско дело во 2006, покровител на наградата - претседател на Р. Македонија, 2006. | 2 |
| 29. | Голема награда за архитектура на град Скопје (архитектонска реализација), Македонско-италијански едукативен центар, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, АСК, Архитектура Скопје, 2008. | 2 |
| 30. | Студиски претстој во странство (Италија, Франција, Германија, Австрија, Швајцарија, Холандија), 2006-2010. (7 x 0,5 = 3,5) | 3,5 |
| 31. | Член на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, 2005-2011. | 0,5 |
| 32. | Раководител на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, 2008/2009. | 3 |
| 33. | Претседател на Советот на Летната школа при Архитектонскиот факултет во Скопје, 2010/2011. | 3 |
| 34. | Член на комисии за избор во звање, 2006 - 2010. (10 x 0,2 = 2) | 2 |
| 35. | Консултант – експерт за изготвување на идејни решенија на Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, 2009 - 2010. | 1 |
| | **Вкупно** | **113,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **148,4** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **77,8** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **172,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **113,5** |
| **Вкупно** | **570,2** |

**Членови на Комисијата**

1. ______________________, претседател, с.р.
2. ______________________, член, с.р.
3. ______________________, член, с.р.

## ЗАКЛУЧОК

Целокупната изнесена активност и вреднувани резултати од работата на вонр.проф. д-р Минас Бакалчев во периодот по неговиот последен избор недвосмислено ги потврдуваат неговиот висок творечки и интелектуален потенцијал (570,2).

Покрај неговите импресивни достигнувања во сите области релевантни за избор во наставно-научно звање, Комисијата сака да ги потенцира и неговото сестрано образование, перманентното надградување во еден нагласено широк дијапазон подрачја поврзани со архитектурата, како и неговата професионална љубопитност и посветеност.

Јавното презентирање на неговата работа, како и неговите јасни и оригинални ставови за вкупните состојби во нашата архитектонска практика презентирани во јавноста, недвосмислено ја потврдуваат досегнатата творечка и професионална зрелост на кандидатот.

Комисијата посебно ги истакнува високите педагошки квалитети на вонр.проф. д-р Минас Бакалчев и неговиот придонес во иновирањето на предметните содржини и унапредувањето на наставата на Архитектонскиот факултет, влијаејќи на тој начин врз развојот на архитектонската мисла во нашите простори.

Вонр.проф. д-р Минас Бакалчев е несомнено еден од најзначајните македонски архитекти денес кој со својата проектантска дејност и изведени дела ги поместува границите на архитектонското творештво кај нас и овозможува македонската архитектура да воспостави релации со актуелните текови на европската архитектура.

Ценејќи го сето претходно наведено, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, кандидатот вонр.проф. д-р Минас Бакалчев, согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да биде избран во звањето редовен професор од областа на архитектонското проектирање, по предметите: архитектонско проектирање III, архитектонско проектирање VII и архитектонско студио во Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Зорица Блажевска, претседател, с.р.
2. Проф. Димитрије Голубовски, член, с.р.
3. Проф. д-р Влатко Коробар, член, с.р

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

# Преглед

на прифатени теми од Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии за изработка на магистерски трудови на седницата одржана на 27.4.2011 година

1. студиска програма **Софтерско инженерство**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Цветанка Ацевска | Архитектура и развој на апликација за финансиско работење наменета за високообразовни институции | Architecture and development of financial application for universities | Проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ |
| 2 | Мирјана Андоновска | Модел за предикција на откажување на услуги од страна на корисник | Customer Churn Prediction Model | Проф. д-р Драган Михајлов |

2. студиска програма **Компјутерски мрежи и е-технологии**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Деспина Јовчевска | Рангирање на множество ентитети со помош на откривање на знаење во податоци и нивна статистичка обработка | Ranking entities within a set using knowledge discovery from data and their statistical processing | Проф. д-р Љупчо Коцарев |

3. студиска програма **Проектен менаџмент**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Марјан Георгиев | Стратегии за разрешување на конфликти во организации и проекти | Strategies for conflict solutions in organization and projects | Проф. д-р Атанас Илиев |

4. студиска програма **Дигитално процесирање на сигнали**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Александар Милчевски | Супер-резолуциски техники отпорни на грешки во регистрацијата | Super-resolution techniques robust to registration errors | Доц. д-р Зоран Ивановски |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „РЕВИЗИЈА" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ЗОРИЦА БОЖИНОВСКА-ЛАЗАРЕВСКА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје бр. 02-3864/1 од 14.12.2010 година, донесена на седницата одржана на 26.11.2010 година, определен сум за рецензент на ракописот со наслов РЕВИЗИЈА од проф. д-р Зорица Божиновска-Лазаревска. По деталното проучување на добиениот ракопис, до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Второто издание на учебникот „Ревизија" од проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска содржи 662 страници. Овој учебник е наменет за потребите на студентите на Економскиот факултет во Скопје по предметот ревизија. Предвидениот ракопис во целост ја покрива наставната содржина за предметот ревизија, фонд на часови (60+30), 8 - ЕКТС -кредити, студиска програма сметководство и ревизија. Ракописот, исто така, може да послужи и за студентите запишани на втор циклус студии на студиската програма сметководство и ревизија.

### Општи податоци за учебникот

Проблематиката опфатена во учебникот РЕВИЗИЈА, освен предговорот кон првото издание, предговорот кон второто издание и користената литература, е систематизирана во 12 глави како што следува:

1. Поим, улога и значење на ревизорската професија во развиените економии (стр. 1 – 92)
2. Професионална регулатива во ревизорската професија (стр. 93 – 161)
3. Професионалната етика во ревизорската професија (стр. 163 – 219)
4. Професионалната одговорност на ревизорите (стр. 221 – 275)

5. Планирање на процесот на ревизија (стр. 277 – 344)
6. Концепти на ревизијата (стр. 345 – 436)
7. Интерна контрола (стр. 437 – 467)
8. Ревизорски тестови (стр. 477 – 525)
9. Користење примерок во ревизијата (стр. 527 – 559)
10. Извештај на независниот ревизор (стр. 561 – 600)
11. Ревизорската професија во Република Македонија – состојби и перспективи (стр. 601 – 627)
12. Професионално образование на ревизорите (стр. 629 – 654)

**Краток опис на содржината**

Во првата глава авторката го објаснува концептот на ревизијата од повеќе аспекти, подетално задржувајќи се на современото поимање на ревизијата, видовите ревизии, видовите ревизори и други видови на ревизорски ангажмани, релацијата помеѓу сметководството и ревизијата. Во рамките на оваа глава се назначува улогата и потребата што ја има ревизијата, инхерентните ограничувања на ревизијата и корисниците на ревизорските услуги. Значајно е да се напомене и третманот на ревизорската професија на глобалниот пазар, ревизорските фирми и видовите ревизорски ангажмани, историскиот развој на ревизорската професија, како и за професионалните асоцијации кои влијаат на осмислувањето на ревизорската професија како што се Меѓународната федерација на сметководители, Меѓународната организација на врховни ревизорски институции и Институтот на интерни ревизори.

Професионалната регулатива во ревизорската професија е обработена во втората глава на трудот. Тука се опфатени општоприфатените стандарди за ревизија на ИФАК, меѓународните стандарди за ревизија, меѓународните стандарди за професионално практикување на интерната ревизија и стандардите на државната ревизија.

Во третата глава е опфатена професионалната етика во ревизорската професија, посебно дефинирањето и потребата од постоење на кодекс за

професионално однесување, како и содржината на кодексот на етика на професионалните сметководители на Меѓународната федерација на сметководители, и посебно кодексот на етика на интерни ревизори и кодексот на етика на ИНТОСАИ.

Професионалната одговорност на ревизорите посебно во случаите на откривање на измами и грешки, алтернативни пристапи во откривањето и спречувањето на измамите, потоа професионалниот скептицизам, како и толкувањето на феноменот на јазот во очекувањата во современата ревизорска професија се обработени во рамките на четвртата глава.

Петтата глава од трудот го обработува планирањето на процесот на ревизија. Тука се опфатени планирањето на ревизијата и развивањето на ревизорски пристап во кој подетално се опфатени сите постапки на ревизијата, како и сочинување на ревизорска стратегија и план за ревизија.

Концептите на ревизијата се опфатени во шестата глава. Посебен акцент се придава на концептите на материјалност, концептот на ревизорски ризик и концептот на ревизорски докази, како и на нивната меѓусебна поврзаност.

Седмата глава е посветена на интерната контрола и тоа посебно на елементите, предностите и ограничувањата во функционирањето на интерната контрола. Исто така, во оваа глава се опфаќа и стекнување на сознанија за интерната контрола и нивно документирање како и оцена на контролниот ризик.

Ревизорските тестови се обработени во рамките на осмата глава. Тука се опфатени видовите ревизорски тестови, нивното селектирање за да бидат спроведени како и аналитичките тестови. Исто така, во оваа глава се опфатени и формата, видовите и подготвувањето на ревизорската документација.

Во деветтата глава е опфатено користењето примерок во ревизијата и тоа статистички и нестатистички примероци, техники на избор на примерок во ревизијата, ризик од користење примерок во тестовите за контрола, селектирање на примерокот за тестирање на контролите и оцена на

добиените резултати, како и планирање на примерокот за суштинско тестирање и оцена на добиените резултати.

Во десеттата глава е опфатен извештајот на независниот ревизор и тоа стандардизиран извештај на ревизорот, потоа ревизорски извештаи со модификација на изразеното мислење, како и извештај во слободна форма.

Ревизорската професија во Република Македонија е обработена во единаесеттата глава, каде што состојбата на оваа професија се согледува во неколку развојни периоди. Во оваа глава се даваат и перспективите на развој на ревизорската професија со актуелниот Закон за ревизија од 2010 година.

Дванаесеттата глава е посветена на професионалното образование на ревизорите. Посебен акцент се дава на неопходноста од постоење на програма за професионално образование на ревизорите, како и на состојбата со професионалното образование на ревизорите во земјите-членки на ЕУ. Исто така, во рамките на оваа глава се дава осврт и на меѓународните образовни стандарди на Меѓународната федерација на сметководители и, секако, на професионалното образование на ревизорите во Република Македонија.

## Оцена на трудот

Второто издание на учебникот „Ревизија", од авторот проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска, обработува мошне актуелна проблематика. Станува збор за текст во кој на квалитетен начин и на завидна научна основа се обработува проблематиката на ревизијата. Во учебникот доаѓа до полн израз долгогодишното искуство на авторката, што значајно придонело за зголемување на неговиот квалитет. Тој содржи актуелни теми од подрачјето на ревизијата и може да биде интересен за широк круг потенцијални корисници, почнувајќи од студентите, професионалните ревизори и различните нивоа на менаџери.

За разлика од првото издание, второто издание на учебникот „Ревизија" ги опфаќа и определените промени кои настанале во работењето

на фирмите, како и настаните со колапсот и последиците од коруптивни скандали во изминатата деценија кои оставиле своевидна трага и одредени промени и поместувања во ревизорската професија. Работата на ревизорите била ставена под лупата на јавноста и посебно во поглед на кредибилитетот на професијата. Излезот бил во преиспитување на професионалната регулатива и зголемувањето на барањата кои требало да ги задоволат ревизорите при спроведувањето на своите ангажмани. Меѓународните стандарди за ревизија биле променети во насока на проширување на барањата за професионален скептицизам на ревизорите со посебен акцент на измамите и препознавањето на факторите за ризик од измами, преформулирање на ревизорскиот ризик, промени во стандардниот извештај и др. Промени се направени и во Кодексот на етика на професионални сметководители кадешто во фокусот се ставени пет основни принципи кои се набљудуваат низ призмата на можните закани и заштитни мерки кои треба да ги преземат ревизорите за намалување или отстранување на заканите. Исто така се промени и законската регулатива во која е вградено барањето за формирање на тело за надзор на професијата.

Во учебникот се прикажани најактуелните случувања во ревизорската професија. Авторот направил суштински промени во поголем дел од книгата со користење на балансиран пристап во текстот при елаборирањето на материјата и цитирањето на професионалната регулатива и тоа најактуелните меѓународни стандарди за ревизија и Кодексот на етика на професионални сметководители на МФС. Содржината на главите така се конципирани што тие чекор по чекор ги следат клучните фази од процесот на ревизијата. Книгата е пишувана на јасен, разбирлив и концизен начин, соодветен за студентите кои немаат искуство во ревизијата. Таа примарно е наменета за студентите, но може да послужи и за овластените ревизори во домашната ревизорска практика, за раководителите на претпријатијата и за други корисници на ревизорски услуги.

Трудот „Ревизија" е пишуван според програмата по предметот ревизија прифатена од страна на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Тој во целост

ја покрива наставната содржина за предметот ревизија. Ракописот ги содржи сите компоненти неопходни за да биде категоризиран како постојан учебник за потребите на студентите на Економскиот факултет по предметот ревизија.

## Заклучок со предлог

Во второто издание на учебникот "Ревизија", авторката проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска ги сублимирала своите знаења од проблематиката на ревизијата, при што до израз дошла и нејзината способност за избор на проблемите, поради што студентите по ревизија, но и сите други заинтересирани за ревизорската проблематика, добиваат извонреден учебник кој ќе им биде од исклучително голема помош во совладувањето на наставната содржина по предметот ревизија.

Врз основа на изложеното му предлагам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во Скопје, да го прифати за печатење учебникот на проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска под наслов РЕВИЗИЈА, наменет за студентите од трета студиска година на департманот Сметководство и ревизија како постојан учебник.

Скопје, 18.4.2011

Рецензент

Проф. д-р Зоран Миновски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „РЕВИЗИЈА" ОД ПРОФ. Д-Р ЗОРИЦА БОЖИНОВСКА-ЛАЗАРЕВСКА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје бр. 02-3864/1 од 14.12.2010 година, донесена на седницата одржана на 26.11.2010 година, определен сум за рецензент на ракописот за учебник со наслов РЕВИЗИЈА од проф. д-р Зорица Божиновска-Лазаревска. По проучувањето на текстот на трудот го поднесувам рецензентскиот извештај кој ги содржи основните податоци предвидени во член 19 од Правилникот за организирање на издавачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетски гласник бр. 253, од мај 2010 година.

## ИЗВЕШТАЈ

Второто изменето и дополнето издание на учебникот Ревизија од проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска содржи вкупно 656 страници текст и 5 страници користена литература. Овој учебник е наменет за потребите на студентите на Економскиот факултет во Скопје по предметот ревизија. Предвидениот ракопис во целост ја покрива наставната содржина за предметот ревизија, фонд на часови (60+30), 8 - ЕКТС - кредити, студиска програма сметководство и ревизија. Ракописот исто така, може да послужи и за студентите запишани на втор циклус студии на студиската програма сметководство и ревизија. Наедно, ракописот според обемот и содржината наполно одговара на програмата на Институтот на овластени ревизори на Р. Македонија, по предметот ревизија, од професионалниот испит за стекнување звање - овластен ревизор во која како основна литература беше препорачано првото издание.

### Општи податоци за учебникот

Проблематиката опфатена во учебникот РЕВИЗИЈА, покрај предговорот кон првото издание, предговорот кон второто издание и користената литература, е систематизирана во 12 глави на следниов начин:

1. Поим, улога и значење на ревизорската професија во развиените економии (стр. 1 – 92)
2. Професионална регулатива во ревизорската професија (стр. 93 – 161)
3. Професионалната етика во ревизорската професија (стр. 163 – 219)
4. Професионалната одговорност на ревизорите (стр. 221 – 275)
5. Планирање на процесот на ревизија (стр. 277 – 344)
6. Концепти на ревизијата (стр. 345 – 436)
7. Интерна контрола (стр. 437 – 467)
8. Ревизорски тестови (стр. 477 – 525)
9. Користење примерок во ревизијата (стр. 527 – 559)
10. Извештај на независниот ревизор (стр. 561 – 600)
11. Ревизорската професија во Република Македонија – состојби и перспективи (стр. 601 – 627)

12. Професионално образование на ревизорите (стр. 629 – 654)

**Краток опис на содржината**

Ревизијата е комплексна активност и мошне значајна алка во синџирот на квалитетно финансиско известување. Корпоративните скандали кои се случија во изминатата деценија не ја оставија имуна ревизорската професија. Напротив, колапсот на ЕНРОН со фаталните последици по Артур Андерсен, една од тогашните Големи пет, предизвика тектонски нарушувања во ревизорската професија која се соочи со нарушен кредибилитет и разнишана доверба кај јавноста. Алармот за брзо реагирање беше вклучен и многу промени кои се случија по ЕНРОН, Пармалат и сл. скандали го променија ликот на професијата. Главниот акцент беше ставен на неколку клучни сегменти како што се: воведување на надзор над професионалните ангажмани на друштвата за ревизија, нагласување на потребата од контрола на квалитет, ригорозни барања за независност на ревизорите, инсистирањето за манифестирање на професионален скептицизам за цело време на ангажманот, третманот на измамите со посебно нагласување на одговорноста на ревизорите за идентификување на факторите на ризик од измама, промена во формата и содржината на ревизорскиот извештај и сл. Проблематиката поврзана со ревизија на финансиските извештаи во учебникот е систематизирана во дванаесет глави.

Во првата глава под наслов ***Поим, улога и значење на ревизорската професија во развиените економии***, најпрвин е направена разлика помеѓу ревизијата и услугите од доменот на уверување, видовите на ревизии и тесно поврзаните со нив видови на ревизори. Во продолжение од главата нагласена е улогата на ревизијата и причините кои ја наметнале потребата од нејзиното постоење како професија, појаснети се клучните концепти како што се прифатливата рамка за финансиско известување, разумното уверување кое ревизорот го нуди на корисниците на ревизорските извештаи како и инхерентните ограничувања со кои се соочува ревизорот за време на ангажманот. Главата завршува со разгледување на ревизијата од аспект на глобалниот пазар, идентификување на нивоата на хиерархија во ревизорските фирми и спектарот на услуги кои тие ги нудат на пазарот, историскиот развој на ревизорската професија и идентификување на клучните професионални асоцијации кои влијаат на осмислувањето на ревизорската професија.

Втората глава е посветена на ***професионалната регулатива во ревизорската професија.*** Во објаснување на еден од важните столбови на професијата посебно се прикажани општоприфатените стандарди за ревизија на АИЦПА, Меѓународните стандарди за ревизија на МФС, Меѓународните стандарди за професионално практикување на интерната ревизија на ИИА и Стандардите за државната ревизија на ИНТОСАИ.

Во третата глава е опфатена ***професионалната етика во ревизорската професија,*** при што е направена дистинкција помеѓу личната и професионалната етика со подетално појаснување на потребата од постоење на кодекс за професионално однесување на ревизорите. Правилата за етичко однесување на ревизорите, како втор столб на професијата, се прикажани

преку содржината на Кодексот на етика на професионални сметководители на МФС, Кодексот на етика на интерни ревизори на ИИА и Кодексот на етика на ИНТОСАИ.

***Професионалната одговорност на ревизорите*** посебно во случаите на откривање на измами и грешки, алтернативни пристапи во откривањето и спречувањето на измамите, потоа професионалниот скептицизам, како и толкувањето на феноменот на јазот во очекувањата во современата ревизорска професија се обработени во рамките на четвртата глава.

Петтата глава од трудот под наслов ***Планирање на процесот на ревизија*** го елаборира систематскиот пристап на ревизорот во развивање на ревизорската стратегија и формулирање на планот за ревизија. Во рамките на оваа глава посебно внимание е посветено на аналитичките постапки, на анализа на неревидираните финансиски извештаи и врз основа на тоа на идентификување на ризичните подрачја кои во понатамошниот тек од процесот на ревизија ќе бидат во фокусот на вниманието на ревизорот.

Трите базични ***концепти на ревизијата*** се опфатени во шестата глава. Посебен акцент е ставен на примената на концептот на материјалност, концептот на ревизорски ризик и концептот на ревизорски докази, како и на нивната меѓусебна поврзаност во фаза на планирање на ревизорскиот ангажман.

Седмата глава е посветена на ***интерната контрола.*** Во рамките на оваа глава посебно се разработени петте елементи на интерната контрола според рамката на КОСО и МСР 315, предностите кои таа му ги нуди на раководството на претпријатието, како и инхерентните ограничувања со кои се соочува во своето функционирање. На крајот од главата посебно внимание е посветено на постапките на ревизорот за стекнување на сознанија за интерната контрола и нивно документирање со цел правилно да се оцени нивото на контролниот ризик.

***Ревизорските тестови*** се обработени во рамките на осмата глава. Фокусот на внимание е ставен на тестовите на контролите, тестовите на поединости на салда, тестовите на поединости на трансакции и аналитичките тестови. Во континуитет со ревизорските тестови опфатени се и постапките кои ревизорот ги применува во прибавувањето на достатни и соодветни ревизорски докази. Главата завршува со формата и содржината на ревизорската документација која ревизорот ја оформува за секој ревизорски ангажман.

Во деветтата глава под наслов ***Примерок во ревизијата,*** разработена е проблематиката на користење примерок за потребите на ревизијата со посебен осврт на техниките на избор на примерок во ревизијата, ризиците од користење примерок во тестовите на контролите, како и ризиците од користење примерок во суштинските тестирања.

Десеттата глава под наслов ***Извештај на независниот ревизор*** е посветена на крајниот производ од ревизорскиот ангажман кој ревизорот го доставува до клиентот и го публикува во јавноста. Посебно внимание е посветено на формата и содржината на стандардниот извештај, околностите во кои ревизорот може да го модифицира извештајот и да изрази поинаква форма

на мислење (мислење со резерва, неповолно мислење и воздржување од мислење), како и на елементите од извештајот во слободна форма.

Во единаесеттата глава под наслов ***Ревизорската професија во Република Македонија – состојби и перспективи,*** даден е приказ на состојбите во домашната ревизорска професија согледани во неколку развојни периоди. Сегашноста е прикажана преку новините во професијата кои се внесени со Законот за ревизија од декември 2010 година. Главата завршува со укажување на перспективите во развојот на професијата, особено преку интегрирање на ИОРРМ во светската професионална елита.

Последната дванаесетта глава е посветена на ***професионалното образование на ревизорите.*** На почетокот од главата посебен акцент е ставен на неопходноста од постоење на програма за професионално образование на ревизорите. Во продолжение, преку краткиот приказ на ревидираната Осма директива, прикажани се основните критериуми за влез во професијата во земјите - членки на ЕУ. Со приказ на Меѓународните образовни стандарди на МФС дадени се насоките кон кои треба да се движи домашната професија во настојувањето да се стекне со статусот полноправна членка на МФС. На крајот од главата се опфатени барањата за стекнување на звањето овластен ревизор во Република Македонија согласно со Законот за ревизија и Програмата за полагање на испит на ИОРРМ.

**Оцена на трудот**

Трудот „Ревизија", од авторот проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска, е напишан според предметната програма по предметот ревизија на студиската програма по сметководство и ревизија, прифатена од страна на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет во Скопје. Со оглед на фактот дека станува збор за второ изменето и дополнето издание, видливи се квалитативни промени кои само додаваат во вредноста на трудот.

Се работи за текст кој постапно го воведува читателот во тајните на ревизорската професија. За студентите од прв циклус на студии кои првпат се среќаваат со терминологија од областа на ревизијата јасно се дефинирани и разграничени клучните термини. Наедно со целите на учењето наведени на почетокот од секоја глава се насочува вниманието на читателот кон позначајните аспекти од главата што може да биде од голема помош при проверка на совладаната материја.

Бројните илустративни прикази визуелно го појаснуваат текстот и помагаат полесно да се разберат и најкомплексните ревизорски тестови и постапки од процесот на ревизија. Внимателно селектираните и со боја обележени делови од текстот видливо го издвојуваат она што е значајно на што читателот треба да го задржи своето внимание. Сличен е ефектот и на избраниот формат на книгата кој овозможува најзначајните формулации и слики да бидат издвоени на страна со минимизирање на можноста на значајни делови од текстот да не им се посвети должно внимание.

Напоредно со визуелните подобрувања на текстот видливи се и суштински промени во материјалот. И покрај фактот дека насловите на главите во поголем дел се совпаѓаат со првото издание, содржината на

материјата е променета согласно со промените кои во изминатава деценија се случија во професионалната регулатива во ревизијата. Поконкретно станува збор за промените во Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика на професионални сметководители на МФС иницирани со корпоративните скандали кои внесоа доза на немир во ревизорската професија.

Во секоја од главите се разработени подрачја кои се исклучително значајни за успешно спроведување на комплексните ревизорски ангажмани. На читателот на текстот му се овозможува чекор по чекор да се движи низ процесот на ревизија и да ја разбере природата, временскиот распоред и обемот на ревизорските постапки на ограничен број страници.

Особено внимание заслужува и фактот дека во текстот се користени најновите Меѓународни стандарди за ревизија и Кодексот на етика на професионани сметководители на МФС од 2010 година, како и ревидираната Осма директива на ЕУ прифатена од Европската комисија во јуни 2006 година. Во таа насока треба да се нагласи и напорот на авторката да ги разработи Меѓународите образовни стандарди на МФС на македонски јазик и да ги направи достапни до домашната стручна јавност. Во приказот на состојбите во домашната ревизорска професија користени се актуелниот Закон за ревизија од декември 2010 година, податоци од извештаите за транспарентност на друштвата за ревизија како и релевантните акти на Институтот на овластени ревизори на Р. Македонија.

Во најголем дел, литературата користена во текстот е објавена по 2000 година со исклучок на капитални дела во ревизијата објавени претходно.

Во целина трудот ги содржи сите елементи неопходни за да биде категоризиран како постојан учебник за потребите на студентите на Економскиот факултет по предметот ревизија на прв циклус студии.

**Заклучок и предлог**

Поаѓајќи од презентираната содржина и оцена на трудот "Ревизија", второ изменето и дополнето издание, од проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска, чувствувам особено задоволство и чест да му препорачам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да го одобри за користење од страна на студентите како учебник. Како рецензент и овластен ревизор сметам дека потребата од учебници за тесно специјализирани подрачја, како што е ревизијата, напишани на македонски јазик е неспорна и со задоволство го препорачувам трудот за печатење.

Скопје, 18.4.2011

Рецензент

Проф. д-р Блажо Недев с.р.

**РЕФЕРАТ**

ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА **НАРОДНИТЕ ПРЕДАНИЈА КАЈ ТУРЦИТЕ ОД КОСОВО И ОД МАКЕДОНИЈА** И СПОСОБНОСТА НА КАНДИДАТОТ М-Р ЕТЕМ БАЈМАК ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Институтот за фолклор „**Марко Цепенков**" во Скопје, бр. 02-156 од 11.4.2011 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена на подобност на пријавената тема за докторска дисертација со наслов **НАРОДНИТЕ ПРЕДАНИЈА КАЈ ТУРЦИТЕ ОД КОСОВО И ОД МАКЕДОНИЈА**, и на кандидатот ЕТЕМ БАЈМАК, магистер на филолошки науки од областа турски јазик и книжевност. По извршениот преглед на доставената документација, содржината и образложението на темата, Комисијата го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Куса биографија на кандидатот

**ЕТЕМ БАЈМАК**

**Професија**: вонреден професор-предавач по предметот турска книжевност на Катедрата за турски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет во Приштина.
Датум и место на раѓање: 10. 3.1952 (Призрен, Косово).
Националност: Турчин.

**Образование**
-1989, дипломирал на Филолошкиот факултет при Универзитетот во Приштина, Катедра за турски јазик и книжевност
- во перодот 2005-2006 се запишал на постдипломски студии на Филолошкиот факултет, Универзитет во Приштина (на истата Катедра)
- во 2009 година го одбранил магистерскиот труд (ментор: проф. д-р Ирфан Морина) и се стекнал со звањето магистер на филолошки науки, потесна област: турски јазик и книжевност.

**Општествени и стручни ангажмани**
- претседател на Здружението за уметност во Косово
- член во управниот одбор на списанието „Чеврен";
- одговорен уредник на списанието „Есин";
- сручен советник во списанието „Софра";
- член во управниот одбор на Здружението на писателите од турска националност во Косово.

**Добиени признанија (избор)**

- 1988, од меѓународниот фестивал „Бејаз Алтин“ во Акшехир, Турција;
- 1990, од меѓународната недела на културата „Караџа оглан“ во Адана, Турција;
- 1991, од меѓународниот фестивал „Халк данслари“ во Самсун;
-1994, од Здружението на Турците од Западна Тракија;
-1995, од Здружението на турска уметност во Призрен, Косово;
-1998, Асоцијацијата за книжевноста на Назим Хикмет во Призрен, Косово;
-1999, од Асоцијацијата за турското образование на Балканот во Истанбул, Турција.

## ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

Според изнесеното, кандидатот ги исполнува законските услови за пријавување тема за изработка на докторска дисертација. Пријавата на м-р Етем Бајмак за докторска дисертација со наслов **НАРОДНИТЕ ПРЕДАНИЈА КАЈ ТУРЦИТЕ ОД КОСОВО И ОД МАКЕДОНИЈА** содржи вовед, детално образложување на планот за работа како и селектирана библиографија. Според кандидатот неговиот интерес ќе се движи кон проучување на обележјата во усните и пишаните текстови од народните преданија кај Турците од Косово и во Македонија, со посебен осврт кон тие кои ја обработуваат темата на скаменување (луѓе и објекти).

Причините за избор на оваа тема лежат во фактот што за оваа област од народната култура, во Косово и во Македонија е малку пишувано, и тоа главно од автори на кои оваа тема не им била специјалност. Затоа, тоа доведувало до различни сфаќања и користење на поимот предание во областа на народната култура, како и во рамките на литературата. Така, некои истражувачи со терминот предание ги именувале прозните теренски материјали кои всушност претставувале верувања, приказни и слично, што може да се сретне и во некои терминолошки речници. Согласно со досегашните сознанија на кандидатот, до ваква забуна доведувало постоењето на исти мотиви во преданијата, приказните, епските творби, како во збирките од областа на турското народно творештво, така и во необјавените изворни материјали од собирачите, што резултирало со тешкотии при обидите за точниот увид во застапеноста на преданијата.

Како друга тешкотија при проучувањето на оваа материја кандидатот го истакнува и немањето доволно досегашни компаративни проучувања на преданијата од турското народно творештво споредени со соодветни варијанти застапени во други земји. Како решение за оваа празнина кандидатот го посочува 6 - томниот Motif-Index of Folk Literature од Стит Томпсон кој, освен други материјали, ги опфаќа и преданијата со посочување на нивната застапеност во повеќе земји. Во ова поглавје кандидатот посочува и други светски имиња кои пишувале за преданијата.

Во образложението на темата кандидатот потсетува дека значењето на преданијата како анонимни народни умотворби е во тоа што тие ја овозможуваат културната трансмисија на сознанијата добиени во минатото со нивното присуство во сегашноста. Но, иако во турското народно творештво од Косово и од Македонија има голем процент на застапеност на преданијата, за жал, поради

нивното несистематско собирање во минатото, тие денес, како и најголемиот дел од другите усни кажувања, сериозно се загрозени од заборавање и одумирање.

Спротивно на ваквата состојба во однос на интересот за проучување на оваа материја во посочените два региона, во консултираната општа библиографија кандидатот ги истакнува стручно-научните истражувања во Турција. Како посебно значајни, во едно од воведните поглавја кандидатот истакнува неколку еминентни истражувачи од оваа земја, посочувајки ги сознанијата од нивните проучувања (Bahaeddin Ogel, Saim Sakaoglu, Pertev N. Boratav, Ali R. Onder, Hikmet Tanyu, Mehmet Onder...).

При обработката на предложената тема, во зависност од расположливиот фонд материјали авторот планира, добиените изворни, архивски и пишани материјали да ги групира во две главни и неколку споредни подгрупи во нивни рамки:

1. Митолошки преданија (митолошки појави, ликови / религиски преданија: светци, Ѓавол самовили, наречници, џинови, аждаји...), космогониски (за создавањето и исчезнувањето на светот, човекот, животот, небесниот свод (сонце, месечина ѕвезди), геофизички преданија (ветер, земјотрес, циклони), зоогенетски и фитогенетски (потеклото на животните, растенијата, мотивот на метаморфозата), епонимиски (за потеклото на народите), ономастични преданија (за места: планини, езера, градови, села, мостови, цркви, џамии)
2. Историски преданија (личности, настани)

Комисијата смета дека кандидатот внимателно ги прегледал основните библиографии за темата и дека е во право во поглед на согледувањето дека во Косово и во Македонија овие умотворби речиси воопшто не биле проучувани и покрај нивното забележливо присуство во турската материјална и духовна култура на живеење од двата региона. За ова сведочат народните умотворби кои континуирано се пренесувале низ разните процеси од усната трансмисија со нивните бројни современи варијанти на стари теми и мотиви, застапени, меѓу другото, и во текстовите на преданијата. Токму затоа, овој битен сегмент ќе биде посебно обработен во предложената тема за докторска дисертација.

Според мислењето на Комисијата архивските и наративните извори можат да овозможат прибирање на доволно емпириски и теориски материјал за обработка на оваа недоволно истражувана тема. Следствено, Комисијата се согласува со предлогот на кандидатот во поглед на предложената методологија и техника на работа со вклучување на сите видови извори за податоци: директна нарација и соодветни записи на теренската граѓа како база на истражувањето, како и користење на комбинирана методологија при нивното стручно-научно проучување: историскиот метод, културно-етнографскиот, анкетниот и компаративниот метод.

Оттука, во соработка со кандидатот, Комисијата предлага работната содржина на докторската дисертација со наслов **НАРОДНИТЕ ПРЕДАНИЈА КАЈ ТУРЦИТЕ ОД КОСОВО И ОД МАКЕДОНИЈА**, во зависност од добиените изворни, архивски и (евентуално) пишани материјали, да биде подредена според следните главни и други споредни подгрупи, со заклучок и прилози:

## ПРЕДЛОГ - РАБОТНА СОДРЖИНА

Вовед
1. Методологија на истражувањето
2. Што е предание
2.1. Типови преданија
3. Досегашни проучувања на преданијата
3.1. Во светот
3.2. Во Турција
3.3. Во Косово и во Македонија
4. Поврзаноста на преданијата со други прозни творби
4.1. Митови
4.2. Епски творби
4.3. Приказни
5. Мотивот на *метаморфозата* во преданијата
5.1. Видови на метаморфоза
5.2. *Скаменувањето* како мотив
5.3. Митолошко потекло на мотивот
5.4. Застапеноста на мотивот во други народни творби
5.5. Во верувањата
5.6. Во приказните
5.7. Според исламот и христијанството
5.8. Во преданијата кај Турците од Европа и Азија
6. Класификација на народните преданија
6.1. Според светски автори
6.2. Според турски автори
7. Предлог - класификација на турските преданија со мотивот *скаменување*
7.1. Љубовни
7.2. Спасување од тешка ситуација
7.3. Спасување од непријател (натприродни суштества)
7.4. Лоши карактери
7.5. Непочитување
7.6. Светци и луѓе
8. Нумерирање на турските преданија според 6 - томниот Индекс на мотивите на народната литература од С. Томпсон
8.1. Митолошки мотиви
8.2. Животни
8.3. Забрани
8.4. Метаморфози
8.5. Натприродни појави
8.6. Хумор
9. Заклучок
10. Индекси (Наслови на дела, информатори и други поими)
11. Библиографија
11.1. Каталози
11.2. Книги
11.3. Списанија
11.4. Статии

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Цел на предложената тема за докторска дисертација **НАРОДНИТЕ ПРЕДАНИЈА КАЈ ТУРЦИТЕ ОД КОСОВО И ОД МАКЕДОНИЈА** е да се расветлат основните карактеристики на народните преданија во предложените региони, посочувајќи ги нивните тематски и естетски вредности. Земајќи го предвид образложението од доставената документација за пријавување докторска дисертација, како по однос на насловот на темата, така и по однос на предложената методологија и работна содржина, Комисијата смета дека предложената тема, пријавена од м-р Етем Бајмак, магистер на филолошки науки, потесна област турски јазик и книжевност, е подобна за докторска дисертација од обласа на народната книжевност, фолклористиката и културната антропологија. Според тоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, темата со наслов: **НАРОДНИТЕ ПРЕДАНИЈА КАЈ ТУРЦИТЕ ОД КОСОВО И ОД МАКЕДОНИЈА** да ја прифати и на кандидатот да му одобри нејзина изработка.

За ментор при изработката на оваа докторска дисертација се предлага проф. д-р Севим Пиличкова, советник при Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје.

21. 4.2011,
Скопје

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Проф. д-р Севим Пиличкова с.р.
2. Проф. д-р Изаим Муртезани с.р.
3. Проф. д-р Ермис Лафазановски с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОТРЕСНОТО ИНЖЕНЕРСТВО ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА (УКИМ-ИЗИИС) ВО СКОПЈЕ

На распишаниот конкурс, објавен во дневниот весник **„Дневник"** на **8.4.2011 год.** за избор на еден асистент од областа на земјотресното инженерство во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) се пријави кандидатот **м-р Горан Јекиќ, дипл. град. инж.**, стручен соработник за апликативни и научни проекти во ИЗИИС. Со решение ИЗИИС бр. 04-595/1 од 5.4.2011 год., именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент од областа на земјотресното инженерство.

Комисијата ја разгледа пријавата на кандидатот, заедно со доставените прилози: кратка биографија, доказ за завршено образование, преглед на научната и стручната активност, список на научни и стручни трудови и проекти во чија реализација кандидатот м-р Горан Јекиќ активно учествувал.

Врз основа на извршениот увид во доставената документација и личното познавање на кандидатот, како и согласно со одредбите од Законот и релевантните правилници, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот **м-р Горан Јекиќ** е роден на 13.7.1978 год. во Скопје. Основното образование го завршил во Скопје. Средното образование го продолжил во природно-математичката гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје, која ја завршил во учебната 1997/98 год.

На Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, конструктивна насока, се запишал во учебната 1997/98 год. По положувањето на предвидените испити според Статутот на Факултетот, изработил дипломска работа под наслов ***„Главен проект за челична конструкција на еднобродна индустриска хала со анекси"***, која успешно ја одбранил на Катедрата за метални и челични конструкции на 4.7.2005 год. под менторство на проф. д-р Петар Цветановски, со што се стекнал со стручниот назив дипломиран градежен инженер.

По дипломирањето, во јануари 2006 год. се вработил во МАКЕДОНИЈАПРОЕКТ АД - Скопје на работното место проектант-соработник во одделот „Статика". Во октомври 2006 год. преминал на работно место во ДГ БЕТОН АД – Скопје во одделот „I градилиште" како инженер во раководен тим на градилиште, каде што останал до март 2007 год.

Во март 2007 год. се запишал на постдипломски студии на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Од септември 2007 год. остварува професионален однос со ИЗИИС во групата „Конструкции на згради и материјали" како соработник за научни и апликативни проекти по договор.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ

| Примено: 06-05-2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 231 | | |

Заклучно до 10.8.2009 год. ги положил сите 10 испити, предвидени со програмата за постдипломски студии на ИЗИИС со средна оценка 9,90. На 16.4.2010 год. ја одбранил магистерската теза со наслов ***„Ефективност на асеизмичкото зајакнување на културно-историски споменици во нивната отпорност на експлозии“*** под менторство на проф. д-р Вероника Шендова, со што се стекнал со научниот степен магистер на науки од областа на земјотресното инженерство.

Во март 2011 год. поднел апликација за упис на докторски студии на ИЗИИС.

Член е на неколку стручни национални и меѓународни друштва од областа на градежништвото и земјотресното инженерство:

- Македонска асоцијација за земјотресно инженерство;
- Друштво на градежни конструктори на Македонија.

Од странските јазици одлично ги владее англискиот и српскиот јазик.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНА АКТИВНОСТ

Научноистражувачката и стручна активност на кандидатот м-р Горан Јекиќ е ориентирана во областа на земјотресното инженерство, примарно во анализата и динамиката на конструкции од високоградбата, како и примена на методи на експерименталната механика за мониторинг на безбедноста на конструкции. Познавањето на теоријата на конструктивната механика, анализата на конструктивните системи, компјутерските апликации, како и познавањето на англискиот јазик му овозможуваат на кандидатот лесно и навремено следење на светските научни сознанија од областа на земјотресното инженерство на објекти од високоградба.

М-р Горан Јекиќ пројавува континуиран интерес за сопствена научна и стручна надградба. Во периодот 2007-2011, како соработник-истражувач во ИЗИИС, кандидатот работел на различни задачи и задолженија, кои придонеле за оформување и надградување на неговиот стручен и научен работен профил.

Во неговата досегашна стручна и научна работа активно ги употребувал компјутерските софтверски пакети: CSI SAP2000, RadImpex Tower, AutoCAD, Matlab, MS Office, како и компјутерски софтвер за анализа на конструкции, интелектуален производ на ИЗИИС.

Како соработник во изработка на проекти од високоградбата, на 18.6.2009 год. се стекнал со „Овластување Б“ за проектирање на градби како одговорен проектант од градежништво, издадено од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија.

Кандидатот учествувал на неколку научно-стручни собири од областа на градежништвото и земјотресното инженерство:

- I интернационален научно-стручен собир „Градежно инженерство – наука и пракса“, Жабљак, Црна Гора, 2006;
- XIII меѓународен симпозиум на ДГКМ (Друштво на градежните конструктори на Македонија), Охрид, Република Македонија, 2009;

- International Conference on Earthquake Engineering. Planning, Design, Construction and Rehabilitation of Buildings and other Engineering Facilities in Seismically active regions, Бања Лука, Босна и Херцеговина, 2009;
- European Earthquake Engineering Seminar, "Seismic Assessment and Retrofit of Bridges", Işık University, Şile Campus, Истанбул, Турција, 2010;
- 14. Европска конференција за земјотресно инженерство, Охрид, Република Македонија, 2010.

М-р Горан Јекиќ е автор и коавтор на неколку публикувани научни трудови. Во продолжение се приложени научните трудови во кои активно учествувал:

- Goran Jekić. *Главни пројекти челичне конструкције једнобродне индустриске хале са анексима.* I интернационален научно-стручен собир „Градежно инженерство – наука и пракса". Зборник на трудови, Книга 1, стр. 141-146. Жабљак, Црна Гора, 2006.
- Danilo Ristić, Marija Jovanović, Goran Jekić. *SEISMICALLY SAFE CITIES OF THE FUTURE.* II интернационален научно-стручен собир „Градежно инженерство – наука и пракса". Зборник на трудови, Книга 1, стр. 457-462. Жабљак, Црна Гора, 2008.
- V. Sendova & G. Jekic. *Effectiveness of Seismic Strengthening of Monuments for Blast Resistance.* International Symposium within the COST Action C26 "Urban Habitat Constructions under Catastrophic Events". Зборник на трудови, стр. 310-314. Малта, 2008.
- Вероника Шендова, Горан Јекиќ, Благојче Стојаноски. *КВАЗИСТАТИЧКИ ИСПИТУВАЊА НА ЅИДНИ ЕЛЕМЕНТИ ИЗГРАДЕНИ ЗА ВРЕМЕ НА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ЦРКВАТА Св. АТАНАСИЕ ВО ЛЕШОК.* XIII меѓународен симпозиум на ДГКМ (Друштво на градежните конструктори на Македонија), Зборник на трудови, Книга 2, стр. 577-582, Охрид, Република Македонија, 2009.
- P. Gavrilovic, G. Jekic., B. Ceko, M Ackay. *Structural consolidation and seismic strengthening of Fatih (Prishtina) and Pasha (Prizren) Mosques - Kosovo.* PROHITECH 09. Protection of Historical Buildings. International Conference on Protection of Historical Buildings. Зборник на трудови, Книга 2, стр. 1281-1286. Рим, Италија, 2009.
- Veronika Šendova, Predrag Gavrilović, Blagojče Stojanoski, Goran Jekić. *INTEGRATED APPROACH TO REPAIR AND SEISMIC STRENGTHENING OF MUSTAFA PASHA MOSQUE IN SKOPJE.* International Conference on Earthquake Engineering. Planning, Design, Construction and Rehabilitation of Buildings and other Engineering Facilities in Seismically active regions. Зборник на трудови, стр. 233-243. Бања Лука, Босна и Херцеговина, 2009.

- Goran Jekic. *APPROACH TO DIAGNOSIS OF BRIDGE STRUCTURES AND ANALYSIS METHODS USED BY THE INSTITUTE OF EARTHQUAKE ENGINEERING AND ENGINEERING SEISMOLOGY – SKOPJE.* 21st European Earthquake Engineering Seminar, "Seismic Assessment and Retrofit of Bridges", Book of Abstracts. Işık University, Şile Campus. Истанбул, Турција, 2010.
- G. Jekic, V. Shendova, L. Tashkov. *EFFECTIVENESS OF SEISMIC STRENGTHENING OF MONUMENTS FOR THEIR BLAST RESISTANCE.* 14. Европска конференција за земјотресно инженерство. Статија бр.1853. Охрид, Република Македонија, 2010.
- V.Micov, LJ.Tashkov & L.Krstevska R.Salic & G.Jekic. *DIAGNOSIS OF EXISTING STATE AND STRENGTHENING SOLUTION FOR 180 M HIGH REINFORCED CONCRETE CHIMNEY.* 14. Европска конференција за земјотресно инженерство. Статија бр.1857. Охрид, Република Македонија, 2010.
- V. Sendova, G. Jekic, L. Tashkov. *Effectiveness of seismic strengthening of monuments for their blast resistance.* COST ACTION C26 "Urban Habitat Constructions under Catastrophic Events", Final Conference. Зборник на трудови, стр. 961-966. Неапол, Италија, 2010.

Во продолжение се приложени апликативни проекти, изработени од ИЗИИС во кои кандидатот активно учествувал како проектант-соработник:

- ИЗИИС 2008-53
  Анализа на стабилноста со техничко решение за зајакнување на основниот конструктивен систем на објектот „Собрание на Република Македонија"
- ИЗИИС 2008-51
  Изведбен проект за изградба на стариот скопски театар – Центар, Скопје, фаза статика
- ИЗИИС 53-2008-73
  Зајакнување на основен конструктивен систем на објект ЈЗУ „Општа Болница – Кичево"
- ИЗИИС 2008-2
  Замена на кровна конструкција и покривач на деловна зграда на РЗЗЗ – Скопје
- ИЗИИС 2007-41
  Конструктивно зајакнување на објект „Мустафа-пашина џамија"
- ИЗИИС 2009-39
  Пешачки мост на река Вардар во центарот на Скопје - изведбен проект
- ИЗИИС 2011-22

Анализа на сеизмичката стабилност со техничко решение за зајакнување на проектираната конструкција „Соборна црква во Мостар"

- ИЗИИС 2010-41
  Извештај за суперревизија со анализа на сеизмичката стабилност на објектот УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ГАЛЕРИСКИ ПРОСТОР
  Кеј Димитар Влахов, бб, Скопје

- ИЗИИС 2010-50
  Извештај за суперревизија со динамичка анализа на објектот МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
  Кеј Димитар Влахов, бб, Скопје

- ИЗИИС 2010-25/1
  Дефинирање на сеизмички товари за анализа на конструкцијата CARGO BUILDING
  Аеродром „Александар Велики"-Скопје

- ИЗИИС 2010-24/1
  Дефинирање на сеизмички товари за анализа на конструкцијата на противпожарната зграда -ARFF2-
  Аеродром „Александар Велики"-Скопје

- ИЗИИС 2010-23/1
  Дефинирање на сеизмички товари за анализа на конструкцијата на противпожарната зграда –ARFF1-
  Аеродром „Александар Велики"-Скопје

- ИЗИИС 2010-22/1
  Дефинирање на сеизмиччки товари за анализа на конструкцијата на БЛОК TG01
  Аеродром „Александар Велики"-Скопје

- ИЗИИС 2011-18
  Извештај за суперревизија со динамичка анализа за дефинирани сеизмички параметри на објектот ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО И УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА
  Кеј Димитар Влахов, бб, Скопје

- Извештај од извршениот увид на објектот „Амбасада на Кралството Холандија" на ул. Ленинова бр. 69/71, Скопје
  со програма-понуда за евалуација на глобалната стабилност и сеизмичката отпорност на постојниот конструктивен систем на објектот

## ЗАКЛУЧОК

Од претходно изнесените активности на кандидатот може да се заклучи дека се работи за трудољубив, исполнителен и одговорен млад истражувач кој има постигнато забележителни резултати во стручната и научно-истражувачката дејност со постојан стремеж кон понатамошен напредок и усовршување.

Врз основа на приложената документација, познавањето на кандидатот и неговите досега постигнати резултати во апликативната и научно-истражувачката активност, ни претставува чест и задоволство на Научниот совет при УКИМ-ИЗИИС да му предложиме кандидатот м-р Горан Јекиќ да биде избран во звањето асистент од областа на земјотресното инженерство.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Голубка Нечевска-Цветановска, претседател, с.р.

Вонр. проф. д-р Влатко Шешов, член, с.р.

Проф. д-р Вероника Шендова, член, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на пријавени и прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Градежниот факултет во Скопје**

на 375 седница на Наставно – научниот совет одржана на 04.05.2010 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | **м-р Златко Зафировски** дипл. град. инж. | **Пробабилистички пристап за дефинирање на својства на карпести маси при напонско – деформациски анализи кај тунели** | проф. д-р Милорад Јовановски |
| 2 | **м-р Денис Поповски** дипл. град. инж. | **Експериментално и теориско истражување на ефектите од спрегањето на челикот и бетонот кај континуирани носачи од меѓукатни конструкции** | проф. д-р Петар Цветановски |

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавена и прифатена тема за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје

на 375 седница на Наставно – научниот совет одржана на 04.05.2011 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Андријана Крстевска дипл.град.инж. | Влијание на обликот на напречниот пресек врз пожарната отпорност на спрегнати столбови од бетон и челик | проф. д-р Мери Цветковска |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО "ПРИРАЧНИК ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ПО МОРФОЛОГИЈА НА КЛЕТКА" ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д – Р ЕЛИДА МИТЕВСКА,

Врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на УКИМ во Скопје, а во врска со членовите од 15 до 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ во Скопје, Наставно – научниот совет постапувајќи по предлогот од Одборот за издавачка дејност на Факултетот, на својата VIII редовна седница одржана на 17. 03.2011 година, донесе Одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебното помагало, ПРИРАЧНИК ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ПО МОРФОЛОГИЈА НА КЛЕТКА, изработено од авторот доц. д–р Елида Митевска. За рецензенти на доставениот ракопис беа избрани:

1. проф. д – р Лилјана Миленкова и
2. проф. д – р Невена Костовска.

Прегледувајќи го доставениот текст за Прирачникот за практична настава, рецензентите го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Учебното помагало со наслов: ПРИРАЧНИК ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ПО МОРФОЛОГИЈА НА КЛЕТКА, од авторот доц. д–р Елида Митевска, ја разработува содржината од областа *морфологија на еукариотските клетки*, од наставната програма за практичниот дел на предметот МОРФОЛОГИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА НА КЛЕТКАТА.

Наставната програма за предметот *морфологија и физиологија на клетката* се изведува во првиот семестар на студиската програма за студентите по *општа медицина* со вкупен фонд од 26 часа, од кои 14 се наменети за теоретскиот дел и 14 за практичниот дел од наставата. Практичниот дел од наставата (вежбите) се изведуваат во лабораторија со микроскопи, но како додаток е неопходна употреба на прирачник кој ќе го олесни и збогати изучувањето на содржините од оваа област.

Прегледувањето на текстот на доставениот Прирачник за практична настава покажува дека содржината во него се карактеризира со систематско и дидактички одлично разработување на содржините кои студентот треба да ги совлада при изведувањето на практичната настава. Текстот е напишан концизно и јасно, а поделбата на материјалот на тематски целини е извршена во согласност со теоретската настава од предметот.

Ракописот на учебното помагало ПРИРАЧНИК ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ПО МОРФОЛОГИЈА НА КЛЕТКА претставува прво издание на

прирачник во кој се обработува содржина за практичната настава од областа на морфологијата на еукариотските клетки.

Содржината на прирачникот е прегледно презентирана на 112 страници со неопходен текст и 127 слики распоредени во соодветните тематски содржини.

Прирачникот се состои од 11 тематски содржини: вовед во цитологијата, микроскопот во морфолошките науки, техника на микроскопирање, хистолошка техника, прокариотски и еукариотски клетки, градба на основните структурни елементи на еукариотските клетки, морфолошки карактеристики на клетката во процесот на делба, морфолошки карактеристики на клетката при физиолошко умирање и цитолошки карактеристики на различни типови клетки. На крајот од ракописот е наведена литературата која е ползувана при изработката на Прирачникот.

По кусиот вовед во цитологијата и потенцирањето на модерните начела на клеточната теорија за структурата на живите организми, следува јасно и исцрпно објаснување на основната алатка при изведувањето на вежбите, микроскопот. Со текст и слика прикажани се неговите механички и оптички делови со паралелно објаснување на микроскопската слика која настанува како резултат на диоптриското дејство на објективот и окуларот. Особено е добро презентирана техниката на микроскопирање која е исклучително битна за самостојната работа на студентот при изведувањето на вежбите. Понатаму, во хистолошката техника одлично се објаснети рутинските методи на боење на хистолошките препарати со кои студентот постојано ќе се среќава, современите методи на боење и медицинското значење на цитолошката (хистолошката) анализа.

По кусото објаснување и илустрирање со шематски прикази на основните разлики меѓу прокариотските и еукариотските клетки, обемно се илустрирани различните форми и големини на еукариотските клетки. Потоа, со јасни шематски прикази и микрофотографии илустрирани се основните структурни елементи на еукариотските клетки: клеточната мембрана, топографските региони на цитоплазмата, нејзините основни структурни компоненти (цитозол, клеточни органели, клеточни инклузии и цитоскелет) и основните структурни компоненти на јадрото (јадрова обвивка, јадров скелет, хроматин и јадренце).

Во следните тематски содржини се илустрирани морфолошките карактеристики на клетката во процесот на делба (митоза и мејоза) и морфолошките карактеристики на клетката при физиолошкото умирање (апоптоза).

Во тематската содржина за цитолошките карактеристики на различните типови клетки илустрирани се цитолошките карактеристики на жлездените клетки, клетките со способност за фагоцитоза, апсорпција и создавање на меѓуклеточен матрикс, клетките кои поседуваат киноцилии, кератиноцитите, нервните и мускулните клетки.

Во секоја тематска содржина вклучен е дел насловен како <u>*задачи за студентот*</u>, кој содржи: *прашања* кои му овозможуват на студентот, самостојно или заедно со наставникот, да го провери своето знаење и да учествува во дискусиите за соодветната тема; *кус опис на хистолошките препарати* предвидени за соодветната вежба

(овозможува самостојно микроскопирање); *шематски прикази и микрофотографии обработени на особен начин* кој овозможува активно вклучување на студентот во препознавањето на неопходните структурни елементи кои студентот треба да ги совлада во текот на практичната настава.

Во секоја тематска содржина е потенцирана практичната примена, односно медицинското значење на изучувањето на нормалната морфологијата на еукариотските клетки која е предуслов за нивната нормална функција.

Литературата која е ползувана при изработката на Прирачникот се состои од 5 референтни учебни помагала и 5 страници на интернет.

## ЗАКЛУЧОК

Учебното помагало ПРИРАЧНИК ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ПО МОРФОЛОГИЈА НА КЛЕТКА, од авторот доц. д – р Елида Митевска, се состои од тематски целини кои овозможуваат полесно разбирање и акцептирање на програмските содржини неопходни при изучувањето на градбата на еукариотските клетки. Учебното помагало, по обемот и темите кои ги обработува, целосно одговара на наставната програма за практичниот дел од предметот МОРФОЛОГИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА НА КЛЕТКАТА, за областа МОРФОЛОГИЈА НА ЕУКАРИОТСКИТЕ КЛЕТКИ, која се изведува во првиот семестар на студиската програма за студентите по *општа медицина* на Медицинскиот факултет во Скопје.

Начинот на објаснување на тематските содржини е разбирлив за студентите за кои е наменет. Сите тематски содржини се одлично илустрирани со јасни и лесно разбирливи шематски прикази и микрофотографии на кои се директно посочени и обележени сите елементи кои студентот треба да ги совлада при изведувањето на практичната настава.

На крајот, од дидактички аспект може да се заклучи дека учебното помагало е извонредно добро изработено. Затоа, со особено задоволство, на Наставно – научниот совет му предлагаме, учебното помагало ПРИРАЧНИК ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ПО МОРФОЛОГИЈА НА КЛЕТКА да го прифати за печатење и примена при изведувањето на практичната настава за областа МОРФОЛОГИЈА НА ЕУКАРИОТСКИТЕ КЛЕТКИ, како дел од предметот МОРФОЛОГИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА НА КЛЕТКАТА, за студентите по општа медицина.

Се надеваме дека и студентите по општа медицина, како читатели на ова учебно помагало ќе имаат позитивни искуства при совладувањето на тематските содржини предвидени со наставната програма.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д – р Лилјана Миленкова с.р.

Проф. д – р Невена Костовска с.р.

21. 04.2011 год.
Скопје

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНИКОТ "ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА" ОД ПРОФ. Д-Р ЕРИЕТА НИКОЛИЌ-ДИМИТРОВА ОД КАТЕДРАТА ЗА ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА

Врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на УКИМ, а во врска со член 15 до член 19 од Правилникот за организирање на издавачка дејност на УКИМ во Скопје, Наставно-научниот совет постапувајќи по предлогот на Одборот за издавачка дејност на Факултетот, на својата VIII редовна и работна седница одржана на 17.3.2011 година, донесе одлука да се формира Рецензентска комисија за учебникот "Физикална медицина и рехабилитација", напишан од проф. д-р Ериета Николиќ-Димитрова од Катедрата за физикална медицина и рехабилитација, во состав:

1. проф. д-р Стојан Грков
2. проф. д-р Љупчо Каревски
3. проф. д-р Нада Марина.

Комисијата се состана на 26.4.'11 година и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Наслов на учебникот е "Физикална медицина и рехабилитација".

Автор на учебникот е проф. д-р Ериета Николиќ-Димитрова, физијатар, раководител на Катедрата за физикална медицина и рехабилитација.

Назив на предметната програма е "Физикална медицина и рехабилитација".

Учебникот е наменет за додипломската настава на студиската програма по општа медицина според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје.

Предметот се изучува во деветти семестар на студиската програма по општа медицина.

Фондот на часови од предметот физикална медицина и рехабилитација е 15 часа.

Приложениот ракопис на текстот е во согласност со наставната програма.

Рецензентите се назначени од страна на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, со Одлука бр. 02-1153/24 од 29.3. 2011 година.

Се работи за прво издание, кое претставува проширена и дополнета содржина на претходна скрипта од предавањата.

Порано не е објавен ист или сличен учебник на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје.

Општи податоци за учебникот: тој е напишан на 192 страници, има 61 слика, а содржината е изнесена прегледно и јасно во 3 поглавја.

I.Првото поглавје опфаќа 4 целини:

1. "Физикална медицина и рехабилитација", во која е објаснета медицинската специјалност физикална медицина и рехабилитација, нејзините цели, задачи и нејзиното сé поголемо значање.
2. "Физикална медицина", во која е опишана оваа медицинска дисциплина. Прикажана е нејзината подлеба на физикална профилакса, физикална дијагностика и физикална терапија. Понатаму се наброени физикалните агенси кои се применуваат во лекувањето; нивната поделба на природни и преформирани агенси; начинот на нивното дејствување и видовите на дразби кои ги прават. Опишани се биолошките реакции на организмот при примена на физикални агенси, целите и задачите на физикалната терапија, основните принципи на физикалната терапија и општите контраиндикации за примена на физикалната терапија.
3. "Рехабилитација", во која се дадени неколку дефиниции за оваа медицинска гранка. Прикажана е поделбата на рехабилитацијата на медицинска, социјална и професионална рехабилитација. Поголемо место е обезбедено за појаснување на медицинската рехабилитација. Опишани се термините: реституција, компензација и супституција како начини на подобрување на оштетената и нарушена функција на организмот. Објаснети се основните фази во рехабилитацијата: рана и субакутна рехабилитација; основните принципи на медицинската рехабилитација и опишани се членовите на мултидисциплинарниот тим за рехабилитација. На крајот, објаснети се основите на професионалната и социјалната рехабилитација како делови од сеопфатната рехабилитација на лице со онеспособеност.

4. "Процена на пациент и рехабилитација", во која се објаснети сегментите на практиката на физикалната медицина и рехабилитацијата: процена на онеспособеноста, одредување на целите на рехабилитацијата и планирањето на текот на рехабилитацијата и примена на тераписки постапки. Процената на онеспособеноста се прави преку: анамнеза, физикален преглед, одредени мерења (мануелен мускулен тест, обем и должина на екстремитети, обем на движења во зглобовите, антропометриски мерки), процена на функционалниот статус со примена на различни скали. Објаснети се принципите во поставувањето на долгорочните и краткорочните цели, а потоа најратко се опишани методите на медицинската рехабилитација: физикална терапија, терапевтски вежби, работна терапија, обука за независно живеење, примена на ортопедски помагала, психосоцијален статус.

II. Второто поглавје опфаќа 12 целини кои се однесуваат на различни тераписки методи на медицинската рехабилитација:

1. "Термотерапија", во која е опишана една од најчесто применуваните методи на физикалната терапија, при што е објаснет начинот на пренесувањето на топлината по пат на кондукција, конвекција и радијација; поимот конверзија; поделбата на површинска и длабока термотерапија; индиферентна температура и точка на толеранција; а на крај се наброени природните и вештачките извори на термотерапија, како и сувите и влажните облици на термотерапија.
2. "Термотераписки процедури", во која целина се опишани парафинотерапијата, хидрокалаторот, термофорот и електрично перниче. Објаснети се својствата на парафинот, неговото физиолошко и тераписко дејство, начинот на апликација, индикациите и контраиндикациите.
3. "Криотерапија", во која целина е објаснета локалната примена на мраз во тераписки цели, со опис на физиолошкото и тераписко дејство, начинот на апликација, индикациите и контраиндикациите за негова примена.
4. Во лекцијата "Хидротерапија" објаснета е примената на вода со цел превенција и лекување. Во почетокот се наведени физичките особини на водата, нејзиното механичко, термичко и хемиско дејство во организмот. Понатаму е објаснето физиолошкото дејство на водата на различните системи. Детално се опишани хидротермичките, хидрокинетичките и хидрохемиските процедури.
5. " Балнео-клинатотерапија", која подразбира примена на природни физички фактори кои можат поволно да влијаат во превенција и лекување на одредени заболувања. Во лекцијата се објаснети основите на балнеотерапијата, групите на минералните води и основните параметри на балнеотерапијата; понатаму се објаснети пелоидотерапијата- примената на лековитата кал, климатотерапијата- поволното дејство на времето и климата врз човечкиот организам и таласотерапијата.
6. Во лекцијата "Инфрацрвени зраци" дадена е поделбата на инфрацрвените зраци, нивните извори (природни и вештачки), продорноста, физиолошкото и терапискиото дејство, техниката на апликација и дозирање, индикациите и контраиндикациите.
7. Во лекцијата "Ултравиолетови зраци" дадена е поделбата на ултравиолетовите зраци, нивните извори (природни и вештачки), продорноста, биолошкото, физиолошкото и терапискиото дејство; рефлексни и локални реакции, еритем и пигментација, техниката на апликација и дозирање, мерките на заштита, индикациите и контраиндикациите.
8. "Други видови физикални агенси", во која се опишани основите на електротерапијата со класификација на елекстротерапијата, индикациите, контраиндикациите; потоа различни методи на електротерапијата (галванска струја, хидрогалванотерапија, електрофореза со лекови, дијадинамски струи, интерферентни струи,

кратки бранови, транскутана електрична нервна циркулација, стимулација со експоненцијални импулси). Понатаму е објаснета примената на теаписки ултразвук, магнетотерапија и тракција.

9. "Класична тераписка масажа", која го опфаќа физиолошкото и тераписко дејство, методите и техниките на примена на мануелната масажа (мазнење, триење, гмечење, тропкање и вибрации), наведени се општите правила за изведување масажа, како и индикациите и контраиндикациите за нејзина примена.
10. "Кинезитерапија", во која е објаснета примената на движењето и вежбите со цел лекување на заболени и повредени. Опишани се средствата на кинезитерапијата (активни, пасивни и потпомогнати вежби), помошни средства, избор на вежби и положби на вежбање, принципи на кинезитерапија, наброени се бројни индикации за примена на вежбите во текот на рехабилитацијата, како и контраиндикациите за нивна примена.
11. Лекцијата "Работна терапија" опишува една важна метода во медицинската рехабилитација. Дадена е поделбата на функционална, окупациона, предпрофесионална и професионална работна терапија. Подетално се објаснети целите и задачите на функционалната работна терапија, основните принципи за нејзина примена, индикациите и контраиндикациите.
12. Лекцијата "Ортопедски помагала" на почетокот ја опфаќа поделбата на ортопедските помагала, а потоа се објаснети протезите, ортозите, ортопедските чевли, помагалата за одење, инвалидските колички и ортопедско-бандажерските средства, пред сé ортопедските влошки и помагалата во активностите на дневниот живот.

III. Третото поглавје опфаќа 10 целини кои се однесуваат на примена на рехабилитационата медицина кај различни заболувања и нарушувања на функцијата на организмот кои најчесто се среќаваат во секојдневната физијатриска практика.

1. Во лекцијата "Рехабилитација на ортопедски заболувања" опишани се рехабилитационите постапки кои се применуваат кај пациенти со вродени ортопедски заболувања (тортиколис, вродена дисплазија или луксација на колк, pes equinovarus), деформитети на граден кош (кокошкини и вдлабнати гради), деформитети на 'рбет во детска возраст (сколиоза, кифиза), M. Perthes, стекнати рамни табани, остеопороза и комплексен регионален болен синдром тип I.
2. Лекцијата "Рехабилитација на ревматолошки заболувања" опфаќа примена на рехабилитациони методи кај пациенти со ревматоиден артритис, анкилозантен спондилитис, остеоартритис (остеоартроза), цервикален и лумбален синдром (лекување на синдром на акутна и на хронична болка во крстот).
3. Во лекцијата "Рехабилитација во трауматологија" е опишана примената на физикалните агенси и методи на рехабилитација по траума на мускуло-скелетниот систем кај контузија, дисторзија,

луксација и фрактура, со што се намалуваат симптомите и се подобрува функционалниот наод на пациентот.

4. На почетокот од лекцијата " Рехабилитација по ампутација на долен екстремитет" наброени се причините за ампутација на долен екстремитет, објаснет е поимот чкунка, а потоа се објаснети рехабилитационите методи во предоперативната фаза, хируршката фаза, раната постоперативна фаза, процена на подобност на пациентот за протетисување, претпротетичката и протетичката фаза во рехабилитацијата на овие болни.
5. Лекцијата "Рехабилитација на пациент со хемиплегија" ги објаснува етиолошките фактори во настанувањето на хемиплегија, клиничка проценка на пациентот, целите на рехабилитацијата, негата, рехабилитацијата со примена на кинезитерапија, работна терапија, електротерапија, ортопедски помагала и др.
6. Лекцијата "Рехабиолитација на пациент со повреда на 'рбетен мозок" ги објаснува етиолошките фактори во настанувањето на параплегија или квадриплегија, нивоа на оштетување на 'рбетен мозок и 'рбетен столб, клиничка слика, целите на рехабилитацијата, рехабилитацијата во акутна фаза, рехабилитација во фаза на мобилизација, тешкотии со мочен меур и дебело црево, прогноза на функционално заздравување и фаза на реинтеграција на болниот.
7. Во лекцијата "Рехабилитација на пациент по повреда на периферен нерв", наведена е етиологијата на повредата на периферните нерви, класификацијата на степенот на оштетувањето на периферниот нерв по Шедон, клиничката слика, дијагноза, лекување во кое главниот акцент е ставен на примената на физикалните агенси и рехабилитационите постапки.
8. "Рехабилитација при детска церебрална парализа", во која е опишана накратко клиничката слика на детската церебрална парализа, а потоа се објаснети повеќе кинезитерапевтски методи во рехабилитацијата на овие деца, работна терапија, физикална терапија, ортопедски помагала и ортопедско лекување.
9. Во лекцијата "Рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања" се изнесени основните цели во рехабилитацијата на болните со кардиоваскуларниоте заболувања; основните фази на рехабилитација на пациент по акутен инфаркт на миокард, како и рехабилитациони постапки кај пациент со облитерирачки ендартеритис.
10. Лекцијата "Рехабилитација на респираторни заболувања" го истакнува значењето на примената на различни видови респираторни вежби и положби за дренажа на секретот со цел подобрување на функцијата на респираторниот систем кај одредени респираторни заболувања.

Во учебникот, користената литература е наведена на крајот на книгата, при што се цитирани 143 труда, учебници, книги и поглавја на книги од реномирани познати стручњаци од оваа област.

Категоризација: ракописот претставува учебник.

Општа педагошка оцена: Учебникот е напишан со убав и разбирлив стил, според содржините на наставната програма од истоимениот предмет наменет за студентите по општа медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК

Учебникот “Физикална медицина и рехабилитација”, од проф. д-р Ериета Николиќ-Димитрова од Катедрата за физикална медицина и рехабилитација, претставува еден добро конципиран учебник, напишан според наставната програма по предметот физикална медицина и рехабилитација за студентите по општа медицина при Медицинскиот факултет во Скопје.

Материјалот е поделен во 3 поглавја: основи на физикалната медицина и рехабилитацијата, тераписки методи во физикалната медицина и рехабилитацијата и рехабилитација на одредени заболувања и нарушувања на функцијата на човечкиот организам. Секое од овие поглавја понатаму е поделено на повеќе тематски целини со кои се разработени наведениве поглавја.

Учебникот е напишан со едноставен и разбирлив стил.

Учебникот ќе им помогне на студентите по општа медицина да ги совладаат основните знаења од областа физикална медицина и рехабилитација кои ќе можат да ги применуваат и во нивната понатамошна докторска практика.

Учебникот “Физикална медицина и рехабилитација” може да им послужи да се стекнат со знаење од оваа област и физиотерапевтите со средно образование, како и лекарите на специјализација од сродните области: ортопедија, ревматологија, трауматологија, неврологија, спортска медицина и др.

Со оглед на тоа што во нашата земја има малку објавени учебници од областа физикална медицина и рехабилитација, овој учебник исто така ја збогатува стручната медицинска литература од оваа област на македонски јазик.

Со совладувањето на материјалот кој е презентиран во овој учебник се отвораат патишта за надоградување на знаењата од оваа област на медицината.

1. Проф. д-р Стојан Грков, с.р.

2. Проф. д-р Љупчо Каревски, с.р.

3. Проф. д-р Нада Марина, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКО И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОЕКТИРАЊЕ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: УРБАНИСТИЧКО ОБЛИКУВАЊЕ 2 И ПЛАНИРАЊЕ НА ГРАДСКИ СООБРАЌАЈ ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА УРБАНИЗАМ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На распишаниот конкурсот од деканот на Архитектонски факултет во Скопје, објавен во дневните весници „Дневник" и „Коха" од 12.2.2011 год., за избор на еден наставник во сите звања од областа на урбанистичко и просторно планирање и проектирање, по предметите: урбанистичко обликување 2 и планирање на градски сообраќај при Институтот за урбанизам на Архитектонскиот факултет во Скопје, се пријави еден кандидат – сегашен вонр.проф. д-р Владимир Арсовски.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на XXIII седница одржана на 22.2.2011 година, избрана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Мирослав Грчев, претседател, проф. д-р Влатко П. Коробар, член и проф. д-р Тихомир Стојков, член.

Врз основа на прегледот и анализата на професионалната биографија и референтните дела, како и врз основа на личното познавање на кандидатот и неговите наставни, научни, стручни и други ангажмани, Рецензентската комисија го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Владимир Арсовски, дипл.инж.арх., е роден 1953 год. во Скопје каде што го завршил основното и средото образование. На Архитектонско-градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје дипломирал во јануари 1978 год. и се здобил со звањето дипломиран инженер-архитект. Во текот на студиите, од својата трета година на студии, од учебната 1974/75, па сè од нивното завршување, во континуитет работел како демонстратор на предметите нацртна геометрија и перспектива. На постдипломските студии, на курсот ДОМУВАЊЕ на Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Белград, во април 1986 год. се здобил со академското звање магистер на архитектонски и урбанисички науки.

~~Во јуни 1978 година се вработил во Секретаријатот за народна одбрана на Р.~~ Македонија, каде што како стручен соработник за урбанистичко планирање останал до крајот на јануари 1980 година, кога се вработил како асистент на Архитектонскиот факултет при Институтот за нацртна геометрија и перспектива. Во 1988 година бил избран за асистент при Институтот за просторна организација на човековата средина. Во февруари 2001 година на Архитектонскиот факултет во Скопје, ја одбранил докторската дисертација под наслов: „Влијанието на пешачките комуникации и простори врз простореноста организација на урбаната средина" и се стекнал со звањето доктор на технички науки.

Во звањето вонреден професор по предметите методологија на урбанистичкото планирање и инфраструктурни системи (продлабочена настава) е избран во 2006 година.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО)

Д-р Владимир Арсосвски во текот на повеќегодишно континуирано учество во наставата на Архитектонскиот факултет, во својство на предметен наставник, работи

на предметите методологија и урбанистичко планирање и инфраструктура (во продлабочената настава). Како раководител на проект од областа на урбанистичкото планирање учествувал и во реализацијата на продлабочената наста од VIII и IX семестар на студиите на Архитектонскиот факултет.

Во периодот од изборот во наставно-научно звање вонреден професор, во 2006 година, д-р Владимир Арсовски учествува во одвивањето на наставата на постдипломските студии по архитектура и урбанизам на Архитектонскиот факултет, а со предметот урбанизам и во наставата на постдипломските студии за просторно планирање при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Со започнувањето на студиската програма според ЕКТС, во четвртата студиска година на Архитектонскиот факултет д-р Владимир Арсовкси работи како раководител на Урбанистичко студио во VIII семеста, а по покана учествува и во работата на други студија од наставата на Архитектонскиот факултет.

Покрај овие задолженија и активности во овој период го бележиме и неговиот ангажман како ментор на магистерка задача, ментор на семинарски задачи на постдипломските студии, ментор на дипломски задачи, член на комисија за подобност на кандидат и на тема за изготвување на докторска дисертација и член за одбрана на дипломски задачи.

Во табелата се подетално набележани референците и активностите на кандидатот од наставно-образовната дејност и пресметани се бодовите од оваа дејност во согласност со Правилникот за критериумите за избор во наставно-научни, научни, наставно-соработнички и соработнички звања.

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО)**

| р.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Методологија на урбанистичко планирање (2+2), летен и зимски сем. 2009/10-8груп...... 2сем.х(2час.х0.04х15нед) +2сем.х (15нед. х 8 груп.х0.03х2час.) = 2.4+14.4 | 16.8 |
| 2 | Методологија на урбанистичко планирање (2+2), летен и зимски сем. 2008/09-8груп...... 2сем.х(2час.х0.04х15нед) +2сем.х (15нед.х 8груп.х0.03х2час.) = 2.4+14.4 | 16.8 |
| 3 | Методологија на урбанистичко планирање (2+2), летен и зимски сем. 2007/08-4груп...2сем.х(2час.х0.04х15нед) +2сем.х (15нед.х 4груп.х0.03х2час.) = 2.4+7.2 | 9.6 |
| 4 | Методологија на урбанистичко планирање (2+2), летен и зимски сем. 2006/07- 4груп...2сем.х(2час.х0.04х15нед) +2сем.х(15нед.х 4груп.х0.03х2час.) = 2.4+7.2 | 9.6 |
| 5 | Продлабочена настава (1+5), летен сем. 2010 –1 група 1сем.х (2час.х0.04х15нед) +1сем.х(15нед.х1груп.х0.03х5час.) =0.6+2.25 | 3.45 |
| 6 | Продлабочена настава (1+8), зимски сем. 2010/11 –1 група 1сем.х (1час.х0.04х15нед) +1сем.х(15нед.х1груп.х0.03х8час.) =1.2+3.6 | 4.8 |
| 7 | Продлабочена настава (1+0), зимски сем. 2010/11 –1сем.х (1час. х 0.04х15нед) = 0.6 | 0.6 |
| 8 | Урбанистичко студио-VIII/4 –летен сем 2011 – 1 група 15нед. х 1група х 0.04 х 8 час.)= 2.7 | 4.8 |
| 9 | Консултации со студенти. 100 студ/семх0.002х4год х 2сем | 1.6 |
| 10 | Ментор на дипломски работи, 2010 и 2011- 12дипл.х0.2= 2.4 | 2.4 |
| 11 | Член на комисија за оцена и одбрана на докторат- 1х0.5 | 0.5 |
| 12 | Член на комисија за оценка и одбрана на магистратура-1х0.3 | 0.3 |
| 13 | Член на комисија за оценка и одбрана дипломска,2008, 2009 и 2010 и 2011 ....(172 дипломски х 0.1) | 17.2 |
| | | |
| | **Вкупно** | **88,45** |

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ (НИ + СУ)

Во периодот помеѓу два избора, научната дејност на вонр.проф. д-р Владимир Арсосвски се одвива во насока на поврзување и операционализација на теоретските сознанијата во процесот на урбанистичкото планирање и проектирање. Во оваа прилика го бележиме неговото повеќегодишно и непосредно учество во работата на владините комисии и тела од областа на просторното и урбанистичко планирање. Имплементацијата на теоретските сознанија и резултати во услови на потребна измена и дополнување на важечките законски и подзаконски акти, претставува негов непосреден ангажман во утврдување на предметната регулатива од витално значење за областа на просторното и урбанистичко планирање.

Покрај научноистражувачката дејност во најтесната областа на стручно-научниот интерес на вонр.проф. д-р Владимир Арсовкси, тој зема активно учество и во стручната дејност во областа на урбанистичкото и архитектонското проектирање. Автор е на повеќе идејни и основни проекти за станбено-деловни објекти од кои некои од нив и се реализирани.

На јавниот и анонимен конкурс за архитЕктонско-урбанистичко решение за комплексот јавни институции-локација на општина Центар-Скопје, коавтор е на откупен труд - 2010 година.

### НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ (НИ+СУ)

| Р.б. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска - (1x1) | 1 |
| 2 | **Автор на идејни решенија** : (2 проекта x 2)<br>1. Станбено-деловен објект ГП.4.1.1 (П+6+Пк), Реонски центар општина "Ѓорче Петров", Скопје -2008<br>2. Трговски центар –"СПЕНДСТОР"-Тетово, 2010 | 4 |
| 3 | **Автор на основни проекти:** (2 проекта x 4)<br>1. Станбено-деловен објект ГП. 4.1.1(П+6+Пк), Реонски центар "Ѓорче Петров", Скопје -2007<br>2. Трговски центар –"СПЕНДСТОР"-Тетово, 2010 | 8 |
| 4 | **Изведени објекти**: (2 објекта x 4)<br>1. Станбено-деловен објект ГП. 4.1.1 (П+6+Пк), Реонски центар "Ѓорче Петров", Скопје -2007, автор<br>2. Станбено-деловен објект ГП. 4.1.2 (П+6+Пк), Реонски центар "Ѓорче Петров", Скопје -2007, автор | 8 |
| 5 | Групно јавно претставување на изложбата-јубилеј 60 год. Архитектонски факултет | 2 |
| 6 | Урбанистичко решение урбан модул 4.1 - Реонски центар "Ѓорче Петров", Скопје -2007, автор | 1 |
| 7 | Архитектонско-урбаистичко решение за комплекс јавни институции-локација општина Центар-Скопје 2010, откупен проект,коавтор | 2 |
| | **Вкупно** | **26,00** |

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)

Забележителен е обемот на стручно-апликативната дејност на кандидатот вонр.проф. д-р Владимир Арсосвски, како во доменот урбанистичкото планирање и

проектирање, како неговата најтесна област на универзитетскиот стручно-научен интерес, така и пошироко во областа на архитектонското проектирање.
Од областа на урбанистичкото планирање и проектирање, кандидатот како автор се јавува на повеќе труда, меѓу кои:

- Измена и дополнување на ДУП "Лесна индустрија и сервиси Скопје – Север" општина Бутел - Нацрт план, плански период 2011-2016;
- Измена и дополнување на ДУП „СТАКЛАРА-УМ 4", општина Кисела Вода, Скопје Нацрт-план, плански период 2011-2016;
- Измена и дополнување на ДУП "УБЛ-77" општина Тетово, Нацрт план, плански период 2011-2016;
- локални урбанистички плански документации;
- архитектонско-урбанистички проекти;
- стручни ревизии на урбанистичка планска документација.

Во стручно-апликативната дејност од областа на архитектонското проектирање, кандидатот се јавува како автор на:

- идејни проекти за станбено-деловни објекти;
- Основни проекти на станбено-деловни објекти и станбени куќи;
- Стручни ревизии на идејни проекти;
- Стручни ревизии на основни проекти.

Во доменот на својата професионална активност и дејност кандидатот вонр.проф. д-р Владимир Арсовски, како член на жири-комисија, учествува во изборот на идејно решени на меѓународниот конкурс за пешачки моста на реката Вардар во Скопје и во комисијата за избор на студентски труд - Биста 2010 година.

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| р.бр | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Измена и дополнување на ДУП- „Лесна индустрија и сервиси Скопје - Север", Нацрт-план, плански период 2011/'16- општина Бутел Скопје, одговорен планер | 2 |
| 2 | Измена и дополнување на ДУП „Стаклара УМ 4"- општина Кисела Вода-Скопје, Нацрт-план, плански период 2011/'16, одговорен планер | 2 |
| 3 | Измена и дополнување на ДУП „УБ-77" - општина Тетово, Нацрт-план, плански период 2011/'16, одговорен планер | 2 |
| 4 | Урбанистички проект за: (12 локации x 2)<br>1. Трговски комплекс – „Епицентар"- „Меркатор" бул. „Србија" општина Аеродром - Скопје, 2009-автор<br>2. Станбено-деловен комплекс УМ 4.1 - Реонски центар, општина „Ѓорче Петров" Скопје - 2007, автор<br>3. 10 (десет) базни станици за „Т-мобаил" во Р.М - 2010, одговорен планер | 24 |
| 5 | Урбанистички концепт со проектна програма за јавен анонимен конкурс за плоштад на Струмица- 2009 –автор | 1 |
| 6 | **Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД), автор** (5 плана x 2)<br>1. ДУП „Тафталиџе- УБ1", за ГП 4.26-општина Карпош, 2010<br>2. ДУП „Тафталиџе 1", за ГП 19 -општина Карпош, 2010<br>3. ДУП „Тафталиџе 1", за ГП 20 -општина Карпош, 2010<br>4. ДУП „Населба Црниче уе 61" КП 1853/1,1852/4- КО Кисела Вода, општина Кисела Вода, Скопје, 2010 | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| | 5. ДУП „Тафталице МЗ Владо Тасевски“ ГП 4.25, општина Карпош | |
| 7 | **Автор на идејни проекти** : (6 објекти. x 2)<br>1. Станбено-деловен објект ГП.4.1.1 (П+6+Пк), Реонски центар нас. Ѓорче Петров, Скопје -2008<br>2. Станбено-деловен објект ГП.4.1.2 (П+6+Пк), Реонски центар нас. Ѓорче Петров, Скопје -2008<br>3. Станбено-деловен објект ГП.4.1.3 (П+6+Пк), Реонски центар нас. Ѓорче Петров, Скопје -2008<br>4. Семејна куќа -Механџиски, ул. „Новопроектирана“ Долно Водно - Скопје 2008<br>5. Семејна куќа-Механџиски- Атинска – Скопје, 2009<br>6. Станбено-деловен објект, ул“Пајак“ 8-Скопје, 2010 | 12 |
| 8 | **Автор на основни проекти** : (2 проекта x 2)<br>1. Станбено-деловен објект ГП.4.1.1 (П+6+Пк), Реонски центар нас. Ѓорче Петров, Скопје -2008.<br>2. Семејна куќа -Механџиски, ул. „Новопроектирана“ Долно Водно - Скопје 2008 | 4 |
| 9 | **Стручна ревизија на идејни проекти**- автор: (3 проекта x 2)<br>1. Катна гаража „Зебра“- Капиштец, Скопје - 2007<br>2. Станична Зграда на Едноколосечна железничка пруга Куманово-К. Паланка, граница со Бугарија, 2010<br>3. Архитектонско решение за противпожарна постројка – ХЕЦ-Равен, Гостивар, 2009 | 6 |
| 10 | **Стручна ревизија на основни проекти**- автор: (7 проекта x 2)<br>1. Катна гаража „Зебра“-Капиштец, Скопје - 2007<br>2. Тунел Т1-локал. контролна станица ЈУГ- автопатска делница, европски коридор 10, - Демир Капија– Смоквице, М1(Е75) - 2009<br>3. Тунел Т1-лок. Конт. станица Север - автопатска делница европски коридор 10, Д. Капија,– Смоквице, М1 (Е75) - 2009<br>4. Тунел Т2 -локална контролна станица ЈУГ- автопатска делница – европски коридор 10, Демир Капија– Смоквице, М1(Е75) - 2009<br>5. Тунел Т2 - локалка контролна станица Север-автопатска делница - европски коридор 10, Демир Капиај– Смоквице, М1(Е75) - 2009<br>6. Станична зграда-Железничка станица на Едноколосечна железничка пруга Куманово - К. Паланка, граница со Бугарија - 2010<br>7. Контролен центар - Неготино, автопатска делница – европски коридор 10, Демир Капиај – Смоквице, М1(Е75), 2010 | 14 |
| 11 | **Стручна ревизија на урбанистичка планска документацуја- :** ( 10 плана x 1)<br>1. ЛУПД - Здравствена амбуланта - Бојане, општина Сарај, 2010 год.<br>2. ЛУПД -Здравствена амбуланта - Радуша, општина Сарај, 2010 год.<br>3. ДУПД - Жичница Скопје - Крст на Водно, Скопје 2010<br>4. ЛУПД - Бензинска станица со придружни објекти КП 2977 и дел од КП7589 согласно УП вон нас. место-КО Драчево, општина Кисела Вода - 2010 година<br>5. ДУП за дел од Б30-инд. зона Мороишта, општ. Струга- 2010 год.<br>6. ДУП „Локалитет Бирија“, ГП76 - општина Кисела Вода- 2010 год.<br>7. Стопански објект за КП 221/3 м.в. „Брборник“, општина Битола<br>8. КП 820- КО Црн Врв - општина Студеничани-2010 год.<br>9. КП 1227/2 КО Катланово - општина Петровец-2010 год<br>10. ДУП „Буњаковец 1“ – ГП 16.16, општина Центар, Скопје - 2010 година | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Член на конкурсна комисија за меѓународен конкурс за избор на идејно решение за пешачки мост на река Вардар, Скопје, 2010 | 2 |
| 13 | Член на жири-комисија за избор на студентски труд-БИСТА 2010 година | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 12 | Продекан за финансии за периодот 2009-2013 | 4 |
| 13 | Раководител на Институтот за урбанизам, 2006-2007 | 3 |
| 14 | Претседател на комисија за јавни набавки, 2008/2009 | 0.5 |
| 15 | Член на комисија за јавни набавки, 2007/2008 | 0.5 |
| 16 | Член на комисија за избор во звање (2x0.2) | 0.4 |
| 17 | Член на државна комисија за урбанизам, 2009 | 1 |
| 18 | Член на комисија за подготовка на измени на закон за просторно и урбанистичко планирање, 2009 | 2 |
| 19 | Член на комисија за измена на подзаконски акт од областа на урбанистичкото планирање, 2010 год. | 2 |
| 20 | Член на комисија за урбанизам, општина Центар-Скопје 2010 год. | 2 |
| 21 | Член на Советот на Летната школа на Архитектонски факултет, 2010 год. | 1 |
| | **Вкупно** | **106,40** |

## 4. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Во текот на изминатиот период од неговиот избор во наставно-научно звање, кандидатот вонр.проф. д-р Владимир Арсовски е ангажиран со повеќе активности на Архитектонскиот факултет и надвор од него, од кои ги бележиме:

- раководител на Институтот за просторна организација на човековата средина и член на Управата на Факултетот до 2007 год.;
- член на Советот на Летната школа на Архитектонски факултет;
- секретар на Извршниот одбор на Фондацијата „Андреја Дамјанов“ на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2010-2013 год;
- член на комисијата за јавни набавки при Архитектонскиот факултет;
- член на Програмскиот совет за подготовка на програма за полагање испити согласно Законот за градежно земјиште за добивање овластување на службени лица при општините во Р. Македонија;
- во моментов е продекан за финансии при Архитектонскиот факултет.

Вкупен број на бодови по основ на сите референцирани дејности:

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **88,45** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА и СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **26,00** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **106,40** |
| **Вкупно** | **220,85** |

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на прегледот и анализата на професионалната биографија и референтните дела, како и врз основа на личното познавање на кандидатот и неговите наставни, научни, стручни и други ангажмани, Рецензентската комисија смета дека кандидатот д-р Владимир Арсосвкси ги исполнува критериумите утврдени со Законот за високото образованиа на и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", за негов избор во наставно-научно звање - редовен професор.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, кандидатот вонр. проф. д-р Владимир Арсовски, согласно со чл. 132 од Законот за високото образованиа на РМ и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", да биде избран во звањето редовен професор.

**Комисија**

1. Проф. д-р Мирослав Грчев, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Влатко Коробар, член, с.р.
3. Проф. д-р Тихомир Стојков, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВРЗ ПОЧИТУВАЊЕТО И ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ФУНДАМЕНТАЛЕН ДЕЛ ОД ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МАКЕДОНКА РАДУЛОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Натавно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XIV редовна седница од 11.2.2011, донесе одлука за формирање на комисија за оценка на докторскиот труд поденесен од кандидатката Македонка Радуловиќ со наслов: *Влијанието на Европската унија врз почитувањето и остварувањето на правото на здравје во Република Македонија како фундаментален дел од човековите права*. Комисијата е во состав: проф. д-р Милева Ѓуровска, проф. д-р Бранислав Саркањац, проф. д-р Ило Трајковски, проф. д-р Нелко Стојаноски и проф. д-р Моме Спасовски. Во однос на изработениот докторски труд, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Тематата за која кандидатката покажува посебен интерес е доменот на човековите права со посебен осврт на правото на здравје.

Докторскиот труд со наслов *Влијанието на Европската унија врз почитувањето и остварувањето на правото на здравје во Република Македонија како фундаментален дел од човековите права* претставува студија која од една страна го разгледува правото на здравје доведувајќи го во врска со основните права и слободи на граѓаните, а од друга страна се анализираат актуелните проблеми и дилеми поврзани со реализацијата на ова право. Иако насловот наведува дека човековите права и правото на здравје ќе бидат во фокусот на анализата, во суштина овој докторски труд претставува една поширока анализа за пристапот на современите општества кон здравјето. Специфичноста на социолошкиот пристап кој во трудот е применет се огледа во тенденцијата да се расветлат повеќе аспекти поврзани со здравјето, односно: правниот аспект кој се огледа во анализата на основните човекови права и слободи при што се претставени релевантните документи кои ја покриваат оваа област (конвенции, препораки, договори, закони); културолошкиот аспект со обидот да се укаже на влијанието на културата врз самиот процес на почитување на правата и слободите на граѓаните и здравствената супкултура (културата на пациентите, културата на медицинскиот персонал, етничката припадност); политичкиот аспект кој се огледа во интервенцијата на државата во здравствената легислатива, во крирањето на здравствените политики и стратегии; социоекономскиот аспект кој се огледа во поврзаноста на здравјето со приходите, припадноста кон социјалниот статус, квалитетот на живеење.

Во првите поглавја од првиот дел се настојува на општ начин да се расветли природата на правото на здравје и неговата поврзаност со основните човекови права и слободи. Во тој контекст се ситуирани најзначајните документи (декларации, конвенции и закони) кој импицитно или експлицитно се однесуваат на правото на здравје. Кандидатката ја нагласува сложеноста при определбата на правото на здравје и, според неа, ова право најчесто се идентификува со правото на здравствена заштита, право на животен стандард кој обезбедува здравје и сл. Исто така, ја истакнува тешкотијата во вопоставувањето на граница меѓу овие категории и категориите кои ги опфаќа здравјето како поим. Така, правото на здравје е човеково право кое произлегува, односно се изведува од многу други права на човекот.

Петтото поглавје од првиот дел ги обработува различните пристапи кон правото на здравје како човеково право. При елборацијата на пристапите се поаѓа од медицинскиот пристап во кој правото на здравје е претставено како обврска на владите и на здравствените институции да обезбедат услови за реализацијата на ова право. Меѓутоа, ваквиот пристап остава простор за дилеми. Меѓу суштинските дилеми кои кандидатката ги стакнува се: доколку правото на здравје претставува обврска, тогаш чија е таа обврска; дали правото на здравје е поврзано единствено со здравствените институции. На сличен начин со истакнувањето на предностите и недостатоците на гледиштата, елаборирани се следниве теориски пристапи: Либералниот пристап каде што се прави стриктна разлика меѓу граѓанските и политичките права и социоекономските права. Во истиот контекст се истакнува значењето на позитивните и негативните права и денес доминантната либерална тенденција кон промовирање на негативните права (правата и слободите кои значат воздржување од правење на дејствија со кои се нарушува интегритетот на поединците) и позитивните права (социоекономските права со кои се врши редистрибуција на остварените добра. Особено е значајно истакнувањето на значењето на неолиберализмот, како и неговото поврзување со правото на здравје бидејќи денес таа е доминантна доктрина која ги осмислува општествените процеси. Во истото поглавје е разработено влијанието на глобализацијата врз здравјето, односно нејзиние негативни ефекти (климатските промени, загадувањето на почвите, експанзијата на генетичкото земјоделство) и борбата на човештвото пртив старите болести кои со глобализацијата се распострануваат брзо (колерата, туберкулазата) како и новите болести, како што е тоа примерот со сидата, но и позитивните аспекти (подигање на здравствената култура на популацијата и пристап до нови знаења и медицински искуства).

Шестото поглавје се однесува на здравството и човековите права. Тука е истакната разликата меѓу медицината (која се фокусира на здравјето на индивидуата) и здравството кое се фокусира на здравјето на целокупната популација. Тука повторно е потенцирана констатацијата дека современите дебати за здравјето и за здравството ретко кога ги вклучуваат човековите права. Иако не многу експлицитно, кандидатката дава објаснување за добивката на здравството доколку се почитуваат човековите права, односно правото на здравје. Во ова поглавје е разработена детално Декларацијата за промовирање

на правата на пациентите, донесена од Светската здравствена органзаиција во 1996 година, како и деталното претставување на правата на пациентите.

**Вториот дел** од трудот се однесува на социјалните аспекти на правото на здравје, односно на значењето на општествените фактори (вработувањето, социјалната сигурност, образованието, приходите, квалитет на живеење) врз здравјето. Истакното е дека постојат значителни разлики во поглед на здравјето кај различни општествени групации. Имено, сиромаштијата ги погодува поосетливите групи (жените, децата, старите лица), здравјето на лицата со повисоки приходи е подобро од здравјето на лицата со пониски приходи. Припадниците на повисоките класи имаат подобро здравје од припадниците на подолните класи.

Во овој дел се претставени основните здравствени индикатори со кои се споредуваат состојбите меѓу земјите во светот. Како позначајни се истакнати: смртноста на доенчињата со фокус на Р. Македонија и очекуваниот животен век (life expectancy) со оглед на очекуваното траење на животот во добро здравје и просечното траење на животот. Во истото поглавје даден е преглед на заболовањата, односно болестите кои се најраспространети меѓу светската популација, но и во Р. Македонија каде што е претставен податокот дека македонската популација најмногу страда од кардиоваскуларните болести (57% од смртните случаи) и невропсихијатарските болести.

Меѓу општествените фактори кои влијаат врз здрвјето е социоекономскиот статус кој е измерен преку приходите, образованието, работниот статус и занимањето. Во овој контекст е констатирно дека сиромаштијата е главниот загрозувач на здравјето на луѓето.
Како фактор на кој му се дава особено значење во трудот, а кој е тесно поврзан со правото на здравје, е дискриминацијата. Иако во современите општества преку нормативниот систем (уставите, законите, конвенциите) се гарантираат правата на луѓето, сепак остварувањето на човековите права наидува на ограничувања. Дискриминацијата според половата припадност влијае врз маргинализацијата на жените, а со тоа го загрозува и правото на здравје. Од друга страна, статистиката покажува дека жените денес се изложени на различни видови на насилство (семејно, насилство преку сексуалниот чин, мобинг) со што значително се доведува во опасност нивното здравје. Кандидатката посебно го елаборира фактот според кој жените се во поголема мера изложени на ризикот од заболувања поради нивната прокреативна улога. Се истакнува дека чинот на раѓањето не е само биолошки факт, туку и општествен факт кој се поврзува со развојот на нацијата и иднината на општеството. Затоа е од особено значење грижата на државата во овој домен, како и големото разбирање за посебните женски права. Исто така, меѓу факторите кои според кандидатката особено влијаат на правото на здравје е културата која преку системот на вредности кои во неа се развиваат може да го загрозува здравјето, или да оди во прилог на одржување на добро здравје. Без подетално определување на самата култура и без да се операционализира таа, кандидатката дава кус осврт на културата на јавно здравје истакнувајќи дека во Р. Македонија сè уште е големо влијанието на вредностите кон јавното здравје наследени од минатиот систем. Културата на јавно здравје денес е во формирање, процес кој паралелно се одвива со многубројните реформи кои се реализираат во јавното здравство. Посебен интерес во овој дел предизвикува

анализата на културната димензија на односот лекар-пациент кадешто се претставени различни модели на односи, како и влијанието на културата на здравствените работници врз здравјето на пациентите. Кусиот осврт врз ситуацијата во Р. Македонија само ја наметнува констатацијата за несоодветниот однос на здравствените работници во јавното здравство кон пациентите, и спротивно, за коректниот однос во приватното здравсто.

**Третиот дел** најнапрад се осврнува на основните документи со кои се гарантира и штити правото на здравје на светско ниво, на ниво на Европската унија, но и во нашиот национален контекст. Анализата започнува со Универзалната декларација за човековите права на Обединетите нации, потоа Европската конвенција за човековите права на Советот на Европа, Европската социјална конвенција усвоена од Советот на Европа, Конвецијата за правата на децата, Конвенцијата за заштита на човековите права и достоинството на луѓето во поглед на примената на биологијата и медицината, Декларацијата од Алма-Ата, Декларацијата од Отава, Амстермдамската конференција за правата на пациентите и други документи од меѓународен карактер кои имаат регулирачка улога во доменот на здравјето. Исто така, кандидатката дава суштински осврт на основните документи кои преку кои во Р. Македонија се гарантира правото на здравје како фундаментален дел од човековите права. Станува збор за конклузии извлечени од Уставот на Р. Македонија, Законот за здравствена заштита, Законот за здравствено осигурување, Закон за заштита на правата на пациентите, Законот за лекови, Законот за заштита на здравјето при работа. За овие анализи на трудот може да се каже дека се суштински и дека одат во прилог на аргументацијата за развиеноста на легислативата што претставува значаен чекор кон почитувањето и остварувањето на правото на здравје.

Во третиот дел, едно од поглавјата е посветено на механизмите преку кои се остваруваат здравствените права во ЕУ и во Р. Македонија. Според кандидатката, ЕУ покажува голема иницијативност и вложува големи напори за усвојување и имплементирање на конвенциите за човековите права на Советот на Европа. Исто така, истакнато е дека почитувањето на човековите права и владеењето на правото претставуваат основните столбови врз кои се заснова ЕУ. Се очекува од земјите-кандидати да ги вградат овие принципи во нивните легислативи. Всушност, почитувањето на човековите права претставува еден од основните услови кои државите-аспирантки, или кандидатки треба да ги исполнат за влез во Унијата. Се очекува дека правото на здравје ќе се почитува онолку колку што ќе се почитуваат и другите права и слободи на граѓаните, иако станува збор за право кое е многу поспецифично и директно е поврзано со биолошкиот интегритет на поединците.

Во третиот дел кандидатката се осврнува на здравствената политика на ЕУ. Иако секоја држава-членка на ЕУ има свои посебни специфичности кои се во согласност со традициите, во ЕУ во последните две декади се забележуваат посериозни напори за конституирање на една заедничка здравствена политика. Покрај здравствените цели и здравствената стратегија, ЕУ промовира заеднички пристап кон здравјето со напори за остварување на заедничко здравствено осигурување во државите-членки. Во овој дел од трудот е анализиран пристапот на ЕУ кон здравјето кој се огледа во постојаното следење на состојбите со болестите и нивната поврзаност со определени општествени

фактори. За да го заштити здравјето на граѓаните, ЕУ дејствува со правни (забрани за алкохол, забрана за пушење во јавни простории) и економски мерки (зголемени такси за производите кои го загрозуваат здравјето).

Во последниот дел од третото поглавје е анализирана здравствената политика во Р. Македонија. Всушност, станува збор за поглавјето кое треба да ја аргументира основната претпоставка од која е појдено во изработката на докторската дисертација, т.е. дека почитувањето на правото на здравје во Р. Македонија како фундаментален дел од човековите права е под влијанијата на Европската унија. Според кандидатката, подготовката за интегрирање нужно го вклучува сегментот на урамнотежување на законодавството на државите-аспиранти со заедничката легислатива на ЕУ. Меѓутоа, хармонизацијата на законодавството, како и создавањето на условите за реализацијата на прокламираните права не се остварува автоматски. Тоа се реформи кои траат долго. Така е во случајот со Р. Македонија каде што почитувањето и остварувањето на правото на здравје, како и другите права и слободи, се во почетната фаза. Со право е изнесена констатацијата за значајната улога на владите во промоцијата на правата и во создавањето на општествени услови за нивно остварување, вклучувајќи го тука и правото на здравје. Во тој контест е даден преглед на значајните докумнети (Акциските програми на Министерството за здравство, Здравствениот систем подготвен за членство во Унијата). Како особено значаен документ со кој ќе се дејствува на подобрувањето на состојбите во здравството е наведена Здравствената стратегија на Р. Македонија до 2020 година. Меѓу факторите кои влијаат на неможноста да се оствари правото на здравје, според кандидатката, не се физичките индикатори (болничка инфраструктура и медицински персонал), туку неорганизираноста на здравствените институции, недоволната техничка опременост, како и односот на медицинскиот персонал. Во истото поглавје се наведени основните проблеми со кои се соочува јавното здравство во Р. Македонија (губење на хуманите принципи, непостоење на свест за водење на здравствена политика од страна на општеството, но и од страна на поединците, недефинирано здравствено осигурување, корупција во здравството).

**Четвртиот дел** од трудот е посветен на правото на здравје во Р. Македонија. Овој дел има емпириски карактер, т.е. насочен е кон согледување на општествените практики во поглед на почитувањето и остварувањето на правото на здравје. При тоа се користат секундарни извори, т.е. се интрпретираат и претставуваат резултатите од веќе објавени истражувачки студии, но и за целите на овој докторски труд е реализирано едно емпириско истражување од страна на кандидатката. Емпириската анализа започнува со претставување на определени демографски и социоекономски карактеристики на популацијата во Р. Македонија, што е сосема коректно со оглед на поставениот проблем.

Емпириското истражување е спроведено со 300 испитаници, анкетирани преку телефон. Оваа бројка не може да ги задоволи критериумите за репрезентативност на примерокот поради што не е можно да се изведат генерализации со проверена научна доследност. Меѓутоа, со оглед на фактот што претставува индивидуален труд кадешто условите за доследни емпириски истражувања се ограничени добиените резултати можат да укажат на опрделени тенденции во истражуваната област. Стрктурата на примерокот е

рамномерна со оглед на варијаблите: пол, возраст, приходи, етничка припадност и место на живеење. Индикаторите кои кандидатката ги преточила во прашања во анкетниот прашалник (стандардизиран прашалник) се сосема оперативни во поглед на изучуваниот проблем (ставовите на поединците за нивното здравје, ставовите кон здравствениот систем, односот на здравствниот персонал кон пациентите, за информираноста за човековите права и правото на здравје).

Анализирајќи ги податоците од сопственото истражување, кандидатката донесува определени констатации со кои ги прикажува состојбите во здравството во нашата држава. Така, 61% од испитаниците не мислат дека нивното здравје било некогаш загрозено поради ненавремена и несоодветна медицинска помош (наспроти 37% кои сметале дека нивното здравје било загрозено). Вкрстувањето со независните варијабли (место на живеење, образование, етничка припадност, приходи) покажува инверзност во поглед на општите тврдења дека лицата од подолните нивоа имаат полош медицински третман. Добиените податоци кандидатката ги објаснува со фактот дека лицата со повисоко образование и со повисоки примања се поупатени во правото на здравје, а со тоа и нивните очекувања се поголеми. Во поглед на односот на медицинскиот персонал кон пациентите, 40% од испитаниците изјавиле дека биле изложени на понижувачки и непрофесионален однос на медицинскиот персонал. Во поглед на дискриминацијата по етничка основа од страна на медицинскиот персонал, добиен е интересен податок, т.е. дека албанската популација и другите помали етнички групи се значително подискриминирани од македонската популација. Меѓутоа, со оглед на малата застапеност на припадниците на етничките групи во примерокот, заклучоците треба да се прифатат со резерви.

Еден од главните аргументи за расветлување на проблемот со правото на здравје кандидатката го пронаоѓа во прашањето за информираноста на граѓаните за нивните права, т.е. правото на здравје. Според добиентите податоци, 73 од анктираните сметале дека јавноста не доволно информирана за овие права, а 70 % одговриле дека здравствените работници никогаш не ги информирале за нивните права како пациенти. Преку останатите прашања кандидатката прави обид да продре во факторите кои влијаат на здравјето на граѓаните во Р. Македониаја (начинот на исхрана, рекреацијата, лошите работни услови). Сепак, како констатација оја треба да се спомене е дека она што најмногу се одразува врз здравјето на граѓаните преставува нискиот животен стандард и социоекономската несигурност што поставува многу дилеми во поглед на здравјето. Голем е процентот на граѓани кои сметаат дека мора да штедат за да можат да користат подобри здравствени услуги (75%).

## Заклучок и оцена во однос на докторскиот труд

Внимателно анализирајќи ги содржините во докторскиот труд, Комисијата оцени дека станува збор за труд од област со исклучително општествено значење. Современите развиени општества се демократски општества и нивниот развој значително се темели врз почитувањето на човековите права и слободи. Со оглед на тоа, овој докторски труд станува значаен, не само поради актуелноста на проблематиката и потребата од градење на систематски политики во овој домен, туку поради тоа што станува

збор за здравјето како витален сегмент од егзистенцијата на луѓето кој е незначително проучуван од аспектот на општествените науки. Специфичноста на овој труд е во тенденцијата да се разгледаат најзначајните општествени фактори кои се поврзани со здравјето на луѓето во една општествена заедница, односно преку анализата на правото на здравје како фундаментален дел на човековите права се опфаќа целокупниот општествен контекст. Во трудот отворено се разгледуваат многу прашања поврзани со функционирањето на здравствените системи кои најдиректно се поврзани со почитувањето и остварувањето на правото на здравје.

Станува збор за исклучително сложена проблематика која поврзува повеќе области (право, политика, култура, образование). Кандидатката покажува оригиналност во идејата за поврзување на правото на здравје со основните права и слободи, иако ова право не припаѓа кон оваа група на права. Може да се каже дека поимната операционализација е мошне успешна и токму на овој сегмент е посветено повеќе внимание. Меѓутоа, според мислењето на Комисијата, кандидатката недоволно го систематизирала подрачјето на документите од кои произлегуваат основните човекови права и правото на здравје во тој контекст. Исто така, се препорачуваат определени дополнувања во сегментот на механизмите инхернтни на ЕУ во реализацијата на остварувањето на човековите права и реализацијата на политиките кој не е доволно развиен во трудот. Иако кандидатката дава мошне елаборирана анализа и засновани заклучоци на основните документи кои ја регулираат материјата во доменот на здравството во Р. Македонија, останува да се воспостави врската со Европската унија што е основна претпоставка во трудот.

Со цел да се постигне поголема конзистентност и поголема јасност на трудот, Комисијата сугерира завршна доработка на докторскиот труд кој ќе следи во наредната етапа.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Милева Ѓуровска (ментор) с.р.
Проф. д-р Бранислав Саркањац (член) с.р.
Проф. д-р Ило Трајковски (член) с.р.
Проф. д-р Нелко Стојаноски (член) с.р.
Проф. д-р Моме Спасовски (член) с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ АНДРАГОГИЈА И ПЕДАГОГИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, бр. 04-776/7 од 20.4.2011 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден помлад асистент за научните области андрагогија и педагогија, на Филозофскиот факултет во Скопје.

На конкурсот за избор во наставно-научни и соработнички звања, објавен од страна на деканот на Филозофскиот факултет, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје, на 14.4.2011 во весникот „Дневник“ и „Лајме“ се пријавиле кандидатите м-р Наташа Анѓелеска, м-р Марија Апостолова и м-р Елена Ризова за избор на еден помлад асистент за научните области андрагогија и педагогија.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставената документација го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**<u>Податоци за кандидатката м-р Наташа Анѓелеска</u>**

**Биографски податоци:**

М-р Наташа Анѓелеска е родена на 23.5.1974 година во Охрид, Република Македонија.

Универзитетски додипломски студии има завршено во 1997 година на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со одбрана на дипломскиот труд под наслов „Фактори за асоцијално однесување кај адолесцентите“. Во истата образовна институција, во 2007 година, ги завршила своите магистерски студии (просечна оцена 9,16) со одбрана на магистерската теза под наслов „Карактеристики на ефективно училиште во Република Македонија“ и се стекнала со звањето магистер на педагошки науки.

Во изминатите 12 години кандидатката работи како програмски координатор на програми за деца и млади при Фондацијата „Институт отворено општество – Македонија“.

**Стручно-научна дејност:**

Во периодот од 2001 до 2007 година кандидатката учествувала на повеќе меѓународни настани, како:

- Wolwerhampton, England, 32nd Annual Conference ATEE, "Equity and Diversity in Teacher Education", Telford Campus, Wolverhampton, 2007;
- Порторож, Р. Словенија, *"Co-operative partnerships in Teacher Education, 31st ATEE Conference"*, организирана од Националната школа за директори и Педагошкиот факултет во Љубљана, 2006;

- Лондон, Велика Британија, *"Обука за наставни методи насочени кон ученикот"*, организирана од "World Learning" канцеларија во Скопје, 2005;
- Education and Open Society: A critical look at New Perspectives and Demands, Conference, Budapest, Hungary, 2005;
- *Creative Teaching and Learning Project*, студиска посета, Seattle, WA, USA, 2004;
- MAPA training, SEE Community Centers Project, Durres, Albania, 2003;
- Community Center Project, Evaluation methods, Budapest, Hungary, 2002;
- Community Centers Project, Public Relations and Networking, Budapest, Hungary, 2001;
- *Transfrontier cooperation in the border regions of the FR Yugoslavia*, Bulgaria and Macedonia, Council of Europe, Nis, Serbia, 2001;
- *Twinning of sites of citizenship - Education for Democratic Citizenship*, Council of Europe, Borovec, Bulgaria, 2001;
- Community Centers Project, Volunteerism and Partnerships, Budapest, Hungary, 2001.

Во периодот од 1998 до 2011 година кандидатката извршува повеќе професионални ангажмани во сферата на образованието при ФИООМ – Скопје, како:

- програмски координатор на проектите: „Креативна настава и учење" и „Програма за образование на РОМИ";
- национален координатор за Македонија за меѓународен проект за „Центри во заедниците во земјите од ЈИЕ" и за проектот „Младински иницијативи 2000 во ЈИЕ";
- асистент на програми за обука на наставници, како „Учиме право", Со читање и пишување до критичко мислење, „Дебата" и младински програми.

Во текот на својот професионален ангажман, м-р Наташа Анѓелеска стекнала одлични организациски и стручни компетенции во сферата на образованието, особено во обласа на образованието и обуката на наставниците.

Објавени трудови: Во периодот од 2001 до 2009 година, м-р Наташа Анѓелеска има објавено 5 самостојни и 1 коавторски стручен труд:

- Angjeleska, N. *"In-service teacher training on education for Social Justice"*, Conference paper at 12th International Conference on *Inclusive Education in the Balkan Countries: Policy and Practice*, Ohrid, 25-27 June 2009;
- Angjeleska, N. *"New challenges for schools and teachers"*, објавен во Зборник на трудови на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, 2008 година;
- Angjeleska, N. *„Education for Social Justice in the initial teacher training programs"*, објавен на http://www.atee2Q07.orq.uk/papers.html;
- Анѓелеска, Н. *Потреби за редизајнирање иа работата на наставничките факулшети во Македонија*, објавен на: http://www.see-educoop.net/portal/tesee.htm;
- Јаневски Георгиевска В., Кузманоска И., Анѓелеска Н. *Современи тенденции во високото образование и нивната апликативност во терцијалното ниво на образование*, Научен собир на педагошките работници во РМ, Зборник, 2001;

- Анѓелеска, Н. *Стратегии за решавање на младинските прашања во РМ", НВО саем – 3. Форум на граѓанското општество во Македонија.*

Кандидатката била уредник и коуредник на 3 прирачници: „Училишни стандарди за оценување во основното образование: Импликации во иницијалната подготовка на наставниците во РМ" (Скопје, 2007), „Со читање и пишување до критичко мислење„ (ФИООМ, 2004) и „Учиме право" (ФИООМ, 2001).

Јазични компетенции: Кандидатката располага со одлично познавање на македонскиот, англискиот, српско и хрватскиот јазик.

Други вештини: Кандидатката поседува вештини за користење на Word, Exel, Power Point, Outlook и Internet.

Членување во професионални тела: Во периодот од 2000 до 2004 година, м-р Наташа Анѓелеска е член на Стратешко-партнерската група за образование за човекови права.

Врз основа на увидот од приложената документација може да се заклучи дека кандидатката м-р Наташа Анѓелеска има изградено педагошки пристапи и компетенции кои ѝ овозможуваат самостојна научноистражувачка работа во областа на образованието. Има изградено сопствен стил на презентирање на образовните појави и способност за нивно проучување. Таа се одликува со организациски, управувачки и стручни квалитети кои доаѓаат до израз на проектно ниво. Во текот на нејзиниот професионален ангажман има стекнато искуство во работа и контакти со образовни работници кое ѝ овозможува слобода и сигурност во научноистражувачката дејност. Слабостите кај кандидатката се во сферата на универзитетскиот континуитет, наставното искуство и андрагошкото подрачје.

**Податоци за кандидатката м-р Марија Апостолова**

**Биографски податоци:**

М-р Марија Апостолова е родена на 28.11.1985 година во Скопје, Република Македонија.

Универзитетските студии од прв циклус ги има завршено во 2008 година на Институтот за педагогија– училишно подрачје при Филозофскиот факултет - Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со одбрана на дипломскиот труд под наслов „Дизајнирање на педагошка работилница". Студиите кандидатката ги завршила со средна оценка 10, за што има добиено пофалница од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во истата образовна институција, во 2010 година, кандидатката ги завршила своите-магистерски студии (просечна оцена 10) со одбрана на магистерската теза под наслов: „Оценување на студентите според Европскиот

кредит-трансфер систем" и се стекнала со научен степен магистер на педагошки науки.

Во периодот од 2008 до 2011 година м-р Марија Апостолова е ангажирана како демонстратор по предметите: дидактика на јазично подрачје (Институт за педагогија), дидактика на уметничко подрачје (Институт за педагогија), наставна комуникација и комуникација (Институт за педагогија), образовна инклузија на маргинални групи (Институт за педагогија), педагогија (Институт за психологија/социологија), педагогија 1 и педагогија 2 (Институт за филозофија/класични студии), педагогија за наставници (Институт за историја).

Во периодот 16.7.-30.9.2007 година работела како волонтер во Одделението за старателство при ЈУМЦР на град Скопје.

Во периодот 1.10.-1.11. 2007 работи како волонтер во Дневен центар при НВО – За правата на децата – Скопје.

Во 2009/2010 година е ангажирана како помлад соработник во Секторот за локален развој на општина Гази Баба.

Во 2010/2011 година е ангажирана како соработник во Одделението за стручно-административни активности во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија.

**Стручно-научна дејност:**

Во текот на 2009 година м-р Марија Апостолова учествувала на обуките за прекугранична соработка и за втората (Скопје, CBIB) и третата ИПА-компонента (Скопје, ФОНДАЦИЈА ЕВРОЦЕНТАР), како и на обуките за регионален пазар на труд (Маврово, SLOVAKAID и ЗЕЛС) и подигнување на јавната свест за малцински права (НВО ФРАКТАЛ ).

Во 2003 година учествувала на 11. и 12. Конференција на MMUN и презентација на државата Перу, одржана во Прилеп, а во 2009 година учествувала на Семинар за интеркултурно образование (Битола, НВО Сумнал и ОБСЕ), за што добива соодветни сертификати за учество. Во 2003 година учествувала на Семинарот на Blue Sky мрежата, во организација на British Council. Истата година имала презентација на ДСУ „Панче Арсовски" во Охрид (CRS) .

Покрај овие активности, во 2008 и 2009 година кандидатката земала активно учество во манифестацијата: Денови на наука и образование - презентација на Институтот за педагогија, во организација на УКИМ и град Скопје.

Во периодот од 2009 до 2010 година кандидатката учествувала на два меѓународни собира и има прифатено апстракт за учество на меѓународна конференција која треба да се одржи во 2011 година.

- 12. Меѓународна конференција ..Inclusive Education in the Balkan Countries: Policy and Practice", Балканското здружение за педагогија и Филозофскиот факултет, 25 -27 јуни 2009 година, Охрид, Реферат на тема "Educational inclusion of the Roma children" (Образовна инклузија на децата Роми). (член на организациски одбор и член на уредничкиот одбор за Книгата на апстракти);

- 13. Меѓународна конференција ICT in the education of the Balkan Countries", Балканско здружение за педагогија и Универзитет „Св. Климент Охридски" од Софија, 17-19 јуни 2010 година, Варна, Р. Бугарија, коавтор на реферат на тема "Computers in music education";

Објавени трудови: Кандидатката има објавено еден самостоен и еден коавторски труд.

1. Apostolova, M. (2009) *Educational inclusion of Roma children,* Thessaloniki: Kyriakidis Brothers
2. Vitanova, A., Apostolova, M., (2010) *Computers in music education,* Varna

Во доставените материјали на кандидатката е наведен и трудот *Assessment of students according to the European credit transfer, system* (апстракт), за конференција која сè уште не се одржала.

Јазични компетенции: Кандидатката располага со одлично познавање на македонскиот јазик, има завршено II степен за познавање на англискиот јазик, и IV степен за познавање на италијанскиот јазик. Во својата биографија кандидатката навела дека го владее и францускиот јазик.

Други вештини: Кандидатката поседува вештини за користење на MS OFFICE: Word, Exel, Power Point и Internet.

Членување во професионални тела: член во Управниот комитет за изработка на Потстратегија за рурален развој на општина Гази Баба, член во Управниот комитет за изработка на Стратегија за управување со ризици на општина Гази Баба и член на НВО Младински совет во општина Гази Баба.

Од приложената документација може да се согледа дека кандидатката м-р Марија Апостолова е млад, амбициозен и надежен наставно-научен подмладок. Во нејзините ангажмани и трудови се препознава нејзината желба да ги проучува образовните феномени кои доминантно се фокусирани во педагошко-дидактичката сфера. Поради малиот број на објавени трудови не може да се изради став за нејзиниот научно-истражувачки потенцијал и стил на пишување. Но, очигледно е дека кандидатката својот интерес го насочила во општо-педагошката и дидактичко –методичката сфера на образованието. Недостаток на кандидатката е што во изминатиот период не покажала интерес да се занимава со андрагошката проблематика која е значајна компонента на овој конкурс и очекувањата од избраниот кандидат. Сметаме дека кандидатката има добра иднина во подрачјето кое го избрала за свој интерес.

**<u>Податоци за кандидатката м-р Елена Ризова</u>**

**Биографски податоци**

М-р Елена Ризова е родена на 20.10.1982 година во Скопје, Република Македонија.

Универзитетските студии од прв циклус ги има завршено во 2005 година на Институтот за педагогија– андрагошка насока при Филозофскиот факултет - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со одбрана на дипломскиот труд под наслов „Видови примероци во педагошките истражувања“. Студиите кандидатката ги завршила со средна оценка 8.91 за што има добиено пофалница од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во истата образовна институција, во 2008 година, кандидатката ги завршила своите магистерски студии (просечна оценка 10) со одбрана на магистерската теза под наслов: „Оспособеност на студентите за самоучење “ и се стекнала со научен степен магистер на педагошки науки.

Во периодот од 2005 до 2011 година м-р Елена Ризова била ангажирана како демонстратор по предметите: статистика и методологија на истражувањата, дидактика, училишна педагогија, ИКТ во наставата, општа дидактика 1, општа дидактика 2, основи на андрагогијата, андрагошка дидактика, групна динамика и андрагошки теории.

**Стручно-научна дејност:**

Во периодот од ноември 2002 до денес кандидатката остварува повеќе ангажмани на проектно ниво, како:

- методолошки истражувач и аналитичар за проектот „The evaluation of the secondary VET education in Republic of Macedonia”, нарачан од Европската фондација за обука (ETF) од Торино, Италија;
- статистички истражувач и аналитичар за проектот „Macedonia Conditional Cash Transfer Project (CCTP)”, нарачан од Министерството за труд и социјална политика, Скопје ;
- тутор на студенти во областа на дидактиката со договор на НВО „РОМАВЕРЗИТАС”, Скопје ;
- помлад соработник на проектот „Клучни компетенции за доживотно учење” како дел од програмата за „Иновации и учење”, раководен од Европската фондација за обука (ETF) од Торино, Италија;
- учество во проект „Истражување и градба на капацитети за културни и уметнички институции”, раководен од Министерството за култура на Р.Македонија;
- оценувач на тестови за читање со разбирање во Бирото за развој на образованието - Одделение за оценување, при Министерството за образование и наука;
- учество во проект „Образовните потреби на децата роми”, раководен од ФИООМ, Скопје;

- уредник и презентер на информативна телевизиска емисија на англиски јазик ИНФОМАК на Канал 5 телевизија;
- учесник во попишувањето на населението на Р.Македонија, раководено од Заводот за статистика, Скопје.

Покрај овие активности, кандидатката земала активно учество во манифестациите: Отворен ден на Филозофскиот факултет во Скопје, како презентер на студиските програми од Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Во изминатиот период кандидатката учествувала на повеќе обуки и научни и стручни собири:

- учество и добиен сертификат за постигнат висок резултат (оценка А) на Интернационалниот летен универзитет, Курс за образовни методологии;
- учество и добиен сертификат за завршена напредна обука за вештини на комуникација, градење заедници и разрешување конфликти, како и за посредување искуствени работилници, одобрен од проектот „Алтернативи на насилство“ на Филозофскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- учество на семинар за „Креативна настава и учење”, организиран од ФИООМ, спонзориран од USAID во Охрид;
- учество на семинарот за „Социјална правда”, организиран од ФИООМ, спонзориран од USAID во Охрид;
- учество на Интернационалната конференција за претприемништво, иновации и регионален развој, во Скопје и Охрид;
- учество на Интернационалната конференција за доживотно образование, организирана од BASOPED во Конија,Турција;
- учество на Интернационалната конференција за инклузивно образование во земјите од Балканот: теорија и практика, организирана од BASOPED во Охрид, Македонија (член на Организацискиот одбор);
- учество на обука за употреба на библиотечни софтвери, организирана од МЕБ (Македонски електронски библиотеки) и НУБ (Национална и универзитетска библиотека) во Скопје, Македонија;
- учество на Првиот форум за човечки ресурси во Република Македонија со наслов „Напреден организациски развој низ развојот на вработените”, организиран од страна на Triple S Learning i Humanopolis во Скопје, Македонија.

Објавени трудови: Кандидатката има објавено два самостојни и два коавторски труда:

- Dimova, E., Rizov,T.: “Supply-chain management - the key for improving Macedonian SME’s competitiveness”, International Conference for entrepreneurship, innovation and regional development (ICEIRD 2008), Skopje and Ohrid, Macedonia, May 2008;
- Dimova, E.: ”The concept of lifelong learning at the university “Ss Cyril and Methodius” in Macedonia” , International Conference on the Further education in the Balkan countries (BASOPED 2008), Konya, Turkey, October 2008;

- Rizova, E.: " School drop-outs as a vulnerable group in Macedonian society", 12th International Conference on Inclusive Education in the Balkan Countries: Theory and Practice (BASOPED 2009), Ohrid, Macedonia, June 2009:
- Rizova, E., Sapundzieva, K.: "Phenomenon of giftedness in Macedonian educational system", First International Conference on Talented and gifted creators of progres (theory and practice), Bitola and Ohrid, Macedonia, October 2009.

Јазични компетенции: Кандидатката располага со одлично познавање на македонскиот јазик, има завршено највисок степен (А) за познавање на англискиот јазик, одлично познавање на францускиот јазик и основно познавање на шпанскиот јазик. Во својата биографија кандидатката навела дека го владее и бугарскиот јазик.

Други вештини: Кандидатката поседува:

- напредно познавање на MS Windows, MS Office (Word, Excel, Access, Power Point), Internet explorer;
- основно познавање на Corel Draw;
- напредно познавање на SPSS (статистички софтвер за обработка на научни податоци од општествените науки).

Од приложената документација може да се согледа дека кандидатката м-р Елена Ризова претставува млад, амбициозен и квалитетен педагошки работник. За краток временски период кандидатката се стекнала со големо искуство во проучувањето на педагошките и андрагошките појави и проблеми. Има учествувано во повеќе домашни и меѓународни научноистражувачки проекти кои се добра основа за развој на нејзините компетенции за идната самостојна научноистражувачка работа во образовната сфера. Нејзиниот интерес има широк дијапазон и е фокусиран како во педагошкото – така и во андрагошкото подрачје. Во текот на нејзиниот ангажман како демонстратор, кандидатката подеднакво стекнува искуство за работа во овие две наставно-научни подрачја. Од приложените објавени трудови може да се заклучи дека кандидатката има сигурност и сопствен пристап во проучувањето на педагошко-андрагошките прашања. Нејзините методолошки компетенции се добра основа за натамошна научноистражувачка кариера.

## ЗАКЛУЧЕН ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејностите од поширок интерес, Рецензентската комисија и дава целосна предност на кандидатката м-р Елена Ризова, која во изминатиот период покажува континуиран стручен и научен напредок во доменот на педагошко-андрагошката сфера и дава прогресивен стручен и научен придонес во оваа област. Станува збор за кандидат кој има изградено силни компетенции за наставна и научноистражувачка работа. Таа е

единствената од трите кандидатки која поседува наставно-научно искуство и покажува резултати соодветни за двата предмета по кои се избира, т.е. андрагогијата и педагогијата.

Анализата на наставно-образовните, научноистражувачките и стручно-апликативните активности, нејзиниот сериозен пристап кон извршувањето на обврските, инвентивноста, трудољубивоста и залагањето во работата со студентите, дефинитивно потврдуваат дека кандидатката м-р Елена Ризова е исклучително квалитетен и перспективен научен работник.

Земајќи предвид изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да донесе одлука за избор на м-р Елена Ризова во звањето помлад асистент по предметите андрагогија и педагогија.

Скопје, 4.5.2011

Рецензентска комисија

Проф. д-р Зоран Велковски, с.р.
Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.
Проф. д-р Вера Стојановска, с.р.

**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ОПШТА ИСТОРИЈА НА НОВИОТ ВЕК, СОВРЕМЕНА ИСТОРИЈА (ДО ОКОЛУ 1800) И СОВРЕМЕНА ИСТОРИЈА (1800 ДО 1914) НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Референтите што ги избра Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XVII редовна седница, одржана на 20.IV 2011 година, благодарат за укажаната доверба и го поднесуваат следниов

ИЗВЕШТАЈ

по повод пријавата на м-р Никола Минов на конкурсот објавен во весникот "Дневник" од 13. IV 2011 година.

I

М-р Никола Минов е роден на 8 септември 1979 година во Скопје. Во родниот град ги завршил основното и средното образование. Во 2004 година се запишал на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје, којшто со просек 8,9 го завршил во 2008 година. Истата 2008 година запишал постдипломски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Филозофски факултет - Институт за историја, од областа историја на Македонија во новиот век. По положувањето на сите испити со просечна оценка 10,00, на 17 февруари 2011 година го одбранил магистерскиот труд под наслов *Романскаѿа ѿроѿаіанда во Македонија и ароманскоѿо ѿрашање (1860-1903)* и се здобил со научен степен магистер на историски науки.

Во текот на постдипломските студии, м-р Никола Минов има објавено неколку статии поврзани со современата историја. Исто така, за време на студиите престојувал на научен собир во Варшава (Полска) - "The Politics of culture, Perspectives of stateless nationalities and ethnic groups" – University of Warsaw, Poland, April 9-10, 2010.

II

Во текот на своето студирање, м-р Никола Минов покажа голем интерес кон проблематиката поврзана со историјата на новиот век. Тој ги искористил погодните услови што му биле дадени за да го задоволи својот интерес и приврзаноста кон историската наука. Тоа било прифатено од неговите професори. Од оваа област изработил солидни семинарски работи кои му овозможиле понатаму да напредува во својата животна определба.

Интересот, професионалноста и љубовта кон историската наука кај м-р Минов се евидентни во неговиот магистерски труд *Романскаѿа ѿроѿаіанда во Македонија и ароманскоѿо ѿрашање (1860-1903)*. Постојано имајќи ја научноста во прв план, м-р Никола Минов детално, објективно и документирано го разгледува романското пропагандно дејствување во Македонија и дава голем придонес кон прашањето за оваа досега неистражена проблематика од македонската историја. Разгледувајќи ги корените на романската пропаганда во Македонија, нејзините подеми и падови, целите и

средствата користени за остварување на романската просветно-религиозна политика во Македонија, Никола Минов дебатира, прифаќа или отфрла веќе донесени заклучоци од светската историографија, поставува прашања, дава одговори и на сликовит начин ни ја доловува македонската реалност кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Трудот е придружен со бројни објаснувачки фусноти и богата библиографија од најразлична провениенција.

М-р Никола Минов во конкурсната пријава ги наведува следниве објавени трудови:

1. Борбата на Ароманците од Македонија за сопствени училишта и цркви согледана преку дејноста на семејството Машу од Велес, Документи, VII/1, Скопје, 2010, 1-14.
2. Грчките злосторства врз Ароманците за време на балканските војни (1912-1913), Документи, VII/1, Скопје, 2010, 15-25.
3. Ароманците и Кресненското востание (1878-1879 Г.), Документи, VII/2, Скопје, 2010, 1-12.
4. Еден необјавен документ за ароманските цркви во Битолскиот вилает, Документи, VII/3, Скопје, 2010, 1-20

Кандидатот м-р Никола Минов има поднесено документи за познавање на англискиот и италијанскиот јазик, а го владее и романскиот јазик.

Општо земено, се добива впечаток дека кандидатот, во историографска и методолошка смисла, владее со основните методолошки нормативи и техники при обработката на историскиот материјал, тема, проблем и сл.

## ПРЕДЛОГ

Поаѓајќи од нашите погоре наведени констатации, уверени сме дека м-р Никола Минов е личност кај која евидентно е присутна истражувачката преокупација кон продлабочување и проширување на сопствените научни хоризонти. Се надеваме дека и во иднина ќе постигнува нови и бележити резултати во истражувањето на историјата на новиот век.

Оттука, слободни сме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложиме м-р Никола Минов да биде избран во звањето помлад асистент за научните области (дисциплини): општа историја на новиот век, современа историја (до околу 1800) и современа историја (1800-1914).

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Кочо Сидовски, с.р.
2. Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, с.р.
3. Проф. д-р Далибор Јовановски, с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ УВОД ВО ФИЛОЗОФИЈАТА И ФИЛОЗОЗОФИЈА НА РЕЛИГИЈАТА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во весникот „Дневник" (бр. 580627 од 13.4.2011 год) за избор на помлад асистент за научните области увод во филозофијата и филозофија на религијата, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата редовна XVII седница одржана на 20.4.2011 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Љубомир Цуцуловски, проф. д-р Мирко Ѓошевски и доц. д-р Ана Димишковска.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријавила м-р Марија Тодоровска. По направенета анализа на пристигнатата документација, Комисијата има задоволство на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

М-р Марија Тодоровска е родена на 22.1.1987 година во Скопје. Средното образование (билингвална паралелка) го завршила во 2004 година во гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје. На Филозофскиот факултет во Скопје (Институт за филозофија) се запишала во академската 2004/2005 година. Дипломирала во 2008 година со просечен успех 9,98. Тема на нејзината дипломска работа била *Класичнаша шеорија за висшинаша – варијанши и кришики*. Истата година се запишала на постдипломските студии на Институтот за филозофија (група: филозофија на религијата) на Филозофскиот факултет во Скопје. Постдипломските студии ги завршила во 2010 година со просечен успех 10,00. Под менторство на проф. Љубомир Цуцуловски, својот магистерски труд *Мишош како свеша сказна* го одбранила на 26.5.2010 година, стекнувајќи се со академскиот степен магистер на филозофски науки.

Веднаш по дипломирањето, м-р Марија Тодоровска беше ангажирана како демонстратор по предметите увод во филозофијата 1 и 2, теории за религијата и филозофија на религијата, активно учествувајќи во наставата за студентите од Институтот за филозофија, како и за студентите од Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Во текот на трите академски години од нејзиниот ангажман (2008/2009, 2009/2010 и 2010/2011) дојдоа до израз нејзините способности за кооперативност со предметниот професор, како и непосредниот однос со студентите, битна особина во секоја педагошка работа.

Интелектуалниот интерес на м-р Марија Тодоровска ги надминува границите на областите со кои непосредно се занимава, навлегувајќи речиси во сите сфери на филозофијата, како на класичната, така и на современата филозофија. Притоа, м-р Марија Тодоровска покажува особен интерес кон биоетиката, која според својата природа е мултидисциплинарана, барајќи

познавања не само од областа на филозофијата, туку и од повеќе науки, кои, на еден или на друг начин, се граничат со филозофијата, поставувајќи ги моралните дилеми со кои се проследени нивните сознанија. Во оваа смисла, м-р Марија Тодоровска активно учествувала на повеќе меѓународни школи и семинари од областа на биоетиката.

Наедно, м-р Марија Тодоровска покрај *активното* познавање на англискиот, францускиот, рускиот, италијанскиот, португалскиот, шпанскиот и српскиот, т.е. хрватскиот јазик, солидно ги знае уште германскиот и бугарскиот јазик, што ѝ овозможува следење на најновите научни и филозофски сознанија, кои се објавуваат во стручната литература на повеќе јазици од повеќе земји во светот.

## А. Посета на семинари и на летни/зимски универзитети

Досега кандидатката м-р Марија Тодоровска посетувала повеќе семинари и универзитети, помеѓу кои се и следниве: Културна насока (четврто, напредно ниво - avanzato) на Универзитетот за странци во Перуџа (Италија, јули-август 2002); Лингвистичка насока (петто ниво - superiore) на Универзитетот за странци во Перуџа (Италија, јули-август 2003); Француски јазик како странски, сценарио и режија на Assotiation de Langue Française d'Avignon и Universitè d'Avignon (Франција, август-септември 2004); Германски јазик и култура (воведен курс) на Horizonte Sprachschule во Регенсбург (Германија, август 2006); Интензивен курс по руски јазик, култура и литература, програмата Летен универзитет на Државниот универзитет на Петрозаводск (Руска Федерација, јули-август 2007); учество на Интернационалната школа за биоетика за постдипломци, Internazionale Sommerschule fur Integrative Bioethik, организирана од Рур-универзитетот во Бохум и Универзитетот во Загреб (Мали Лошињ, 15-30 септември 2007), како и посета на Третиот биоетички форум (3. Südosteuropäisches Bioethik-Forum); Зимски универзитет, „Култура и технологија", на Техничкиот универзитет - Минхен (Германија, јануари 2008); Интензивен курс по руски јазик и компаративни култури на програмата Летен универзитет на Државниот универзитет на Петрозаводск (Руска Федерација, јули-август 2008), како и тутор на група корејски студенти од Универзитетот во Сеул, на Педагошкиот институт на Универзитетот во Петрозаводск (Руска Федерација, јули 2008); Учество на Интернационалната летна школа за биоетика за постдипломци, International Summer school for Integrative Bioethics, организирана од Рур-универзитетот во Бохум и Универзитетот во Загреб (Хрватска, Опатија – Мали Лошињ, 1-15 септември 2008), како и посета на Четвртиот биоетички форум/4. Südosteuropäisches Bioethik-Forum, организиран како сателитска конференција на 9. Светски конгрес за биоетика, во Риека-Опатија; учество на Летниот франкофонски универзитет на мрежата OFFRES, организиран на Универзитетот Тулуз II, Le Mirail, на тема *Новите улоги на државата, насилство, право и општество (Les nouvelles figures de l'état, droit, violences et société)*, во филозофското ателје на тема *Авторитетот на правото* (Франција, 8-16 јули 2009); учество на Летниот франкофонски универзитет на мрежата OFFRES, организиран на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Белград, на темата *Јавен простор, филозофија и научна култура: поуки за демократијата (Espace public, philosophie et culture scientifique: les enjeux pour la démocratie)*, во филозофското ателје на тема *Религија, наука и јавен простор (Religion, science, espace publique)* (Србија, 13-

21 јули 2010); стипендија (DAAD) за гостин-истражувач на проектот „Религија и биоетика", на Католичкиот универзитет Eichstaett-Ingolstadt, Philosophisch-Pädagogische Fakultät (Германија, 25 јули-25 септември 2010); гостин-истражувач (спипендија за докторанди-истражувачи) на Источно-црковниот институт во Регенсбург /Ostkirchichles Institut Regensburg (Германија, март-април 2011).

**Б. Учество на меѓународни конференции**

1. 7th Lošinj Days of Bioethics, 9-11 Јуни 2008, со презентацијата „The Social Aspects of Bioethical Violations as a Reminder of the Necessity of Joint Problem-Solving".
2. 11th Rijeka Days of Bioethics, 14-15 мај 2009, со презентацијата *Bioethics and UNESCO*, презентациаја на тема "Interpretation and Implementation of UNESCO's 'Declaration on Bioethics and Human Rights'".
3. 8th Lošinj Days of Bioethics, 17-20 мај 2009, со презентацијата "Bioethical Issues in DNR Patients".
4. Brankovo kolo – Filozofski simpozij u Sremskim Karlovcima на тема Smisao u filozofiji i smisao filozofije, 11-13 септевмври 2009, со презентацијата "Sense without meaning? The need of Philosophy in the Contemporary World".
5. Days of Franje Petric Symposium (Philosophy and Media), 20-23 септември 2009, со презентацијата "The Joint Efforts of the Theoretical Realm of Philosophy of Religion and of the Media, in Solving Inter-Religious and Intra-Religious Issues".
6. Bioethical Forum for South-Eastern Europe (Internationale Konferenz 5. *Südosteuropäisches Bioethik-Forum:* Bioethik Zwischen Religion und Säkularismus), Сараево 19-21 ноември, со презентацијата "Integrative Bioethics And Issues Of Religion In Multiconfessional Societies".
7. 12th Rijeka Days of Bioethics, 6-7 мај 2010, на тема Etika i sport, со презентацијта "High stakes, high risks – bioethical issues in sports industry";
8. 9th Lošinj Days of Bioethics, 16-19 мај 2010, со презентацијата "Authority of Law and Issues of Bioethics".
9. Fourth International Congress on "Islamic Civilisation in the Balkans", Skopje, Macedonia, 13-17 October 2010, со презентацијата „Влијанието на исламската филозофија врз европската".
10. 6th Bioethical Forum for South-Eastern Europe (6. Südosteuropäisches Bioethik-Forum: Bioethik-Medizin-Politik), 4-7 ноември, Белград, Србија, со презентацијата "Public Health Issues and Perspectives – Between Science, Politics and Bioethics".
11. Светски ден на филозофијата (македонски симпозиум посветен на Артур Шопенхауер), Филозофски факултет, Скопје, 18 ноември, со презентацијата „Светот како неволја – етички консеквенци".

**В. Објавени текстови**

1. „Спортот како образовен проект", *Православен пат, Списание на скопската епархија*, бр 5-7, Скопје, 2004, стр. 37-40.

2. „Опери на библиски теми", *Православен пат, Списание на скопската епархија*, бр 10/11, Скопје 2005, стр. 29-34.
3. „Поимот материја – историско-филозофска ретроспектива", *Филозофија*, бр 23, Скопје, септември 2007, стр. 91-110.
4. „Етиката и политиката во *Држава* на Платон", *Филозофија*, бр 24, Скопје, декември 2007, стр. 69-90.
5. „Онтолошки докази за божјото постоење", *Филозофија*, бр. 28, Скопје, мај 2010, стр. 101-136.
6. "Interpretation and Implementation of UNESCO's 'Declaration on Bioethics and Human Rights'", kolekcija 11th Rijeka Days of Bioethics, *JAHR 1, god.1 (2010) - Godišnjak Katedre za društvene i humanističke znanosti u medicini.*

Покрај објавените текстови, м-р Марија Тодоровска во подготовка ги има и следниве: "Kafka et l'autorité mystique de la loi" – заеднички писмен труд на учесниците во ателјето Авторитетот на правото на Летниот универзитет на мрежата OFFRES 2009; "High stakes, high risks – bioethical issues in sports industry", за *JAHR 2 - Godišnjak Katedre za društvene i humanističke znanosti u medicini*; „Влијанието на исламската филозофија врз европската" ("The Influence of Islamic philosophy on European philosophy"), за *Зборникот текстови на Четвртиот интернационален конгрес за исламска цивилизација на Балканот*; "Public Health Issues and Perspectives – Between Science, Politics and Bioethics", за *Collected Papers of the 6th Bioethical Forum for South-Eastern Europe* и „Светот како неволја" – за бројот на списанието *Филозофија*, посветен на симпозиумот за Шопенхауер на Светскиот ден на филозофијата.

**Г. Анализа на текстовите**

Во објавените текстови на м-р Марија Тодоровска доаѓаат до израз следниве елементи: нагласена аналитичност и синтетичност во разгледувањето на проблемите; користење на рецентна литература, објавена на повеќе странски јазици, како и одлично служење со податоци, добиени од интернет. Од нејзините бројни текстови и презентации, за оваа пригода, ќе го истакнеме текстот „Онтолошки докази за божјото постоење" во кој се разгледува еден од најзначајните докази за постоењето на Бог, втемелен од Анселм Кентербериски. Меѓутоа, м-р Марија Тодоровска вниманието не го задржува само на доказната постапка на Анселм Кентербериски, туку овој доказ го доведува во корелација со неговиот претходник Аврелиј Августин, но и со некои подоцнежни филозофи – како Дејвид Хјум и Рене Декарт, на пример – завршувајќи со ставовите на некои современи филозофи и теолози, помеѓу кои се Алвин Плантинга и Фредерик Коплстон.

Аналитичноста и систематичноста на м-р Марија Тодоровска особено доаѓаат до израз во нејзиниот магистерски труд *Митот како света сказна*. Трудот е поделен на пет заглавија: *Пристапи кон митот; Функцијата на митовите; Митот како света сказна; Митот и обичната сказна* и *Преживувањето на митовите*. Во првото заглавие *Пристапи кон митот*, Марија Тодоровска врши анализа и компарација на најрелевантните сфаќања за митот, потврдувајќи ја својата способност суверено да се движи низ бројните теории за митот и религијата. Сепак, централен дел од нејзиниот магистерски труд е третото заглавие *Митот како света сказна*. Во него, м-р Марија Тодоровска критички ги разгледува ставовите на трите најзначајни теоретичари на идејата

за светотот: Рудолф Ото, Емил Диркем и Мирча Елијаде. Притоа, магистерскиот труд се базира врз 168 библиографски единици.

**Д. Работно искуство**

Работното искуство на м-р Марија Тодоровска не се редуцира единствено на нејзината досегашна функција како демонстратор по предметите увод во филозофијата 1 и 2, теории за религиите и филозофија на религијата. Покрај останатите нејзини работни и стручни ангажмани се и следниве: член на извршниот одбор на Филозофското друштво на Македонија; тутор во Рома Верзитас, Проект за едукација на Роми (октомври - декември 2008); тутор при Педагошкиот институт на Петрозаводскиот државен универзитет, летна интернационална програма (јули 2008); симултан преведувач од италијански-македонски и од македонски-италијански јазик, за италијанските бизнис-компании и здруженија: Поне д.о.о., Гротекс д.о.о., Societa pugliese di promozione culturale, мај 2004 - декември 2007.

## ПРЕДЛОГ

Досегашниот ангажман на м-р Марија Тодоровска како демонстратор во научните области увод во филозофијата 1-2, теории за религијата и филозофија на религијата; нејзиното активно познавање на 7 странски јазици (англискиот, францускиот, рускиот, италијанскиот, португалскиот, шпанскиот и српскиот, т.е. хрватскиот), како и познавањето на германскиот и бугарскиот јазик; нејзиното учество и престој на бројни странски универзитети, летни и зимски школи; нејзиното активно учество на бројни меѓународни семинари и школи како слушател или како тутор во одредени области; нејзината посветеност на повеќе научни и духовни области, неопходни за суверено интелектуално движење во областите на религијата и филозофијата; нејзините досегашни објавени текстови, како и нејзината непосредност во комуникацијата со колегите претставуваат солидна основа за нејзин понатамошен научен, интелектуален и академски развој. Оттука, како професори кои ја следеле нејзината работа како студент, а потоа и како демонстратор и постдипломец на Институтот за филозофија, ни претставува особена чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје *да ја избере* м-р Марија Тодоровска во звањето помлад асистент за научните области увод во филозофијата и филозофија на религијата.

Скопје, 7.5.2011 год.

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Љубомир Цуцуловски, с.р.
2. Проф.д-р Мирко Ѓошевски, с.р.
3. Доц. д-р Ана Димишковска, с.р.

# *РЕФЕРАТ*

## *ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ*

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, донесена на седницата одржана на 21.4.2011 година, бевме определени за членови на рецензентската комисија за избор на соработник во соработничко звање-асистент на научната област меѓународно приватно право, врз основа на конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник“ од 26.3.2011 година. Во ова својство на Наставно – научниот совет му го поднесуваме следниов,

## *ИЗВЕШТАЈ*

На конкурсот за избор на соработник со соработничко звање-асистент на научната област меѓународно приватно право објавен во весникот „Дневник“ од 26.3.2011 година се пријавија 4 (четири) кандидати:

1. м-р Илија Руменов
2. м-р Даниела Бочварска
3. м-р Роза Гурмешевиќ
4. м-р Александар Бежовски

## *Податоци за кандидатотите*

1. **М-р Илија Руменов** е роден на 29.12.1982 година во Скопје. По националност е Македонец. Средното училиште го завршил во Скопје. На Правниот факултет се запишал во 2001 година, каде што дипломирал во 2005 година со среден успех 8,15 и се стекнал со стручен назив ***дипломиран правник***..

Во 2006 година се запишал на постдипломските студии по меѓународно право и меѓународни односи на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на кои ги положил сите поединечни испити со просечна оценка 9,86.

Кандидатот на 9.3.2011 година го одбрани магистерскиот труд со наслов „Хашката конвенција за граѓанскоправните аспекти на меѓународното грабнување на децата од 1980 година наспроти универзалните и регионални предизвици“ и се стекна со научен степен магистер на правни науки од обласа на меѓународното приватно право.

Активно говори и пишува англиски јазик, а има основни познавања на германскиот јазик. Се служи со Word, Excel, Windows и Internet.

*Работно искуство:*

- Од мај 2007 до денес кандидатот е помлад асистент на научната област меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје каде што е вклучен во изведувањето на наставата и вежбите од прв и втор циклус. Така, во првиот циклус од наставата кандидатот е вклучен во одржувањето на вежбите по предметот меѓународно приватно право на правните студии и предметот меѓународно право на политичките студии. Во вториот циклус на студии кандидатот е вклучен во наставата и вежбите по предметите: меѓународно арбитражно право, судир на законите, меѓународно приватно право на ЕУ и меѓународно приватно право-применета програма.
- Од 22. 9.2008- кандидатот е секретар на Институтот за меѓународно право и меѓународни односи
- Од 15.09.2008- кандидатот е секретар на Комисијата за признавање на дел од студиите поминати во странство или на друг факултет во Македонија (додипломски студии) при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
- Кандидатот бил секретар на повеќе комисии за одбрана на магистерски тези и докторски тези.
- Од 1.10.2004 до 3.5.2007 кандидатот бил демонстратор на предметот меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
- 10. 7.2008 – кандидатот бил член на Комисијата за упис на нови студенти во учебната 2008/09 на Правниот факултет „ Јустинијан Први“ во Скопје
- Од 15.9.2007 до 15.9.2010 е помошник-тренер на екипата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на меѓународниот натпревар за меѓународна трговска арбитража William C. Vis, кој се одржува во Виена, Р. Австрија
- Од 15. 9.2010 е тренер на екипата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на меѓународниот натпревар за меѓународна трговска арбитража William C. Vis, кој се одржува во Виена, Р. Австрија

*Учество на летни школи, семинари и истражувачки посети:*

- Кандидатот е учесник на семинарот Решавање на спорови: Медијација и арбитража *Проф. Stephen G. Yussem, Cornell Law School и Правниот Факултет "Јустинијан Први" Скопје, Македонија*, 6.5.2008 - 15.5.2008 година
- Кандидатот, како стипендист на NUFFIC е учесник на Хашката академија за меѓународно право Хаг, Р. Холандија, 2-20.7.2007 година
- Кандидатот е учесник на Копаоничката школа за природно право, Копаоник, Р.Србија, декември 2005, 2006, 2007 година
- Кандидатот е учесник на семинарот одржан од страна на EuroAsylum и Charles Kendall & Partners Ltd одржан во Скопје на тема “Migration as Field for Social Work” 20.9.2007.

- Кандидатот земал учество на Меѓународната конференција за меѓународна трговска арбитража во Белград, Република Србија, во април 2009, 2010 година.
- Кандидатот земал учество на меѓународната коференција Uniform Sale Law Conference, The CISG at its 30th Anniversary, Belgrade, 12-13 10. 2010 година
- Кандидатот земал учество на меѓународната коференција International Arbitration Conference in Commercial Arbitration, Vienna 25.3.2010
- Кандидатот како помошник-тренер и тренер учествувал на меѓународниот натпревар за меѓународна трговска арбитража William C. Vis кој се одржува во Виена, Р. Австрија, во 2009, 2010 и 2011 година

По изборот во звањето помлад асистент на научната област меѓународно приватно право <u>*кандидатот ги има објавено следниве научни трудови:*</u>

- *Правата на странците во Вавилон, Атина и Рим*, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на Панта Марина, Скопје, 2007

Во овој труд кандидатот прави преглед на правата на странците во античкиот период со посебен осврт на правата на странците во Вавилон, Атина и Рим. Во истражувањето на оваа проблематика кандидатот се служи со историскиот метод на истражување пришто доаѓа до заклучок дека, иако постои мислење дека правата на странците скоро и да не постоеле во овој период од историските извори може да се заклучи дека во тој период некои права на странците биле гарантирани.

- *Хашката конвенција за граѓанскоправните аспекти на меѓународното грабнување на децата од 1980 година наспроти Регулативата бр. 2201/2003 на ЕУ- комплементарни или спротивставени инструменти?*, Зборник на трудови во чест на професор Стефан Георгиевски, Скопје, 2009

Во овој труд кандидатот прави преглед на решенијата на Хашката конвенција за граѓанскоправните аспекти на меѓународното грабнување на децата од 1980 година и Регулативата на Советот (ЕС) No. 2201/2003 од 27 ноември 2003 година (Brussels II bis) која се однесува на јурисдикција, на признавање и извршување на судски одлуки кои се однесуваат на матримонијални работи и работи од родителска одговорност, која ја заменува Регулативата (ЕС) No. 1347/2000. O.J., L338/1, de 23/12/2003. Авторот го обработува овој сериозен проблем, кој претставува една болна реалност која е консеквенца на мултикултурноста, мултиетничноста и на разликите во однос на религијата и останатите општествени разновидности Европската унија ја прават посилна, но кои во исто време создаваат сериозни правни проблеми. Авторот ги елаборира измените во кои настануваат во

согласност со специфичноста на Европската унија и разликите помеѓу овие два извора на оваа проблематика.

- *Хашката конвенција за граѓанскоправниете аспекти на меѓунароното грабнување на децата – универзален инструмент за заштита на децата од негативните ефекти од противправното одведување и задржување*, Зборник на трудови во чест на професор Тодор Џунов, Скопје, 2009

Во овој труд авторот ја опишува Хашката конвенција за граѓанскоправните аспекти на меѓународното грабнување на децата од 1980 година. Во рамките на овој труд авторот го објаснува предметот на оваа Конвенција, целите на Конвенцијата, разликите помеѓу повредата на правото на старателство и повредата на правото на гледање на детето, активирањето на механизмите на оваа Конвенција со противправното одведување на детето од местото на неговото вообичаено живеалиште, централните органи кои се грижат за примената на оваа Конвенција постапката и други аспекти на оваа навистина сложена проблематика.

- *Разлики помеѓу македонското и хрватското арбитражно право,* Зборник на трудови во чест на професор Ѓорѓи Марјановиќ, Скопје, 2011, коавторство со Вангел Доковски (во печат)

Во овој труд авторот прави приказ на разликите што се среќаваат во позитивното право на Република Македонија и Република Хрватска во делот на арбитражното право. Авторот ја објаснува монистичката поставеност на арбитражата во Р.Хрватска која предвидува еднаков треман за арбитражата, воопшто како институција и дуалистичката поставеност на арбитражата во Р.Македонија во однос на домашната арбитража и меѓународната трговска арбитража. Исто така се дава приказ на разликите во делот на определување на меѓународниот елемент во арбитажата како и разликите во поглед на формата на арбитражната спогодба, постапката за признавање и извршување на арбитражните одлуки во двете држави.

- *Составување на арбитражна спогодба – Essentialia negotii и други релевантни елементи,* Зборник на трудови во чест на проф. д-р Никола Матовски, Скопје, 2011, коавторство со Вангел Доковски (во печат)

Во овој труд авторот прави приказ на елементите кои се задолжителни во една арбитражна спогодба, но даваат и предлози до лицата кои ја составуваат арбитражната спогодба во однос на прашања кои треба да ги покријат во спогодбата. Три елементи се ESSENTIALIA NEGOTII во структурата на арбитражната спогодба: ***1. постоење на спогодба за конституирање на надлежност на Арбитража, 2. означување на спорот, односно споровите за кои е надлежна арбитражата, 3. конечноста на арбитражната одлука,*** додека останатите елементи кои се наведени во текстот на овој труд не се задолжителни,

но се сметаат дека се елементи кои се вистински израз на волјата на странките. Составувањето на валидна арбитражна спогодба е првиот чекор за успешно решавање на споровите помеѓу странките. Кога арбитражната спогодба е добро поставена (ги покрива сите прашања кои можат да произлезат во текот на арбитражната постапка) и е добро составена (вметнати се елементи како вистински израз на волјата на странките), арбитражната спогодба дава сигурност во остварувањето на правата на странките.

- *Централниот извршен орган во рамките на Хашката конвенција за грабнување на децата од 1980 година,* Зборник на трудови во чест на проф. д-р Спировиќ-Трпеновска, Скопје, 2011, (во печат)

Во овој труд авторот прави приказ на Централниот извршен орган во рамките на Хашката конвенција за грабнување на децата од 1980 година. Авторот ги објаснува должностите на ЦИО согласно со Хашката конвенција за грабнување на децата од 1980 година. На крајот авторот ја објаснува поставеноста на ЦИО во Република Македонија и дава конкретни предлози за подобрување на неговата работа.

- *Drafting of the Arbitration Agreement – Essentialia Negotii and Other Relevant Considerations (Comparative view of the UNCITRAL Model law, Macedonian and Serbian Arbitration Codex),* Pravni zivot, R.Serbia 2011, коавторство со Вангел Доковски (во печат)

Во овој труд авторот прави приказ на арбитражната спогодба и задолжителните елементи што треба таа да ги содржи. Анализата на елементите на арбитражната спогодба е направена врз основа на Модел-законот и арбитражните кодекси на Р. Македонија и Р. Србија, како и арбитражната практика на арбитражните институции. Во текстот на трудот е даден и предлог на авторот до лицата кои ги составуваат арбитражните спогодби како да состават правилна арбитражна спогодба која ќе биде одраз на нивната волја.

- *Членот 13(1)(b) на Хашката конвенција за грабнување на децата и неговото комплементарно решение во Регулативата (ЕС) No. 2201/2003 (Brussles IIbis)* Зборник на трудови во чест на проф. д-р Зеленков, Скопје, 2011, (во печат)

Во овој труд авторот прави приказ на еден од исклучоците од обврската за итно враќање на противправно одведеното или задржано дете од државата на неговото вообичаено престојувалиште согласно со Хашката конвенција за грабнување на децата од 1980 година. Тоа е исклучокот што се однесува на постоење на сериозен ризик од физичка или психичка траума или на некој поинаков начин ставање на детето во неповолна положба. По објаснувањето на основните карактеристики на овој исклучок, авторот дава приказ на измените кои настануваат согласно со Регулативата (ЕС) No. 2201/2003 (Brussles IIbis).

- *Определување на надлежноста во случаите на грабнување на децата согласно Регулативата (ЕС) No. 2201/2003 (Brussles IIbis)* Зборник на трудови во чест на проф. д-р Манговски, Скопје, 2011, (во печат)

Во овој труд авторот прави приказ на определувањето на надлежноста согласно Регулативата (ЕС) No. 2201/2003 (Brussles IIbis). Во овој труд авторот го објаснува со определувањето на надлежноста на судовите во рамките на Европската унија за спорови што се однесуваат на брачни предмети и предмети на родителска одговорност. Посебен акцент е ставен на определувањето на надлежноста за случаите на грабнување на децата.

2. Кандидатката **м-р Даниела Бочварска** е родена на 18 јануари 1976 година во Штип, Република Македонија. Средното образование го стекнала во природно-математичката гимназија „Славчо Стојменски" во Штип во периодот 1990 до 1994 година. Дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во 1998 година на насоката меѓународно право и меѓународни односи. Постдипломските студии на Институтот за социологија – европски студии за интеграција на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ги завршила во 2008 година и со одбраната на магистерскиот труд под наслов „Компаративна анализа на примената на Копенхагеншките критериуми во последното проширување на ЕУ: научени лекции за Западен Балкан", се стекнала со звањето магистер по европски студии за интеграција. Во 2009 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по предлог на Институтот за социологија – Европски студии за интеграција, ја одобрил подобноста на докторската дисертација на тема „Аспектите на надворешната политика во Договорот од Лисабон: Европа како актер на меѓународната сцена" (кандидатката нема доставено потврда за одобрена тема).

Кандидатката м-р Даниела Бочварска има работно искуство како волонтер во адвокатска канцеларија во периодот 1999-2000, а од 2001 година до денес работи како асистент во Кабинетот на претседателот на Р.Македонија. Покрај тоа, за време на студиите, има искуство и со практична работа во Министерството за надворешни работи на РМ и Хелсиншкиот комитет за човекови права во Скопје.

Кандидатката учествувала на бројни форуми и самити во организација на претседателот на Република Македонија, и тоа:

- Регионален економски форум на ЈИЕ, 2008 година, Охрид;
- Самит на претседателите ид Централна Европа, 2008 година, Охрид;
- Самит на земјите од Југоисточна Европа, 2007 година, Охрид;
- Меѓународен регионален форум „Дијалог меѓу цивилизациите", 2003 година, Охрид;
- Средба на шефови на држави на земјите од процесот за стабилизација и асоцијација, 2003 година;
- Регионален форум за евроинтеграција 2003 година, Скопје;
- Национален форум за евроинтеграции, 2003 година, Скопје;
- Форум за иселеници од Македонија, 2002 година, Охрид;
- Меѓународна коференција „Жените во 21 век", 2002 година, Охрид;

- SEEPC- самит на шефови на држави и влади, 2001 година, Скопје.

Покрај тоа кандидатката учествувала на презентација на ПР проектот за Кабинетот на претседателот на Р.Македонија, во 2004 година во Скопје, на повеќе семинари од правната област во организација на АКРМ и ТЕМИС во периодот од 1998-2001 година, како и на семинарот „Системот на јавната администрација во РМ", во 2003 година во Скопје.

Кандидатката има и дипломатска обука во САД под покровителство на USAID од 2001 година, како и обука за ракување на класифицирани информации за членовите на Кабинетот на претседателот на Р.Македонија (2009 година).

Кандидатката учествувала и на: Работилница на тема „Планирање и управување со човечките ресурси" (2009 година); Панел-дискусија на тема „Во пресрет на Самитот за климатски промени, Копенхаген 2009" (2009 година); Втора регионална конференција за европска интеграција на државите од ПСА (2009 година) и трибина на тема „Чекор по чекор до ЕУ"(2009 година).

Кандидатката зборува англиски јазик и поседува компјутерски вештини- Word, Internet и Excel.

3. Кандидатката **м-р Роза Гурмешевиќ** е родена на 15.2.1984 година. Основното образование го завршила во ОУ „Св. Кирил и Методиј" во с.Кучевиште, Скопје. Во 2002 година завршила средно образование во „Јосип Броз Тито" во Скопје. Дипломирала на правните студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје, во 2006 година, на меѓународноправната насока, со просечна оценка 9,20 и се стекнала со звањето дипломиран правник (кандидатката нема доставено потврда). Во периодот 2007-2010 година ги завршила последипломските студии по меѓународно право и меѓународна политика на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје со просечна оценка 10 (кандидатката нема доставено уверение за положени испити од последипломските студии). Во септември 2010 година го одбранила својот магистерски труд „Расизам и ксенофобија во Европа во периодот по студената војна" и се стекнала со звањето магистер на правни науки, насока меѓународно право (кандидатката доставила незаверена фотокопија од дипломата).

Кандидатката м-р Роза Гурмешевиќ има работно искуство како волонтер во адвокатска канцеларија (2007-2009 година); како волонтер во Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ (април-јули 2008 година); како волонтер во Основниот суд Скопје 2 (2009-2010 година) и од 2009 година до денес како активен член на Српскиот културно-просветен информативен центар „Вук Караџиќ"- Кучевиште.

Кандидатката е автор на трудот „Осврт кон програмата за општа политика на ЕКРИ за борба проти расизмот и расната дискриминација во вршењето на полициската должност усвоена на 29 јуни 2007 година и нејзината примена во Република Македонија" (кандидатката не доставила примерок од трудот).

Кандидатката ги познава компјутерските програми Word, Excel, Power Point, Internet и Email.

Зборува англиски (уверение за познавање на англиски јазик) и српски јазик, а поседува и сертификат за посета на основен курс по меѓународно право во Канцеларијата на мисијата на ОБСЕ во Скопје.

4. Кандидатот **м-р Александар Бежоски** е роден на 10.10.1975 година во Велес, Р. Македонија. Средното образование го стекнал во САД во Linden High School New Jersey, а високото образование го стекнал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Кандидатот го одбранил својот магистерски труд на тема „Решавање на спорови во рамки на СТО“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (кандидатот има доставено незаверена фотокопија од дипломата).

Кандидатот м-р Александар Бежоски има работно искуство:

- 2000 година во Владата на Република Македонија;
- 2000-2001 во Агенцијата за државни службеници;
- 2001-2003 во Царинската управа на РМ;
- 2003- СОНИК ЕСТЕЈТ ДООЕЛ Скопје;
- 2000, во МВР на Република Македонија;
- 2000, во Владата на РМ.

Кандидатот е автор на статиите „РИЛО- борец против криминалот и тероризмот“, Цариник, промотивен број 2001 година и „Со СЕКИ поблиску до Европската унија“, Цариник, бр.2 февруари 2002 година (кандидатот нема доставено примерок од статиите).

Кандидатот зборува англиски и шпански јазик (почетно) и ги познава компјутерски программи Word, Excel и Power Point.

*Заклучна оцена и предлог:*

Комисијата разгледувајќи ги поднесените пријави по конкурсот за асистент на научната област меѓународно приватно право ги донесе следниве заклучоци:

1.Апсолутна предност му се дава на кандидатот м-р Илија Руменов земајќи, ги предвид следниве факти:

а) Постигнатиот успех на додипломските студии, на последипломските студии и на успешно одбранетиот магистерски труд и бројните објавени научни трудови од научната област меѓународното приватно право

б) Како секретар на Институтот за меѓународно право и меѓународни односи успешно ја извршува оваа функција и остварува колегијални контакти со сите членови на Институтот.

в) На факултетско ниво учествува во работата на неколку комисии во кои заради својот сериозен и одговорен однос ја стекнува довербата на членовите на овие тела.

г) Како соработник по предметот меѓународно приватно право и како учесник во наставно-образовниот процес остварува многу професионални односи со студентите и со голем ентузијазам, многу инспиративно внесува нови форми во наставата по предметот меѓународно приватно право со што ја поттикнува активноста на студентите.

2. Комисијата, земајќи ги предвид сите аргументи кои го осветлуваат професионалниот лик на кандидатот м-р Илија Руменов, со задоволство констатира дека м-р Илија Руменов ги исполнува сите законски услови за избор во звањето асистент и **му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го избере м-р Илија Руменов за асистент на научната област меѓународно приватно право.**

Скопје, 6.5.2011 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

Проф. д-р Поликсена Гавроска с.р.

Проф. д-р Љубомир Фрчкоски с.р.

Проф. д-р Тони Дескоски с.р.

# ПРЕГЛЕД

**на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 28.04.2011 година**

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| Александра Поповска-Митровиќ, магистер на информатички науки | „ПРИЛОГ КОН ПРИМЕНА НА КВАЗИ-ГРУПИТЕ ВО ТЕОРИЈАТА НА КОДИРАЊЕ И КРИПТОГРАФИЈАТА" | - д-р Верица Бакева, вонр. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Смиле Марковски, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Данило Глигороски, ред.проф. на Департманот за телематика,Норвешки универзитет за наука и техно-логија, Трондхајм, Норвешка, насловен вонреден професор на ПМФ – Скопје |
| Катерина Бачева, магистер на хемиски науки | „ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ПРИМЕРОЦИ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОКОЛИНАТА НА РУДНИКОТ АЛШАР" | - д-р Катарина Чундева, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Роберт Шајн, научен советник при Геолошкиот завод на Словенија, Љубљана, Р. Словенија<br>- д-р Трајче Стафилов, ред. проф. на ПМФ - Скопје |
| Биљана Балабанова, магистер на хемиски науки | „ЛИТОГЕНО И АНТРОПОГЕНО ВЛИЈАНИЕ НА ДИСТРИБУЦИЈАТА НА РАЗЛИЧНИ ХЕМИСКИ ЕЛЕМЕНТИ ВО ПОЧВИТЕ И ВОЗДУХОТ ВО РЕГИОНОТ НА СЛИВОТ НА РЕКАТА БРЕГАЛНИЦА" | - д-р Катарина Чундева, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Роберт Шајн, научен советник при Геолошкиот завод на Словенија, Љубљана, Р. Словенија<br>- д-р Трајче Стафилов, ред. проф. на ПМФ – Скопје |
| Јасмина Петреска, магистер на хемиски науки | „ПОЛИФЕНОЛЕН СОСТАВ И АНТИОК-СИДАНТНА АКТИВНОСТ НА ПЛАНИНСКИ ЧАЈ ОД РОДОТ *Sideritis* ОД БАЛКАНСКИОТ РЕГИОН И КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА МЕТА-БОЛИТИ ОД ПОЛИФЕНОЛИ ВО УРИНА" | - д-р Симка Петровска-Јовановиќ, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Трајче Стафилов, ред. проф. на ПМФ – Скопје<br>- д-р Марина Стефова, вонр. проф. на ПМФ - Скопје |
| Ѓорѓи Петрушевски, магистер на хемиски науки | „ИЗУЧУВАЊЕ НА ПСЕВДОПОЛИМОРФИЗМ-ОТ И СТАБИЛНОСТА ВО ЦВРСТА СОСТОЈБА НА НЕКОИ ОПИЈАТНИ АЛКАЛОИДИ СО ВИБРАЦИОНА СПЕКТРОСКОПИЈА И СО ТЕРМИЧКА АНАЛИЗА" | -акад. Глигор Јовановски, ред. проф. на ПМФ – Скопје (во пензија)<br>- д-р Гордана Богоева-Гацева, ред. проф. на Технолошко-металуршки факултет - Скопје<br>- д-р Петре Макрески, насловен доцент на ПМФ - Скопје |

# РЕФЕРАТ

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА МЕТАЛНИТЕ КОНСТРУКЦИИ, ЗА ГРУПАТА ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ:**
ОСНОВИ НА ЧЕЛИЧНИТЕ КОНСТРУКЦИИ, ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ ВО ВИСОКОГРАДБА, ЧЕЛИЧНИ МОСТОВИ, ИСПИТУВАЊЕ НА КОНСТРУКЦИИ, АЛУМИНИУМСКИ КОНСТРУКЦИИ, ВИСЕЧКИ КОНСТРУКЦИИ, СПРЕГНАТИ КОНСТРУКЦИИ, ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ (Х/ПЖ), ЧЕЛИЧНИ МОСТОВИ (ПЖ), ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ ВО АРХИТЕКТУРАТА,
**НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Во врска со конкурсот за избор на еден помлад асистент од областа на металните конструкции, распишан во весникот ,,Дневник" од 11.4.2011 година, Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 375. седница одржана на 4.5.2011 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија.

На распишаниот конкурс се пријави само кандидатот м-р Миле Партиков, дипл.град.инж., кој ги достави потребните документи (арх. бр. 0801/1 од 11.4.2011 година).

По прегледот на приложените документи од кандидатот м-р Миле Партиков, дипл.град.инж., го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Кандидатот м-р Миле Партиков, дипл.град.инж., е роден на 30.3.1985 година во Струмица. Основното образование го завршил во ОУ ,,Сандо Масев" во Струмица. Средното образование го завршил, исто така, во Струмица во УСО ,,Јане Сандански", на природно-математичката насока.

На Градежниот факултет во Скопје се запишал во учебната 2003/2004 година на конструктивната насока. Дипломирал на 4.7.2008 година, во предвидениот рок за студирање, со просечен успех 9,24. Дипломската работа, ,,Главен проект за носечка конструкција на трободна индустриска хала со кран во средниот брод", ја одбрани со највисока оценка 10.

Во учебната 2008/2009 година се запиша на втор циклус студии - постдипломски студии на Градежниот факултет во Скопје, на конструктивната насока - област метални конструкции и ги положи сите предвидени предметни програми со просечен успех 9,83. На 355. седница на ННС на Градежниот факултет, одржана на 9.7.2009 година, кандидатот пријави магистерска тема со работен наслов ,,Методи за конструкција и пресметка на јазли кај решеткасти носачи од цевкасти профили" која успешно ја одбрани на 13.10.2010 година, со што се стекна со научен степен - магистер на технички науки од областа на градежништвото.

За време на студирањето, како студент на IX семестар, кандидатот м-р Миле Партиков беше ангажиран како демонстратор од Катедрата за теорија на конструкциите, а по дипломирањето до денес, во континуитет, кандидатот е ангажиран како демонстратор на Катедрата за метални конструкции.

Кандидатот, покрај учеството во изведувањето на вежбите, активно беше вклучен и во стручната дејност на Катедрата за метални конструкции, како соработник во проектирање, ревизија и испитување на конструкции.

**Научна дејност**

Во изминатиот период, кандидатот м-р Миле Партиков, како автор и коавтор на трудови, учествувал на конгреси, симпозиуми и стручни собири:

1. Д.Поповски, М.Партиков, А.Филиповски ,,Примена на Еврокод 9 за пресметка на заварени врски", ДГКМ, 13. Симпозиум, Охрид, Македонија, 2009, Книга 2.
2. Д.Поповски, М.Партиков, А.Филиповски, ,,Примена на Еврокод 9 за пресметка на алуминиумски врски со завртки", ДГКМ, 13. Симпозиум, Охрид, Македонија, 2009, Книга 2.
3. М.Партиков, Д.Поповски, А.Филиповски, ,,Пример за подобрување на носивоста и пренамена на индустриски објект", ДГКМ, 13. Симпозиум, Охрид, Македонија, 2009, Книга 2.

**Наставна дејност - учество во вежбите**

По дипломирањето, во континуитет, кандидатот м-р Миле Партиков, дипл.град.инж., е ангажиран како надворешен соработник - демонстратор на Катедрата за метални конструкции во изведувањето на вежбите.

Користејќи ги своите широки познавања на компјутерскиот софтвер, кандидатот дава особен придонес и во изработката на дипломските работи на Катедрата за метални конструкции.

Во својата работа како демонстратор покажува завидни резултати кои се високо оценети од студентите со кои работи, како и од наставниците на Катедрата за метални конструкции.

Кандидатот активно го владее англискиот јазик. Од компјутерскиот софтвер владее со: MS Office, SAP2000, Radimpex, ArmCAD, CorelDraw, 3D ProSteel, AutoCAD, ArchiCAD, Robot Structural Analysis, AutoCAD Structural Detailing и др.

**Стручна дејност**

Од дипломирањето до денес, во рамките на стручниот ангажман, кандидатот м-р Миле Партиков, дипл.град.инж., има работено на проектирање, ревизија и испитување на челични конструкции за повеќе објекти.

Има учествувано во испитувањето и изработката на елаборатите од извршеното испитување на два капитални челични железнички мостови, мостот на река Бошава (пруга Скопје-Гевгелија) и Србиновски мост (пруга Гостивар-Кичево). Кандидатот има учествувано и во изработката на повеќе елаборати за оцена на состојбата, носивоста и стабилноста на индустриски и производни хали, елаборати за оцена на состојбата на кородираност на челични железнички мостови и др.

1. Основен проект за пешачки мост на р.Треска (учесник во проектот)
2. Основен и изведбен проект за новата CCV линија во кругот на Фабрика за кабли во Неготино (учесник во проектот)

3. Испитување и изработка на елаборат за пробното товарењене на железничкиот мост на km 79+169 на пругата Ѓорче Петров - Кичево, АБ навоз - Гостивар, Главна челична конструкција, АБ навоз - Кичево (учесник во испитувањето и изработката на елаборатот)
4. Испитување и изработка на елаборат за пробно товарење на железничкиот мост на km 570+215 на пругата Велес - Гевгелија на р. Бошава (учесник во испитувањето и изработката на елаборатот)
5. Елаборат за утврдување на состојбата на носивост и функционалност на "Јеловски Сифон" на ХЕЦ Маврово - Гостивар со предлог мерки за санација (учесник во изработката на елаборатот)
6. Ревизија на Основниот проект за деловно - производен објект во с.Младо Нагоричино, Куманово (ревидент)
7. Ревизија на основни проекти за конструкции, хидроинсталации и геомеханика за развојна индустриска зона Бунарџик (учесник во ревизијата)
8. Ревизија на комплекс објекти за потребите на "Сокомак" во с. Драгожани, Битола (учесник во ревизиите)
9. Основен и изведбен проект за индустриски објект - фабрика за кабли, Неготино (учесник во проектот)
10. Експертиза за утврдување на последиците од пожарот на конструкцијата на објектот "Годел - Кланица", Скопје (учесник во изработката на експертизата)
11. Проект за типски сталажи за потребите за складишување на тутун во магацински простор на "Сокомак" во Битола (учесник во проектот)
12. Основен и изведбен проект за носивоста на зајакнатата конструкција на постојниот објект "Мак Табак" во Тетово (учесник во проектите)
13. Проект за изработка на челична конструкција за доградба на Собрание на Р. Македонија, ламела 7 (учесник во проектот).
14. Основен проект за производна хала 128x20м со три крана на "Стил Кон" ДОО - Куманово (учесник во проектот).
15. Основен проект на челична конструкција за производна хала 14x48м со два крана на "Стил Кон" ДОО - Куманово (проектант).
16. Идеен проект за комплекс објекти во село Кадино на "Пекабеско" АД Скопје (учесник во проектот).
17. Идеен, Основен и Изведбен проект за санација и зајакнување на објектот на Универзална сала (учесник во проектот).
18. Изведбен проект за индустриски железнички мост 5x15м на "Железара" АД - Скопје (учесник во проектот).
19. Елаборат за заштита од корозија и регистрирани недостатоци со предлог-решение за нивно отстранување на мостовите км 455+917,

км 610+387 за потребите на ЈП "Македонски железници" Инфраструктура - Скопје (учесник во испитувањето и елаборатот).

20. Изведбен проект за носечките челични конструкции (столбови, носачи на опрема, портали) на 110 kV трафостаница во New Abeocuta, Нигерија (учесник во проектот).
21. Изведбен проект за носечките челични конструкциии (столбови, носачи на опрема, портали) на 400 kV трафостаница во Pappalanto, Нигерија (учесник во проектот).
22. Основен проект за носечките челични конструкциии на стоваришни хали во Гвинеја (учесник во проектот).

## ЗАКЛУЧОК

Како што може да се согледа од погоре изнесеното, кандидатот м-р Миле Партиков, дипл.град.инж., покажува афинитет кон научната дејност како и богата стручна дејност во областа на металните конструкции. Кандидатот покажува видни резултати во изведувањето на вежбите, како демонстратор, за кои е високо оценет од студентите. Познавајќи го кандидатот подолг период, како студент, дипломец и постдипломец, сметаме дека поседува евидентни квалитети и желба да се развие во солиден наставно-научен кадар во областа на металните конструкции.

Имајќи го предвид континуираниот напредок на кандидатот во сите сфери на дејствување, со особено задоволство, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, м-р Миле Партиков, дипл.град.инж., да биде избран за помлад асистент од областа на металните конструкции, односно за групата предметни програми на Катедрата за метални конструкции.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Атанас Филиповски с.р.

2. Проф. д-р Петар Цветановски с.р.

3. Доц. д-р Грозде Алексовски с.р.

# ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на УКИМ Шумарски факултет Скопје

| ред. бр. | кандидат | наслов на тема на магистерски труд | ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Викторија Брндевска | "Живите огради како елемент од пејсажното дизајнирање околу јавните и индивидуалните објекти во населбите Тафталиџе 1, Карпош 3 и Злокуќани во Скопје", | проф.д-р Јасминка Ризовска Атанасовска |
| 2. | Наташа Канарева | "Фокусните точки на зелените површини во централното градско подрачје на Скопје со акцент на растителните видови" | проф.д-р Јасминка Ризовска Атанасовска |
| 3 | Милорад Андријевски | "Биоеколошки карактеристики на шумите од северните падини на планината Бистра и начини на нивно обновување" | доц.д-р Николчо Велковски |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ФИЗИЧКА ХЕМИЈА, ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА ХЕМИЈА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје (натаму во текстот: ПМФ), заведена под број 07–600 од 11 април 2011 година, избрани сме за рецензенти по пријавата на д-р Владимир Ивановски, насловен доцент при Институтот за хемија (натаму во текстот ИХ) на ПМФ. По прегледување на доставениот конкурсен материјал, а и од личното познавање на кандидатот, чест ни е да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Владимир (Ѓорѓи) Ивановски е роден во Курск (Русија) во 1972 година. Основното, средното и високото образование (студии по применета хемија при ИХ на ПМФ) ги оформил во Скопје, каде што и дипломирал во 1997 година, со одбрана на дипломската работа ОГЛЕДАЛНА ИНФРАЦРВЕНА РЕФЛЕКСИОНА СПЕКТРОСКОПИЈА – ИСПИТУВАЊЕ НА СТИПСИ. Оваа дипломска работа е, всушност, пионерска работа во Македонија во областа на рефлексионата спектроскопија и кандидатот уште на самиот почеток од своето воведување во научноистражувачката работа, покажал дека е во состојба извонредно темелно да навлезе во ваква сложена проблематика.

По дипломирањето, во 1998 година, е примен како помлад асистент на ИХ при ПМФ. Во 1999/2000 година заминал на отслужување на воениот рок. Во 2002 година магистрирал на ПМФ со одбрана на тезата ИСПИТУВАЊЕ НА КРИСТАЛИ СО КОРИСТЕЊЕ НА КОМПЛЕМЕНТАРНИ ВИБРАЦИОНО СПЕКТРОСКОПСКИ ТЕХНИКИ. Наредната година (2003) е избран за асистент при ИХ на ПМФ.

Во 2005 година докторирал на ПМФ со одбрана на тезата РЕФЛЕКСИОНА ИНФРАЦРВЕНА СПЕКТРОСКОПИЈА: МОДЕЛНИ ФУНКЦИИ НА ПЕРМИТИВНОСТА И РЕФЛЕКТАНЦАТА И НИВНА ПРИМЕНА КАЈ МОНОКРИСТАЛИ. По докторирањето, во 2006 година, е избран за насловен доцент при ИХ на ПМФ.

Во 2006/07 година заминал на постдокторски престој (како стипендист на Фондацијата „Александар фон Хумболт") на Универзитетот „Фридрих Шилер", во Јена, Сојузна Република Германија. За време на престојот работел на истражувањето MODELLING THE IR REFLECTANCE SPECTRA OF POLYCRYSTALLINE SAMPLES – TESTING THE THEORY OF CRYSTALS WITH LOW CRYSTAL SYMMETRY.

Како асистент на ИХ учествувал во изведување вежби по сите физичкохемиски дисциплини, а вежби изведувал и од други предмети (при ова, се покажал како исклучително талентиран соработник и на курсот по методи на хемиското експериментирање, на самиот почеток од својата кариера, во 1998/99 година).

Како доцент при ИХ на ПМФ изведувал настава по физичка хемија (за студентите биолози), како и по физичка хемија, радиохемија и ензимологија (за студентите од применетата насока на ИХ и за студентите од насоката аналитичка биохемија). При ова демонстрирал завидни педагошки квалитети (потврдено со оценките што наставниците ги добиваат од студентите на анонимните

анкети) и, уште еднаш, се докажал како исклучително педантна и темелна личност, кога станува збор за неговите обврски како наставник.

Области на научен интерес на д-р Владимир Ивановски се раманската и инфрацрвената спектроскопија (претежно методи на рефлексиона инфрацрвена спектроскопија: геометриска, дифузна и ATR). Најголем дел од работата посветил на дисперзионата анализа и на моделирањето на пермитивноста и рефлектанцата добиени при снимање на рефлексионите спектри од кристали со ниска (моноклинична) симетрија. Посветил внимание и на примената на рефлексионите техники при испитување на површини од различни материјали.

Учествувал во работата на поголем број научноистражувачки проекти, а самиот бил раководител на два билатерални проекта (Македонија–Словенија): ПРОТОНСКА ДИНАМИКА КАЈ КРАТКИТЕ ВОДОРОДНИ ВРСКИ НА α-РОХ И СРОДНИ СИСТЕМИ СО ИНФРАЦРВЕНА ДИСПЕРЗИОНА АНАЛИЗА (проектот бил работен во 2006/2007 година) и ПРОТОНСКА ДИНАМИКА КАЈ ОПТИЧКИ АНИЗОТРОПНИ КРИСТАЛИ – ИНФРАЦРВЕНА ДИСПЕРЗИОНА АНАЛИЗА И ТЕОРИСКИ ИСПИТУВАЊА (работен во 2010/11 година).

Во 2008 година бил поканет предавач на Конгресот за физичка хемија што традиционално, биенално, се одржува во организација на Друштвото на физикохемичарите на Србија, во Белград. Бил и претседател на Научниот одбор на XXI конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија (одржан во Охрид) во 2010 година.

Во моментов (од ноември 2009 година) е член на Советот за научноистражувачка работа при МОН на Република Македонија.

Бил раководител на Заводот за физичка хемија при ИХ на ПМФ во периодот 2007-2009 година.

Бил ментор на неколку дипломци и на два магистранда.

**Преглед на научната актива на кандидатот во периодот 2006–2011**

Во извештајниот период кандидатот објавил вкупно 10 печатени труда: 7 од нив се научни трудови објавени во видни интернационални списанија од областа на молекулската спектроскопија, еден е објавен како труд во зборник од научна конференција и уште два труда се од областа на образованието (посветени на хемиското експериментирање) и објавени во меѓународни списанија. Д-р Ивановски има, секако, објавено и други трудови. Тие биле рецензирани при неговиот избор за насловен доцент, во 2006 година, така што во овој реферат тие веќе нема да бидат спомнувани. Подолу следува список на трудовите објавени во извештајниов период:

**1. Научни трудови**

1.13. V. Ivanovski, T.G. Mayerhöfer, J. Popp, ISOSBESTIC-LIKE POINT IN THE POLARIZED REFLECTANCE SPECTRA OF MONOCLINIC CRYSTALS– A QUANTITATIVE APPROACH, *Spectrochimica Acta* A68 (2007) 632–638.

1.14. V. Ivanovski, T.G. Mayerhöfer, J. Popp, INVESTIGATION OF THE PECULIARITIES IN THE POLARIZED REFLECTANCE SPECTRA OF SOME TUTTON SALT MONOCLINIC SINGLE CRYSTALS USING DISPERSION ANALYSIS, *Vibrational Spectroscopy* 44 (2007) 369–374.

1.15. V. Ivanovski, T.G. Mayerhöfer, J. Popp, V.M. Petruševski, POLARIZED IR REFLECTANCE SPECTRA OF THE MONOCLINIC SINGLE CRYSTAL K2Ni(SO4)2·6H2O: DISPERSION ANALYSIS, DIELECTRIC AND OPTICAL PROPERTIES, *Spectrochimica Acta* A69 (2008) 629–641.

1.16. V. Ivanovski, T.G. Mayerhöfer, J. Popp, DISPERSION ANALYSIS OF POLARIZED IR REFLECTANCE SPECTRA OF TUTTON SALTS: THE $\nu_3(SO_4^{2-})$ FREQUENCY REGION, *Vibrational Spectroscopy* 47 (2008) 91–98.

1.17. V. Ivanovski, T.G. Mayerhöfer, J. Popp, EMPLOYING POLYETHYLENE AS CONTACTING AGENT BETWEEN ATR-CRYSTALS AND SOLID SAMPLES WITH HARD SURFACES, *Journal of Molecular Structure* 924–926 (2009) 571–576.

1.18. V. Ivanovski, G. Ivanovski, NEAREST-NEIGHBOUR-INTERACTION MODEL IN THE COUPLED-OPTICAL-PHONON-MODE THEORY OF THE INFRARED DISPERSION IN MONOCLINIC CRYSTALS: APPLICATION TO TUTTON SALT SINGLE CRYSTAL, *Spectrochimica Acta* A75 (2010) 1452–1461.

1.19. M. Bukleski, V. Ivanovski, V.M. Petruševski, IR SPECULAR REFLECTANCE SPECTRA OF $KHSO_4$ SINGLE CRYSTAL–DISPERSION ANALYSIS, Vib. Spectrosc. (2011), doi:10.1016/j.vibspec.2011.04.003 (во печат).

**2. Научни трудови печатени во зборници од конференции**

2.4. Vladimir Ivanovski, THEORY AND PRACTICE IN THE ANALYSIS OF POLARIZED IR REFLECTANCE SPECTRA OF LOW SYMMETRY SINGLE CRYSTALS, *Proceedings of 9th International Conference on Fundamental and Applied Aspects of Physical Chemistry*, B-3-SL, pp. 77–84, 2008, Belgrade, Serbia.

**3. Трудови од областа на образованието**

3.4. M. Monković, V. Ivanovski, V.M. Petruševski, DEMONSTRATIONS AS A TOOL FOR IRONING-OUT MISCONCEPTIONS: III. A NOTE ON THE REACTION $Pb^{2+}(aq) + 2I^-(aq) \rightarrow PbI2(s)$: EXCEPTIONS FROM THE A PRIORI EXPECTATIONS, *Aust. J. Ed. Chem.* 68 (2007) 17–19.

3.5. N. Stavrevska, V.M. Petruševski, V. Ivanovski, REACTION OF SODIUM WITH WATER VAPOR – A SHORT MARATHON EXPERIMENT WITH SOMEWHAT UNEXPECTED RESULT, *Chem. Educator* 15 (2010) 321–324.

**Анализа на печатените трудови**

Во трудот 1.13 авторите ја објаснуваат појавата на пресечни точки во серијата од поларизирани инфрацрвени рефлексиони спектри, при промена на аголот на поларизација. Овие точки прилегаат на изобестички точки (добро

познати во електронската спектроскопија на раствори, испитувани во видливата и ултравиолетовата област). Во инфрацрвените рефлексиони спектри, авторите се осврнуваат на спектрите на гипсот ($CaSO_4 \cdot 2H_2O$), како пример за моноклиничен кристал (т.е. кристал со доста ниска симетрија). Авторите ја објаснуваат појавата како последица на препокриени ленти што потекнуваат од два заемно ортогонални момента на премин кои лежат по должината на главните оски на диелектричниот тензор. Дискутиран е и случајот при кој „изобестичките" точки преминуваат во „изобестички" области (во зависност од аголот под кој зрачењето упаѓа на кристалната плоска).

Дисперзионата анализа на лентите од антисиметричните валентни $SO_4$ вибрации на сулфатните јони кај две Тутонови соли (калиум никел сулфат хексахидрат и амониум никел сулфат хексахидрат) е предмет на истражувањата извршени во трудот 1.14. Тргнувајќи од аналитички изрази за диелектричниот тензор и за функцијата на рефлектанцата кај моноклинични кристали, пресметани се фреквенциите на лонгитудиналните и трансверзалните оптички фонони, константите на придушување, ориентацијата на моментите на премин и јачината на осцилаторите. Овие параметри се потоа употребени при симулации, чија цел е да се објаснат определени особености на рефлексионите спектри што доаѓаат до израз при промена на векторот на поларизација на упадното електромагнетно зрачење.

Рефлексионите спектри на калиум никел сулфат хексахидрат се уште еднаш предмет на интерес и во трудот 1.15. Овој пат се работи за еден софистициран пристап, при кој определените спектрални параметри (поспецијално, моментите на премин за модовите од $A_u$ симетриски тип) што се добиени спектроскопски, се корелирани со оние што би можело да се предвидат со анализа на кристалографските податоци. Пресметани се и вредностите на сите компоненти на диелектричниот тензор во целото средно инфрацрвено подрачје, а покрај ова и вредностите на реалниот и на имагинарниот дел од комплексниот индекс на прекршување, како функции од фреквенцијата на упадното зрачење.

Во трудот 1.16. се уште еднаш испитувани Тутоновите соли (во овој случај систематски се испитани осум различни соединенија: по четири соли на калиум и на амониум). Спектрите се снимени при речиси нормален упад на зрачењето врз плоските на кристалите и е извршена дисперзиона анализа во целата средна инфрацрвена област, а внимание е обрнато на $\nu_3(SO_4)$ модовите. Спектрите се снимани со зрачење поларизирано по должината на оската на симетрија и нормално на оваа оска (во *ac* рамнината на кристалот). Фреквенциите на лонгитудиналните фонони од $A_u$ симетриски тип се добиени директно, додека за добивање на фреквенциите на $B_u$ фононите е прибегнато кон определени апроксимации.

Интересни се резултатите на целосно оригиналниот метод за снимање на ATR-спектри, презентирани во трудот 1.17. Авторите покажуваат, на примерот на минералот фресноит ($Ba_2TiSiO_8$), дека полиетиленот може да најде примена како контактен агенс што овозможува снимање на ATR-спектри од материјали со тврди површини. Резултатите од предложената метода се споредувани со оние што се добиваат со стандардната метода во која како имерзиона течност се употребува $CS_2$. Резултатите се натаму споредувани и со моделните пресметки за тензорот на пермитивноста на фресноитот. Споредбата открива предности на применетиот метод во однос на употребата на $CS_2$: совпаѓањето на експерименталните и пресметаните спектри е подобро, а подобра е и повторливоста на резултатите како и оптичкиот контакт. Покрај сето спомнато погоре, новата тех-

ника е поедноставна за примена (а може слободно да се додаде, и неспоредливо побезбедна и еколошки оправдана).

Во трудот 1.18., теоријата на Barker & Hopfield за два мода што се во интеракција во изотропни кристали, е проширена на моноклинични кристали. Изведени се изрази за пресметување на елементите на диелектричниот тензор во кристалографската *ac* рамнина. Покажано е дека моделот што ја зема предвид интеракцијата е воопштен израз за диелектричниот тензор кај моноклинични кристали, во случај на отсуство на интеракција. За проширување на теоријата врз голем број двојки од модови што се во интеракција, а во исто време да се овозможи процедурата за интерполација, развиена е моделна функција на пермитивноста што ја зема предвид интеракцијата меѓу модовите со најблиски фреквенции. Валидноста на моделот е тестирана врз спектрите од калиум кобалт сулфат хексахидратот.

Трудот 1.19. е посветен на испитување на рефлексионите спектри на орторомбичниот $KHSO_4$ (синтетички меркалит). Снимени се спектрите по должината на главните диелектрични оски на кристалот. Демонстрирано е дека рефлексионите инфрацрвени спектри снимени од една од главните рамнини можат лесно да се пресметаат (генерираат) доколку се познати рефлексионите спектри по должината на соодветните главни оски. Со примена на дисперзиона анализа на рефлексионите спектри снимени по должината на главните диелектрични оски и со примена на симплекс итеративниот метод, добиени се релевантните електрооптички параметри на кристалот. Од нив е пресметано LO–TO расцепувањето. Дискутирана е и асигнацијата на лентите во врска со структурата на соединението.

Трудот 2.4. е труд што е објавен врз база на одржаното предавање (како поканет предавач) на Конгресот на физикохемичарите на Србија, во септември 2008 година. Во него се прикажани моменталните (во тоа време) теории за ширење низ и рефлексија на електромагнетни бранови кај кристали со релативно ниска симетрија (моноклиничен и орторомбичен кристалографски систем). Исто така, во оваа работа се прикажани практични начини за анализа на кристали со ниска симетрија (гипс, Тутонови соли), како и дискусија на резултатите од ваквите истражувања.

Публикацијата 3.1. е интересен и поучен образовен труд и во неа се прикажани резултатите од еден истражувачки експеримент. Имено, талозите што се добиваат при реакција на калиум јодид и олово(II) нитрат, од една, и олово(II) ацетат, од друга страна, се различни. Првичната претпоставка дека со ацетатот се образува двојна сол олово(II) јодид ацетат е отфрлена врз база на анализата на инфрацрвените спектри. Со комбинација на класична хемија и инфрацрвена спектроскопија, покажано е дека талогот образуван со олово(II) ацетат е олово(II) хидроксид јодид.

Во трудот 3.2. е обрнато внимание на кинетиката на реакцијата на метален натриум со водна пара, при собна температура. Процесот се одвива повеќе часа и претставува пример за краток маратонски експеримент. Брзината на реакцијата е независна од времето, па според тоа се работи за кинетика од 0-ти ред. Ова е, навидум, во спротивност со едноставното хемиско расудување. Понудени се две можности за објаснување на разликите меѓу очекуваното и најденото однесување на системот, па потоа е изведен решавачки експеримент врз основа на кој е дадено и целосно објаснение за феноменот.

Резултатите од целокупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручна актива на кандидатот се сумирани во табелата подолу.

Се гледа дека, во извештајниов период, доц. д-р Владимир Ивановски остварил актива со која „освоил“ вкупно 167,519 поени (52,75 НО, 90,769 НИ и 24,0 СА), што е значително поголем број поени од потребниот за избор во наредното наставно-научно звање, вонреден професор.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Владимир Ивановски уште пред стапувањето на работа на ИХ при ПМФ (во текот на изработката на својата дипломска работа) покажал темелност, педантност, зрелост и подготвеност за научноистражувачка работа какви што може само да се посакуваат во сериозна и професионална универзитетска средина. Во периодот од неговиот прием како помлад асистент, до денес, тој израснал во извонреден научен работник и одличен наставник. Тој е врвен експерт во областа на рефлексионите спектроскопски методи. Имено, тој одржал предавање по покана на оваа тема, на меѓународна конференција; бил на постдокторски престој во СР Германија каде што ги надградил своето знаење и искуство во оваа област (како резултат на што изработил и објавил неколку труда во угледни списанија од областа); учествувал во билатерални македонско-словенечки проекти заедно со живи легенди на спектроскопијата, од рангот на еден Душан Хаџи (по чие барање, всушност, д-р Ивановски и станува раководител на билатералниот проект од македонска страна); бил неколку пати рецензент на трудови за списанијата Spectrochimica Acta, Vibrational Spectroscopy, Journal of Molecular Structure… Трудовите на д-р Владимир Ивановски се, заклучно со месец април 2011 година, цитирани вкупно 51 пат (според резултатите од Science Citation Index). Сето ова, како и бројот и квалитетот на објавените трудови во извештајниот период (објавени, по правило, во најугледните списанија од областа на вибрационата спектроскопија) јасно говорат дека во изминатите 13 години на ИХ при ПМФ се оформил еден комплетен и квалитетен научник. Резултатите од наставно-образовната работа само го дополнуваат и го засилуваат претходниот впечаток.

Поради тоа, Рецензентската комисија со големо задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да го избере насл. доц. д-р Владимир Ивановски во звањето **вонреден професор** по група предмети од физичка хемија.

Рецензенти

Акад. Глигор Јовановски, ред. проф. на ПМФ (во пензија), с.р.

Д-р Владимир Петрушевски, ред. проф. на ПМФ, с.р.

Д-р Валентин Мирчески, вонр. проф. на ПМФ, с.р.

АНЕКС 2

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ___**Владимир Ѓорѓи Ивановски**___
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ___**Природно-математички факултет/Институт за хемија**___
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ___**молекулска спектроскопија**___

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Предмет – физичка хемија I (3 часа неделно), учебна 2008/09 | 1,8 |
| | Предмет – физичка хемија II (1,5 часа неделно), учебна 2008/09 | 0,9 |
| | Предмет – ензимологија (2 часа неделно), 2009, 2010, 2011 | 3,6 |
| | Предмет – радиохемија (2 часа неделно), 2010, 2011 | 2,4 |
| | Предмет – физичка хемија за биолози (3 часа неделно), 2010, 2011 | 3,6 |
| 2. | Настава во рамките на втор циклус студии | 1,5 |
| 3. | Предавања во рамките на ДААД работилница (два пати) | 2 |
| 4. | Вежби аудиториски: структура на атоми 2006-2010 (три часа неделно) | 5,4 |
| | Вежби аудиториски: одбрани поглавја од физичката хемија, 2006/2010 (три часа неделно) | 5,4 |
| | Вежби аудиториски: радиохемија, 2009-2011 (два часа неделно) | 2,7 |
| | Вежби лабораториски физичка хемија I и II за насоката аналитичка биохемија (три часа неделно), 2007/2008 | 5,4 |
| | Лабораториски вежби: ензимологија, 2010 | 0,45 |
| 5. | Консултации со студенти | 0,4 |
| 6. | Ментор на дипломски работи (пет) | 1,0 |
| 7. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (две) | 0,2 |
| 8. | Учесник во превод на учебник: Физичка хемија од Питер Аткинс | 3,0 |
| 9. | Пакет материјали (литература, .pdf фајлови од предавања, материјали и практикуми за вежби) за предметите (радиохемија, ензимологија, физичка хемија | 3,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | за биолози) | |
| 10. | Труд со оригинални резултати, објавен во референтно списание од областа на образованието, со меѓународен уредувачки одбор | |
| | N. Stavrevska, V.M. Petruševski, V. Ivanovski, REACTION OF SODIUM WITH WATER VAPOR – A SHORT MARATHON EXPERIMENT WITH SOMEWHAT UNEXPECTED RESULT, *Chem. Educator* 15 (2010) 321–324. | 6,0 |
| 11. | Труд со оригинални резултати, објавен во меѓународно списание од областа на образованието. | |
| | M. Monković, V. Ivanovski, V.M. Petruševski, DEMONSTRATIONS AS A TOOL FOR IRONING-OUT MISCONCEPTIONS: III. A NOTE ON THE REACTION $Pb^{2+}(aq) + 2I^-(aq) \rightarrow PbI2(s)$: EXCEPTIONS FROM THE A PRIORI EXPECTATIONS, *Aust. J. Ed. Chem.* 68 (2007) 17–19. | 4,0 |
| | | |
| | **Вкупно** | 52,75 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на две тековни магистерски работи (Миха Буклески; Димитри Томовски) | 2 |
| 2. | Раководител на меѓународен научен проект | |
| | ПРОТОНСКА ДИНАМИКА КАЈ КРАТКИТЕ ВОДОРОДНИ ВРСКИ НА α-РОХ И СРОДНИ СИСТЕМИ СО ИНФРАЦРВЕНА ДИСПЕРЗИОНА АНАЛИЗА (Билатерален МК-СЛ 2006/2007) | 9 |
| | ПРОТОНСКА ДИНАМИКА КАЈ ОПТИЧКИ АНИЗОТРОПНИ КРИСТАЛИ – ИНФРАЦРВЕНА ДИСПЕРЗИОНА АНАЛИЗА И ТЕОРИСКИ ИСПИТУВАЊА (Билатерален МК-СЛ 2010/2011) | 9 |
| | CHARACTERIZATION AND PROPERTIES OF CHEMISORBED FERROCENE DERIVATIVES ON DIFFERENT SOLID ADSORBENTS FOR THEIR APPLICATION IN HETEROGENEOUS CATALYSIS BY EMPLOYING VIBRATIONAL SPECTROSCOPY METHODS AND TECHNIQUES (**research group linkage project 2011–2014), финансиран од Фондацијата „Александар фон Хумболт“** | 9 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | |
| | V. Ivanovski, T.G. Mayerhöfer, J. Popp, ISOSBESTIC-LIKE POINT IN THE POLARIZED REFLECTANCE SPECTRA OF MONOCLINIC CRYSTALS–A QUANTITATIVE APPROACH, *Spectrochimica Acta* A68 (2007) 632–638. | 7,475 |
| | V. Ivanovski, T.G. Mayerhöfer, J. Popp, INVESTIGATION OF THE PECULIARITIES IN THE POLARIZED REFLECTANCE SPECTRA OF SOME TUTTON SALT MONOCLINIC SINGLE CRYS- | 7,931 |

| | | |
|---|---|---|
| | TALS USING DISPERSION ANALYSIS, *Vibrational Spectroscopy* 44 (2007) 369–374. | |
| | V. Ivanovski, T.G. Mayerhöfer, J. Popp, V.M. Petruševski, POLARIZED IR REFLECTANCE SPECTRA OF THE MONOCLINIC SINGLE CRYSTAL K2Ni(SO4)2·6H2O: DISPERSION ANALYSIS, DIELECTRIC AND OPTICAL PROPERTIES, *Spectrochimica Acta* A69 (2008) 629–641. | 7,475 |
| | V. Ivanovski, T.G. Mayerhöfer, J. Popp, DISPERSION ANALYSIS OF POLARIZED IR REFLECTANCE SPECTRA OF TUTTON SALTS: THE $\nu_3(SO_4^{2-})$ FREQUENCY REGION, *Vibrational Spectroscopy* 47 (2008) 91–98. | 7,931 |
| | V. Ivanovski, T.G. Mayerhöfer, J. Popp, EMPLOYING POLYETHYLENE AS CONTACTING AGENT BETWEEN ATR-CRYSTALS AND SOLID SAMPLES WITH HARD SURFACES, *Journal of Molecular Structure* 924–926 (2009) 571–576. | 7,551 |
| | V. Ivanovski, G. Ivanovski, NEAREST-NEIGHBOUR-INTERACTION MODEL IN THE COUPLED-OPTICAL-PHONON-MODE THEORY OF THE INFRARED DISPERSION IN MONOCLINIC CRYSTALS: APPLICATION TO TUTTON SALT SINGLE CRYSTAL, *Spectrochimica Acta* A75 (2010) 1452–1461. | 7,475 |
| | M. Bukleski, V. Ivanovski, V.M. Petruševski, IR SPECULAR REFLECTANCE SPECTRA OF $KHSO_4$ SINGLE CRYSTAL–DISPERSION ANALYSIS, Vib. Spectrosc. (2011), doi:10.1016/j.vibspec.2011.04.003 (во печат). | 7,931 |
| 4. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор | |
| | Vladimir Ivanovski, THEORY AND PRACTICE IN THE ANALYSIS OF POLARIZED IR REFLECTANCE SPECTRA OF LOW SYMMETRY SINGLE CRYSTALS, *Proceedings of 9th International Conference on Fundamental and Applied Aspects of Physical Chemistry*, B-3-SL, pp. 77–84, 2008, Belgrade, Serbia. | 3,0 |
| 5. | Учество на научен/стручен собир со реферат | |
| | V. Ivanovski, T.G. Mayerhöfer, J. Popp, ***Dispersion analysis – solving some problems in the polarized reflectance spectra of monoclinic single crystals***, Fourth International Congress on Advanced Vibrational Spectroscopy (ICAVS 4), Book of Abstracts, Corfu, Greece, June 2007. | 1,0 |
| | Vladimir Ivanovski, THEORY AND PRACTICE IN THE ANALYSIS OF POLARIZED IR REFLECTANCE SPECTRA OF LOW SYMMETRY SINGLE CRYSTALS, *9th International Conference on Fundamental and Applied Aspects of Physical Chemistry*, 2008, Belgrade, Serbia. | 1,0 |
| 6. | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет | |
| | V. Ivanovski, IR Reflectance spectroscopy: single crystal investigation, Fakultät für Chemie und Mineralogie, Institut für Anorganische Chemie, Uni-Leipzig, June 2010 | 3,0 |
| | | |
| | **Вкупно** | 90,769 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир | |
| | Book of Abstract, „XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia", Ohrid 2010 | 1 |
| 2. | Претседател на научен одбор на научен/стручен собир | |
| | „XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia", Ohrid 2010 | 1 |
| 3. | Студиски престој во странство | |
| (16 месеци) | Постдокторски престој (Александар фон Хумболт стипендија). Јена, Универзитет „Фридрих Шилер", 2006/2007 година (домаќин од германска страна - проф. д-р Јирген Поп) | 2 |
| 20 дена | Факултет за хемија и минералогија, Институт за неорганска хемија, Универзитет во Лајпциг, јуни 2010 (домаќин во Германија - проф. д-р Евамари Хеј-Хокинс). | 0,5 |
| 20 дена | Факултет за хемија и минералогија, Институт за неорганска хемија, Универзитет во Лајпциг, април 2011 (домаќин во Германија - проф. д-р Евамари Хеј-Хокинс). | 0,5 |
| 4. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект | |
| | ПРОТОНСКА ДИНАМИКА КАЈ КРАТКИТЕ ВОДОРОДНИ ВРСКИ НА α-РОХ И СРОДНИ СИСТЕМИ СО ИНФРАЦРВЕНА ДИСПЕРЗИОНА АНАЛИЗА (Билатерален МК-СЛ 2006/2007) | 2,0 |
| | ПРОТОНСКА ДИНАМИКА КАЈ ОПТИЧКИ АНИЗОТРОПНИ КРИСТАЛИ – ИНФРАЦРВЕНА ДИСПЕРЗИОНА АНАЛИЗА И ТЕОРИСКИ ИСПИТУВАЊА (Билатерален МК-СЛ 2010/2011) | 2,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | CHARACTERIZATION AND PROPERTIES OF CHEMISORBED FERROCENE DERIVATIVES ON DIFFERENT SOLID ADSORBENTS FOR THEIR APPLICATION IN HETEROGENEOUS CATALYSIS BY EMPLOYING VIBRATIONAL SPECTROSCOPY METHODS AND TECHNIQUES (**research group linkage project 2011-2014), финансирана од Фондацијата „Александар фон Хумболт“** | 2,0 |
| 5. | Раководител на внатрешна организациона единица | |
| | Раководител на Заводот за физичка хемија при Институтот за хемија, 2007/2009 | 3,0 |
| 6. | Член на факултетска комисија | |
| | Член на Комисијата за отуѓување, 2010 и 2011 | 1,0 |
| 7. | Член на Советот за наука на Министерството за образование и наука | 3,0 |
| 8. | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.) | 2,0 |
| 9. | Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност (FP7, COST, ICGEB, IEAE и сл.) | |
| | Генерален секретар на Хумболт-ДААД клубот/Македонија од 2011 | 4,0 |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 24,0 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 52,75 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 90,769 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 24,0 |
| **Вкупно** | 167,519 |

**Членови на Комисијата**

Акад. Глигор Јовановски, ред. проф. на ПМФ (во пензија), с.р.

Д-р Владимир Петрушевски, ред. проф. на ПМФ, с.р.

Д-р Валентин Мирчески, вонр. проф. на ПМФ, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЛЕКТОР ПО ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје на својата четиринаесетта редовна седница одржана на 2.2.2011 година,, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор во звањето лектор по германски јазик. Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, чест ни е да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор во звањето лектор по германски јазик, објавен во *Утрински весник* на 13 јануари 2011 година, се пријавија кандидатите: м-р Бисера Станкова, м-р Милица Денковска и м-р Џулиано Исеини.

1. **М-р Бисера Станкова** (род. Ковачевска) е родена на 26 август 1976 година во Скопје. Во 1999 година дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, каде што се здобила со диплома за професор по германски јазик и книжевност со англиски јазик и книжевност. Во учебната 2003/2004 година, кандидатката се запишала на лингвистичката насока на германистичките постдипломски студии на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје. На 22 ноември 2010 го одбранила својот магистерски труд под наслов *Минатото-идно време во македонскиот јазик и неговите германски еквиваленти,* со што се стекнала со научниот степен магистер на филолошки науки.

Од 1 октомври 1999 до 1 април 2000 година, м-р Бисера Станкова била хонорарно ангажирана како библиотекарка на Катедрата за германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје. Поради одличните резултати во работата, кога извршила физички попис на целиот книжен фонд на библиотеката за германски јазик, на овој ангажман се надоврзува нејзиното вработување во постојан работен однос како библиотекарка на истата Катедра. Нејзината библиотекарска дејност завршила во април 2006 година, кога била избрана за помлад асистент-приправник по предметот граматика на германскиот јазик. Во септември 2010 била преизбрана во звањето помлад асистент по истиот предмет, звање, во кое работи и денес.

Во текот на студиите, Бисера Станкова остварила два престоја на германското говорно подрачје. Во август 1997 година престојувала на Техничкиот универзитет во Дрезден, СР Германија, каде што учествувала на Семинар по германски јазик за студенти со напреднат степен на познавање на германскиот јазик од областа на економијата, а во летото 1999 година остварила двомесечен престој кај германско семејство во Женева, Швајцарија. Следната, 2000 година учествувала на Семинарот за германски јазик и култура, кој во организација на Германската служба за академска размена (ДААД) се одржал од 14 до 30 септември на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. М-р Бисера Станкова настапила со вежби за студентите-негерманисти што го изучуваат германскиот јазик. Од 20 до 25 јануари 2007 година, кандидатката учествувала на Семинар за универзитетска дидактика на Педагошкиот факултет во Нирнберг, СР Германија. Истата година, од 28 до 31 март го

посетувала Семинарот за болоњскиот процес, организиран од УСАИД и одржан во Охрид. Од 10 до 13 мај 2007 година учествувала во проектот за усовршување на научниот подмладок во областа на германистиката и на германскиот како странски јазик, кој во организација на Фондацијата „Роберт Бош“ се одржал во Варна, Бугарија. Истата година од 14 до 16 септември, м-р Бисера Станкова стекнала наобразба на Семинарот за креативна настава и социјална правда, организиран од УСАИД и одржан во Охрид. Таа била активна и следната, 2008 година, кога од 28 до 30 март учествувала на семинарот *Со читање и пишување до критичко мислење*, одржан во Охрид во организација на УСАИД и наменет за наставниците од високото образование.

М-р Бисера Станкова престојувала и на англиското говорно подрачје: во 1989 година учествувала на тринеделен летен курс по англиски јазик во Норич, Англија, а од јуни до август 2004 година престојувала во Торонто, Канада.

Уште во текот на студиите, во 1995 и следната година, м-р Бисера Станкова работела како техничка секретарка и преведувачка во новинарската куќа на неделникот *Фокус*, каде што преведувала текстови од странски списанија. Во 1996 година работела и за списанието *Блеф* при издавачката куќа *Нова Македонија*, во кое објавувала текстови и преводи. Во септември и октомври 1999 година била ангажирана како предметна наставничка по германски јазик во ОУ “Ј. Х. Песталоци” во Скопје, а во периодот од 1999 до 2001 година и како хонорарна наставничка по германски јазик во училиштето за странски јазици “Виза Д”.

Од 1995 до денес, Бисера Станкова имала девет претежно стручнопреведувачки ангажмани и еден толкувачки ангажман за германскиот и за англискиот јазик по налог на Владата на РМ, македонски списанија, претпријатија итн.

Од 2005 до октомври 2009, м-р Бисера Станкова била координаторка за европскиот систем за пренесување на бодови (ЕКТС) и учествувала во изработката на студиските и на предметните програми за студентите по германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Од 2005 до 2007 година била член во Комисијата за изведување на приемните испити, а од 2006 до 2008 членувала во Централната комисија за попис за основните средства на Факултетот.

2. **М-р Милица Денковска** е родена на 28 август 1976 година. Од 1995 до 1999 година студирала на Групата за германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, каде што се стекнала со диплома за професор по германски јазик и книжевност. Во 2006 година се запишала на Групата за германистика и скандинавистика на Факултетот за класични и нови филологии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Софија. По две години го стекнала научниот степен магистер по германска филологија: книжевност, култура и медиуми. Од 2009 е студентка на докторските студии по германска книжевност на истиот бугарски Факултет.

Во 1997 година, кандидатката го посетувала Семинарот за германскиот јазик во економијата, кој се одржал на Техничкиот универзитет во Дрезден, СР Германија, а во 1999 година, во својство на ментор за студенти од нематичните факултети, учествувала на

Семинарот за германски како странски јазик во Република Македонија, одржан во Охрид во организација на Амбасадата на СР Германија. Во 2006 година посетувала два семинара: Семинарот за предавачи по германски како странски јазик, одржан на Универзитетот во Лајпциг и на Институтот „Хердер" во Лајпциг, СР Германија, како и на Семинарот за професори по германски јазик, организиран од Педагошката служба за размена при Сојузното министерство за образование на СР Германија и одржан во Флото, СР Германија. На 26 и 27 септември 2009 година учествувала на меѓународниот конгрес за туризам и менаџмент *Предизвици и перспективи во туризмот и менаџментот*, организиран од Универзитетот за менаџмент и туризам во Скопје.

Во 1999 и 2000 година, м-р Милица Денковска работела како наставничка по германски јазик во ОУ „Кочо Рацин" во Скопје и во училиштето за странски јазици „Логос Оксфорд" во Скопје. Од 2000 до 2002 година била предавачка за Microsoft Windows во продажниот центар за компјутерска опрема „УСА-МАК Компјутери" во Скопје. Во 2002 и следната година кај работодавачот „К&К ДОО Скопје" се занимавала со менаџмент и координација на финансиите и на продажбата во продажните центри на „Техномаркет". Од 2002 до 2009 година била наставничка по германски јазик во училиштето за странски јазици „Арс студио" во Скопје, а од 2003 до 2004 година се занимавала со логистика, увоз и нарачки во продажниот центар за техничка опрема „Е-Траде ДООЕЛ" во Скопје. Од 2003 до 2007 година ѝ се посветила на преведувачката и на толкувачката дејност. Како преведувачка по германски, англиски, српски и хрватски јазик во областа на маркетингот, техниката, градежништвото и телекомуникациите, од 2003 до денес соработувала со „Алхемист" од Љубљана, Словенија, а во 2006 и следната година работела како преведувачка и толкувачка по германски и англиски јазик за проектот CARDS на ЕУ во Иновативниот центар „Космо". Од 2008 година до денес, м-р Милица Денковска работи како лектор по германски јазик на Универзитетот МИТ во Скопје.

Во мај 2010 година, м-р Милица Денковска била обучувачка во рамките на проектот за модернизација на образованието *Стратегии и техники на учење и подучување*, кој бил поддржан од Светската банка, Министерството за образование и Бирото за развој на образованието на Република Македонија.

М-р Милица Денковска е авторка на следниве трудови: „Интеркултурен трансфер и конфликт: Предизвиците на односите со јавноста во туризмот: Како да се прифати различноста!", објавен во *Global HR, Списание за човекови ресурси* бр. 10, 2009, стр. 37-41; „Интеркултурен дијалог: Улогата на туѓинецот во индивидуалното и културното самосоздавање", објавен во *Зборник на трудови на Униврерзитетот МИТ*, год. I, бр. 1, 2010, стр. 165-176, и „Германската повоена книжевност 1945-1949: Пораз и реставрација", објавен во *The Heritage*, бр. 3, 2011, стр. 158-169.

3. **М-р Ѓулиано Исеини** е роден на 10 јуни 1969 година во Форино, општина Гостивар. Студирал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, каде што во 1995 година се стекнал со стручниот назив професор по германски јазик и книжевност и дипломиран филолог-преведувач по германски јазик. Во 2006 година, на истиот Факултет го одбранил магистерскиот труд под наслов *Германско-*

*албанските јазични интерференции кај албанските говорители во Швајцарија* и се здобил со титулата магистер на филолошки науки. Во април 2008 година, на истиот Факултет му била одобрена темата за изработка на докторска дисертација под наслов: *Јазици во контакт: Мешање и префрлување кодови (codemixing/codeswitching) меѓу германскиот и албанскиот јазик во Швајцарија.*

Во текот на студиите учествувал во студентските дијалектолошки истражувања во Фрајбург, СР Германија, а во 1995 година го посетувал Семинарот по германски јазик во Берн, Швајцарија. Во 1998, 1999 и 2001 година бил преведувач на три еднонеделни курса за комуникација во рамките на програмата „Партнерство за мир", кои се одржале во Шпиц, Швајцарија и биле наменети за говорители на албанскиот јазик. Учествувал и на советувањето на Здружението на преведувачи на сојузно ниво во Цирих, Швајцарија. Од 15 до 29 мај 2000 година го посетувал Семинарот на Здружението на наставниците по германски јазик, кој бил организиран од Германската служба за академска размена (ДААД) од Белград и одржан во Скопје. М-р Џулиано Исеини активно учествувал на четири курса за компјутери одржани во Бургхоф, Швајцарија, и тоа во 2002 година на десетдневните курсеви за Excel и за Winword и на четиридневниот курс за Windows, а во 2004 година на дводневниот курс за користење на интернет. Од 16 до 24 јуни 2008 го посетувал Семинарот за развој на проекти за основање претпријатија, одржан во Берн, Швајцарија. Учествувал и на семинари за наставниците на кои германскиот не им е мајчин јазик.

Од 1995 година работи како преведувач во Сојузното биро за миграција во Берн, Швајцарија, и во Кантоналната администрација во Берн, Цирих и Солотурн, Швајцарија.

Од 1996 година е овластен судски преведувач во Основниот суд во Гостивар и во Берн, Швајцарија.

Во учебната 1999/2000 година работел како професор по германски јазик во гимназијата „Зеф Љуш Марку" во Скопје.

По предлог на кантонот Солотурн, со владина одлука од 29 ноември 2005 година, бил избран за претставник на мигрантите во Комисијата за интеграција на странци со четиригодишен мандат.

М-р Ѓулиано Исеини е автор на следниве текстови: "Mirsevini në Solothurn" („Добредојдовте во Солотурн", *Публикации на Владата на кантонот Солотурн* 2009; "Interferenca gjuhësore ne mes shqipes dhe gjermanishtes në Zvicër", *Jahrbuch BISHZ/VAIS* 1998; "Fjalë të përbaskëta me gjermanishten", *Bota sot* 1997 и Интерференциите како извор на јазични грешки, нивното настанување и препознавање. *Jahrbuch BISHZ/VAIS* 2001.

------

По грижливото разгледување на доставениот материјал, Рецензентската комисија констатира дека според пропозициите за минимален број бодови по сите основи за избор во звањето лектор (30 бода), условите ги исполнуваат кандидатките м-р Бисера Станкова и м-р Милица Денковска. Извршувајќи ја обврската да предложи еден кандидат за споменатото работно место, Рецензентската комисија му го доставува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје следниов

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ:

**Кандидат: м-р Бисера Марко Станкова**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески"**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: германски јазик**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус Катедра за германски јазик и книжевност и Катедра за преведување и толкување** | |
| | **2006/2007 зимски семестар** | |
| | Морфологија на германскиот јазик 1 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Сегментална фонетика и фонологија на германскиот јазик (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0.9 |
| | Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 1 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна анализа на текст и говор 1 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Германски јазик 1 (за други јазични групи) (2+2) (2x15=30x0,03)+(2x15=30x0,03)=0,9+0,9=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 3 (за други јазични групи) (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | **2006/2007 летен семестар** | |
| | Морфологија на германскиот јазик 2 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Супрасегментална фонетика и фонологија на германскиот јазик (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 2 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна анализа на текст и говор 2 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Германски јазик 2 (за други јазични групи) (2+2) (2x15=30x0,03)+(2x15=30x0,03)=0,9+0,9=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 4 (за други јазични групи) (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | **2007/2008 зимски семестар** | |
| | Морфологија на германскиот јазик 1 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Супрасегментална фонетика и фонологија на германскиот јазик (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 1 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна анализа на текст и говор 1 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Германски јазик 1 (за други јазични групи) (2+2)<br>(2x15=30x0,03)+(2x15=30x0,03)=0,9+0,9=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 3 (за други јазични групи) (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | **2007/2008 летен семестар** | |
| | Морфологија на германскиот јазик 2 (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Супрасегментална фонетика и фонологија на германскиот јазик (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 2 (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна анализа на текст и говор 2 (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Германски јазик 2 (за други јазични групи) (2+2)<br>(2x15=30x0,03)+(2x15=30x0,03)=0,9+0,9=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 4 (за други јазични групи) (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | **2008/2009 зимски семестар** | |
| | Морфологија на германскиот јазик 1 (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Супрасегментална фонетика и фонологија на германскиот јазик (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 1 (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна анализа на текст и говор 1 (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Германски јазик 1 (за други јазични групи) (2+2)<br>(2x15=30x0,03)+(2x15=30x0,03)=0,9+0,9=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 3 (за други јазични групи) (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | **2008/2009 летен семестар** | |
| | Морфологија на германскиот јазик 2 (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Супрасегментална фонетика и фонологија на германскиот јазик (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 2 (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна анализа на текст и говор 2 (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Германски јазик 2 (за други јазични групи) (2+2)<br>(2x15=30x0,03)+(2x15=30x0,03)=0,9+0,9=1,8 | 1,8 |
| | Германски јазик 4 (за други јазични групи) (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | **2009/2010 зимски семестар** | |
| | Морфологија на германскиот јазик 1 (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Супрасегментална фонетика и фонологија на германскиот јазик (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 1 (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Контрастивна анализа на текст и говор 1 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Германски јазик 3 (за други јазични групи) (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | **2009/2010 летен семестар** | |
| | Морфологија на германскиот јазик 2 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Супрасегментална фонетика и фонологија на германскиот јазик (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 2 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна анализа на текст и говор 2 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Германски јазик 4 (за други јазични групи) (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | **2010/2011 зимски семестар** | |
| | Морфологија на германскиот јазик 1 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна граматика на германскиот и на македонскиот јазик 1 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Контрастивна анализа на текст и говор 1 (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Германски јазик 1 (за други јазични групи) (2+2) (2x15=30x0,03)+(2x15=30x0,03)=0,9+0,9=1,8 | 1,8 |
| | **Вкупно бодови за одржување настава од прв циклус студии** | 51,3 |
| | **Консултации со студенти** | |
| | 2006/2007, во просек 100 студенти<br>зимски семестар: 100 студенти x 0,002 = 0,2<br>летен семестар: 100 студенти x 0,002 = 0,2 | 0,2<br>0,2 |
| | 2007/2008, во просек 100 студенти<br>зимски семестар: 100 студенти x 0,002 = 0,2<br>летен семестар: 100 студенти x 0,002 = 0,2 | 0,2<br>0,2 |
| | 2008/2009, во просек 100 студенти<br>зимски семестар: 100 студенти x 0,002 = 0,2<br>летен семестар: 100 студенти x 0,002 = 0,2 | 0,2<br>0,2 |
| | 2009/2010, во просек 100 студенти<br>зимски семестар: 100 студенти x 0,002 = 0,2<br>летен семестар: 100 студенти x 0,002 = 0,2 | 0,2<br>0,2 |
| | 2010/2011, во просек 100 студенти<br>зимски семестар: 100 студенти x 0,002 = 0,2 | 0,2<br>0,2 |
| | **Вкупно бодови за одржувани консултации:** | 2 |
| | **Вкупен број бодови за наставно-образовна дејност:** | 53,3 |

Бодовна табела за м-р Бисера Станкова стр. 4

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Одбранета магистерска работа** | |
| | *Минатото-идно време во македонскиот јазик и неговите германски еквиваленти,* одбранета на 22.11.2010 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"во Скопје. | 4 |
| | **Учесник во меѓународен научен проект** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Учество во проектот за размена и обука на млади научници од областа на германистиката и германскиот како странски јазик во Југоисточна Европа во рамките на Програмата за лектори на Фондацијата „Роберт Бош", во Варна, 10-13 мај 2007 год., проект на Фондацијата „Роберт Бош", DAAD, BAYHOST, dvv international од СР Германија. | 5 |
| | **Учесник во национален научен проект** | |
| | Учество во обука за наставни методи „Со читање и пишување до критичко мислење", проект на УСАИД и Фондацијата „Институт отворено општество", во соработка со Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во 2007 и 2008 год. во Охрид. | 3 |
| | **Вкупен број бодови за научноистражувачка дејност** | 12 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Координатор на студиска група** | |
| | Од 2005 до 2009, ЕКТС-координатор на студиската група германски јазик и книжевност при Катедрата за германски јазик и книжевност | 2 |
| | **Член на факултетска комисија – Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје** | |
| | Член на Комисијата за попис на постојани средства-2007 год. (решение бр. 05-1338/1 од 19.11.2007 год.) | 0,5 |
| | Член на Комисијата за попис на постојани средства-2008 год. (решение бр. 05-1222/1 од 3.11.2008 год.) | 0,5 |
| | Член на Техничката комисија за упис во уч.2004/2005 год. (одлука бр.09-67/16 од 24.6.2004 год.) | 0,5 |
| | Член на Техничката комисија за упис во уч.2005/2006 год. (одлука бр.09-68/25 од 27.6.2005 год.) | 0,5 |
| | Член на Техничката комисија за упис во уч.2006/2007 год. (одлука бр.09-68/11 од 12.6.2006 год.) | 0,5 |
| | | |
| | **Вкупен број бодови за стручно-апликативна дејност** | 4,5 |

Бодовна табела за м-р Бисера Станкова стр. 5

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| | |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 53,3 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 12,0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 4,5 |
| **Вкупно** | 69,8 |

Скопје, 18.4.2011

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Емилија Бојковска, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Силвана Симоска, член
3. проф. д-р Зорица Николовска, член, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ:

**Кандидат: м-р Милица Денковска**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Универзитет за менаџмент и туризам – Скопје, Факултет за менаџмент**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: германски јазик**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус на Факултетот за менаџмент при Универзитетот за менаџмент и туризам - Скопје** | |
| | **2009/2010 зимски семестар** | |
| | Настава во прва година (2+0) (2x15=30x0,04=1,2) | 1,2 |
| | Вежби во прва година (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Настава во втора година (2+0) (2x15=30x0,04=1,2) | 1,2 |
| | Вежби во втора година (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Настава во трета година (2+0) (2x15=30x0,04=1,2) | 1,2 |
| | Вежби во трета година (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | **2009/2010 летен семестар** | |
| | Настава во прва година (2+0) (2x15=30x0,04=1,2) | 1,2 |
| | Вежби во прва година (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Настава во втора година (2+0) (2x15=30x0,04=1,2) | 1,2 |
| | Вежби во втора година (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Настава во трета година (2+0) (2x15=30x0,04=1,2) | 1,2 |
| | Вежби во трета година (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | **2010/2011 зимски семестар** | |
| | Настава во прва година (2+0) (2x15=30x0,04=1,2) | 1,2 |
| | Вежби во прва година (0+2) (2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Настава во втора година (2+0)<br>(2x15=30x0,04=1,2) | 1,2 |
| | Вежби во втора година (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | Настава во трета година (2+0)<br>(2x15=30x0,04=1,2) | 1,2 |
| | Вежби во трета година (0+2)<br>(2x15=30x0,03=0,9) | 0,9 |
| | **Вкупно бодови за одржување настава од прв циклус студии** | 18,9 |
| | **Консултации со студенти** | |
| | 2009/2010, во просек 70 студенти<br>зимски семестар: 70 студенти x 0,002 = 0,14<br>летен семестар: 70 студенти x 0,002 = 0,14 | 0,14<br>0,14 |
| | 2010/2011, во просек 70 студенти<br>зимски семестар: 70 студенти x 0,002 = 0,2 | 0,14 |
| | **Вкупно бодови за одржувани консултации:** | 0,42 |
| | **Вкупен број бодови за наставно-образовна дејност:** | 19,32 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Одбранета магистерска работа** | |
| | Стекната титула магистер по германска филологија: книжевност, култура и медиуми на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Софија во 2008 година | 4 |
| | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| | Учество во проектот за модернизација на образованието на Светската банка, Министерството за образование и Бирото за развој на образованието на Република Македонија | 5 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | |
| | „Интеркултурен трансфер и конфликт: Предизвиците на односите со јавноста во туризмот: Како да се прифати различноста!", *Global HR, Списание за човекови ресурси* бр. 10, 2009, стр. 37-41. | 4 |
| | „Интеркултурен дијалог: Улогата на туѓинецот во индивидуалното и културното самосозвадање", објавен во Зборник на трудови на Универзитетот МИТ, год. I, бр. 1, 2010, стр. 165-176. | 4 |
| | „Германската повоена книжевност 1945-1949: Пораз и реставрација", објавен во The Heritage, бр. 3, 2011, стр. 158-169. | 4 |
| | **Вкупен број бодови за научноистражувачка дејност** | 21 |

Бодовна табела за м-р Милица Денковска, стр. 2

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 19,32 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 21,0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | - |
| **Вкупно** | 40,32 |

Скопје, 18.4.2011

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Емилија Бојковска, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Силвана Симоска, член
3. Проф. д-р Зорица Николовска, член, с.р.

**ОБРАЗЕЦ**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Сојузно биро за миграција во Берн, Швајцарија, и во Кантонална администрација во Берн, Цирих и Солотурн, Швајцарија**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: германски јазик**

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Одбранета магистерска работа** | |
| | *Германско-албанските јазични интерференции кај албанските говорители во Швајцарија,* одбранета на 10.10.2006 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. | 4 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | |
| | "Interferenca gjuhësore ne mes shqipes dhe gjermanishtes ne Zvicër", *Jahrbuch BISHZ/VAIS* 1998 | 4 |
| | Интерференциите како извор на јазични грешки, нивното настанување и препознавање. *Jahrbuch BISHZ/VAIS* 2001. | 4 |
| | "Mirsevini në Solothurn" („Добредојдовте во Солотурн“), *Публикации на Владата на кантонот Солотурн,* 2009 | 4 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание** | |
| | "Fjalë të përbaskëta me gjermanishten", *Bota sot* 1997 | 2 |
| | **Вкупен број бодови за научноистражувачка дејност** | 18 |

Бодовна табела за м-р Ѓулиано Исеини, стр. 2

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 18,0 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | - |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | - |
| **Вкупно** | 18,0 |

Скопје, 18.4.2011

**Членови на комисијата**

1. Проф. д-р Емилија Бојковска, претседател, с.р.
2. проф. д-р Силвана Симоска, член
3. проф. д-р Зорица Николовска, член, с.р.

Проф. д-р Силвана Симоска
Катедра за германски јазик и книжевност
Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје

До Наставно-научниот совет на
Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје

Предмет: Прилог кон Рефератот за избор на лектор по германски јазик

Во врска со Рефератот за избор на лектор потпишан од проф. д-р Емилија Бојковска, во својство на претседател на Комисијата, и од проф. д-р Зорица Николовска, член на Комисијата, на 18.4.2011 година, а до мене доставен на 28.4.2011 година, од страна на Анета Крстеска, надворешен соработник, вршител на библиотекарската дејност на Катедрата за германски јазик и книжевност, би сакала **во интерес на рамноправно рангирање на сите кандидати** што конкурирале на местото ***лектор по германски јазик*** да ги приложам следниве забелешки во однос на *Обрасците кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање* (понатаму: Образец) за кандидатите м-р Бисера Станкова, м-р Милица Денковска и за м-р Ѓулиано Исеини согласно со *Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје* (понатаму: Правилник).

**1.** Врз основа на целокупната доставена документација од страна на кандидатката **м-р Бисера Станкова,** во *Образецот кон извештајот* во областа за научноистражувачката дејност (НИ) несоодветно се класифицираат учествата на семинари, работилници и обуки и следствено се вреднуваат со превисок број поени.

Дискутабилно е дали учеството без реферат, односно без предавање на *Средбата за размена и за доквалификација на научен подмладок* (Austausch- und Fortbildungstreffen) во 2007 година во Варна, Р. Бугарија, во рамките на Проектот за размена и доквалификација на научен подмладок во организација на повеќе германскојазични институции треба да се третира како учество во меѓународен научен проект и да се вреднува со 5 поени, имајќи предвид дека Бисера Станкова во тој период беше помлад асистент со тукушто започната високообразовна дејност (уч. 2006-2007 година) и објективно кревка научнообразовна подготовка. Бисера Станкова како повеќето млади научници, учесници на горенаведената средба во Варна, партиципирала во својство на слушател, а не во својство на обучувач, односно референт.

Истата забелешка важи и за во Образецот наведеното учество во национален научен проект (= 3 поени), односно за *учеството во обуката за наставни методи „Со читање и пишување до критичко мислење"* во рамките на проектот „Креативна настава и учење" во организација на УСАИД и Фондацијата „Отворено општество-Македонија" во 2008 година. И ова еднократно *учество во обука за наставни методи* не е проследено со самостоен реферат, односно активни предавања, односно вежби.

Учеството во национален, односно меѓународен научен проект е сериозен повеќегодишен активен ангажман проследен со повеќекратни учества на семинари, работилници со предавања и вежби, како и од нив произлезени

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени теми за изработка на магистерски труд прифатени
од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје
на седницата одржана на 28.4.2011 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Бранкица Кузманоска | Користење на Напреден план за квалитетен производ при развој на нов производ во автомобилската индустрија | Проф. д-р Вадимир Дуковски |
| Божин Лазаревски | Методи и техники за градење на бизнис од идеја до реализација | Проф. д-р Ванчо Донев |

Подготвил,
Ј.Василевски

Д е к а н
Проф. д-р Атанас Кочов

# ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Филозофскиот факултет** во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Комисија* |
|---|---|---|---|
| *1.* | м-р Владимир Пешевски | Општествено-економските промени во Република Македонија (1991-2001) | 1. Проф. д-р Виолета Ачкоска<br>2. Проф. д-р Даринка Петреска<br>3.Проф. д-р Методија Манојловски |

**ПРЕГЛЕД**
**на пријавени теми за изработка на магистерски труд, прифатени од Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје, на седницата одржана на 06.05.2011 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Борис Илиев, дипл. инж. | Компаративна анализа на предучилишните установи во општина Центар со современите тенденции во проектирањето и артикулирање на одредени интервенции во просторот како одговор на психо-физичките потреби на децата<br>Comparative analysis of pre-school institutions in center municipality in respect of contemporary trends in design and articulaton of specific spatial interventions in response to children's psycho-physical needs | Проф. д-р Владимир Каранаков |

Декан,
Проф. д-р Борче Илиев

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ ОПШТА И НЕОРГАНСКА ХЕМИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на XV редовна седница одржана на 6.5.2011 година, а согласно со Законот за високото образование, Законот за научноистражувачка дејност, критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Правилникот на Факултетот, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на помлад асистент по групата предмети општа и неорганска хемија.

По разгледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник" од 16-17.4.2011 година за избор на еден помлад асистент по групата предмети Општа и неорганска хемија, се пријавија две кандидатки:
1. Лилјана Богдановска, м-р, фарм.
2. Вјолца Ќерими, м-р, фарм.

### 1. Лилјана Богдановска, м-р, фарм.

**Биографски податоци:**

Датум и место на раѓање: 20.12.1983 во Скопје

Образование:

- Основно образование: ОУ „Војдан Чернодрински"- Скопје.
- Средно образование: ДУСО „Орце Николов"- Скопје, општа гимназија, 2002.

- Високо образование: Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Фармацевтски факултет, магистер по фармација, јуни 2007, среден успех 9,12.
- Магистерски студии, 2008 – аналитика на лекови, кандидатката ги положи сите предвидени испити со просечен успех 10,00, заклучно со 8.3.2010 година, и поднесе пријава за одбрана на магистерски труд под наслов „Развој на биоаналитички HPLC метод за определување на концентрација и терапевтска евалуација на бетаметазон дипропионат во субгингивална течност".

**Дејност**

**Наставно – образовна дејност:**

- февруари – јуни 2007 – вклучена е во практичната настава по предметот аналитичка хемија 1 ;
- септември – јуни 2008 – вклучена е во практичната настава по предметите основи на органска хемија и биоорганска хемија ;
- од септември 2008 – 2011 – вклучена е во практичната настава по предметот општа и неорганска хемија.

**Научноистражувачка дејност:**

Оригинални научни трудови:

1. R.Petkovska, A. Dimitrovska, C.Cornett, **Lj. Bogdanovska**. Chemometrical approach in Claritromycin and its related compounds analysis by rapid resolution RP-HPLC method. European Journal of Pharmaceutical Sciences, 2009, 38 (1) : 176-177.

Научно – популарни статии во стручни списанија:

1. Т. Петреска, **Л. Богдановска**. Функционални пробиотски производи. Фармацевтски информатор, бр. 23 / септ. 2010, ISSN 1409-8784, 56-58.
2. Т. Петреска, **Л. Богдановска**. Примена на пробиотици во бременоста – придобивка или ризик? Фармацевтски информатор, бр. 24 / дек. 2010, ISSN 1409-8784, 50-52.

**Апликативна дејност:**

Од јуни 2009 активно учествува во работата и активностите на Центарот за испитување и контрола на лекови при Фармацевтскиот факултет, како самостоен

аналитичар. Дел е од тимот одговорен за имплементирање на стандардот за општите барања за лаборатории за тестирање и калибрација ISO/IEC 17025, по кој е извршена акредитација на Центарот од Институтот за акредитација на Република Македонија.

Вклучена е во матрицата за компетентност на Центарот за испитување и контрола на лекови за изведување на фармацевтски анализи со примена на повеќе аналитички техники (хроматографски, спектроскопски, електрохемиски) и за испитување на фармацевтско-технолошки параметри на фармацевтски дозирани форми. Вклучена е во спроведувањето на интерни проверки на одрени апарати, како и за следење на процесот на екстерна квалификација и верификација на апаратурата.

Со цел постојано усовршување и имплементирање на современите аналитички техники, редовно учествува на разни работилници, семинари и симпозиуми.

**Професионално усовршување:**

- 26-30.9.2007 - учесник на работилницата "New developments in sample throughput for purity and assay determination using new electronic pressure control and capillary flow technology on Agilent 7890 GC", одржана во рамките на IV конгрес на фармацијата на Македонија со интернационално учество;
- 26-30.9.2007 - учесник на работилницата "New perspectives for fast HPLC using two micron packing material, broader pressure, flow and temperature range of analitical equipment on Agilent 1200RR system", одржана во рамките на IV конгрес на фармацијата на Македонија со интернационално учество.

**Општествена и друга активност:**

- член на Фармацевтската комора на Р. Македонија ;
- член на Здружението на фармацевти на Р. Македонија.

**2. Вјолца Ќерими, м-р, фарм.**

**Биографски податоци:**

Датум и место на раѓање: 2.5.1986, Кичево

Образование:

- Средно образование: СОУ „Мирко Милевски"- Кичево
- Високо образование: Медицински факултет, Оддел за фармација Универзитет во Приштина, магистер по фармација, среден успех 9,54. Кандидатката како дел од студентска размена престојувала два семестра ( 9-ти и 10-ти) на Загрепскиот универзитет во рамките на проектот Erasmus Mundus External Cooperation Window-Basileus.

**Дејност**

- од 26.1.2011 до денес - дипломиран фармацевт, аптека „Зегин"- „Бит – пазар".

**Научно – популарни трудови:**

1. **Вјолца Ќерими**, Вакцинирање на младите жени против хуман папилома вирусот, Списание на Фармацевтското друштво на Косово "ФАРМАКОН", број 2, 2009, 12-13.

2. Nderim Kryeziu, Manushaqe Kryeziu, Fehmi Rrahmani, **Vjollca Qerimi**, Malsor Ibrahimi, Ramadan Kryeziu MD, Sefedin Muqaj MD, Dashurije Ziba MD, Bacteriological profile of isolates in medical devices and their antibiotical resistance. Lijecnicki vjesnik, 132, suplement 5, ISSN 1330-4917, 2010, 34.

Доставена е потврда од Институтот за фармацевтски науки, Оддел за фармакогнозија при Универзитетот во Грац, Австрија, за учество на кандидатката Вјолца Ќерими како супевизор при избор на кандидати за изведување на истражувачкиот проект "Phytochemical and pharmacological investigation on medicinal plants".

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По разгледувањето на приложената документација за рецензија, Комисијата констатира дека пријавените кандидати ги исполнуваат критериумите за избор во соработничкото звање помлад асистент.

Кандидатката Лилјана Богдановска, м-р, фарм., континуирано се изградува во наставно-образовната и во научноистражувачката дејност. Нејзиниот придонес во наставната дејност се гледа во постојаното осовременување на практичната настава и на применетите методи. Во рамките на нејзиното научноистражувачко усовршување постојано се надградува во областа на примена на неорганската хемија и современите фармацевтски анализи и е во тек на изработка на магистерскиот труд.

Имајќи го предвид досегашното активно учество во наставно-образовната, научно-истражувачката и апликативната дејност, Рецензентската комисија му предлага на Наставно – научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да ја избере кандидатката Лилјана Богдановска, м-р. фарм., во соработничкото звање помлад асистент по групата предмети општа и неорганска хемија.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Анета Димитровска с.р.

Доц. д-р Руменка Петковска с.р.

Проф. д-р Сузана Трајковиќ- Јолевска с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: ФИЗИЧКА ХЕМИЈА И ИНСТРУМЕНТАЛНИ ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на XV редовна седница одржана на 6.5.2011 година, а согласно со законот за високото образование, Законот за научноистражувачка дејност, критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Правилникот на Факултетот, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на помлад асистент по групата предмети: физичка хемија и инструментални фармацевтски анализи.

По разгледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник" од 16-17.4.2011 година за избор на еден помлад асистент по групата предмети: физичка хемија и инструментални фармацевтски анализи, се пријавија двајца кандидати:

1. Наталија Наков, м-р, фарм.

2.. Вјолца Ќерими м-р, фарм.

### 1. Наталија Наков, м-р, фарм.

**Биографски податоци:**

Датум и место на раѓање: 7.12.1982, Скопје.

Образование:

- Основно образование: ОУ "Ѓоргија Пулевски"- Скопје.
- Средно образование: МУЦ "Д-р Панче Караѓозов"- Скопје, фармацевтски техничар, 2001.

- Високо образование: Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, дипломиран фармацевт, јули 2006, среден успех 9,32. Од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, кандидатката Наталија Наков во март 2007 е прогласена за најдобар студент на Фармацевтскиот факултет – Скопје за академската 2005/2006. Истиот месец добила и пофалница за постигнат најдобар успех на Фармацевтскиот факултет на ниво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, доделена од страна на претседателот на Владата на Р.Македонија.

- Магистерски студии, 2008 – аналитика на лекови, кандидатката ги положи сите предвидени испити со просечен успех 10,00, заклучно со 20.1.2010 година, и поднесе пријава за одбрана на магистерски труд под наслов "Определување на поларни компоненти во фармацевтски дозирани форми со примена на HILIC хроматографија"

**Дејност**

**Наставно – образовна дејност:**

Од 2009 година е вклучена во спроведувањето на практичната настава по предметот аналитика на лекови.

Од 2010 година е вклучена во изведувањето на практичната настава по предметот инструментални фармацевтски анализи.

**Научноистражувачка дејност:**

Научни трудови:

Z.Kitanovski,J.Petrusevska, **N.Cukic**, S.Gjoseva, L.Ugrinova, A.Dimitrovska, Optimizing gradient elution by controlling dwell volume. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 2007, 53, (1,2).

**Апликативна дејност:**

Од март 2007 активно учествува во работата и активностите на Центарот за испитување и контрола на лекови при Фармацевтскиот факултет како самостоен аналитичар. Дел е од тимот одговорен за имплементирање на стандардот за општите барања за лаборатории за тестирање и калибрација ISO/IEC 17025, по кој

е извршена акредитација на Центарот од Институтот за акредитација на Република Македонија.

Вклучена е во матрицата за компетентност на Центарот за испитување и контрола на лекови за изведување на фармацевтски анализи со примена на повеќе аналитички техники (хроматографски, спектроскопски, електрохемиски) и за испитување на фармацевтско-технолошки параметри на фармацевтски дозирани форми. Вклучена е во спроведувањето на интерни проверки на одрени апарати, како и за следење на процесот на екстерна квалификација и верификација на апаратурата.

Со цел постојано усовршување и имплементирање на современите аналитички техники, редовно учествува на разни работилници, семинари и симпозиуми.

**Професионално усовршување:**

- 26-30.9.2007 - учесник на работилницата New developments in sample throughput for purity and assay determination using new electronic pressure control and capillary flow technology on Agilent 7890 GC, во рамките на IV Конгрес на Фармацијата на Македонија со интернационално учество ;
- 26-30.9.2007 - учесник на работилницата New perspectives for fast HPLC using two micron packing material, broader pressure, flow and temperature range of analitical equipment on Agilent 1200RR system; во рамките на IV конгрес на фармацијата на Македонија со интернационално учество ;
- 29.1.2008 - учесник на работилницата Ultra-fast separations with Chromolith HPLC columns; The new way of handling solvents in laboratory организирана од Merck.

**Општествена и друга активност:**

- член на Фармацевтската комора на Р. Македонија ;
- член на Здружението на фармацевти на Р. Македонија.

**2. Вјолца Ќерими, м-р, фарм.**

Датум и место на раѓање: 2.5.1986, Кичево

Образование:

- Средно образование: СОУ„Мирко Милевски"- Кичево
- Високо образование: Медицински fакултет, Оддел за фармација, Универзитет во Приштина, магистер по фармација, среден успех 9,54.

Кандидатката како дел од студентска размена, престојувала два семестра ( 9-ти и 10-ти) на Загрепскиот универзитет во склоп на Erasmus Mundus External Cooperation Window-Basileus Project.

**Дејност**

- од 26.1.2011 до денес – дипломиран фармацевт, аптека „Зегин"- „Бит - пазар".

**Научно – популарни трудови:**

**Вјолца Ќерими** , Вакцинирање на младите жени против хуман папилома вирусот,Списание на Фармацевтското друштво на Косово "ФАРМАКОН", број 2, 2009, 12-13.

Nderim Kryeziu, Manushaqe Kryeziu, Fehmi Rrahmani, **Vjollca Qerimi**, Malsor Ibrahimi, Ramadan Kryeziu MD, Sefedin Muqaj MD, Dashurije Ziba MD, Bacteriological profile of isolates in medical devices and their antibiotical resistance. Lijecnicki vjesnik, 132, suplement 5, ISSN 1330-4917, 2010, 34.

Доставена е потврда од Институтот за фармацевтски науки, Оддел за фармакогнозија при Универзитетот во Грац, Австрија, за учество на кандидатката Вјолца Ќерими како супевизор при избор на кандидати за изведување на истражувачкиот проект "Phytochemical and pharmacological investigation on medicinal plants".

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По разгледувањето на приложената документација за рецензија, Комисијата констатира дека пријавените кандидати ги исполнуваат критериумите за избор во соработничкото звање помлад асистент.

Кандидатката Наталија Наков, м-р. фарм., континуирано се изградува во наставно-образовната и во научноистражувачката дејност. Нејзиниот придонес во наставната дејност се гледа во постојаното осовременување на практичната настава и на применетите методи. Во рамките на нејзиното научноистражувачко усовршување постојано се надградува во областа на современите фармацевтски анализи и е во тек на изработка на магистерскиот труд.

Имајќи го предвид досегашното активно учество во наставно-образовната, научноистражувачката и апликативната дејност, Рецензентската комисија му предлага на Наставно – научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да ја избере кандидатката Наталија Наков, м-р, фарм., во соработничкото звање помлад асистент по групата предмети: физичка хемија и инструментални фармацевтски анализи.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Анета Димитровска с.р.

Проф. д-р Зоран Кавраковски с.р.

Проф. д-р Сузана Трајковиќ – Јолевска с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: *ИСТОРИЈА НА РОДОТ И ПОЛОТ, РОДОТ И РЕЛИГИЈАТА, РОДОТ И МИРОТ И НАУКАТА, ТЕХНОЛОГИЈАТА И РОДОТ* НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во весникот *Дневник,* на 13.4. 2011 година, за избор на еден помлад асистент за научните области (дисциплини): *историја на родот и полот, родот и религијата, родот и миротт и науката, технологијата и родот,* Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XVI редовна седница одржана на 12.4.2011 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Слободанка Марковска, проф. д-р Владимир Давчев и проф. д-р Денко Скаловски.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се јавиле двајца кандидати и две кандидатки. По направенета анализа на пристигнатата документација, Комисијата има задоволство да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс се пријавија следниве кандидати/кандидатки, и тоа:

### 1. М-р Горан Стојанов

Горан Стојанов е роден на 14.4.1977 година во Скопје. Дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје на Институтот за филозофија, во 2000 година, со просечна оценка 9,55, и се стекнал со стручен назив *дипломиран професор по филозофија.* Во 2004 година се запишал на постдипломски студии по филозофија на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет при Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје. Постдипломските испити ги положил со просечна оценка 9,75, а магистерскиот труд, под наслов *Персоналистичката филозофија на Николај Бердаев* го одбранил во 2009 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Ферид Мухиќ, проф. д-р Вера Георгиева-Петковска и проф. д-р Коле Јовановски, со што се стекнал со научно звање *магистер на филозофски науки.*

Стојанов има положен стручен испит (10 март 2011) за државен службеник во *Агенцијата за државни службеници* на Република Македонија. Стојанов активно зборува англиски јазик, а има пасивно познавање на францускиот јазик.

Првото работно искуство Стојанов го стекнува во периодот од 2007 до 2010 година, прво како идеен творец, а потоа и како асистент по предметот *увод во филозофијата*, на *Универзитетот „Американ колеџ" - Скопје* (УАКС).

Стојанов има објавено неколку научни/стручни, односно уметнички дела, од кои се издвојува книгата *Персоналистичката филозофија на Николај Берѓаев*, во издание на „Култура" – Скопје (едиција идеи), 2010, произлезена од неговата магистерска дисертација. Предмет на философското и научно истражување во ова дело е филозофското творештво на еден од најголемите филозофи во историјата на руската филозофија, егзистенцијалистот и персоналист – Николај Берѓаев. Едната од главните цели на Стојанов е да се претстави, да се протолкува, и со тоа да се реафирмира местото на Берѓаев во историјата на филозофијата, зашто - како што оценува Стојанов - Берѓаев не е доволно присутен во официјалните истории на филозофијата, во филозофските хрестоматии, како и во академските учебници по филозофија.

Освен ова филозофско/научно дело, Стојанов е автор на драмски текст, под наслов *Бог меѓу грешници* (објавен како независно издание во 1994 г.); автор е на мултимедијален перформанс *Трансценедентална претстава*, изведен во Културно-информативниот центар (КИЦ), Салон 19,19, Скопје, во 1995 г.; како и на филмско сценарио под наслов *Спиење и будење*, во 2004 г. (непродуцирано).

## 2. М-р Марјан Стојанов

М-р Марјан Стојанов е роден на 10.10.1976 година во Кратово. Основно и средно образование завршил во Кратово, а дипломирал на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот *Св.Кирил и Методиј* во Скопје, во 2003 година, како најдобар студент во генерацијата 1998/1999 г. Магистерската дисертација, под наслов *Мултикултурализмот како модел на културна комуникација во современото македонско општество*, ја одбранил на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет во Скопје, во 2006 година, со што се стекнал со научно звање *магистер на социолошки науки*.

Работното искуство на Стојанов може да се согледа низ неговиот ангажман во научноистражувачките проекти и проектите од областа на граѓанскиот сектор, економијата, културата, уметноста, образованието, мас-медиумите, религијата, политиката итн. Стојановски бележи и долгогодишно искуство во граѓанскиот сектор, од 2000 година до денес, и тоа како член на голем број НВО-и, како координатор, предавач, стручен соработник и учесник во голем број дебати, обуки, проекти, форуми, трибини, во рамките на невладиниот сектор и институциите на системот. Во тековниов период, Стојанов е претседател на З.Г.*КОСМОС* – Кратово, која функција ја извршува од 2004 година, во втор мандат.

Научноистражувачката работа на Стојанов се темели врз искуствата и сознанијата стекнати од учеството во неколку позначајни научноистражувачки проекти: *Влијанието на социо-економскиот статус врз успехот на студентите* (Филозофски факултет, Скопје, 2000/2001); *Влијанието на*

*позитивната дискриминација на етничките заедници на универзитетите во Р. Македонија врз меѓуетничките односи*, (Филозофски факултет, Скопје, 2002); *Уметност и политика (во Р. Македонија)*, (дипломска работа, Филозофски факултет, Скопје, 2002 г.); *Мултикултурализмот и младите*, 3.Г.*КОСМОС*-Кратово, 2008, - финансиран од Агенцијата за млади и спорт на Р. Македонија.

Како поле на посебен научен интерес на Стојанов се издвојува социологијата на културата, односно социологијата на уметноста, како резултат на што е и неговата прва самостојно објавена книга *Мултикултурализмот како модел на културна комуникација во современото македонско општество*, (Скопје, 2009), произлезена од неговиот истоимен магистерски труд. Оваа студија на Стојанов е успешен обид - еден комплексен и контроверзен концепт, но и реален процес - кој се одвива во македонското, но и во глобалното, светско општество - да се опфати и критички да се анализира од сите аспекти. И покрај предимно теорискиот пристап, вредноста на ова дело се зголемува со емпириските истражувања, врз кои Стојанов ги втемелува аргументите на своите ставови и релевантноста на своите научни заклучоци.

### 3. М-р **Катерина** Бишкоска-Димитриовска

М-р Катерина Бишкоска-Димитриоска е родена на 15.11.1978 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје, а дипломирала на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје. Постдипломските испити на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет ги положила со просечна оценка 9, 28, а магистерскиот труд - под наслов *Општествените детерминанти на тероризмот во Р. Македонија* – го одбранила на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет во Скопје, во 2007 година, и се здобила со научен степен *магистер на социолошки науки*. Во тековниов период Бишкоска-Димитриовска ја изготвува својата докторска дисертација под наслов *Влијанието на општествените фактори врз положбата на жената Ромка во Република Македонија*. Бишкоска-Димитриоска го познава англискиот јазик (приложена *диплома* за завршен петти интензивен степен по англиски јазик, во Училиштето за странски јазици *Челинџ*, Скопје, 3.2.2011 г.)

Своето работно искуство Бишкоска-Димитриовска го стекнала како демонстраторка на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје, во периодот од 2003 до 2008 година (склучени договори за дело), како и работејќи на низа проекти, реализирани од страна на Институтот за социологија, како и од неколку институции во Р. Македонија.

Како демонстраторка на Институтот за социологија, Бишкоска-Димитриовска учествувала во спроведувањето на наставата по предметите: основи на статистиката, статистика во социологијата и демографија, активно учествувајќи во спроведувањето на наставата според ЕКТ-системот.

Од нејзината работа како координатор на проекти (со НВО ЗМОХАЖ, 2002-2005 г.) се издвојуваат: *Употребата на дрогата кај средношколската младина, Односот на печатените медиуми кон потребата од подобрување на меѓуетничките односи во РМ, Едукација на населението од руралните средини за наркотици и алкохол, Едукација на младата популација за штетното дејство на дрогата, алкохолот и другите наркотички средства, Ресоцијализација и реинтеграција на рековалесценти од алкохол и дрога*, и др. Како резултат на ангжираноста како координатор на проектот за едукација на младата популација, Бишкоска-Димитриовска има самостојно изготвено *Брошура за видовите дрога*, наменета за младата популација.

Во 2003 година, за потребите на НВО ХОПС, Бишкоска-Димитриовска има изработено статистичка анализа и обработка на податоци за проституцијата во Европа. Истата година, од страна на ЦМТБ-Скопје, таа има добиено *Сертификат* за завршена едукација и обука за работа на терен.

Од нејзината работа на проекти во изминатите неколку години, се издвојуваат следните: *Меѓусебната поврзаност на родот, родноста и етницитетот: образованието и вработувањето кај ромската етничка група во РМ; Положбата на ромската жена во Словенија и Македонија; Кажи НЕ на оружјето, Кажи НЕ на малолетничката деликвенција, Кажи ДА за сигурна и безбедна општина* (изготвила истоимена Брошура во 2006 г.); *Форуми во заедниците* (финансиран од Швајцарската агенција за развој); *Родовата практика на универзитетите во Република Македонија: Вклученост /исклученост на жените во телата и процесите на донесување на одлуки* (од 2009 г. наваму); како дел од меѓународниот проект *Регионална истражувачка промотивна програма*, инициран од Универзитетот во Фрибург, а во реализација на Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет во Скопје, и др.

Во тековниов период, имено од 2008 г, Бишкоска-Димитриовска соработува со Ромаверзитас/ФИООМ, Програма за образование на Ромите, при имплементација на проекти-СИП-ови, како тутор по различни предмети и како предавач на семинари и летни школи од различни научни области.

### 4. М-р Ирена Цветковиќ

М-р Ирена Цветковиќ е родена на 15.3.1982 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје, а дипоmenomирала на Институтот за општа и компаративна книжевност – научна насока, на Филолошкиот факултет *Блаже Конески* при Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје, во 2006 година. Со тоа се стекнала со звањето *дипломиран филолог по општа и компаративна книжевност – научна насока*. На постдипломски студии се запишала на Институтот за општествени и хуманистички истражувања *Евро-Балкан* во Скопје (група: *родови студии – социолошка насока*), во 2007 година, каде што пропишаните испити ги положила со средна оценка 9,75. На истиот Институт, во 2010 г. го одбранила магистерскиот труд под наслов *Идентитети и заедници во кибер-просторот*, со што се стекнала со звањето *магистер по социолошки и*

*родови студии.* Цветковиќ одлично го познава англискиот јазик, особено во областа на хуманистичките науки (приложено *уверение* од Филолошкиот факултет *Блаже Конески* во Скопје).

Во текот на процесот на својата неформална едукација (учество на семинари, колоквиуми, школи и сл.), Цветковиќ се стекнала и со неколку типови неформално образование. Во рамките на Регионалната програма за унапредување на истражувачката работа на Западниот Балкан, иницирана од Универзитетот во Фрибур, добила: *сертификат* за успешно завршување на работилница за академско пишување и публикување (Скопје, 2001); *сертификат* за успешно завршување на семинар за квалитативни и квантитативни истражувачки методи (Охрид, 2009); *сертификат* за успешно завршување на работилница за статистика и квантитативни истражувачки методи (Факултет за политички науки, Сараево, 2009); *сертификат* за успешно завршување на работилница за квантитативни истражувачки методи (Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2009). Во рамките на летните школи организирани од Институтот Евро-Балкан добила: *сертификат* за успешно завршување на летна школа за не-дискриминација, социјална инклузија и европско државјанство (Институт Евро-Балкан, Охрид, 2008); *сертификати* за успешно завршување на едукативните програми од областа на родовите/феминистички студии во рамките на *Школата за род и политика* (Скопје, 2003/ Скопје, 2007).

Работното искуство на Цветковиќ започнува како програмски асистент во НВО Контрапункт и Културен центар „Точка" (2006/2007), а продолжува како асистент и координатор на неколку меѓународни конференции и истражувачки проекти (2007/2008/2009), од кои би ги издвоиле следниве: *Родовите практики на универзитетите во Македонија. Инклузија/ексклузија на жените од одлучувачките функции и структури* (Институт за родови студии на Филозофскиот факултет, 2009 г.); *Медиуми, маргинализирани групи и не-дискриминација* (2009 г.); *Политичките и социолошки трендови во Македонската блогосфера* (2009 г.); *Сексуалност во транзиција/Дискурси, моќ и сексуални малцинства транзицискиот период на Македонија* (2009 г.). Од 2009 до 2010 г. е администраторка на Институтот за родови студии на Филозофскиот факултет во Скопје, а од 2010 до 2011 г. е ангажирана како демонстраторка по предметите: вовед во родови студии, историја на родот и полот во 19 век, стратегии за родова рамноправност и технофеминизам и кибер-култура. Истовремено таа ја извршуваше координаторската функција на проектот *Вечери на женски права*, во кој учествуваа студентите од Институтот за родови студии, а под покровителство на УНИФЕМ (2010/2011). Од февруари 2011 г. Цветковиќ е координаторка на извршната канцеларија на Коалицијата *Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници* – Скопје.

Во изминатиот неколкугодишен период, Цветковиќ се јавува и како колумнистка на теми од областа на родовата проблематика, човековите права, дискриминацијата и социјалното вклучување. Соработува како надворешен член во неколку невладини организации (НВО Контрапункт; НВО ХОПС-Опции за здрав живот; ММНШ- Македонска мрежа за намалување на штети од употреба на дрога; Културен центар „Точка") и активно учествувала на низа домашни и

меѓународни конференции, дебати, симпозиуми и трибини давајќи прилог во развојот на критичката мисла во Република Македонија.

М-р Ирена Цветковиќ се занимава и со научноистражувачка работа. Нејзиниот научен интерес е јасно насочен кон родовата проблематика што доаѓа до израз во изборот на постдипломските студии и првите објавени трудови од кои го издвојуваме трудот со наслов *Киберфеминизмот во ерата на блогирањето*, кој претставува вовед во нејзиниот најобемен и најзначен труд *Идентитетите и заедниците во кибер-просторот* (магистерски труд). Во овој труд, врз основа на критички и аналитички интонирани теоретски постаменти на социолошкиот, филозофскиот и историскиот дискурс се разгледува денатурализацијата на телото и идентитетот во кибер-просторот од родова перспектива. Елаборираните тези не остануваат само на теориско ниво, туку се поткрепени со резултати од истражувања спроведени во рамките на неколку проекти.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата детално ги разгледа поднесените документи на четворицата кандидати и констатира дека согласно со актите на УКИМ, сите ги исполнуваат предвидените услови според конкурсот - завршено високо образование со просечна оценка над 8 (осум), одбранети магистерски трудови и познавање на еден од светските јазици.

Сепак, врз основа на приложената документација, Комисијата ѝ дава предност на кандидатката м-р Ирена Цветковиќ, кај која е видливо присутна конзистентност во профилирањето на научниот, истражувачкиот и општествениот ангажман од областа на родовите студии. Таа единствено од четворицата кандидати има магистратура од областа на родовите студии, а освен тоа има и наставно искуство како демонстраторка на Институтот за родови студии. Во нејзината работа како демонстраторка, м-р Цветковиќ пројави трудољубивост, исполнителност, иновативен пристап во однос на примена на современи методи за работа на вежби и коректен однос во работата со студентите.

Оттука, имајќи го предвид континиутетот на интерес и работа во областа на родовите студии, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет да ја избере м-р Ирена Цветковиќ во звањето помлад асистент.

**Комисија**

10.4.2011

1. Проф. д- р Слободанка Марковска, с.р.
2. Проф. д-р Владимир Давчев, с.р.
3. Проф. д-р Денко Скаловски, с.р.

03 - 663 /
12 - 05 - 11 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, донесена на седницата одржана на 21.4.2011 година, формирана е Комисија за избор на соработник во звањето асистент на научната област граѓанско процесно право, во состав: д-р Арсен Јаневски, редовен професор, д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, редовен професор и д-р Татјана Зороска Камиловска, доцент.

По разгледувањето на пријавите, другите документи и приложените трудови на кандидатите, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на соработник во звањето асистент на научната област граѓанско процесно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Коха е ре“ на 26.3.2011 година, во определениот рок се пријавија 2 (двајца) кандидати:

1. м-р Даниела Бочварска
2. м-р Милка Ракочевиќ.

## Податоци за кандидатите

1. Кандидатката Даниела Бочварска е родена на 18.1.1976 година во Штип. Средно образование завршила во Штип. Дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во 1998 година на насоката меѓународно право и меѓународни односи. Постдипломските студии на Институтот за социологија - европски студии за интеграција на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги завршила во 2007 година, а со одбраната на

магистерскиот труд под наслов „Компаративна анализа на примената на Копенхагеншките критериуми во последното проширување на ЕУ: научени лекции за Западен Балкан“ во 2008 година, се стекнала со звањето магистер по европски студии за интеграција. Во 2009 пријавила докторска дисертација на тема „Аспектите на надворешната политика на Договорот од Лисабон: Европа како актер на меѓународната сцена“ на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатката м-р Даниела Бочварска има работно искуство како волонтер во адвокатска канцеларија во периодот 1999-2000 година, а од февруари 2001 година до денес работи како асистент во Кабинетот на претседателот на Република Македонија.

Учествувала на бројни форуми и самити во организација на Кабинетот на претседателот на Р.Македонија, како и на конференции, презентации, семирани и работилници во земјата и во странство.

Активно го владее англискиот јазик.

Има познавање од компјутерските програми Word, Internet, Excel.

2. Кандидатката Милка Ракочевиќ е родена на 12.6.1983 година во Скопје. Основно образование завршила во Скопје. Средно образование завршила во ДСУ Гимназија „Никола Карев“ во Скопје, со континуиран одличен успех, на насоката природно - математичка гимназија. Во студиската 2002/2003 година се запишала на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на правните студии. Дипломирала во 2007 година, со просечен успех 9,94, како прва по успех во својата генерација. Во 2008 година се запишала на постдипломските студии по граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Испитите од постдипломските студии ги положила заклучно со месец јуни 2010 година, со просечен успех 10. Пријавила изработка на магистерска теза од обласга на граѓанското процесно право, под наслов „Суштина на начелото на сослушување на странките во парничната постапка“, која со одлука на Наставно - научниот совет е прифатена како подобна и како ментор е определен проф. д-р Арсен Јаневски. На 9.3.2011 година јавно го одбранила магистерскиот труд под наслов „Суштина на начелото на сослушување на странките во парничната постапка“ и се стекнала со академски степен магистер на правни науки, од областа на граѓанското право.

Со одлука на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, избрана е за демонстратор во наставно - образовниот процес по предметот граѓанско процесно право за учебната 2007/2008 година. На 23.4.2008 година е избрана за помлад асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на научната област граѓанско процесно право. Секретар е на постдипломските студии по граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Активно е вклучена во наставно-образовниот процес на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Учествува во изведувањето на наставата и вежбите по предметот граѓанско процесно право, на првиот циклус на правните студии и по

предметите парнично право, вонпарнично и извршно право, арбитражно право, нотарско право и алтернативно решавање на спорови на вториот циклус на правните студии.

Добитник е на наградата „26 Јули - Франк Манинг", за најдобар студент во завршната година на студии во текот на учебната 2005/2006 година, која се доделува на шест најдобри студенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од областа на архитектурата, општествените науки и уметноста.

Автор е на неколку трудови од областа на граѓанското процесно право:

- **Пресуда поради неподнесување одговор на тужба - нов вид пресуда во парничната постапка, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на Стефан Георгиевски, Скопје, 2009, стр. 189-199.**

Предмет на интерес на трудот е пресудата поради неподнесување одговор на тужба - вид на контумациона пресуда, која се јавува како релативно нов процесен институт на македонското парнично право. Пресудата поради неподнесување одговор на тужба се јавува како последица на нормирањето на институтот одговор на тужба како облигаторно процесно дејствие на тужениот. Во воведните напомени, во фокусот на интересот е институтот одговор на тужба, како фундаментален предуслов за донесување на пресудата поради неподнесување одговор на тужба. Направена е анализа на поранешното нормирање на овој процесен институт и тој е обработен според позитивниот процесен режим. Во продолжение, авторката се концентрира на претпоставките од чие кумулативно исполнување зависи донесувањето на овој вид пресуда. Обработен е и начинот на донесување на пресудата поради неподнесување одговор на тужба и можноста за нејзино побивање.

- **Дозволеност на ревизија против пресуда, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во чест на Тодор Рушков, Скопје, 2009, стр. 395-407.**

Предмет на обработка на трудот е дозволеноста на ревизија против пресуда во парничната постапка. Авторката дава воведни напомени за институтот ревизија, нејзината дозволеност низ историјата на македонското процесно право, дефинирање на поимот, карактеристиките и дозволеноста на ревизијата според позитивниот процесен режим, осврнувајќи се на новините кои ги предвидува ЗПП во однос на можноста за нејзино изјавување. Ограничувањето за нејзиното изјавување е двојно: вредносно - со оглед на вредноста на предметот на спорот (*rationae valoris*) и каузално - со оглед на видот на спорот (*rationae materiae*). Во трудот се анализирани одделните критериуми од кои зависи дозволеноста на ревизијата. Даден е и осврт на т.н. вонредна ревизија која може да се изјави доколку второстепениот суд тоа го дозволи и директната ревизија, која се јавува како правен лек кој овозможува прескокнување на второстепеното постапување и директно преиспитување на првостепената одлука од страна на судот од највисока инстанца.

- **Конкретизација на начелото на сослушување на странките во парничната постапка, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во чест на Наум Гризо (во печат).**

Предмет на обработка на трудот е конкретизацијата на начелото на сослушување на странките во парничната постапка. Авторката дава воведни напомени за суштината на начелото на сослушување на странките, неговото значење и целта која се остварува со неговото присуство во парничната постапка. За да се оствари објективната цел на начелото, правилото *audiatur et altera pars* не останува присутно во парничната постапка само на едно општо ниво, туку тоа е имплементирано и разработено во прописи кои се однесуваат како на одделни стадиуми и фази на постапката, така и на одделни процесни дејствија и институти. Трудот се концентрира на анализа на одредбите на ЗПП во кои начелото на сослушување на странките е инструментализирано, а кои се однесуваат на одделни етапи во развојот на парничната постапка. Прво, се обработува конкретизацијата на начелото на сослушување на странките во врска со поведувањето на парничната постапка. Во продолжение, начелото на сослушување на странките е анализирано од аспект на промената на процесните ситуации во текот на парничната постапка и подготвувањето на главната расправа, неговата реализација во текот на главната расправа и во постапката по правните лекови. Даден е и осврт на оние процесни ситуации во кои законот дозволува отстапување од начелото на сослушување на странките.

- **Уредна достава - *condition sine qua non* за остварување на начелото на сослушување на странките во парничната постапка, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во чест на Никола Матовски (во печат).**

Трудот насловен како „Уредна достава - *conditio sine qua non* за остварување на начелото на сослушување на странките“ го обработува процесниот поим уредна достава, кој најнепосредно го отсликува остварувањето на начелото на сослушување на странките во парничната постапка. Имајќи ја предвид суштината на начелото на сослушување на странките - обезбедување на можност за странката да биде известена за процесните активности кои се преземаат во постапката како претпоставка за остварување на нејзиното фундаментално процесно право да биде сослушана во постапката, доставувањето го овозможува токму тоа - правото на странката да биде информирана за текот и содржината на процесните дејствија. Анализиран е концептот на уредна достава, при што детално се обработени елементите кои ја сочинуваат неговата суштина. Во тој контекст, анализата прво се задржува на начинот на кој се врши доставувањето, методите на доставување и времето и местото на доставување како суштински компоненти на уредната достава. Се обработува доставувањето на физички лица, правни лица и едикталното доставување. Понатаму, предмет на интерес на трудот е доставницата како доказ за уредно извршена достава.

Во продолжение на трудот, анализирани се и навременоста како одредница на поимот уредна достава и предупредувањето на странките на последиците од пропуштањето, односно изостанувањето како елемент кој го гради поимот уредна достава.

Учествувала на конференции и семинари во земјата и во странство.

Кандидатката во пријавата наведува дека активно го владее англискиот и српскиот јазик. Има солидно познавање на шпанскиот јазик и основно познавање на францускиот јазик.

Во однос на компјутерските вештини, кандидатката се користи со Microsoft Office, Adobe, Corel и интернет-алатки.

## *Заклучна оцена и предлог*

Имајќи го предвид погоре наведеното, Комисијата констатираше дека:

I. Кандидатката м-р Даниела Бочварска не ги исполнува условите за избор за соработник во звањето асистент на научната област граѓанско процесно право. Кандидатката не е магистер на правни науки од соодветната област за која е распишан конкурсот. Таа има завршено постдипломски студии на Институтот за социологија - европски студии за интеграција на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и е магистер по европски студии за интеграција, што не е соодветствува за избор во звањето соработник-асистент на научната област граѓанско процесно право. И пријавената тема на докторската дисертација јасно говори дека нејзина определба не е граѓанското процесно право.

II. Од друга страна, имајќи ги предвид биографските податоци и оценувајќи ги досегашните активности и достигнувања, како и развитокот на кандидатката м-р Милка Ракочевиќ, од нејзиниот избор за соработник - помлад асистент до денес, Комисијата заклучи дека:

1. кандидатката м-р Милка Ракочевиќ ги исполнува условите за избор во соработничко звање - асистент на научната област граѓанско процесно право за која е распишан конкурсот;
2. кандидатката м-р Милка Ракочевиќ остварува позитивни резултати во наставно-образовниот процес, со исклучителна посветеност и ангажираност во реализацијата на работите и задачите како соработник помлад асистент по граѓанско процесно право; и
3. кандидатката м-р Милка Ракочевиќ има респектабилен број трудови (научни и стручни), објавени во соодветни публикации, во кои покажува способност за научноистражувачка работа.

Сето наведено дава основа да се констатира дека станува збор за кандидат кој континуирано и нагорно се развива и полека созрева во наставната и научната работа,

што ни дава за право како Комисија со задоволство да му предложиме на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, кандидатката м-р Милка Ракочевиќ, помлад асистент на научната област граѓанско процесно право, да биде избрана за соработник во звањето асистент на научната област граѓанско процесно право.

**Комисија**

Д-р Арсен Јаневски, редовен професор, с.р.

Д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, редовен професор, с.р.

Д-р Татјана Зороска Камиловска, доцент, с.р.

# ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд на** Универзитет „ Св. Кирил и Методиј"во Скопје, **Фармацевтски факултет**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Бујар Ќазими | „Фармакогнозиско проучување на видовите од родот Сидеритис (S. Scardica Griseb. и S. Raeseri Boiss/& Heldr., Lamicaceae) од Република Македонија и Република Албанија" | Проф. д-р Светлана Кулеванова |
| Лилјана Богдановска | „Развој на биоаналитички HPLC методи за определување на концентрација и терапевска евалуација на бетаметазон дипропионат во субгингивална течност" | Доц. д-р Руменка Петковска |
| Наталија Наков | „Определување на поларни компненти во фармацевтски дозирани форми со примена на HILIC хроматографија" | Проф. д-р Анета Димитровска |
| Јелена Ацевска | „Развој и проценка на различни постапки за екстракција и определување на алкалоиди од афионови чушки" (промена на наслов) | Проф. д-р Анета Димитровска |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НОВ АЛГОРИТАМ ЗА ВРЕМЕНСКО - ПРОСТОРНА ЛОКАЛИЗАЦИЈА КАЈ БЕЗЖИЧНИ СЕНЗОРСКИ МРЕЖИ ПРЕКУ ГПС-УРЕДИ" ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р УСТИЈАНА РЕЧКОСКА ШИКОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-1177/6 донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, одржана на 27. 4. 2011 година, одредени сме за членови на Комисијата за одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Устијана Речкоска Шикоска, со наслов „Нов алгоритам за временско - просторна локализација кај безжични сензорски мрежи преку ГПС-уреди", и тоа во состав:

1. проф. д-р Љупчо Коцарев, претседател
2. проф. д-р Данчо Давчев, ментор
3. доц. д-р Андреа Кулаков, член
4. вонр. проф. д-р Владимир Трајковиќ, член
5. доц. д-р Слободан Калајџиски, член

По извршениот преглед на докторската дисертација, до Наставно - научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, го поднесуваме слениов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов „**Нов алгоритам за временско - просторна локализација кај безжични сензорски мрежи преку ГПС-уреди**" од м-р Устијана Речкоска Шикоска е изложена во 5 поглавја и заедно со литературата и додатокот се состои од вкупно 205 страници. Материјата е илустрирана со 129 слики, 23 табели, како и со 44 формули и повеќе алгоритми. Приложен е и преглед на користена литература од областа на истражувањето со 290 референци. Во рамките на докторската дисертација се вклучени и 11 референци по темата на докторската дисертација во кои кандидатката е автор и кои биле објавени на меѓународни конференции и списанија.

## 2. Анализа на докторската дисертација

Со брзиот развој на комуникациските технологии и потребата од минијатуризација на сензорските елементи и уреди, сè повеќе се применуваат безжичните сензорски мрежи (БСМ), како понова и интересна област на истражување, со широка апликативност и нови предизвици за подобрување на претходните решенија, како од хардверски, така и од софтверски аспект.

БСМ се составени од голем број сензорски јазли, кои соработуваат помеѓу себе, за да ја набљудуваат областа од интерес. Овој тип на мрежи стана популарен поради својата широка применливост во многу различни области: животна околина, медицина, индустрија, воени области. Повеќе физички карактеристики можат да бидат набљудувани и следени, вклучувајќи температура, влажност, при-

тисокот, амбиентската светлина и движење, како и следење на најразлични траектории.

БСМ имаат посебна дистрибуирана инфраструктура и се изведуваат да го монитрираат реалниот свет, имаат многу повеќе јазли од традиционалните мрежи (илјадници, дури и милиони) и немаат потреба од човечка интервенција. Ова имплицира на мрежна архитектура која ќе обезбеди самоорганизирачки способности на мрежните јазли. Како што сензорските јазли можат да дејствуваат без дефиниран облик, може да се случи да не можат сите јазли точно да го мерат и да го пресметуваат саканиот феномен, или некои од нив можат да станат нефункционални поради ограничената енергија, условите на околината и сл. Како последица од ова се јавува непредвидлива структура на сензорските мрежи и висока редундантност, при што пад на еден јазол нема да го уништи вкупниот капацитет на сензорската мрежа. Високата доверливост на податоците исто така може да биде постигната со повеќекратно сензорско читање. БСМ се податочно централизирачки, што значи дека конечниот резултат од барањето на корисникот не е засегнато со погледот на феноменот на ниво на секој јазол, туку се бара комбиниран поглед од сите сензори кои се вклучени во барањето.

Во оваа докторска дисертација се третира и решава проблемот на локализација во време и простор (едновремено решавање на проблемот на временска синхронизација и проблемот на позиционирање), преку употреба на сензорски јазол, т.н. мобилен водич, опремен со ГПС (глобално позиционирачки систем) уред. Ова е клучен проблем кај безжичните сензорски мрежи, кој иницира потреба од одредување на информации за времето и локацијата на дадениот феномен.

Во докторската дисертација се предложени алгоритми за временско - просторна локализација кај БСМ, со користење на само еден сензорски јазол - мобилен водич опремен со ГПС - уред, и се добиени исклучителни подобрувања од аспект на грешки, перформанси и енергетска ефикасност, заштеда на мрежни ресурси, цена на чинење, кои се евалуирани преку изведени бројни симулации.

Понатаму, проблемот на локализација во простор и време кај БСМ се испитува за различни топологии на сензорски мрежи.

Исто така, се предлага подобрен алгоритам со кластерирање на БСМ со што се добива на брзина и ефикасност во извршување на локализацијата, како и намалување на потрошувачката на енергија.

Предложените алгоритми се подобрени алгоритми за временско-просторна локализација кај БСМ од аспект на грешки и перформанси (во однос на позиционирачка кумулативна грешка, синхронизирачка кумулативна грешка, влијание на *RSSI – Received Signal Strength Indicator* неточност), како и подобрување на резултатите со кластерирање на сензорската мрежа. Во алгоритмите, компонентата за синхронизација користи пакети потребни за компонентата на позиционирање, со цел подобрување на перформансите. Слично на ова, компонентата на позиционирање има корист од комуникацијата потребна од страна на компонентата на синхронизација, за да ги намали грешките.

При евалуацијата на траекториите, за спиралната траекторија на сензорскиот јазол - мобилен водич се добиваат подобри резултати, отколку за синусоидната траекторија. Предложените алгоритми се евалуирани и за различни топологии на сензорски мрежи, како што се: С – рандом мрежна топологија, дистрибуира-

на грид мрежна топологија, дистрибуирана хексагонална мрежна топологија, H – рандом мрежна топологија и рандом мрежна топологија.

За различните мрежни топологии се добиваат различни, но подобрени резултати. Опсегот на комуникацијата помеѓу јазлите се тестира за различни вредности. Евалуацијата на предложените алгоритми е направена, преку вршење на симулации, во програмски симулациски пакет. Што се однесува до топологијата на мрежата, се зема дека сензорските јазли се рамномерно распределени, што значи дека тие ќе се стремат да го заземат сензорското поле униформно, избегнувајќи големи концентрации на јазли.

Евалуацијата е вршена преку симулации, со користење на *MatLab*-симулацискиот пакет. Во сите графици, кривите претставуваат просечни вредности. Параметрите на симулација се базираат на јазли од типот *MicaZ*.

Користењето на еден ГПС - опремен сензорски јазол - мобилен водич во оваа работа го подобрува решението од аспект на цена на чинење, во споредба со претходните решенија кои користат повеќе јазли - водичи, со повеќе ГПС - уреди. Чинењето на комуникацијата помеѓу сензорските јазли во БСМ кај предложениот приод во оваа докторска дисертација е нула, бидејќи регуларните сензорски јазли (со исклучок на јазолот - мобилен водич) не треба да испратат никакви пакети со пораки.

Предноста на пристапот со јазол - мобилен водич е во тоа што позициите на јазлите се пресметани врз основа на истиот јазол (мобилниот водич), држејќи ја средната грешка на локализација мала и спречувајќи ја нејзината пропагација. Покрај тоа, се избегнува употребата на јазли опремени со *ГПС*, освен за единствениот јазол - мобилен водич. Важен аспект што влијае врз проценката на позицијата е траекторијата на јазолот - мобилен водич. Колку што е помалку праволиниска траекторијата, толку подобри ќе се проценките, односно колку што е помала праволиниската карактеристика помеѓу референтните точки, толку ќе биде помала грешката. Значи, праволиниски траектории на јазолот - мобилен водич мора да се избегнуваат.

Во оваа докторска дисертација, претставен е и алгоритам за локализација во простор и време со кластерирање на безжичната сензорска мрежа. И во овој случај, како што е и претходно кажано, се користи ГПС - опремен јазол – мобилен водич, кој им помага при локализирање на другите сензорски јазли во мрежата, ориентирајќи се кон оптимизирање на потрошувачката на енергија за време на активностите на сензирање и комуникација. Со тоа се заштедува енергија, а со избор на различни мрежни топологии се добиваат значајни пододбрувања во поглед на претходните сценарија кои го решаваат овој проблем.
Од оваа истражувачка работа се добиени (и евалуирани, преку симулации) резултати и подобрувања кои се однесуваат на временската и просторна локализација кај БСМ во однос на грешките и перформансите, намалување на позиционирачката и синхронизациската кумулативна грешка, влијанието на *ГПС*-неточноста, позиционирачката неточност, синхронизирачката неточност и влијанието на *RSSI*- неточноста.

### 3. Преглед на трудот по поглавја

Првото, воведно поглавје ја дава мотивацијата за изработка на докторската дисертација. Јасно се идентификувани и образложени проблемите кои треба да се

разрешат, а се однесуваат на локализација во простор и време, што вклучува едновремено решавање на проблемот на позиционирање и оној на временска синхронизација кај БСМ со користење на еден ГПС – опремен сензорски јазол, т.н. мобилен водич, понатаму кластерирање на БСМ и имплементација на подобрен алгоритам за кластерирани сензорски мрежи, применет на различни мрежни топологии.

Во рамките на второто поглавје од докторската дисертација претставен е општ дел, во кој е даден детален преглед на литературата за безжичните сензорски мрежи, нивните карактеристики, апликативност, имплементација во најразлични решенија за потребите од секојдневниот живот. Понатаму дадени се досега постојните решенија за проблемот на локализација и временска синхронизација кај БСМ со детален и суштински опис на техниките и методите применети на досегашните решенија на овие проблеми. Исто така, во продолжение е дискутиран и проблемот на локализација во време и простор и методите и техниките применети во постојните решенија при едновремено решавање на проблемите на позиционирање и временска синхронизација кај безжичните сензорски мрежи. Во општиот дел од оваа докторска дисертација даден и детален осврт на кластерирање на безжичните сензорски мрежи, техниките на кластерирање, подобрувањата добиени со примената на оваа метода, придонесите од кластерираните мрежи анализирајќи ги ваквите решенија на проблемот на локализација во простор и време кај БСМ, со осврт на енергетски ефикасните решенија на овие проблеми.

Во третото поглавје од докторската дисертација презентиран е посебен дел, кој содржи сопствени истражувања од областа на интерес. Во овој дел, најпрво е презентиран алгоритам за локализација во простор и време кај безжични сензорски мрежи. Дадени се сопствени концепти за дефинирање и решавање на проблемот на позиционирање и временска синхронизација, со примена на познати и значајни техники и методи. Даден е и посебен осврт на проблемот на локализација во простор и време, решен во алгоритамот. Објаснета е примената на еден ГПС-опремен сензорски јазол – јазол мобилен водич, избраните траектории за неговото движење низ сензорската мрежа, начинот на размена на пакетите со пораки во мрежата, објаснето е позиционирањето и синхронизацијата извршено со овој алгоритам, кој е подоцна евалуиран и потврден со добиените подобрени резултати. Понатаму, претставен е новиот алгоритам за локализација во простор и време кај безжични сензорски мрежи, преку ГПС-уреди, со кластерирање на сензорските мрежи. Во предложениот алгоритам, непознатиот јазол може да ја процени својата позиција врз основа на примените координати од јазолот - мобилен водич и на *RSSI (Received Signal Strength Indicator)* оценките на растојанието. Бидејќи јазлите бараат најмалку три пакети за позиционирање, синхронизацијата може да се подобри со пресметка на просечното поместување кај сите пакети. Предноста на овој алгоритам е во фактот што цената на комуникација за локализирање и синхронизирање на сензорските јазли е нула, бидејќи овие јазли не треба да испратат какви било пакети. Значи, кај овој алгоритам дополнително се врши и кластерирање на БСМ. Така, локализацијата во време и простор се извршува многу побрзо во споредба со алгоритмите за локализација во време и простор на некластерирана БСМ. Клучно е при тоа да се забележи потенцијалната заштеда на енергија и мрежни ресурси.

Во четвртото поглавје од докторската дисертација дадени се методологијата на истражувањето, евалуација на предложените алгоритми, како и добиените резултати, презентирани со оригинално добиени графикони. Исто така, дадена е и

дискусија околу добиените резултати, со осврт на подобрувањата на дадените алгоритми за локализација во простор и време кај БСМ. Посебно треба да се истакнат следниве графикони:

- кумулативната грешка на позиционирање за различни траектории на мобилниот водич и различни топологии на јазлите;
- кумулативната грешка на синхронизација за различни траектории на мобилниот водич и различни топологии на јазлите;
- влијанието на RSSI-непрецизноста за различни траектории на мобилниот водич и различни топологии на јазлите;
- кумулативната грешка на позиционирање за различни траектории на мобилниот водич и различни топологии на јазлите кај кластерирани БСМ;
- кумулативната грешка на синхронизација за различни траектории на мобилниот водич и различни топологии на јазлите кај кластерирани БСМ;
- влијанието на RSSI - непрецизноста за различни траектории на мобилниот водич и различни топологии на јазлите кај кластерирани БСМ;
- влијанието на бројот на кластерите во БСМ врз грешката на локализација за различни траектории на мобилниот водич и различни топологии на јазлите;
- влијанието на бројот на кластерите во БСМ врз грешката на синхронизација за различни траектории на мобилниот водич и различни топологии на јазлите;

Овие графикони, добиени со симулација, ги потврдуваат погоре изнесените заклучоци за подобрите карактеристики на кластерираните БСМ во однос на другите БСМ во однос на побрза и поефикасна локализација во простор и време, а со тоа и заштеда на енергија и мрежни ресурси кај БСМ. При тоа, графиконите даваат важни компаративни резултати за различните траектории на мобилниот водич и различните топологии на јазлите.

Во петтото поглавје е даден заклучок во кој се истакнати придонесите на оваа докторска дисертација кон вкупната научна мисла во областа од интерес, апликативноста, како и насоките за понатамошни истражувања.

## 4. Верификација на докторската дисертација

Резултатите се објавени на повеќе меѓународни конференции и/или списанија:

1. U. R. Shikoska, D. Davcev: "Sensitivity Analysis for *GPS* in land-vehicle navigation", *IEEE International Conference on Wireless and Mobile Computing*, Networking and Communications, *WiMob'2008*, Paris, France, October *2008*, pp. *221-222*.
2. U. R. Shikoska, D. Davcev: "The Theoretical Foundation of Sensitivity Analysis for *GPS*", *International Conference on Power Control and Optimization*, Chiang Mai, Thailand, July *2008*, Vol. *1052*, pp. *305 - 310*.
3. U. R. Shikoska, D. Davcev, R. Rechkoski, Elena Petrovska: "*GPS* Log in analyzing tour activity", *ICT Innovations 2009*, Ohrid, Republic of Macedonia, *2009*.
4. U. R. Shikoska, D. Davcev: "Localization in Wireless Sensor Networks", ICT Innovations, Ohrid, Republic of Macedonia, *2010*, Web proceedings *ISSN 1857 – 7288*, pp. *281 – 298*.
5. U. R. Shikoska, D. Davcev, A. Kulakov: "Space and Time in Wireless Sensor Networks", PCO'*2010*, Kucing Borneo, Sarawak, December *2010*, pp. *73 – 83*.
6. U. R. Shikoska, D. Davcev: "Time Synchronization in Wireless Sensor Networks", PCO'*2010*, Kucing Borneo, Sarawak, December *2010*.
7. U. R. Shikoska, D. Davcev: "Time and Space Localization for Wireless Sensor Networks", The Seventh Advanced International IEEE Conference on Telecommunica-

интерес, како и намалувањето на комуникациите и заштедата на мрежните ресурси.

### 6. Заклучок и предлог

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека со докторската дисертација „Нов алгоритам за временско - просторна локализација кај безжични сензорски мрежи преку ГПС-уреди ", на кандидатката м-р Устијана Речкоска Шикоска, е даден научен придонес во актуелната област на истражување кај безжичните сензорски мрежи, со посебен осврт на брзите и енергетски ефикасни решенија за локализација во простор и време, што е актуелна тема во оваа област. Во однос на постојните техники, предложени се поефикасни алгоритми кои ги решаваат проблемите на едновремено позиционирање и временска синхронизација кај безжичните сензорски мрежи, се врши кластерирање на сензорските мрежи со цел поголема енергетска ефикасност, намалување на комуникациите помеѓу сензорските јазли во мрежата и заштеда на мрежните ресурси. Направените анализи и евалуации на предложените алгоритми го потврдуваат правилниот тек на извршените истражувањата од страна на кандидатката.
Кандидатката м-р Устијана Речкоска Шикоска покажува познавање на проблематиката, инвентивност и истражувачки дух, што резултира со научен придонес во областа на информациските и комуникациските технологии, со посебен осврт на локализација во простор и време кај безжичните сензорски мрежи. Резултатите добиени од докторската дисертација се објавени на повеќе меѓународни конференции и списанија.
Врз основа на изложената анализа и оценка, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати извештајов и на кандидатката м-р Устијана Речкоска Шикоска да и одобри јавна одбрана на докторската дисертација „Нов алгоритам за временско - просторна локализација кај безжични сензорски мрежи преку ГПС-уреди".

**КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Љупчо Коцарев, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Данчо Давчев, ментор, с.р.
3. Доц. д-р Андреа Кулаков, член, с.р.
4. Вонр.проф.д-р Владимир Трајковиќ, член, с.р.
5. Доц. д-р Слободан Калајџиски, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ТЕХНИЧКАТА МЕХАНИКА И ЈАКОСТА НА МАТЕРИЈАЛИТЕ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 375. седница одржана на 4.V 2011 година, нè именува за Рецензентска комисија за избор на еден помлад асистент од областа на техничката механика и јакоста на материјалите, која ги покрива предметите: статика, јакост на материјалите, кинематика и динамика, еластичност и пластичност, градежни материјали, теориска механика и механика. Во врска со тоа, по прегледот на пристигнатите документи, имаме чест да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс што е објавен во дневниот весник „Дневник" на 11.IV 2011 год. за избор во соработничко звање-помлад асистент од областа на техничката механика и јакоста на материјалите се пријави еден кандидат, и тоа м-р Цветанка Филипова, дипл. град. инж. Врз основа на поднесените материјали и личното познавање на кандидатката, подолу се презентирани нејзините основни биографски податоци и постигнувања во научно-истражувачката и стручната дејност.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката Цветанка Филипова е родена на 8.VII 1985 год. во Радовиш. Основното образование го завршила во основното училиште „Крсте Петков Мисирков" во Радовиш со одличен успех по сите предмети. Во тој период има освоено награда – второ место на државен натпревар по географија. Средното образование го продолжила во гимназијата „Коста Сусинов" во Радовиш на природно-математичката насока.

На Градежниот факултет во Скопје, конструктивна насока, се запишала во учебната 2004/2005 година, со максимален резултат на приемниот испит поради што ја добива награда од Друштвото на градежните конструктори на Македонија. Секоја учебна година во текот на студирањето добива признание за првенец на генерацијата и добива стипендија од Фондацијата за талентирани студенти по градежништво и геотехника и Министерството за образование и наука. Дипломската работа под наслов **Идејно решение на индустриско-производна хала** ја одбранила на 26.IX 2008 год., на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции, со што го завршува првиот циклус на студии (додипломски студии) со среден успех 9,61. Кандидатката добила признание за најдобро дипломиран студент на Градежниот факултет доделено од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", како и од Градежниот факултет во Скопје, а добитник е и на наградата „Инженерски прстен" од Инженерската институција на Македонија.

Во октомври 2008 год., кандидатката Цветанка Филипова се запишала на вториот циклус студии (постдипломски студии) на Градежниот факултет во Скопје. Постдипломските студии ги завршила на 30.VI 2010 год. со среден успех 10,00 и по успешната одбрана на магистерската работа **Нумеричка анализа на топлински мостови од аспект на енергетска ефикасност на градежните објекти** се стекнала со називот магистер на технички науки од областа на градежништвото.

Од февруари 2009 па сè до денес, кандидатката м-р Цветанка Филипова е вклучена во наставната дејност на Градежниот факултет во Скопје како демонстратор на Катедрата за техничка механика и јакост на материјалите.

## НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Во периодот од февруари 2009 па сè до денес, кандидатката м-р Цветанка Филипова како демонстратор многу успешно учествува во изведувањето на вежбите по речиси сите предмети на Катедрата.

Во летниот семестар 2008/2009 и 2009/2010 година учествува во спроведувањето на активностите по предметот статика, а од зимскиот семестар 2009/2010 година се вклучува и во спроведувањето на активностите по предметите јакост на материјалите и кинематика и динамика. Со овие активности се опфатени консултации на студентите, корекции на домашните задачи, учество во одржувањето на колоквиумите и испитите.

По стекнувањето на називот магистер на технички науки од областа на градежништвото, во зимскиот семестар 2010/2011 година започнува комплетно да ги организира вежбите по предметот статика на насоката по геотехника, во рамки на редовните студии и на студиите "Проект 45", а во летниот семестар 2010/2011 година и по предметот статика на насоките по градежништво.

Со досегашната работа м-р Цветанка Филипова демонстрираше професионална подготвеност, одговорност и ангажираност. Секогаш им стои на располагање на студентите и е спремна да им помогне во доменот на материјалот и со дополнителни часови.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Со запишување на постдипломските студии и изработката на магистерската работа, кандидатката м-р Цветанка Филипова покажа значаен интерес кон научноистражувачката работа. Истражувањата ѝ се пред се од областа на трансферот на топлина, методот на конечни елементи како нумерички метод за решавање на проблемите од трансфер на топлина, топлинските мостови и енергетската ефикасност.

Со учеството во COST-проектот за пожарна отпорност и однесување на АБ- конструкции на дејство на пожар, кандидатката покажува научен интерес и во оваа област.

Кандидатката м-р Цветанка Филипова објавила повеќе научни трудови, презентирани на домашни и меѓународни конференции, конгреси и симпозиуми:

1. **Цветанка Филипова**, Горан Јакимовски, Оливер Колевски, ПРОЕКТ НА АРМИРАНО-БЕТОНСКА ДВОБРОДНА ПРИЗЕМНА ХАЛА, II регионален конгрес на студентите од геотехнолошките факултети, Охрид, април 17-21.2008.
2. **Филипова Цветанка**, ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИНДУСТРИСКО-ПРОИЗВОДНА ХАЛА, 13-ти Меѓународен симпозиум на ДГКМ, Охрид, 14-17 октомври 2009.
3. **Филипова Цветанка**, Цветковска Мери, Смарџиоска Тодорка, ТОПЛИНСКИ МОСТОВИ ВО ОБЈЕКТИ,Топлински мостови во објекти, 13-ти Меѓународен симпозиум на ДГКМ, Охрид, 14-17 октомври 2009.
4. Мери Цветковска, **Цветанка Филипова**, Тодорка Самарџиоска, Ана Гаврилоска, НУМЕРИЧКА АНАЛИЗА НА ТЕРМИЧКИТЕ МОСТОВИ ВО ГРАДЕЖНИТЕ ОБЈЕКТИ, GNP Treći Internacionalni Naučno-stručni skup, Građevinarstvo – Nauka i Praksa, Жabljak, 15-19 Februara 2010.
5. M. Cvetkovska, T. Samardzioska, **C. Filipova**, NUMERICAL ANALYSIS OF HEAT TRANSFER, First National Conference, TEIK 2010, Nis, Serbia, 18-19 March, 2010.
6. M. Cvetkovska, T. Samardzioska, **C. Filipova**, INFLUENCE OF BUILDING ENVELOPE ON ENERGY EFICIENCY, 13 Kongres drustva gradjevinskih konstruktera Srbije, Zlatibor, 22-24.09. 2010.
7. M. Cvetkovska, T. Samardzioska, **C. Filipova**, Ana Trombeva-Gavriloska, NUMERICAL ANALYSIS OF THERMAL BRIDGES USING FEM, International scientific conference PBE 2010, 10-12 November 2010, Krtiny, Cezh Republic

## СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Цветанка Филипова учествувала како соработник во следниве стручни трудови:

1. Основен проект за надградба на деловен објект за сервисирање со гуми со администрација, 2011 год. ( во соработка со доц. д-р.Тодорка Самарџиоска, дипл. инж. Милица Јованоска).
2. Ревидентски извештај на Основен проект за градежни работи – Изведба на топлинска станица за транспорт на вода од О.У. „Кочо Рацин" – Скопје, 2011 год. (во соработка со доц. д-р Тодорка Самарџиоска, проф д-р Мери Цветовска, доц. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, дипл. инж. Милица Јованоска).
3. Ревидентски извештај на Основен проект за заштита од бучава – Изведба на топлинска станица за транспорт на вода од О.У. „Кочо Рацин" – Скопје, 2011 год. (во соработка со доц. д-р Тодорка Самарџиоска, доц. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, дипл. инж. Милица Јованоска).
4. Ревидентски извештај на Основен проект за заштита од бучава – изведба на звучна бариера на делницата Табановце – Куманово од автопатот Е-75, од км 0+000 до км 8+388, 2011 год. ( во соработка со доц. д-р Тодорка Самарџиоска, проф. д-р Мери Цветовска, дипл. инж. Милица Јованоска).

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи го предвид напред изнесеното, но и од личното познавање на кандидатката м-р Цветанка Филипова како студент, а потоа и како демонстратор на Катедрата за техничка механика и јакост на материјалите, со задоволство можеме да заклучиме дека кандидатката бележи континуиран напредок како на педагошки, така и на научен и стручен план. Бројните награди и признанија со кои се стекнала во текот на своето студирање, како и фактот што продолжува успешно да работи на своето усовршување ни даваат за право да заклучиме дека се работи за кандидат кој ќе продолжи да се оформува во успешен педагошки и научен работник.

Затоа, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, м-р Цветанка Филипова, дипл.град.инж., да биде избрана во звањето помлад асистент од областа на техничката механика и јакоста на материјалите на Градежниот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Љупчо Лазаров с.р.
2. Проф. д-р Светлана Петковска Ончевска с.р.
3. Вонр. проф. д-р Мери Цветковска с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ТЕОРИЈАТА НА КОНСТРУКЦИИТЕ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 375. седница одржана на 4.V 2011 година, нè избра за рецензенти за избор на помлад асистент од областа на теоријата на конструкциите.

На распишаниот конкурс, објавен во весникот „Дневник" од 11. IV 2011, се пријави кандидатката м-р Симона Марковска, дипл.град.инж. Врз основа на поднесените документи (арх. бр. 0801/2 од 13. IV 2011 година) го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката Симона Марковска е родена на 19. X 1986 год. во Скопје, Македонија. Основното и средното образование ги завршила со одличен континуиран успех во Скопје.

На Градежниот факултет во Скопје се запишала во учебната 2005/06 година, а дипломската работа под наслов **„Статичка и сеизмичка анализа на засипан резервоар"** ја одбранила со оценка 10, на 9. X 2009 год.

За време на четиригодишните студии кандидатката е наградувана како најдобар студент на генерацијата за секоја учебна година и како најдобар дипломиран студент за учебната 2008/09 год. со просек 10. Кандидатката е добитник и на признанието „Инженерски прстен".

Во октомври 2008 год. е избрана за соработник по групата предмети кои ги покрива Катедрата за теорија на конструкциите.

На постдипломските студии на Градежниот факултет во Скопје е запишана во учебната 2009/10. Магистерската теза со наслов „Компаративна конструктивна анализа на силоси според актуелни прописи и еврокодови" ја одбранила на 18. III 2011 год.

Кандидатката поседува меѓународен сертификат за познавање на англиски јазик - Level 1 Certificate in English (ESOL) и е добитник на поголем број признанија и сертификати од областа на градежништвото и др. Таа е добитник на нагадата за освоено трето место на меѓународниот натпревар на студенти од инженерство ICAMES во Истанбул, Турција, во 2008 година.

## 2. НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА, НАУЧНА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

### 2.1. НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Симона Марковска од учебната 2008/09 година како надворешен соработник-демонстратор на Катедрата за теорија на конструкциите учествува во одржување на вежбите по предметите:

информатика, CAD-ориентиран софтвер, теорија на плочи и лушпи, динамика на конструкции, асеизмичко проектирање, статичка анализа на линиски конструкции, инженерско моделирање, програмирање и предметот теорија на конструкции за студентите на Архитектонскиот факултет во Скопје.

**2.2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА**

Во изминатиот период, кандидатката м-р Симона Марковска, како автор на трудови, учествувала на повеќе стручно-научни собири.

**2.2.1. Учество на стручно-научни собири со соопштенија:**

1. „Преглед на техниката со инјектирање кај зајакнување на ѕиданите конструкции"; С. Марковска, К. Маневска, Д. Митески, С. Чурилов; 13-ти Симпозиум на ДГКМ, 2009
2. „Преглед на техники за зајакнување на ѕидани лачни мостови со челични анкери"; К. Маневска, С. Марковска, Д. Митески, С. Чурилов; 13-ти Симпозиум на ДГКМ, 2009
3. „Дводимензионално и тродимензионално моделирање на брана Кнежево"; Ѓ. Кокаланов, С. Митоски, С. Марковска, К. Маневска; Трет симпозиум на ДГМ, 2010

**2.2.2. Учество на стручно- научни собири:**

1. меѓународен семинар за ЕВРОКОД 7 и геотехнички аспекти на ЕВРОКОД 8, ДГМ, Струга – октомври 2008;
2. 14-та Меѓународна конференција за земјотресно инженерство, Охрид-октомври 2010;
3. Експертска мисија – предавања за Еврокод 1 и Еврокод 2, Скопје – Март 2011;
4. Sofistik - работилница, Белград – април 2011.

**2.3. СТРУЧНА ДЕЈНОСТ**

Во соработка со Катедрата за теорија на конструкциите и проектантите од градежните претпријатија, кандидатката учествувала и во изработка на проекти, од кои заслужуваат да се издвојат следниве:

- Главен проект за конструкција на деловен производствен објект „Фејдом и Датапонс", Качанички пат бб, Индустриска зона Визбегово, јули 2010 год. (во соработка);
- Проект за санација при рушење на дел од постоен објект за изведба на нов објект, ул. С.Аљенде бр 53, Скопје, мај 2010 год. (во соработка);
- Основен проект за брана Кнежево – Статичка анализа на телото на браната, март 2010 год. (во соработка).

# ЗАКЛУЧОК

Имајќи го предвид она што е напред кажано, како и врз основа на личното познавање на кандидатката како студент, дипломец и соработник, може да се заклучи дека м-р Симона Марковска, дипл.град.инж., покажува завиден успех

подеднакво во сите три дејности на Факултетот: наставната, научната и апликативната. Таа, како студент, континуирано е прогласувана и наградувана за најдобар студент на генерацијата во сите четири години од студиите и е првиот студент на Градежниот факултет кој ги завршил студиите со просечен успех 10.00. Сметаме дека таа ги поседува квалитетите и кај неа постои изразена желба да се развие во сериозен наставно-научен работник.

Комисијата со особено задоволство и чест му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, м-р Симона Марковска, дипл.град.инж., да биде избрана во звањето помлад асистент од областа на теоријата на конструкциите на Градежниот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Ѓорги Кокаланов с.р.
2. Доц. д-р Грозде Алексовски с.р.
3. Проф. д-р Елена Думова-Јованоска с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ-АСИСТЕНТ НА ГРУПА НАСТАВНА ПРОГРАМА-КОМПОЗИТНИ МАТЕРИЈАЛИ, НА ПРЕДМЕТИТЕ: ПРОИЗВОДИ ОД ИСИТНЕТО ДРВО, ФУРНИРИ И ФУРНИРСКИ ПЛОЧИ, ПОЗНАВАЊЕ НА ФУРНИРИ И ПЛОЧИ, ТЕХНОЛОГИЈА НА ОТПРЕСОЦИ, ПРИМАРНА ПРЕРАБОТКА НА ДРВОТО, КАКО И ПРЕДМЕТОТ ДРВНОИНДУСТРИСКО ГРАДЕЖНИШТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје бр. 0201-120/1-VII-5 од 6.5.2011 год., формирана е Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звање-асистент на група наставна програма-композитни материјали, на предметите: производи од иситнето дрво, фурнири и фурнирски плочи, познавање на фурнири и плочи, технологија на отпресоци, примарна преработка на дрвото, како и предметот дрвноиндустриско градежништво, во состав: д-р Јосиф Димески, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, д-р Борче Илиев, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје и д-р Митко Нацевски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

На конкурсот за избор на еден соработник во звање-асистент, објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Koha" од 18.4.2011 год., се пријави само м-р Виолета Јакимовска Поповска, помлад асистент на Катедрата за композитни материјали при Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

По прегледот на доставената документација, како и врз основа на други фактори релевантни за избор на кандидатката, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска е родена на 13.12.1980 год. во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Студиите на Шумарскиот факултет во Скопје ги започнала во академската 2001/2002 год. на насоката проектирање и технологија на мебел и ентериер. Дипломирала во 2005 год. на Катедрата за композитни материјали при Шумарскиот факултет во Скопје со среден успех 9,06. Во 2003 год., м-р Виолета Јакимовска Поповска е прогласена за најдобар студент на Шумарскиот факултет во Скопје за академската 2002/2003 год. со просечен успех 9,12, поради што ѝ е доделена диплома од Сојузот на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Кандидатката има одлични познавања на англискиот јазик, како и одлични познавања од областа на примената на компјутерските програми MS Office, AutoCad, CorelDraw и др.

Кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска е вработена како помлад асистент на Катедрата за композитни материјали при Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, каде што ги изведува вежбите по предметните програми опфатени со групата наставна програма-композитни материјали, како и предметната програма дрвноинустриско градежништво.

По успешно одбранетиот магистерски труд под наслов: „Споредбени истражувања на својствата на лабораториски фурнирски плочи и некои индустриски дрвени плочи" на 15.4.2011 год., дипл. инж. Виолета Јакимовска Поповска се стекнува со звањето магистер на дрвноиндустриски науки.

Кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска во досегашното работење перманентно е вклучена во научноистражувачката и применувачката дејност на Факултетот. Учествува во лабораториските активности за испитување на

карактеристиките на дрвените плочи и енергетските брикети и пелети, за потребите на стопанските субјекти од дрвната индустрија во Република Македонија. Во рамките на нејзиното стручно усовршување била учесник на курс за обука за плочи на основа на дрво, организирана во рамките на COST. Кандидатката воедно била и член на работна група во акцијата Е49 за дрвени плочи во рамките на COST.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска во досегашното работење на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје активно учествувала во спроведувањето на наставните активности на Факултетот. Во тој период кандидатката успешно ги изведувала вежбите по предметните програми опфатени со групата наставна програма-композитни материјали, односно: фурнири и фурнирски плочи, производи од иситнето дрво, познавање на фурнири и плочи, технологија на отпресоци, примарна преработка на дрвото, како и предметната програма дрвноиндустриско градежништво.

Освен изведувањето на вежбите по горенаведените предметни програми опфатени со студиските програми механичка технологија на дрвото и проектирање и технологија на мебел и ентериер, кандидатката континуирано е ангажирана во работењето со студентите, од аспект на изработка на програми, елаборати, дипломски работи и сл.

М-р Виолета Јакимовска Поповска со посебна совесност и одговорност е посветена на наставно-образовниот процес, односно на изведувањето на вежбите, колоквиумите и лабораториските активности по горенаведените предметни програми, при што покажува посебни педагошки квалитети, коректност и објективност во извршувањето на поставените задачи.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот до последниот избор во соработничко звање-помлад асистент, кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска во соработка со други автори има публикувано пет научни и три стручни трудови кои се рецензирани во Билтен бр. 965 од 1.6.2009 год.

По последниот избор во соработничко звање-помлад асистент, кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска продолжи да се занимава со научноистражувачката дејност на Факултетот. Во овој период го изработи и успешно го одбрани магистерскиот труд. Исто така, во овој период, заедно со други автори, кандидатката има публикувано пет научни труда од кои еден е публикуван во домашно научно-стручно списание, додека четири труда се презентирани на меѓународни конференции.

Во овој период кандидатката ги има публикувано следниве научни трудови:

1. Илиев, Б., Михаилова, Ј., **ЈАКИМОВСКА, В.** (2009): **Можности за користење на стеблата од сончоглед за производство на енергетски брикети**, Шумарски преглед-списание за шумарство и дрвна индустрија, год. 42, стр. 1-8, Скопје.
2. Peševski, M., Iliev, B., Živković, D., **JAKIMOVSKA POPOVSKA, V.**, Srbinoska, M., Filiposki, B. (2010): **Possibilities for Utilization of Tobacco Stems for Production of Energetic Briquettes,** Journal of Agricultural Sciences, Vol. 55, No. 1, University of Belgrade, Faculty of Agriculture, Belgrade, Republic of Serbia, pg. 45-54.
3. Gruevski, G., Iliev, B., **JAKIMOVSKA POPOVSKA, V.**, Kyuchukov, B., (2010): **The Influence of Number of Connective Elements on the Bending and Strain Forces at Chair Corner Joints Made From Chestnut Wood,** Proceedings of 21st International Scientific Conference – Wood is good – Transfer of Knowledge in Practice as a Way Out of the Crisis – Ambienta, 15th of October 2010, Zagreb, pg. 39-44.
4. Iliev, B., Mihailova, J., **JAKIMOVSKA POPOVSKA, V.**, (2010): **Utilization of Corn stems for Briquettes Production**, Programme and Abstracts, Third Scientific Conference – Innovations in Wood Industry and Engineering Design, 5-7 November, 2010, Sofia.

5. Iliev, B., Gruevski, G., **JAKIMOVSKA POPOVSKA, V.**, (2010): **Combined Wood-based Panels Produced by Direct Pressing Method**, Programme and Abstracts, Third Scientific Conference – Innovations in Wood Industry and Engineering Design, 5-7 November, 2010, Sofia.
6. **ЈАКИМОВСКА ПОПОВСКА, В.** (2011): **„Споредбени истражувања на својствата на лабораториски фурнирски плочи и некои индустриски дрвени плочи"**, магистерски труд одбранет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје на 15.4.2011 год.

Трудовите под број 1, 2 и 4 се однесуваат на истражувањата на можностите за производство на енергетски брикети од лигноцелулозни материјали од земјоделството како замена за вообичаената дрвна суровина. Овие материјали се однесуваат на остатоците од земјоделското производство, како што се стеблата од сончоглед, тутун и пченка.

Трудот под број 3 се однесува на истражувањето на влијанието на бројот на конструктивните врски врз јакоста на свивање кај аголните состави на столови изработени од костеново дрво.

Трудот под број 5 ги разработува истражувањата од областа на комбинираните дрвени плочи произведени според методот на директно пресување.

Кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска, во својство на млад истражувач, активно учествува во изработката на следниов научноистражувачки проект:

1. **Истражувања на карактеристиките на модифицирани повеќеслојни конструктивни фурнирски плочи,** тековен научноистражувачки проект финансиран од Министерството за образование и наука на Република Македонија, главен истражувач: проф. д-р Борче Илиев, млад истражувач: **дипл. инж. ВИОЛЕТА ЈАКИМОВСКА ПОПОВСКА,** Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, времетраење на проектот од 1.6.2010 до 31.5.2012 год.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во рамките на апликативната дејност на Факултетот, кандидатката учествува во лабораториските активности за испитување на карактеристиките на дрвените плочи и енергетските брикети и пелети за потребите на стопанските субјекти од дрвната индустрија во Република Македонија. Ангажманот на кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска во апликативната дејност на Факултетот по последниот избор во соработничко звање–помлад асистент резултираше со публикација на следниве стручни трудови и студии:

**Стручни трудови:**

1. Илиев, Б., Димески, Ј., **ЈАКИМОВСКА ПОПОВСКА, В.** (2010): **Можности за употреба на енергетскиот потенцијал на биомасата од шумарството и земјоделството во руралните области во Република Македонија.** Монографија: Енергија од земјоделството – енергија за земјоделството, ЦеПроСАРД-Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој, стр. 79-102, Скопје.

**Студии:**

1. Agro-Energy Study No. 006/2009: **„Investigation of the Possible Usage of the Biomass Energy Potential From the Forestry and Agriculture in the Rural Region of the Republic of Macedonia"**, Experts Team: prof. Borce Iliev, prof. Josif Dimeski, **assistant VIOLETA JAKIMOVSKA POPOVSKA,** CeProSARD-Center for Promotion of Sustainalbe Agriculture Practices and Rural Development, Skopje.
2. Agro-Energy Pilot Project No. 0029/2009: **„Pellets Production From Agroforest Biomass and Plant Remains (Agro-Forest Biomass Plant Remains & Briquettes & Pellets)"**, Experts Team: prof. Borce Iliev, prof. Ordan Cukaliev, prof. Josif Dimeski, **assistant VIOLETA JAKIMOVSKA POPOVSKA,** CeProSARD- Center for Promotion of Sustainalbe Agriculture Practices and Rural Development, Skopje.

Од последниот избор во соработничко звање–помлад асистент, кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска учествувала во изработката на следниве лабораториски извештаи за квалитетот на дрвените плочи, суровината за брикетирање и дрвените брикети:

- **Испитување на квалитетот (атестирање) на дрвени плочи:**
  1. Извештај од испитувањето на водоотпорни фурнирски плочи, арх. бр. 12-704/1 од 31.7.2009 год. Подносител на барањето „Паштрик промет" ДООЕЛ – Скопје.
  2. Извештај од испитувањето на плочи од дрвени иверки, Атест бр. БЦ 08 049, арх. бр. 12-439/1 од 25.5.2010 год. Подносител на барањето: „Десигн фантази" - Тони ДООЕЛ – Скопје.
- **Испитување на квалитетот на раздробена дрвена суровина за брикети и испитување на квалитетот (атестирање) на дрвени брикети:**
  1. Извештај од испитувањето на енергетски брикет, арх. бр. 12-685 од 13.7.2009 год. Подносител на барањето: „Герасимов" ДООЕЛ – Берово.
  2. Извештај од испитувањето на енергетски брикет, арх. бр. 12-686 од 13.7.2009 год. Подносител на барањето: „Бординг" ДООЕЛ – Виница.
  3. Извештај од испитувањето на енергетски брикет, арх. бр. 12-655/1 од 17.9.2010 год. Подносител на барањето: „Алпинком" ДОО – Делчево.

Од аспект на стручното усовршување, кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска во периодот од последниот избор во соработничко звање–помлад асистент има учествувано на следниве семинари/работилници:

1. **Making Wood-Based Panels at the Laboratory-Scale**, COST E49 Training School, from 6th to 8th July 2009, Thessaloniki, Greece.
2. **Презентација на студии за обновливи извори на енергија,** Работилница во рамките на проектот „Агроенергија", ЦеПроСАРД- Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој, 31.8.2009 год., Скопје.
3. **Критериуми за избор на пилот фарми и технологии со примена на обновливите извори на енергија и енергетска ефикасност во рурални средини,** Работилница во рамките на проектот „Агроенергија", ЦеПроСАРД- Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој, 22.12.2010 год., Скопје.

Исто така, во овој период кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска се здобила со сертификат за завршена обука за воведување на нови лабораторски истражувачки методи и работа со уреди и софтвер на фирмата K. Schulten GmbH & Co. KG за потребите на Лабораторијата за тестирање на мебел, во состав на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

## 5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи, како и врз основа на сознанијата за работата и професионалното ангажирање на кандидатката, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска од вработувањето на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и енетериер во Скопје до денес, успешно била вклучена во наставно-образовната, научноистражувачката и апликативната дејност на Факултетот.

Анализата на наставно-образовните, научноистражувачките и стручно-апликативните активности, нејзиниот сериозен пристап, коректност и објективност во извршувањето на обврските, трудољубивоста, како и залагањето во работата со студентите, потврдуваат дека кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска е исклучително квалитетен и перспективен научен соработник.

Согласно со претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и енетриер во Скопје, кандидатката м-р Виолета Јакимовска Поповска да биде избрана во соработничко звање-асистент на група наставна програма-композитни материјали, на предметите: производи од иситнето дрво,

фурнири и фурнирски плочи, познавање на фурнири и плочи, технологија на отпресоци, примарна преработка на дрвото, како и предметот дрвноиндустриско градежништво.

Рецензентска комисија

1. Д-р Јосиф Димески, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје с.р.

2. Д-р Борче Илиев, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје с.р.

3. Д-р Митко Нацевски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

на учебникот **ПЕЈЗАЖ И ДИЗАЈН НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ**
од авторот **д-р ВЛАТКО АНДОНОВСКИ**

Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, на III седница одржана на 28. 2. 2011 година, со одлука бр. 0201-21/III-4 определи Комисија во состав: д-р Александар Трендафилов, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје и д-р Јасминка Ризовска Атанасовска, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, за рецензија на учебникот ПЕЈЗАЖ И ДИЗАЈН НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ, изготвен од д-р Влатко Андоновски, доцент на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Шумарски факултет - Скопје.

**Основни податоци за учебникот:**

1. Назив на учебникот: **ПЕЈЗАЖ И ДИЗАЈН НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ,**
2. Предметна програма: **пејзаж и дизајн на зелени површини,**
3. Студиска програма: **озеленување и унапредување на животната средина,**
4. Фонд на часови за настава - **3+3** и ЕКТС – кредити - **6,**
5. **Учебникот е во согласност со предметната програма,**
6. Име на авторот: **Влатко Андоновски, доцент на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Шумарски факултет – Скопје,**
7. Време и акт за избор на рецензенти: **2 месеца, Одлука на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје бр. 0201-21/III-4 од 28. 2. 2011 г.**
8. Карактер на изданието: **1. (прво) издание.**

Учебникот **ПЕЈЗАЖ И ДИЗАЈН НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ** од **д-р Влатко Андоновски**, наменет за студентите од VIII семестар на студиската програма озеленување и унапредување на животната средина, содржи 112 страници. Во текстот се поместени 8 теми и повеќе поттеми, како и 80 слики и 1 табеларен преглед. Содржината е презентирана на 2 страници. Литературата содржи 8 библиографски единици со домашна и странска литература и е изнесена на 1 страница.

Материјата која е обработена во учебникот е приемчива, разбирлива, а интерпретацијата на содржината е во согласност со предметната програма пејзаж и дизајн на зелени површини.

Темите во книгата меѓусебно се поврзани и последователно ги презентираат насловите: принципи на дизајнирање на зелени површини, зонирање, намена и функција на зелените површини, карактеристики, намена и функција на објектите, карактеристики и специфичности на растителните видови во дизајнирањето на зелените површини и објектите, примена на современи компјутерски алатки во дизајнирањето и на крај, примена на современи системи, методи и технологии за наводнување на зелените површини.

Учебникот започнува со **Вовед** во кој авторот ги потенцира местото, улогата и значењето на пејзажниот дизајн во зелените површини, спојувајќи ја урбаната средина со природата, односно растителниот свет. Авторот зборува и за креативноста на пејзажниот дизајнер и неговата умешност да создаде квалитетна, функционална средина која нема да има монотон изглед и ќе се менува во согласност со сезоните и годишните времиња. Неговите знаења и умешност треба да дадат складно оформена зелена површина во која ќе бидат применети принципите и елементите на пејзажното дизајнирање, почитувајќи ги притоа еколошките карактеристики, како и особеностите и спецификите на растителните видови.

Првата тема, **Принципи во пејзажниот дизајн**, опфаќа 23 страници во кои се наоѓаат 3 поттеми. Овде авторот зборува за растителните видови и нивните физички (морфолошки) карактеристики како значајни критериуми во процесот на дизајнирањето на зелените површини. Формата, текстурата и бојата на растенијата треба на пејзажот да му дадат одредена складност, естетика и заедно со принципите на пејзажното дизајнирење, единство, едноставност, повторување, разноликост, нагласување, баланс, линија, размер и ритам, да овозможат создавање на ефектна, функционална и квалитетна зелена површина која ќе ги исполни барањата на граѓаните во една урбана средина и ќе им ја приближи природата поблиску до нив. Понатаму авторот зборува за фокусните точки и појаснува дека тие можат да бидат од нежива и жива природа (скулптура, дрво, цвеќе, фонтана, клупа и т.н.). Тие на зелените површини го привлекуваат вниманието на посетителите и токму една од задачите на пејзажниот архитект е да умее да го избере објектот кој ќе претставува акцентиран дел од пејзажот по однос на одреден критериум, на пример, боја, текстура, форма итн. Третата поттема се однесува на принципите на дизајнирањето каде што авторот ја нагласува потребата од задржување на принципите од минатото кога во преден план биле функциите на зеленилото, како и потребата од примена на посовремени дизајни со употреба на различни бои, текстури и форми во компонирањето на елементите на една зелена површина.

Содржината на втората тема, **Растенија и архитектура**, е опишана на 25 страни, во 9 поттеми и има 39 слики. Овде авторот ја истакнува улогата на растенијата во урбаните простори и ја потенцира нивната употреба во разните архитектонски решенија. Со тоа треба да се избегне монотонијата и да се воспостави хармонија помеѓу архитектурата и зеленилото, за градбите да можат да се вклопат во пејзажот и да претставуваат негов составен елемент. За да може успешно да го направи тоа, пејзажниот дизајнер мора претходно да ги анализира еколошките услови на месторастењето и врз основа на тоа да направи соодветен избор на растителни видови.

Третата тема, **Зонирање и циркулација,** која е на 7 страници и содржи 3 поттеми, се задржува на зонирањето што подразбира распоред на објектите и зелените површини во просторот. При тоа треба да се согледаат природните услови и карактеристики на локацијата (парцелата), како и желбите, потребите и барањата на инвеститорот, за крајниот резултат да го даде посакуваниот ефект. Нагласувањето и маскирањето на одредени архитектурни елементи и објекти се од големо значење во дизајнирањето и оформувањето на зелените простори. За да бидат функционални и декоративни, тие треба да се во согласност со местоположбата на објектот, да ги потенцираат неговите карактеристики и специфичности, како и оние од неговото непосредно опкружување. За да можат да се одвиваат одредени

активности на зелените површини и во исто време да се обезбеди поврзување на објектите и непречен пристап до нив, од големо значење се патеките и другите елементи кои учествуваат во планирањето и уредувањето на просторот.

Четвртата тема, **Ѕидови и тавани,** на 10 страници ја обработува улогата, значењето и функционалноста на ѕидовите и покривните конструкции како елементи во дизајнирањето. Местоположбата на објектот ја одредува функционалноста на ѕидовите, кои најчесто се повеќефункционални зашто во исто време овозможуваат ограденост на просторот, заштита од непожелни посетители, како и заштита од прав, ветер, бучава итн. Таваните, односно покривните конструкции се исто така во функција на заштита од надворешни влијанија, односно обезбедување сенка во летните и заштита од дожд и снег во зимските месеци.

Во темата **Критериуми за избор (селекција) на растенија во пејзажниот дизајн,** на 10 страници и во 14 поттеми, авторот зборува за растителните видови и критериумите по кои се прави нивниот избор во пејзажното дизајнирање. Ова е од особено значење за успешноста на дизајнирањето, постигнувањето подолгорочен ефект и продолжувањето на векот и долговечноста на зеленилото. Авторот овде се осврнува на критериумите кои дизајнерот треба да ги почитува при изборот на растителните видови, па така тој ги наведува: приспособливоста на климатските и почвените услови, издржливоста, потребата од сонце и сенка, големината, формата, текстурата и бојата, растежните карактеристики, чувствителноста на болести и инсекти итн.

Во шестата тема, **Прекривање на земјиштето,** е разработена проблематиката која во последно време има значајно место во дизајнирањето, а тоа е прекривањето на земјиштето, каде што акцент се става на повеќе критериуми. Овде авторот препорачува тродимензионални проекции за да се добие хоризонтална и вертикална проекција на објектите, растенијата, придружните елементи и другите содржини. Денес се повеќе се применуваат разни типови земјишни покривки од органско и минерално потекло како мулч од кора од дрвја, лушпи од разни семиња, плодови и делови од растенија, песок, чакал, камен и др. Сите тие наоѓаат примена во дизајнирањето и уредувањето на зелените површини и го потенцираат нивниот естетски ефект. Во поттемата **Тревник,** авторот ја опишува функцијата на тревниците и дава акцент на најзначајните негови аспекти: намена, амбиент, заштита, разграничување помеѓу делови, објекти, елементи и др.

Седмата тема, **Примена на компјутерите во пејзажниот дизајн,** на 5 страници авторот се осврнува на примената на компјутерската техника и соодветните компјутерски алатки во креирањето на пејзажниот дизајн. Овде е даден преглед на софтвери и софтверски пакети кои во современото пејзажно дизајнирање наоѓаат голема примена. Како најадекватни за дизајнирањето на зелените површини тој ги препорачува софтверите AutoCAD и LANDCADD, при што наведува дека LANDCADD[от] содржи повеќе софтверски пакети како: City Planning, Landscape Design, Irrigation Design, EZ-Estimate, Plant Specifier, Quadrangle и Construction Details.

**ПРЕДЛОГ**

По разгледувањето на ракописот, со цел негово подобрување од аспект на обликување на учебникот, дадов одредени сугестии, забелешки и препораки. Во учебникот недостасуваат поглавјата *Предговор* и *Историјат на*

*предметната проблематика*, додека поглавјето *Литература* треба да биде проширено со поголем број библиографски единици. Исто така, во поглавјата недостасува повикување на литература која е поврзана со проблематиката што се обработува во учебникот. Во однос на сликите, тие се доволно застапени, меѓутоа нивното појаснување, односно текстот под нив треба да биде на македонски јазик. Согласно со горенаведеното, следуваат промени во содржината на учебникот и конкретизирање на бројот на страниците.

Предлагам авторот да постапи по дадените сугестии и забелешки и со пречистен текст на учебникот да учествува на еден од следните конкурси на УКИМ-Скопје, за печатење на учебници и учебни помагала.

Скопје,
28.4.2011

Рецензент
Проф. Јасминка Ризовска Атанасовска с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

на учебникот **ПЕЈЗАЖ И ДИЗАЈН НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ**, од авторот **д-р ВЛАТКО АНДОНОВСКИ**

Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, на III седница одржана на 28.2.2011 година, со одлука бр. 0201-21/III-4, определи Комисија во состав: д-р Александар Трендафилов, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје и д-р Јасминка Ризовска Атанасовска, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, за рецензија на учебникот: ПЕЈЗАЖ И ДИЗАЈН НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ, изготвен од д-р Влатко Андоновски, доцент на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Шумарски факултет - Скопје.

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ,

- Назив на учебникот: **ПЕЈЗАЖ И ДИЗАЈН НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ.**
- Предметна програма: **пејзаж и дизајн на зелени површини.**
- Студиска програма: **озеленување и унапредување на животната средина.**
- Фонд на часови за настава: **3+3 и** ЕКТС кредити **6.**
- **Учебникот е во согласност со предметната програма;**
- Име на авторот: **Влатко Андоновски, доцент на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Шумарски факултет – Скопје.**
- Време и акт за избор на рецензенти: **време 2 (два) месеца, Одлука на Наставно - научниот совет на Шумраскиот факултет во Скопје бр. 0201-21/III-4 од 28.2.2011 година.**
- Карактер на изданието: **1 (прво) издание.**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕБНИКОТ,

Ракописот на учебникот **ПЕЈЗАЖ И ДИЗАЈН НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ**, од **д-р Влатко Андоновски**, наменет за студентите на студиската програма озеленување и унапредување на животната средина на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Шумарски факултет во Скопје, содржи 112 страници. Текстот на предметниот учебник е проследен со 2 (два) табеларни прегледа и 80 (осумдесет) слики. Содржината е прикажана на 2 страници, предговор нема, а литературата која опфаќа 8 (осум) блиографски единици од домашна и од странска литература е изнесена на 1 (една) страница, и е оскудна.

Учебникот содржи 8 заглавија и многу подзаглавија, кои меѓусебно се надоврзуваат и се во логичен редослед и хармонија со принципите на дизајнирање на зелени површини, зонирањето, намената и функцијата на зелените површини, карактеристиките, намената и функцијата на објектите-градбите, карактеристиките и специфичностите на растителните видови во дизајнирањето на зелените површини и објектите, примената на современи компјутерски алатки во дизајнирањето и на крај, примената на современи системи, методи и технологии за наводнување на зелените површини.

Редоследот на изнесувањето на материјата во учебникот, обемот и начинот на интерпретација се во согласност со предметната програма **пејзаж**

**и дизајн на зелени површини,** на студиската програма: **озеленување и унапредување на животната средина** на Шумарскиот факултет во Скопје.

Во **Воведот,** во кратки црти авторот ги истакнува, местото, улогата, креативноста и функционалноста на дизајнот во зелените површини, со нагласување на потребата од знаења и умешност за вклопување на ново-дизајнираните зелени површини во природниот амбиент на непосредната околина, почитувајќи ги притоа еколошките карактеристики на локацијата и карактеристиките и специфичностите на растителните видови како потенцијални и можни видови за дизајнирање и облагородување на просторот и објектите.

Во првото заглавије, **Принципи во пејзажниот дизајн,** на 23 страници, низ 3 подзаглавија, авторот ги изложува морфолошките карактеристики на растителните видови како едни од најзначајните критериуми и фактори во процесот на дизанирање на зелените површини. Формата, текстурата и бојата на растенијата во еден пејзаж имаат големо значење во постигнувањето на бараните и очекуваните ефекти. Потоа, акцент се дава на фокусните точки од нежива и жива природа (базен, клупа, скулптура, дрво цвеќе и сл.) како силен критериум и фактор за привлекување на вниманието на посетителот и трансформација на просторот во идеално место за пријатен престој и релаксација. Во третото подзаглавије, авторот се задржува на принципите на дизајнирање, при што ја нагласува потребата од задржување на принципите од минатото кога во преден план биле функциите на зеленилото, но и сé понагласената потреба од примена на посовремени дизајни преку употребата на најразлични бои, варијации на текстури и форми во компонирањето на дизајнот.

Во второто заглавије, **Растенија и архитектура**, на 25 страници, во 9 подзаглавија и преку 39 слики, авторот ги истакнува и ги прикажува улогата и функцијата на растенијата во разбивањето на монотонијата кај разните архитектонски решенија и потребата од воспоставување хармонија помеѓу архитектурата и зеленилото, со што градбите ќе изгледаат како составен елемент од пејзажот. За постигнување на поставената цел и очекуваниот ефект, пејзажниот дизајнер мора да направи анализа на еколошките услови на месторастење и, согласно со тоа да направи избор на најсоодветните растителни видови.

Во третото заглавије, **Зонирање и циркулација**, на 7 страници, во 3 подзаглавија, се дава осврт на зонирањето, односно распоредот на објектите и зелените површини во просторот, почитувајќи ги при тоа природните услови на парцелата и желбите и барањето на инвеститорот. Потенцирањето и затскривањето на одредени објекти и содржини во просторот, се од суштинско значење во процесот на дизајнирањето. Меѓу другото, решенијата треба да се во согласност со местоположбата на објектот, односно имотот и карактеристиките и специфичностите на непосредното опкружување. Значајно и суштинско место во планирањето и уредувањето на просторот имаат патеките и другите елементите кои ги поврзуваат објектите и овозможуваат непречен пристап до нив.

Во четвртото заглавије, **Ѕидови и тавани**, на 10 страници, авторот дава осврт на улогата, значењето и функционалноста на ѕидовите и таваните како нужен елемент и содржина во дизајнирањето. Ѕидовите во зависност од местоположбата на објектот-имотот можат да бидат еднофукционални, но најчесто се повеќефункционални зашто во исто време овозможуваат ограденост на просторот, односно имотот, заштита од непожелни видици, заштита од прав

и други загадувања, заштита од ветер, бучава и друго. Таваните, односно покривните конструкции се најчесто во функција на обезбедување сенка и заштита од жешките сончеви зраци, користење на соларната топлина, заштита од дожд, снег, прашина и други несакани негативни ефекти.

Во наредното заглавије, **Критериуми за избор (селекција) на растенија во пејсажниот дизајн,** на 10 страници, преку 14 подзаглавија, авторот се осврнува на критериумите за избор на растителните видови во пејзажното дизајнирање, како клучен критериум за успешноста во дизајнирањето и долговечност на зеленилото. Меѓу најзначајните услови, односно критериуми кои дизајнерот при изборот на растителните видови треба да ги почитува, авторот ги наведува, ги обработува и ги анализира следниве: климатска приспособливост и издржливост, почвени услови, потреба за сонце и засена, големина и форма, текстура, боја на листовите, растежни карактеристики, чувствителност на болести и инсекти, цветови и плодови, чинење и сл.

Шестото заглавије: **Прекривање на земјиштето,** е посветено на мошне значајна проблематика во дизајнирањето, прекривање на земјиштето, при што акцент се дава на повеќе критериуми. За да се добие јасна слика и претстава за дизајнот од аспект на временска перспектива, авторот препорачува користење на тродимензионални проекции, со цел да се добие хоризонтална и вертикална проекција на објектите, придружните елементи и другите содржини како и на растенијата. Во денешно време, примената на разни типови земјишни покривки од органско и минерално потекло (мулч од кора од дрвја, лушпи од разни семиња, плодови и делови од растенија, песок, чакал, камен и др.) наоѓаат широка примена во дизајнирањето и уредувањето на зелените површини. Во подзаглавијето **Тревник,** авторот во кратки црти ја опишува функцијата на тревниците, со акцент на најзначајните негови апекти: намена, амбиент, заштита, разграничување помеѓу делови, објекти, елементи и др.

Во седмото заглавије, **Примена на компјутерите во пејзажниот дизајн,** на 5 страници, авторот во кратки црти дава осврт на примената на компјутерската техника и компјутерските алатки во креирањето и претставувањето на пејзажниот дизајн. Авторот дава преглед на софтвери и софтверски пакети кои во современото дизајнирање имаат и наоѓаат сè поголема примена. Како најадекватни и најсоодветни за дизајнирањето на зелени површини ги препорачува софтверите AutoCAD и LANDCADD, при што наведува дека LANDCADD[от] содржи повеќе софтверски пакети како: City Planning, Landscape Design, Irrigation Design, EZ-Estimate, Plant Specifier, Quadrangle и Construction Details.

## ПРЕДЛОЗИ/СУГЕСТИИ

Преку непосредна комуникација, на авторот на предметниот учебник му дадов усни и писмени предлози и сугестии (предлог рецензија), во насока на конечно дизајнирање и оформување на учебникот, со цел тој да ги добие сите потребни елементи и атрибути за печатење.

Заклучувам, дека со денешниот ден, 28.4.2011 година, последен ден за поднесување на рецензијата (законски пропишани рокови), авторот не постапи по сугестиите и предлозите.

## ЗАКЛУЧОК,

По разгледуањето на предлог - учебникот **ПЕЈЗАЖ И ДИЗАЈН НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ,** изготвен од **д-р Влатко Андоновски,** доцент на Шумарскиот факултет во Скопје, ги давам следниве заклучоци:

- ✓ во предлог - учебникот недостасува заглавијето: *Предговор*;
- ✓ по заглавијето *Вовед,* треба да следи заглавијето: *Историјат на пејзажот и дизајнот на зелените површини, во светот, Европа и Р. Македонија*;
- ✓ во предлог - учебникот недостасува повикување и цитирање на литература;
- ✓ во учебникот, во сликите и околу нив, сите текстови трба да бидат на македонски јазик или двојазично, на англиски и македонски јазик, и пожелно е да доминираат слики од поднебјето на Р. Македонија;
- ✓ согласно со потребата од измени во структурата на учебникот, да се конкретизира содржината на учебникот/книгата;
- ✓ Посочената литература е оскудна и главно е од американски извори.

## ПРЕДЛОГ,

Врз основа на извршената рецензија, на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје
му предлагам, поднесениот ракопис за учебникот под наслов, **ПЕЈЗАЖ И ДИЗАЈН НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ,** изготвен од **д-р Влатко Андоновски,** доцент на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Шумарски факултет - Скопје, како основен учебник за предметната програма **пејзаж и дизајн на зелени површини,** на студиската програма озеленување и унапредување на животната средина при Шумарскиот факултет во Скопје, ***како резултат на присутните недостатоци, да не го прифати и одобри за печатење.***

Рецензент
Проф. д-р Александар Трендафилов, с.р.

Скопје,
28.4.2011 година

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ „*ХИСТОЛОШКА ГРАДБА И ЕМБРИОНАЛЕН РАЗВИТОК НА ОРГАНСКИТЕ СИСТЕМИ*“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р НЕВЕНА КОСТОВСКА И ПРОФ. Д-Р ЛИЛЈАНА МИЛЕНКОВА

Врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на УКИМ во Скопје, а во врска со член 15-19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ во Скопје, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, на својата 8. редовна седница одржана на 17.3.2011 година, донесе одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебникот ХИСТОЛОШКА ГРАДБА И ЕМБРИОНАЛЕН РАЗВИТОК НА ОРГАНСКИТЕ СИСТЕМИ, изработен од проф. д-р Невена Костовска и проф. д-р Лилјана Миленкова.

За рецензенти беа избрани:

1. проф. д-р Грацилија Кироска
2. проф д-р Васка Антевска
3. доц. д-р Елида Митевска.

**Прегледувајќи го доставениот текст, рецензентите заедно го изготвија и го доставија следниов**

## ИЗВЕШТАЈ

**1. Време и акт на назначување на рецензентите:**
Рецензентската комисија за овој учебник во состав: проф. д-р Грацилија Кироска, проф д-р Васка Антевска и доц д-р Елида Митевска избрана е на VIII редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, одржана на 17.3.2011 година.

**2. Наслов на предложениот учебник**:
„Хистолошка градба и ембрионален развиток на органските системи“

**3. Автори**:
Проф. д-р Невена Костовска и проф. д-р Лилјана Миленкова, редовни професори на Катедрата за хистологија и емврологија на Медицинскиот факултет во Скопје

**4. Назив на предметната програма**:
Задолжителни предмети: Хистологија и ембриологија (1) и (2).

**5. Намена**:
За наставната програма која се однесува на изучувањето на хистолошката градба и ембрионалниот развиток на органските системи, за студентите по општа медицина.

**6. Семестар во кој се одвива наставата**:
Предметите се изучуваат во првиот и вториот семестар од првата студиска година.

**7. Фонд на часови**:

Ракописот покрива вкупен фонд од 42 часа теоретска настава: 12 часа од крајот на првиот семестар и 30 часа од вториот семестар на првата студиска година по општа медицина.

**8. Оцена дали приложениот ракопис е во согласност со наставната програма:**

По обемот и содржината ракописот во целост одговара на предметната програма по хистологија и ембриологија, во делот кој се занимава со хистолошката градба и ембрионалниот развиток на органските системи. Запазен е соодносот меѓу обемноста на текстот и фондот на часовите посветени на соодветниот органски систем.

**9. Издание по ред:**

Прво издание на учебник со ваква тематика напишан од академскиот кадар на Медицинскиот факултет.

**10. Дали е објавен ист или сличен учебник на Факултетот (автори, кога):**

Досега не е објавен ист или сличен учебник ниту на Медицинскиот факултет во Скопје ниту пошироко во Републиката.

**11. Општи податоци за учебникот:**

Содржината на ракописот е прегледно презентирана на **290 страници со формат А-4,** поделена во **12 поглавја**. На почетокот од ракописот е дадена **основната содржина** во која се наведени поглавјата од кои секое покрива еден органски систем. **Подетална содржина** за текстот е презентирана на почетокот од секое поглавје.

Секое поглавје содржи два дела: најнапред **опис на микроскопската градба на органскиот систем**, по што следува концизна презентација на **текот на неговиот ембрионален развиток**, со осврт на можните периоди на нарушување на тој процес и концизна презентација на вродените аномалии кои произлегуваат од тие нарушувања на развитокот.

Учебникот содржи вкупно **308 црно-бели шематски илустрации,** инкорпорирани во соодветните поглавја. За секој битен сегмент од структурата дадена е шематска илустрација соодветно позиционирана на страната на која е цитирана.

На крајот од ракописот е наведена користената актуелна литература составена од **35 цитирани наслови** од областа на хуманата хистологија и ембриологија.

**12. Опис на содржината:**

Во **првото поглавје**, на 23 страници текст проследени со 31 илустрација, е опишана хистолошката градба на **СКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ**. Во овој текст најнапред е објаснета градбата на коските, со опис на структурата на: компактниот и спонгиозниот сегмент, периостот и ендостот, процесот на ремоделирање на трабекулите и структурните специфики на различните видови коски. Следува опис на градбата на

зглобовите со посебен осврт на структурата на синовијалните зглобови и компонентите од кои тие се изградени. Последниот дел од ова поглавје е посветен на ембрионалниот развиток и најчестите нарушувања на развитокот на скелетот, поделен во четири дела: развој на неврокраниумот, висцерокраниумот, аксијалниот скелет и апендикуларниот скелет. Нивното формирање и суштината на вродените аномалии е илустрирана со 17 шематски прикази.

**Второто поглавје** се однесува на **КАРДИОВАСКУЛАРНИОТ СИСТЕМ**. Хистолошката градба на срцето, крвните садови и лимфните садови е презентирана на 12 страници и следена со 13 шематски илустрации. Ембрионалниот развиток на кардиоваскуларниот систем (даден на 12 страници, со 14 илустрации) го опишува формирањето на примордиумот на срцето, срцевиот канал, срцевата петелка, преградувањето на срцето, формирањето на срцевите залистоци и спроводниот систем, по што следува описот на формирањето на крвните садови и суштинските разлики меѓу феталниот и неонаталниот крвоток.

Во **третото поглавје** е опишана структурата на **ЛИМФНИТЕ ОРГАНИ**. Во описот на градбата на тимусот, лимфните јазли, слезенката и тонзилите инкорпорирано е образложението на градбата во служба на функцијата. Текстот е презентиран на 13 страници и е илустриран со 14 шематски прикази.

Хистолошката градба и ембрионалниот развиток на **ГАСТРОИНТЕСТИНАЛНИОТ СИСТЕМ** се опишани во **четвртото поглавје**. Хистолошките карактеристики на органите во усната празнина, хранопроводникот, желудникот, тенкото црево, дебелото црево и перитонеумот се опишани на 25 страници и се илустрирани со 28 шематски прикази. Хистолошката градба на жлездите придодадени на системот (црниот дроб, жолчното ќесе и панкреасот) е дадена на 10 страници заедно со 8 илустрации. Концизниот тек на ембрионалниот развиток и неговите нарушувања кои резултираат со појава на вродени аномалии се дадени на 14 страници и главно се презентирани низ шематски илустрации.

Во **петтото поглавје** авторите ја презентираат градбата и формирањето на **РЕСПИРАТОРНИОТ СИСТЕМ**. Во делот со хистолошката градба потенцирана е суштинската разлика во градбата на спроводните и респираторните сегменти на системот, а секоја негова компонента истовремено е шематски прикажана. Делот кој го обработува ембрионалниот развиток на респираторниот систем го запознава студентот со потеклото на основата од која тој настанува, со процесот на неговото постепено структурирање (презентирано во 4 развојни фази) и со причините и последиците од нарушувањето на развитокот.

**Шестото поглавје** се однесува на градбата на **ЕНДОКРИНИОТ СИСТЕМ** и во него по кусиот опис на ембрионалното потекло на жлездата, следува описот на нејзината хистолошка градба. На 14 страници, со 16 илустрации е презентирана структурата на хипофизата, епифизата, тиреоидната, паратиреоидната и надбубрежната жлезда.

Во **седмото поглавје** е изнесена хистолошката градба на **УРИНАРНИОТ СИСТЕМ**, со јасен опис на структурните компоненти на бубрегот и особен осврт на морфофункционалната организираност на нефронот. Презентирана е структурата и на екстрареналните уринарни

патишта, како и ембрионалниот развиток на системот и најчестите нарушувања на развојниот процес со текот на настанувањето на вродените аномалии. Текстот на петтото поглавје е даден на 15 страници и е илустриран со 17 шематски прикази.

**ПОЛОВИОТ СИСТЕМ** е тема на **осмото поглавје**. Првиот дел ја објаснува структурната организација и градбата на машкиот полов систем со илустрирани текстови за структурата на тестисот, екстратестикуларниот изводен систем, жлездите придодадени на системот и пенисот. Вториот дел се однесува на женскиот полов систем, со јасен опис на структурата на оваријумите, јајцеводите, матката и родницата. Посебно внимание е посветено на описот на развојните облици на фоликулите, на резидуалните структури настанати по овулацијата и на процесот на атрезија, како и на структурните особености на ендометриумот во текот на неговото циклично менување. Третиот дел низ текст, илустрации и сумарен табеларен преглед го презентира концептот на пренаталниот развиток на половиот систем - неговите заеднички почетоци, причините и текот на различниот понатамошниот развиток кај машкиот и женскиот пол и можните прекини на процесот кои водат кон настанување на вродени аномалии.

**КОЖАТА И НЕЈЗИНИТЕ ДЕРИВАТИ** се тема на **деветтото поглавје**. На вкупно 16 страници, со 13 илустрации најнапред е прикажана структурата на епидермисот, дермисот, хиподермисот, влакната, ноктите, потните и лојните жлезди, градбата на млечната жлезда и васкуларизацијата и инервацијата, а потоа следува описот на пренаталниот развиток на истоимените структури. На крајот од текстот концизно е објаснето настанувањето на најчестите вродени аномалии на кожата.

**Десеттото поглавје** е посветено на **ЦЕНТРАЛНИОТ НЕРВЕН СИСТЕМ.** Во делот за хистолошката градба даден е јасен опис на основните структурни карактеристики на големиот, малиот и рбетниот мозок, на мозочните обвивки и на хориоидниот плексус, поткрепен со 11 илустрации. Во делот кој се занимава со ембрионалниот развиток на ЦНС, заради обемноста и сложеноста на процесот, авторите низ опис на основните развојни процеси на студентот му доловуваат глобално запознавање и здобивање на основна претстава за развитокот на ЦНС. Затоа во текстот се опишани: почетокот на развитокот, самиот процес и продуктите од неврилацијата, формирањето на основите делови на ЦНС, хистолошката диференцијација на нервното ткиво низ примерот на 'рбетниот мозок, формирањето на синапсите и формирањето на мозочните обвивки. На крајот од поглавјето се наведени повеќе примери за вродени аномалии на ЦНС, во кои е направено успешно поврзување на стадиумот во кој настапил прекинот на нормалниот развиток со органската суштина на аномалијата.

**ОРГАНОТ ЗА ВИД** е **единаесетто поглавје** во учебникот, презентирано на 28 страници со 22 шематски илустрации. Хистолошкиот дел јасно и сликовито ја презентира структурата на очното јаболко и помошните органи на окото. Вториот дел од поглавјето го запознава читателот со развитокот на секоја поединечна компонента на очното јаболко и очните капаци, поврзувајќи ги дадените факти во една целина која на крајот од текстот успешно е дадена и во вид на сумарен приказ. И

ова поглавје завршува со опис на примери за вродени аномалии и објасненија како настануваат и која е органската суштина на аномалијата.

Во **дванаесеттото поглавјето** насловено како **ОРГАН ЗА СЛУХ И РАМНОТЕЖА** авторите ја изложуваат структурата на надворешното, средното и внатрешното уво и прават посебен осврт на структурите кои го претставуваат органот за рамнотежа и Кортиевиот орган. Во текстот наменет на ембрионалниот развиток на системот наведен е редоследот на настаните во процесот на формирањето на увото, опишано е создавањето на секоја поединечна компонента и настанувањето на вродените аномалии. На крајот од текстот табеларно е прикажано потеклото на структурните компоненти на органот за слух и рамнотежа.

**13. Категоризација на рецензираниот ракопис:**

Според тоа што целосно го опфаќа наставниот материјал за хистолошката градба и ембрионалниот развиток на органските системи, за овој ракопис треба да биде категоризиран како базичен учебник по хистологија и ембриологија за студии по општа медицина.

**14. Општа педагошка оцена:**

Концептот на ракописот е правилно осмислен, класификацијата на изложениот материјал е современа и дидактички функционална и во согласност со наставната програма. Во него систематски и едукативно се разработуваат наставните целини во согласност со наставната програма. При тоа е запазен и редоследот на содржините и соодносот меѓу обемноста на текстот и фондот на часовите посветени на соодветниот органски систем.

Посветено е особено внимание на илустрирањето со што значително се олеснува перцепцијата на податоците изнесени во текстот. Карактеристика на шематските прикази е нивната јасност и усогласеност со текстот, јасното означувањето на компонентите во сликата и внимателниот избор на латинската и македонската терминологија.

Авторите имаат воедначен стил на излагање и текстот успешно го вклопиле во единствена целина.

Јазикот со кој се презентирани содржините е јасен, со запазена и објаснета стручна терминологија и со успешна хронологија во презентацијата и причинско-последично поврзување на фактите.

**15. Предлози за потребни корекции:**

Во материјалот нема потреба од поголеми корекции во квантитетот и квалитетот на содржината, начинот на уредувањето на текстот како и потреба од дополнување или исклучување на одделен текст. Автрите ги имаат прифатено нашите сугестии за одредени мали технички или јазични корекции во текстот на сликите.

**16. Заклучок на Рецензентската комисија:**

Ракописит ХИСТОЛОШКА ГРАДБА И ЕМБРИОНАЛЕН РАЗВИТОК НА ОРГАНСКИТЕ СИСТЕМИ од авторите проф. д-р Невена Костовска и проф. д-р Лилјана Миленкова содржи наставен материјал кој треба да

послужи како учебник за студиската програма по општа медицина. По обемот и содржината тој во целост одговара на предметната програма по хистологија и ембриологија, во делот кој се занимава со хистолошката градба и ембрионалниот развиток на органските системи. Запазен е соодносот меѓу обемноста на текстот и фондот на часовите посветени на соодветниот органски систем. Описот на структурата е јасен и дозирано поврзан со нејзината улога во функцијата на системот. Ембрионалниот развиток е презентиран концизно и прегледно, што овозможува лесно да се разбере настанувањето на вродените аномалии.

Учебникот е напишан на чист македонски јазик, со соодветно избрана стручна терминологија, разбирливо, со стил лесен за усвојување. Посебна вредност на текстот е неговата богата илустрираност со 308 шематски прикази со кои на студентите значително ќе им се олесни совладувањето на наставната материја.

Оттука големо е задоволството за нас, како рецензенти, да му предложиме на Наставно-научниот совет овој ракопис да го прифати како учебник и да го предложи за печатење, со што би претставувал прво издание на учебник наменет за изучување на хистологијата и ембриологијата на органските системи, за студентите од прв и втор семестар на студиската програма по општа медицина.

Воедно сесрдно се надеваме дека читателите на овој учебник – студентите по општа медицина, како најмеродавни судии ќе дадат потврда за неговиот квалитет.

9. 5. 2011, Скопје

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Грацилија Кироска с.р.

Проф. д-р Васка Антевска с.р.

Доц. д-р Елида Митевска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ПРАКТИКУМОТ ЗА ВЕЖБИ „ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА" ОД ГРУПА АВТОРИ ОД КАТЕДРАТА ЗА ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Трансфузиологијата е нов редовен предмет на Медицинскиот факултет; за студентите по општа медицина постои само 3 години, а за оние од Високата медицинска школа (ВМШ) подолго време. Факт е дека недостасуваат пишани материјали за оваа област која по својата природа е мултидисциплинарна. Станува збор за едносеместрален предмет кој е предмет на изучување на студентите во VI семестар. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма на предметот и ги покрива сите главни области кои студентот треба да ги совлада во текот на вежбите. Материјалот обработен во вежбите ја следи теориската наставна програма по овој предмет.

Ова е преработено и дополнето издание на претходниот Практикум за вежби по трансфузиологија, објавен во 2009 година. како нерецензирана скрипта, заедно со основите на теоријата по овој предмет.

Практикумот „Трансфузиологија" од авторите: Благоевска М., Макаровска-Бојаџиева Т., Велкова Е., Дејанова Илијевска В., Тодоровска Е. во себе го опфаќа целокупниот материјал кој се изведува на вежбите по овој предмет (на број 14). Тој претставува збирен практичен приказ на основните сознанија од неколку клучни области: крводарителство, имунохематологија, крвни компоненти и хемостаза. Првите три вежби се однесуваат на крводарителскиот процес; тука се обработени: прегледот на крводарителот, критериумите за исклучување, Програмата за обезбедување на државата со крв, законската рамка, венепункцијата, чувањето и транспортот на крвта/компонентите на крвта. Следните неколку вежби се однесуваат на контролата на крвта: имунохематолошка, трансмисивни инфекции, како и обработката на трудниците и новороденчињата. Следуваат Coombs-овите тестови, изведување на вкрстената проба, изнаоѓање на компатибилна крв за трансфузија кај алоимунизирани болни и сл. Дел од вежбите се посветени на производството на крвни компоненти, нивната рационална употреба и чувањето, рокот на траење, контролата на квалитетот. Во последните вежби се обработени основните тестови на хемостазата, следењето на оралната антикоагулантна терапија, работата во амбулантата, грижата за лицата со хемофилија-преку приказ на работата во Центарот за хемофилија и др.

Практикумот е богато илустриран со над дваесет слики во боја, дваесетина табели, десетина шеми кои овозможуваат сликовито прикажување на методите, техниките и процедурите, како и полесно совладување на материјалот од страна на студентите.

За прв пат секоја вежба има прашања за проверка на знаењето кои се вклучени и во континуираната проверка. На овој начин на студентот му се олеснува совладувањето на материјалот и успешното полагање на колоквиумите и завршниот испит.

Практикумот претставува корисно учебно помагало не само за студентите по општа медицина, туку и за средниститe кои се обучуваат и работат како диференцирани трансфузисти, за лекарите на специјализација по трансфузиологија, како и за оние од други специјалности кои се вклучени во оваа проблематика.

**Заклучок:** Чест ми е и задоволство да констатирам дека **Практикумот по ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА** ги исполнува сите услови и критериуми да се оцени позитивно; авторите вложиле труд, го претставиле материјалот на многу јасен и разбирлив стил за студентите и останатите профили за кои е наменет, користејќи најнова литература. Неговото објавување е оправдано во едукацијата на студентите и специјализантите и е потребно бидејќи недостасуваат пишани материјали од оваа релативно нова област. Публикацијата на Практикумот ќе го збогати фондот на Медицинскиот факултет со уште едно корисно учебно помагало и ќе го олесни практичното совладување на материјалот од предметот трансфузиологија од страна на студентите.

**Рецензент**
Проф. д-р Стојанка Костовска с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА НА ПРАКТИКУМОТ „ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА" ОБЈАВЕН ОД ГРУПА АВТОРИ ОД КАТЕДРАТА ПО ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Практикумот „Трансфузиологија" напишан од група автори, претставува збирен приказ на базичните сознанија за крводарувањето, трансфузиската лабораториска практика, подготвувањето и употребата на крвните компоненти и основите на хемостазата кои можат да се применат во современото лекување на болните.

Долгогодишното работно искуство на авторите овозможи тие да ја согледаат целокупната проблематика во оваа област и да ја прикажат нагледно, разбирливо и концизно.

Практикумот од 100 страници е илустриран со: 21 слика, 19 табели и 5 шеми кои го збогатуваат Практикумот и му олеснуваат на студентот полесно да го совлада материјалот. Во Практикумот се обработени четири главни области распределени во 14 вежби. Во првите 3 вежби е разработен крводарителскиот процес со кој се овозможува обезбедување на сигурна крв за примателите. Следните неколку вежби обработуваат имунохематолошка проблематика во која се вклучени: контрола на земената крв од доброволните крводарители, контрола на трудниците и новороденчињата, вкрстена проба меѓу дарителот и примателот и специфични тестови кои овозможуваат детекција на ирегуларни антитела. Последните вежби ги обработуваат основните тестови на хемостазата (број на тромбоцити, тромбинско и протромбинско време, aPTT). Студентот има можност да се запознае со работата во амбулантата на ИТМ-Скопје каде што се дијагностицираат и прегледуваат пациенти со длабоки венски тромбози и се контролира антикоагулантната терапија. Една вежба е поветена на дијагностиката и третманот на лицата со хемофилија.

Практикумот за прв пат секоја вежба содржи и прашања за проверка на знаењето кои ќе му помогнат на студентот полесно да го совлада материјалот, односно за негова континуирана едукација.

На крајот од Практикумот следува користена литература во која се цитирани повеќе референци од понов датум кој студентот може да ги користи и за поширување на неговите знаења.

Во Практикумот студентот ќе најде многу солидно помагало за практично совладување на материјалот од трансфузиологија. Тој може да се користи и од страна на лекарите-трансфузиолози, биохемичари, биолози кои работат во службата за трансфузија, како и може да послужи во секојдневната работа на медицинските лаборанти-трансфузисти.

**Рецензент**
Проф. д-р Воскресија Стефановска с.р.

Проф. д-р Хасан Хода
Неготино Полошко
Гостивар

До: Педагошки факултет
„Св. Климент Охридски"
Скопје

Предмет: Приговор

Според објавениот конкурс во дневниот весник „Лајм" на ден 12.2.2011 год. за избор во сите наставно-научни звања од областа **методики на наставно-научните области**, по предметите: методика на наставата по албански јазик, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик и методика на воспитно-образовна работа по култура на говорот, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, како и областа **литература за деца,** по предметот литература за деца на албански наставен јазик, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание и компаративна литература, за двете групи на албански наставен јазик, конкурирав во редовна процедура по законската регулатива, за што приложувам фотокопија од документите, и поднесувам приговор до рецензентската комисија, во состав:

1. Проф. д-р Аслан Хамити
2. Проф. д-р Авзи Мустафа
3. Проф. д-р Вехби Кадриу

Имено, за кандидатот за кого тие одлучиле да го номинираат за доцент е роден 1977 год. т.е. само една година пред јас да дипломирам на Филолошкиот факултет, при Катедрата за албански јазик на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во мај 1978 год.

И ако не го познавам почитуваниот г. Лулзим Алиу, кој ги завршил студиите во 1999 год. т.е. 21 една година по моето дипломирање, овие и 9 другите споредби ги правам, само како доказ за моето искуство и влоѓениот труд во образованието и воспитанието.

Мојата магистарска работа е од областа на книжевноста (што би требало да има малку предност), додека докторската дисертација е од областа по филолошките науки.

Го спомнуваат дека е овластен судски преведувач, од 2000 год., за што јас имам решение за судски преведувач уште од 1994 год., со што се занимавам уште од тогаш.

Учесник сум на семинари од УСАИД, за одржување и примена на наставата „чекор по чекор", и друго.

Толку го пофалиле почитуваниот колега, од каде што се добива впечаток дека само тој работел и никој друг во кругот на ОУ„Санде Штериов" во Кичево. Толку го украсиле на кичевски начин, двајцата колеги од Рецензентската комисија: претседателот и првиот член на Комисијата, кои исто така се од кичевскиот крај, така што ако го прочиташ референтот се восхитуваш, без оглед на бројот на

студентите кои завршиле и студираат на овој Факултет, од кичевско-полошкиот регион.

Г. Алиу нема објавено ниедно научно дело, каде што под ред. Бр. 1 во полето на СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ – ДОДАВААТ (8 поени) за монографија која е дадена во печат, а уште не е печатена. Додека, пак, мојата монографија „Неготино и неготинскиот крај", Тетово, 1996 год., која е приложена кон документите и научниот труд и е печатена како научно дело „Драматургијата на Хаки Стермили", исто така не е поентирана.

Од овие и ред други неизнесени податоци се обраќам со овој приговор кој нема да ве остави рамнодушни и ќе пристапите кон корекција, имајќи предвид дека г. Алиу е тука како асистент, сигурно под некое полтронство, а за тоа што е млад и перспективен, животот е пред него, што значи дека тој има време и перспектива за врвен наставник и да биде научник, во споредба со своите врсници.

23.4.2011 год.,
Гостивар

Подносител на приговорот
Хасан Хода с.р.

ДО
Деканот на Педагошкиот факултет
„Св. Климент Охридски“ во Скопје

**ОДГОВОР**
**на приговорот поднесен од д-р Хасан Хода**

во врска со предлогот на Рецензентската комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, број 1006 од 15 април 2011 година

Врз основа на известувањето од Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје бр. 02-247/1 од 28.4.2011 година за доставената претставка од д-р Хасан Хода во врска со предлогот на Рецензентската комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, број 1006 од 15 април 2011 година, Рецензентската комисија го поднесува следново:

**ИЗЈАСНУВАЊЕ**

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, на својата одржана седница на 23.3.2011 година, донесе одлука бр. 02-175/3 од 25.3.2011 година, за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Аслан Хамити, претседател; проф. д-р Авзи Мустафа, член и проф. д-р Вехби Кадриу, член.

На конкурсот за избор во сите наставно-научни звања од областа методики на наставно-научните области, по предметите: методика на наставата по албански јазик, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик и методика на воспитно-образованта работа по култура на говорот, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, како и областа литература за деца, по предметот литература за деца на албански наставен јазик за групите одделенска настава и предучилишно воспитание и компаративна литература (изборен предмет), за групите: одделенска настава и предучилишно воспитание, на албански наставен јазик објавен во дневниот весник „Дневник“ на 12.2.2011 година и „Лајм“ од 12.2.2011 година се пријавија кандидатите д-р Лулзим Алиу и д-р Хасан Хода.

Врз основа на гореизнесеното, откако ги анализиравме доставените материјали од страна на кандидатите, до Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје доставивме извештај кој е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, број 1006 од 15 април 2011 година.

По внимателното читање на приговорот поднесен од пријавениот кандидат за избор во наставно-научно звање, д-р Хасан Хода, Рецензентската комисија констатира дека тој е неоснован, неубедлив, субјективен, самобендисан и како таков се одбива. Имено, сметаме дека:

1. Колегата со овој приговор, за жал, докажува дека не ја владее во потребно академско ниво умешноста за писмено изразување (види: Приговор од проф. д-р Хасан Хода).
2. Тој не е свесен дека тој сè уште нема стекнато наставно-научно звање проф. д-р (како што самиот се нарекува), ниту пак доцент, туку досега има стекнато научно звање доктор на филолошки науки, но нема наставно звање.
3. Спорот дека противкандидатот Лулзим Алиу е роден само една година пред завршување на додипломските студии на почитуваниот господин Хасан Хода не е предност за повозрасниот, туку напротив. Имено, колегата Хасан Хода, како долгогодишен просветен работник во основно образование со 62 години возраст достојно и со задоволство би требало да го дочека пензионирањето. Општо познато е дека за да се вклучи во наставата на високообразовните институции, на секој наставник му се потребни најмалку неколку години работно искуство како асистент за да биде успешен професор и со текот на времето да се унапредува и усовршува.
4. Податокот наведен во приговорот дека претседателот и вториот член на рецензентската комисија се од кичевскиот крај не е точен. Имено, регионализмот, сè уште присутен во нечии глави, во нашето стручно оценување и избор на кандидатот немало никакво влијание.
5. Во врска со забелешката во приговорот дека стручно-научната и апликативната дејност на кандидатот Лулзим Алиу сме го оцениле многу високо, наспроти кандидатот Хасан Хода кај кого смета дека сме биле неправедни, не е издржливо. Имено, образецот Анекс 2 кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање го пополнуваат и го доставуваат самите кандидати (како дел од документацијата за конкурирање), а тоа не го пополнуваат рецензентите иако го прегледуваат и можат да го коригираат. Кандидатот Хода, како самобендисан, своите професионални референции ги оценил самоволно со вкупно 200 поени, а не според критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
6. Забелешката дека „г. Алиу е тука (на Педагошкиот факултет) како асистент, сигурно под некое полтронство..." е непристојна за кој било академски граѓанин. Имено, токму фактот дека Алиу како асистент по истите предмети се покажал како трудољубив, успешен, совесен, одговорен спрема својата професионална и педагошка работа, кој воспоставил добри односи со студентите и со колегите оди во полза на самиот кандидат.

**Заклучок**

Од изнесеното наше изјаснување, може да се заклучи дека цврсто стоиме до нашиот претходен став изразен во извештајот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, број 1006 од 15 април 2011 година, односно кон нашиот едногласен заклучок и предлог д-р Лулзим Алиу да биде избран во наставно-научното звање ДОЦЕНТ од областа **методики на наставно-научните области, по предметите:** методика на наставата по албански јазик, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик и методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, како и од областа **литература за деца**, по предметот литература за деца на албански наставен јазик за групите одделенска настава и предучилишно воспитание и компаративна литература (изборен предмет), за групите: одделенска настава и предучилишно воспитание, на албански наставен јазик.

Скопје, 6.5.2011 година

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Аслан Хамити, претседател с.р.
2. Проф. д-р Авзи Мустафа, член с.р.
3. Проф. д-р Вехби Кадриу, член с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ: КОНСТРУКЦИЈА НА ОБЛЕКА 1, КОНСТРУКЦИЈА НА ОБЛЕКА 2, СТУДИЈА НА РАБОТАТА, МОДЕЛИРАЊЕ И ГРАДИРАЊЕ НА ОБЛЕКАТА, ИСПИТУВАЊЕ НА ТЕКСТИЛНИ МАТЕРИЈАЛИ И МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на наставно – научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, донесена на 51 редовна седница на 6. IV 2011 година, назначени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник по предметите конструкција на облека 1, конструкција на облека 2, студија на работата, моделирање и градирање на облеката, испитување на текстилни материјали и менаџмент на квалитет.

На конкурсот објавен во весниcite „Дневник" и „Koha-Re" на 23. 2. 2011, година, се пријави еден кандидат, д-р Соња Ќортошева, вонреден професор на Технолошко – металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

За пријавената кандидатка го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

| | |
|---|---|
| Родена: | 18.X 1952, Скопје, Р.Македонија |
| Дипломирала: | 1977, Технолошко-металуршки факултет, Скопје |
| Магистрирала: | 1989, Технолошко-металуршки факултет, Скопје |
| Докторирала: | 2000, Технолошко-металуршки факултет, Скопје |
| Вработување: | 1979, помлад асистент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје |
| | 1989, асистент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје |
| | 2001, доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје |
| | 2006, вонреден професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје |
| Специјализација: | 5.11-23.11. 2001 и 3.12-21.12.2001 "Arbeitssystem – und Prozessgestaltung, Refa, Bundesverband, Darmstadt, Скопје |
| | 4.10.-15.10. и од 29.11 - 3.12.2004 – "Организација на процесот на хармонизација", Твининг -проект, Министерство за економија, Скопје. |

Кандидатката д-р Соња Ќортошева, до изборот во звањето вонреден професор, како автор и коавтор има издадено 2 универзитетски учебника и 1 учебно помагало и објавено:

- **23** научни трудови во домашни и во меѓународни списанија;
- **8** труда во зборници на научни собири;
- **38** труда реферирани на домашни и меѓународни конференции;
- учество во 7 научно-истражувачки проекти;

- 1 проект во соработка со стопанството.

Резултатите поврзани со наставната и научно-истражувачката дејност, како и другите активности на д-р Соња Ќортошева до изборот за вонреден професор се објавени во Билтен.

# 1. АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ПО ИЗБОРОТ ЗА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

## 1.1. НАСТАВНО –ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот по изборот за вонреден професор, д-р Соња Ќортошева изведува настава на:

- ***Додипломски студии по предметите***
  - Конструкција на облека I (3+3) V семестар, предавања
  - Конструкција на облека II (2 +3) VI семестар, предавања
  - Студија на работа (2+2), VIII семестар, предавања и вежби
  - Моделирање и градирање на облеката (2+2), VIII семестар, предавања

- *доделени предмети*
  - Испитување на текстилни материјали (3+3), VII семестар, предавања
  - Менаџмент на квалитетот (2+1), VII семестар, предавања
  - Модна креација 2, (2+3), V семестар, предавања и вежби
  - Дизајн на облека (уникатно креирање), (2+2), VIII семестар, предавања
  - Модна креација 1 (3+3), IV семестар, предавања

- ***Настава на постдипломски студии***

- на студиска програма: *Менаџмент на конфекциски процеси*
1. Развој на конфекциски производ, (45 пр + 30 вежби), IX семестар, предавања и вежби
2. Проектирање систем за квалитет по TQM и ISO 9001 (45 пр+30 вежби), IX семестар, ½ предавања и вежби

- на студиска програма: *Менаџмент на квалитет*
1. Тотален менаџмент на квалитет (45 пр + 30 вежби), IX семестар, ½ предавања и вежби
2. Проектирање систем за квалитет по ISO 9001 (45 пр + 30 вежби), IX семестар, 1/3 од предавања и вежби
3. Контрола на квалитет и статистичка процесна контрола, (2+2), IX семестар, ½ предавања и вежби (30 пр + 30 вежби)

- на студиска програма: *Текстилна хемиска технологија и екологија*
1. Проектирање систем за квалитет (45 пр +30 вежби), IX семестар, 1/2 од предавања и вежби

- на студиска програма: *Инженерство на животна средина*
1. Применета статистика (30 пр + 30 вежби), IX семестар, 1/3 предавања и вежби

Менторство:

- ментор на дипломски работи на студенти – 40;
- член на комисија за оценка и одбрана на дипломски работи - 47;
- член на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд - 7.

*Рецензиран учебник*

1. В.Чепујноска, С.Ќортошева, Методи за оценка на квалитетот на текстилните материјали, учебник за IV година студии, Универзитет „Св.Кирил и Методиј„, Скопје, 2009, 291 страница

*Интерни учебници*

1. Конструкција на облека 1, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, интерен учебник
2. Конструкција на облека 2, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, интерен учебник
3. Студија на работа, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, интерен учебник
4. Збирка задачи по студија на работа, Технолошко-металуршки факултет, Скопје
5. Испитување на текстилни материјали, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, практикум за вежби
6. Тотален менаџмент на квалитет – Методи и техники, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, учебник за постдипломски студии

Учество во работилници:

1. Time study according to the REFA system, GTZ, Weis Consulting Association doo, Германија, 8-9.12. 2009, Скопје.
2. Time study according to the REFA system, GTZ, Weis Consulting Association doo, Германија, 27-29.01.2010, Скопје.
3. Workshop on participation in the CEN/CENELEC Technical Committees, 12. 04. 2010, TAIEX, Скопје.
4. CE – mark –your product on the EU market, 11-12,11.2010, Standardization Institute of the Republic of Macedonia, Скопје.
5. Pattern making, Grading and Processing Technology for women,s apparel, jackets,dresses, trousers, blouse, 12-16.04.2010, GTZ, Скопје.
6. Pattern making, Grading and Processing Technology for women,s apparel, jackets,dresses, trousers, blouse, 03-07.06.2010, GTZ, Штип.
7. Fit determination and corrections in the textile industry, 13-17. 09. 2010, Investment and Export Promotion Project, GTZ, Штип.
8. Семинар, Европски барања, стандарди и добри практики во индустријата за текстил и облека со преглед на ревидираните одредби, 12. 9. 2010, GTZ, Скопје.
9. Fit determination and corrections in the textile industry, 4-8. 10. 2010, Investment and Export Promotion Project, GTZ, Штип.
10. Семинар, Модни тенденции за лето 2011 и есен /зима 2010/2011 со краток осврт на зима 2011/2012, GTZ, Weis Consulting Association doo, Германија, 14.-15. 5.2010, Скопје.

НАУЧНО- ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

1. **Ментор на магистерски труд**

1.1. Ментор на магистерски труд: Наташа Шаневска, Проектирање на подсистем за мотивација во системот за управување со квалитет

## 2. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор

2.1.Čortoševa S., Čepujnoska V., Projektovanje procesne kontrole kvaliteta u konfekcijskoj proizvodnji primenom statističkih metoda, Tekstilna industrija 2007, vol. 55, br. 7-9, str. 20-28.

2.2. B.Gjorgjevska, S.Kjortosheva, V.Chepujnoska, Statistical process control model in the design and the development of fabrics, Journal of Engineering & Processing Management, Vol.2,No1,2010, p.77-91.

2.3. S.Cortoseva, S.Jordeva. N.Kalojanov, Uticaj pamucnih i poliesterskih pletenina na termo-fiziolosku udobnost, Tekstil i praksa br. 2, 2010, str.30-40.

2.4. M.Nofitoska, G.Demboski, S.Cortoseva, Projektiranje fizioloških svojstava odjeće, Tesktil (даден во печат).

2.5. S.Jordeva, S.Cortoseva, K.Ljapceva, N.Kalojanov, Termofizioloski komfor dvoslojnih integriranih pletenina, Tekstilna industrija (даден во печат).

## 3. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир

3.1. S.Chortoseva, M.Nofitoska, Redesigning of a system of sizes for ladies apparel, XIII Научна конференција со меѓународно учество, ЕМФ 2008, Созопол, Бугарија, Сборник доклади 1124 - 1129, 2008.

3.2. S.Cortosheva, M.Nofitoska, Analyses of the structure of the working time in the process of ironing, XX Congress of Chemists and Technologysts of Macedonia, Ohrid, 2008, p. 343-346.

3.3. V.Chepujnoska, S.Cortoseva, G.Demboski, V.Risteska, Correlation between quality, defects and costs in clothing production, XXI Congress of Chemists and Technologysts of Macedonia, Ohrid, 2010,TXE-7, p. 167.

3.4. S.Kjortosheva, K. Ljapcheva, S.Jordeva, N.Kaloyanov, The influence of structural properties and raw material content of single jersey knitted structures on the physical –mechanical properties and thermo-physiological comfort, XXI Congress of Chemists and Technologysts of Macedonia, Ohrid, 2010,TXE-6,p.166.

3.5. М.Трајковска, С.Ќортошева, Методологија за изработка на систем на големини за женска облека, VIII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), 8-10 октомври 2009, ТМФ, Скопје, Книга на апстракти стр. 94.

3.6. С.Јордева, С.Ќортошева, К.Љапчева, Влијание на структура на памучни плетенини на термофизиолошкиот комфор, VIII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), 8-10 октомври 2009, ТМФ, Скопје, Книга на апстракти, стр.30.

## 4. Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет

- Предавање по покана на ректорот на Техничкиот универзитет во Софија, Quality and reeinginering in apparel industry, ноември 2008.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

1. Модна ревија – 5
2. Учество на модна ревија по повод Денот на борба против ракот кај жената во организација на „Борка"
3. Учество со 3 оригинални модели на Денот на холандската кралица, организирано од страна на Холандската амбасада
4. Стручен наод и мислење за помошен материјал во Модеста – Штип
5. Проект за „Здравје" - Радово: „Влијание на обезбедување на квалитет врз профитабилноста - Six Sigma методологија"

**Дејности од поширок интерес**

1. Раководител на Институтот за текстилно инженерство, 2004-2007
2. Претседател на Комисија за дипломски работи, 2007 -2011
3. Член на комисија за избор во звање - 4
4. Координатор на студиска програма на ПДС – Менаџмент на конфекциски процеси од 2005 - 2007
5. Претседател на Техничкиот комитет за текстил и кожа и производи од текстил и кожа при Институтот за стандардизација на Република Македонија
6. Раководител на наставно-научниот колегиум за втор циклус студии за студиската програма Менаџмент на квалитет
7. Член на комисија за изработка на курикулум за конфекциски компјутерски техничар при Центарот за стручно образование и обука, Министерство за образование и наука
8. Изготвување и пријавување на научен меѓународен проект: Match2Textile, 7th Framework Programme, 'Capacities', strand (Call identifier: FP7-REGPOT-2007-3), носител на проектот: ARC FUND Софија, (соработник)
9. Член на комисија за полагање на стручен испит за вештак од областа на технолошкото инженерство при Министерството за правда на Р.Македонија

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од прегледот на доставената документација и од следењето на кандидатката во нејзината образовна, научно – истражувачка и стручно апликативната дејност после изборот за вонреден професор, цениме дека д-р Соња Ќортошева континуирано продолжува да ги исполнува обврските на универзитетски професор.

Во наставно-образовната дејност, во додипломските студии Ќортошева покрај групата предмети од подрачјето конструкција на облека за кои е избрана во звањето вонреден професор, ја прифати обврската да изведува настава по доделени предмети од подрачјето испитување на текстилните материјали и менаџмент на квалитет и дизајн и модна креација на облека. Оваа наставна ангажираност бараше интензивно учење и истражување во повеќе области од текстилното инженерство за да може на студентите да им пренесе комплексни информации за облеката од конструкција, преку студија на работа и модна креација до испитување на материјалите и менаџмент на квалитетот.

Во наставата на постдипломските студии, Ќортошева изведува настава по предметите развој на конфекциски производ, статистичка процесна контрола, применета статистика, проектирање систем за квалитет и тотален менаџмент на квалитет за кандидатите од четирите студиски програми. Различните интереси на кандидатите од овие студиски програми бараат адаптирање на наставата согласно со нивната практика, за што наставникот треба дополнително да истражува и да се приспособува на тие барања. Покрај наставата, Ќортошева е ментор и член на комисија за одбрана на дипломски и магистерски трудови.

Ќортошева е коавтор на учебник за испитување на текстилните материјали и автор на шест интерни учебници од конструкција на облека, студија на работа и тотален менаџмент на квалитет.

Во научно-истражувачката дејност Ќорошева постигна забележителни резултати во проектирањето на систем на статистичка процесна контрола и проектирањето на физиолошките својства на облеката за кој е автор и коавтор на 5 научни трудови, 6 реферати објавени во зборници на научни конференции и одржано предавање по покана на Техничкиот универзитет во Софија.

Во стручно – апликативната дејност Ќортошева е посветена на модниот дизајн преку организирање на модни ревии за кои студентите изразуваат голем интерес и задоволство од таков облик на полагање на испитот.

Покрај тоа, Ќортошева изразува активности од поширок општествен интерес како претседател на технички комитет за текстил и кожа, раководител на институт, координатор и раководител на постдипломски студии, соработник во пријавување и изготвување на меѓународен научен проект, член на комисија за изработка на курикули за средно образование и др.

Врз основа на квантитативните показатели на резултатите од наставно – образовната, научно-истражувачката и апликативно стручната дејност, согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Рецензентската комисија оценува дека се исполнети условите за стекнување на наставно – научното звање редовен професор.

Согласно со тоа, нашиот предлог е Наставно – научниот совет на Технолошко – металуршкиот факултет и Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да ја изберат д-р Соња ортошева, вонреден професор, во звањето **редовен професор** по предметите: конструкција на облека 1, конструкција на облека 2, студија на работата, моделирање и градирање на облеката, испитување на текстилните материјали и менаџмент на квалитет.

Членови на Комисијата

Д-р Виолета Чепујноска, редовен професор во пензија
Технолошко-металуршки факултет, Скопје, с.р.

Д-р Христо Петров, редовен професор
Технички универзитет, Софија, Бугарија, с.р.

Д-р Костадинка Љапчева, редовен професор во пензија
Технолошко-металуршки факултет, Скопје, с.р.

Анекс 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО – СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Соња Милан Ќортошева**

**Институција:** **Технолошко – металуршки факултет - Скопје**

**Научна област:** **Текстилно инженерство**

**НАСТАВНО – ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава – прв циклус студии** | |
| | Конструкција на облека 1 (3+3) | 1,8 |
| | Конструкција на облека 2 (2 +3) | 1,2 |
| | Студија на работата (2+2) | 1,2 |
| | Моделирање и градирање на облеката (2+2) | 1,2 |
| | Испитување на текстилни материјали (3+3) | 1,8 |
| | Менаџмент на квалитетот (2+1) | 1,2 |
| | Модна креација 2, (2+3) | 1,2 |
| | Дизајн на облека (уникатно креирање), (2+2) | 1,2 |
| | Модна креација 1 (3+3) | 1,8 |
| 2 | **Одржување на вежби –прв циклус студии** | |
| | Студија на работата (2+2) | 0,9 |
| | Модна креација 2 (2+3) | 1,35 |
| 3 | **Одржување на настава – втор циклус студии** | |
| | Развој на конфекциски производ (45 пр + 30вежби) | 3,15 |
| | Тотален менаџмент на квалитет (45 пр + 30 вежби) | 3.15 |
| | Проектирање систем за квалитет по TQM и ISO 9001, ½ (45 пр+30 вежби) (студиска програма: Текстилна хемиска технологија и екологија) | 1,57 |
| | Контрола на квалитет и статистичка процесна контрола (2+2), ½ (30 пр+30 вежби) | 1,2 |
| | Проектирање систем за квалитет по ISO 9001 1/3 (45 пр + 30 вежби) (студиска програма: Менаџмент на квалитет) | 1,05 |
| | Проектирање систем за квалитет 1/2/ (45 пр +30 вежби), (студиска програма менаџмент на конфекциски процеси) | 1,57 |
| | Применета статистика 1/3 (30 пр+30 вежби) | 1,6 |
| 4 | Ментор на дипломски работи на студенти - 40 | 8,0 |
| 5 | Член во комисија за оцена и одбрана на дипломски работи - 47 | 4,7 |
| 6 | Член на комисја за оцена и одбрана на магистерски труд - 7 | 2,1 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | *Рецензиран учебник:* В. Чепујноска, С.Кортошева, Методи за оценка на квалитетот на текстилните материјали, учебник, за IV година студии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Skopje, 2009, 291 страница | 8,0 |
| 8 | Конструкција на облека 1, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, интерен учебник | 4,0 |
| | Конструкција на облека 2, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, интерен учебник | 4,0 |
| | Студија на работата, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, интерен учебник | 4,0 |
| | Тотален менаџмент на квалитет – Методи и техники, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, интерен учебник за постдипломски студии | 4,0 |
| 9 | Збирка задачи по студија на работата, Технолошко-металуршки факултет, Скопје | 3,0 |
| | Испитување на текстилните материјали, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, практикум за вежби | 3,0 |
| 10 | Учество во работилници и семинари - 10 | 10,0 |
| | **Вкупно** | **82,94** |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Ментор на 1 магистерски труд (во тек) | 1,0 |
| 1 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 1.1 | Čortoševa S., Čepujnoska V., Projektovanje procesne kontrole kvaliteta u konfekcijskoj proizvodnji primenom statističkih metoda, Tekstilna industrija 2007, vol. 55, br. 7-9, str. 20-28 | 3,6 |
| 1.2 | B.Gjorgjevska, S.Kjortosheva, V.Chepujnoska, Statistical process control model in the design and the development of fabrics, Journal of Engineering & Processing Management, Vol.2,No1,2010, p.77-91 | 3,2 |
| 1.3 | S.Cortoseva, S.Jordeva. N.Kalojanov, Uticaj pamucnih i poliesterskih pletenina na termo-fiziolosku udobnost, Tekstil i praksa br. 2, 2010, str.30-40 | 2,4 |
| 1.4 | M.Nofitoska, G.Demboski, S.Cortoseva, Projektiranje fizioloških svojstava odjeće, Tesktil (даден во печат) | 4,96 |
| 1.5 | S.Jordeva, S.Cortoseva, K.Ljapceva, Termofizioloski komfor dvoslojnih integriranih pletenina, Tekstilna industrija (даден во печат) | 3,2 |
| 2 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен /стручен собир** | |
| 2.1. | S.Chortoseva, M.Nofitoska, Redesigning of a system of sizes for ladies apparel, XIII Научна конференција со меѓународно учество, ЕМФ 2008, Созопол, Бугарија, Сборник доклади 1124- 1129, 2008 | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.2. | S.Cortosheva, M.Nofitoska, Analyses of the structure of the working time in the process of ironing, XX Congress of Chemists and Technologysts of Macedonia, Ohrid, 2008, TXE-02-E, p. 343-346 | 2,7 |
| 3.0 | **Учество на научен /стручен собир со реферат** | |
| 3.1 | V.Chepujnoska, S.Cortoseva, G.Demboski, V.Risteska, Correlation between quality, defects and costs in clothing production, XXI Congress of Chemists and Technologysts of Macedonia, Ohrid, 2010,TXE-7, p 167 | 0,8 |
| 3.2 | S.Kjortosheva, K. Ljapcheva, S.Jordeva, N.Kaloyanov, The influence of structural properties and raw material content of single jersey knitted structures on the physical – mechanical properties and thermo-physiological comfort, XXI Congress of Chemists and Technologysts of Macedonia, Ohrid, 2010,TXE-6,p.166 | 0,9 |
| 3.3 | М.Трајковска, С.Ќортошева, Методологија за изработка на систем на големини за женска облека, VIII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), 8-10 oktomvri 2009, ТМФ, Скопје, Книга на апстракти стр.94 | 0,9 |
| 3.4 | С.Јордева, С.Ќортошева, К.Љапчева, Влијание на структура на памучни плетенини на термофизиолошкиот комфор, VIII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), 8-10 oktomvri 2009, ТМФ, Скопје, Книга на апстракти стр.30 | 0,9 |
| 4.0 | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет: Quality and reeinginering in apparel industry, технички универзитет, Софија, 11. 2008 | 3,0 |
| | **Вкупно** | **30,26** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1.0 | Модна ревија – 5 | 5,0 |
| 2.0 | Учество на модна ревија по повод Денот на борбата против ракот кај жената во организација на „Борка“ | 1,0 |
| 3.0 | Учество со 3 оригинални модели на Денот на холандската кралица, организирано од Холандската амбасада | 1,0 |
| | **Вкупно** | **7,0** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНАТА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1.0 | Стручен наод и мислење за помошен материјал во Модеста –Штип, 2008 | 1,0 |
| 2.0 | Проект за млекара „Здравје“- Радово: “Влијание на | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | обезбедување на квалитет врз профитабилноста – Six sigma –методологија" | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1.0 | Раководител на Институтот за текстилно инженерство од 2004-2007 | 3,0 |
| 2.0 | Претседател на Комисја за дипломски работи од 2007 -2011 | 0,5 |
| 3.0 | Член на комисија за избор во звање - 4 | 0,8 |
| 4.0 | Координатор на студиска програма на ПДС – Менаџмент на конфекциски процеси од 2005 - 2007 | 1,0 |
| 5.0 | Претседател на Техничкиот комитет за текстил и кожа и производи од текстил и кожа при Институтот за стандардизација на Република Македонија | 1,0 |
| 6.0 | Раководител на наставно – научен колегиум за втор циклус студии за студиската програма Менаџмент на квалитет | 1,0 |
| 7.0 | Член на комисија за изработка на курикулум за конфекциски компјутерски техничар при центарор за стручно образование и обука, министерство за образование и наука | 1,0 |
| 8.0 | Член на комисија за полагање на стручен испит за вештак од областа на техолошкото инженерство при Министерството за правда на Р.Македонија | 1,0 |
| 9.0 | Изготвување и пријавување на 1 научен меѓународен проект (соработник) | 1,0 |
| | **Вкупно** | **12,3** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 82,94 |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 30,26 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 7,0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 12,3 |
| **Вкупно** | **132,5** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Виолета Чепујноска, редовен професор во пензија Технолошко-металуршки факултет, Скопје, претседател, с.р.

2. Д-р Христо Петров, редовен професор Технички универзитет, Софија, член, с.р.

3. Д-р Костадинка Љапчева, редовен професор во пензија, Технолошко-металуршки факултет, Скопје,член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ТЕХНОЛОГИЈА НА ОБЛЕКАТА I, ТЕХНОЛОГИЈА НА ОБЛЕКАТА II, ПРОЕКТИРАЊЕ ВО КОНФЕКЦИСКО ПРОИЗВОДСТВО, МАШИНИ ВО КОНФЕКЦИСКО ПРОИЗВОДСТВО И CAD/CAM ВО КОНФЕКЦИСКО ПРОИЗВОДСТВО НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На 51 редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, одржана на 6. 4. 2011 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник по предметите: технологија на облеката I, технологија на облеката II, проектирање во конфекциско производство, машини во конфекциско производство и CAD/CAM во конфекциско производство. По разгледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" од 23. 2. 2011 год. за избор на еден наставник по горенаведените предмети, пријавен е еден кандидат, д-р Горан Дембоски, вонреден професор на ТМФ-Скопје. Со пријавата се доставени потребните документи за конкурсот.

### 1. БИОГРАФИЈА

Кандидатот д-р Горан Дембоски е роден на 20. 7. 1959 год. во Скопје

Образование:

-доктор на технички науки ТМФ-Скопје, 2000;

-магистер на технички науки (VII/2 степен) ТМФ-Скопје, 1993;

-дипломиран инженер-технолог (VII/1 степен), ТМФ-Скопје, 1984.

Работно искуство:

-од 11.7. 2006, вонреден професор на Технолошко-металуршкиот факултет, по дисциплините: технологија на облеката I, технологија на облеката II, проектирање во конфекциско производство, машини во конфекциско производство и CAD/CAM во конфекциско производство;

-2001-2006, Технолошко-металуршки факултет-Скопје, доцент по дисциплините: технологија на изработка на облеката I, технологија на изработка на облеката II, проектирање во конфекциско производство и машини и уреди во конфекциско производство;

-1989-2001, Технолошко-металуршки факултет-Скопје, асистент по дисциплините: технологија на плетење,

технологија на ткаење, проектирање и конструкција на ткаенини, технологија на конфекција;

-1984-1989, АД Тетекс Тетово- фабрика за модна конфекција, инженер во производен сектор и сектор за производно планирање и контрола.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во периодот по изборот за вонреден професор, д-р Горан Дембоски успешно изведува настава на прв циклус студии по предметите од областа на технологијата на облека и производниот инженеринг и менаџмент:

- технологија на облеката I;
- технологија на облеката II;
- проектирање во конфекциско производство;
- машини во конфекциско производство;
- CAD/CAM во конфекциско производство

На втор циклус студии на наставната програма Менаџмент на конфекциски процеси, кандидатот изведува предавања и вежби по предметите:

- производен менаџмент во конфекциско производство;
- компјутерски апликации во конфекциско производство;

Кандидатот е автор на 4 интерни скрипти од предавања на додипломските студии: Технологија на облеката I, Технологија на облеката, Проектирање во конфекциско производство, Машини во конфекциско производство и практикум за вежби по предметот CAD/CAM во конфекциско производство

На постдипломските студии по менаџмент на конфекциски процеси, кандидатот е автор на интерна скрипта по предметот производен менаџмент во конфекциско производство.

Како вонреден професор бил член на 5 комисии за одбрана на магистерски труд, ментор на 38 дипломски работи и член на 67 комисии за одбрана на дипломски работи.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачкиот интерес на кандидатот во претходниот период ги опфаќа областите на објективната оцена на текстилните површини во функција на допирот, крајниот изглед и перформансите на облеката. Кандидатот исто така работи на процесибилноста на облеката во технолошките процеси на конфекционирање.

Дел од научноистражувачката работа е посветена на проектирање на функционалните, естетските и комфорните својства на облеката во насока на добивање производи со високи перформанси.
Д-р Горан Дембоски ја реализира научноистражувачката работа и во областите на производниот менаџмент во индустријата за облека, зголемување на продуктивноста, производните системи во конфекциското производство, анализа на производните циклуси и трошоците во процесите на изработка на облека.

Кандидатот во периодот од изборот за вонреден професор до денес има објавено 5 печатени трудови, 7 печатени трудови во зборници на меѓународни советувања и 16 соопштенија.

Како наставник на предметите од областите на кои што е избран кандидатот е ментор на 1 докторски труд и ментор и коментор на 4 магистерски трудови, од кои два се одбранети и два се во тек на изработка.

Исто така, д-р Горан Дембоски покажува голема посветеност на работата со студентите и нивното вклучување во научноистражувачката работа.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во изминатиот период, кандидатот реализира стручно-апликативна дејност поврзана со повеќе активности:

- членство во уредувачки одбори на меѓународни советувања;
- член на уредувачки одбори на стручни списанија;
- учество во пријавување на домашни и меѓународни проекти;
- раководител на Институтот за текстилно инженерство;
- координатор и раководител на постдипломски студии

Во делот на стручно-апликативната дејност на кандидатот се забележува и учество во повеќе апликативни проекти фокусирани на зголемување на продуктивноста и конкурентноста во конфекциското производство.

Д-р Горан Дембоски е и учесник на CIP-проектот European Information and Innovation Centre in Macedonia, во делот на трансфер на технологија, иновации и создавање бизнис-партнерства.

## 5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од прегледот на доставената документација може да се заклучи дека кандидатот д-р Горан Дембоски, по изборот во звањето вонреден професор, како и во целата академска кариера се одликува со иницијативност, креативност и покажува континуитет и резултати во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Во наставно-образовната дејност, кандидатот покажува активност на постојано усовршување на дисциплините на коишто е избран на

додипломските студии, како и развивање на нови предмети на постдипломските студии. Резултат на посветеноста кон образовниот процес е оформувањето на поголем број интерни скрипти за додипломски и постдипломски студии.

Во научноистражувачката дејност, кандидатот континуирано работи и се надградува во подрачјата на коишто е избиран. Тоа резултира со успешно следење и применување на новите научни сознанија. Истражувачкиот интерес е фокусиран на актуелните проблематики на процесите на изработка на облека, перформансите и квалитетот на облеката и производниот менаџмент во конфекциското производство. Исто така, кандидатот покажува успешна активност во развој на млади соработници со неговото менторство во докторски и магистерски трудови.

Стручно-апликативната дејност на д-р Горан Дембоски се реализира во интензивна соработка со стопанството и апликација на теоретските знаења во решавање на практичните проблеми, што се огледа и во учеството во повеќе апликативни проекти со фокус на зголемување на продуктивноста и конкурентноста во производството на облека. Кандидатот активно учествува во професионални здруженија и во уредувачки одбори на стручни списанија и советувања.

Активностите на кандидатот и постигањата се квантифицирани според актуелниот Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и достигнуваат 137,2 поени. Од гореизнесеното ни претставува чест и задоволство да предложиме д-р Горан Дембоски, вонреден професор, да се избере во звањето редовен професор по предметите: технологија на облеката I, технологија на облеката II, проектирање во конфекциско производство, машини во конфекциско производство и CAD/CAM во конфекциско производство.

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Христо Петров, ред. проф., Технички универзитет-Софија, с.р.

2. Д-р Костадинка Љанчева, ред. проф. во пензија, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, с.р.

3. Д-р Виолета Чепујноска, ред. проф. во пензија, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Горан Душан Дембоски
**Институција:** Технолошко-металуршки факултет
**Научна област:** технологија на облека/производен менаџмент

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување настава-прв циклус студии** | |
| | Технологија на облеката I (3+3) | 1.8 |
| | Технологија на облеката II (3+3) | 1.8 |
| | Проектирање во конфекциско производство (2+1) | 1.2 |
| | Машини во конфекциско производство (2+0) | 1.2 |
| | CAD/CAM во конфекциско производство (2+1) | 1.2 |
| 2 | **Одржување настава-втор циклус студии** | |
| | Прозводен менаџмент во конфекциско производство | 3.15 |
| | Компјутерски апликации во производство на облека | 2.4 |
| 3 | **Ментор на дипломски работи (38)** | 7.6 |
| 4 | **Член на комисија за одбрана на дипломски работи (67)** | 6.7 |
| 5 | **Член на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд** | 0.9 |
| 6 | **Интерна скрипта од предавања (прв циклус)** | |
| | Технологија на облеката I | 4 |
| | Технологија на облеката II (3+3) | 4 |
| | Проектирање во конфекциско производство (2+1) | 4 |
| | Машини во конфекциско производство (2+0) | 4 |
| 7 | **Интерна скрипта од вежби (прв циклус)** | |
| | CAD/CAM во конфекциско производство (2+1) | 3 |
| 8 | **Интерна скрипта од предавања (втор циклус)** | |
| | Производен менаџмент во конфекциско производство | 4 |
| 9 | **Настава во работилница** | |
| | Time study according REFA system, 8-9.12.2009, 27-29.01.2010 | 2 |
| | **Вкупно** | **53,0** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на докторска дисертација, М. Нофитоска, „Проектирање естетско-функционални својства на облеката“, ТМФ-Скопје | 3 |
| 2 | Ментор на магистерски трудови (4), Т. Стојанов: „Методологија за унапредување на менаџментот во технолошкиот процес во конфекциско производство“, С. Голомеова: „Селекција на добавувач и квалитет на помошни материјали во конфекциско производство“, С. Крстева: „Оптимизација на технолошкиот процес на кроење за | 3.9 |

| | | |
|---|---|---|
| | ефикасно искористување на материјалите“<br>М. Нофитоска: “Методологија за проектирање квалитет на конфекциски производ“. | |
| 3 | **Трудови печатени во научни и стручни списанија** | |
| 3.1 | B. Mangovska, G. Demboski, I. Jordanov, Utejcaj oplemenjivanja na svojstva odjece od pamuka i njegovih mešavina sa elastanskim vlaknom, Tekstil, 59 (4) 2010, 136-143. | 4.96 |
| 3.2 | G. Demboski, M. Nofitoska, Sposobnost drapiranja tkanine, Tekstil i Praksa, 1, 2010, 4-10. | 2.7 |
| 3.2 | G. Demboski, MA Carvalho, M. Nofitoska, Affecting Tearing Strength Properties of Woven Fabric for Tailored Garments, Tekstilna industrija, 1-3, 2010, pp. 16-21. | 3.2 |
| 3.4 | G. Demboski, M. Nofitoska, Efekti varijacije strukture tkanine na performance šavova odeće, Tekstil i praksa, 1-2, 2009, 52-59. | 2.7 |
| 3.5 | G. Demboski. G. Bogoeva-Gaceva: Mehanička svojstva staklo/PET kompozita iz pletenih predoblika-utjecaj finoće prede, Tekstil 56 (4) (2007.) 4, 221-228. | 5.58 |
| 4 | **Трудови печатени во зборници на меѓународни конгреси и советувања** | |
| 4.1 | G. Demboski, M.A. Carvalho, M. Nofitoska, Sewability of Tailored Garments, Tendencije razvoja u tekstilnoj indsutriji, Dizajn Tehnologija, Menadzment - DTM 2010, Beograd, 4-5.06.2010, 150-155. | 2.4 |
| 4.2 | G. Demboski, M. Nofitoska, Effect of Seams on Woven Fabric Bending Stiffness, VIII Simpozijum “Savremene tehnologije i privredni razvoj“ sa međunarodnim učešćem, 23 i 24 oktobar 2009, Leskovac, Srbija, 241-247. | 2.7 |
| 4.3 | G. Demboski, M. Nofitoska, Drapeability of Woven Fabric, VIII Simpozijum “Savremene tehnologije i privredni razvoj“ sa međunarodnim učešćem, 23 i 24 oktobar 2009, Leskovac, Srbija, 248-253. | 2.7 |
| 4.4 | G. Demboski, M. Nofitoska, Influencing Clothing Comfort Properties, XIV Нучна конференция с международно участие, ЕМФ 2009, 17 - 20 септември, 2009, Sozopol, Bugarija, 153-157. | 2.7 |
| 4.5 | G. Demboski, Predicting marker efficiency, XIV Нучна конференция с международно участие, ЕМФ 2009, 17 - 20 септември, 2009, Sozopol, Bugarija, 158-163. | 3 |
| 4.6 | Demboski, G., Nofitoska, M., The analysis of the cost of dealing with fabric faults during lays spreading, ITC and DC: Book of Proceedings of the 4th International Textile, Clothing and Design Conference - Magic World of Textiles, pp. 564-568, 2008 Dubrovnik. | 2.7 |
| 4.7 | G. Demboski, M. A. Carvalho, M. Nofitoska, The Influence of Fabric Structure on Seam Slippage of Wool and Wool/Polyester Blended Fabrics, 3th Internatonal Textile, Clothing & Design Conference-Magic World of Textiles, Dubrovnik 2006. | 2.4 |
| 5 | **Соопштенија на меѓународни и домашни научни и стручни собири** | |
| 5.1 | S. Krsteva, V. Srebrenkoska, G. Demboski, Apply of textile waste | 0.8 |

| | | |
|---|---|---|
| | for production of composite materials, XIII YUCORR International Conference Proceedings, Tara, 05. 04.-08. 04. 2011, Serbia. | |
| 5.2 | M. Nofitoska, G. Demboski, Serviceability Properties of Men's Tailored Garments, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia (with international participation), September 23-26th 2010, Ohrid, R. Macedonia. | 0.9 |
| 5.3 | M. Nofitoska, G. Demboski, Thermophysiological Wear of Tailored Garments, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia (with international participation), September 23-26th 2010, Ohrid, R. Macedonia. | 0.9 |
| 5.4 | V. Cepujnoska, S. Cortoseva, G. Demboski, V. Ristevska, Correlation Between the Quality, Defects and Costs in Clothing Production, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia (with international participation), September 23-26th 2010, Ohrid, R. Macedonia. | 0.8 |
| 5.5 | G. Bogoeva-Gaceva, G. Demboski, V. Srebrenkovska, Lj. Raka, Sustainable Polymer Composite Materials: from fiber reinforced to nano-composites, Unido meeting & prepare core group meeting, Skopje, Ohrid, April 27-30, 2010. | 0.7 |
| 5.6 | В. Мишова, Г. Дембоски, Бизнис план за производство на облека, VII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), Скопје, 2009. | 0.9 |
| 5.7 | Бонева, Г. Дембоски, Модуларно производство на облека, VII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), Скопје, 2009. | 0.9 |
| 5.8 | Н. Иванова, Г. Дембоски, Анализа на времето на поминување во линија за монтажа на облека, VII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), Скопје, 2009. | 0.9 |
| 5.9 | С. Голомеова, Г. Дембоски, Линија за монтажа на облека за производство на група модели, VII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), Скопје, 2009. | 0.9 |
| 5.10 | B. Mangovska, G. Demboski, I. Jordanov, Influence of Enzymatic Industrial Washing on Cotton and Cotton/Elastane Garment's Properties, 21st IFATCC International Congress, 6-9 May, 2008, Barcelona, Spain. | 0.8 |
| 5.11 | G. Demboski, M. A. Carvalho, M. Nofitoska, The Objective Evaluation of Wool and Wool Blended Fabric for Clothing, ICOSECS 5 - 5th International Conference of the Chemical Societes of the South-East European Countries, Ohrid, 2006. | 0.8 |
| 5.12 | G.Demboski, M. Nofitoska, Costs Analysis due to Base Fabric Defects in the Cutting Process, ICOSECS 5 - 5th International Conference of the Chemical Societes of the South-East European Countries, Ohrid 2006. | 0.9 |
| 5.13 | Г. Дембоски, Европски иновативен и информативен центар во Македонија, ТТА Кластер за текстил, 27. 5 .2009, Штип. | 1 |
| 5.14 | Г. Дембоски, Можности за зголемување на продуктивноста | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | во конфекциското производство, Семинар за продуктивноста во конфекциското производство, во рамките на GTZREDEM-проектот за регионален развој на источниот регион на Македонија, Штип 2008. | |
| 5.15 | М. Нофитоска, Г. Дембоски, Апликација на системите за објективна оценка на ткаенините во процесите на изработка на облека, XIII советување на текстилните инженери на Република Македонија, Струмица, 2007. | 0.9 |
| 5.16 | G. Demboski, Productivity in Apparel Companies Part II – Blazer production, MCA-USAID project workshop, Stip 2006 | 1 |
| | **Вкупно** | **58,7** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. Број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Член на научен одбор на советување: Tendencije razvoja u tekstilnoj indsutriji, Dizajn Tehnologija, Menadžment-DTM 2010, Beograd, 4-5 Juni, 2010 | 1 |
| 2 | Член на уредувачки одбор, IX Simpozijum Savremene tehnologije i privredni razvoj 2011, Leskovac | 1 |
| 3 | Член на уредувачки одбор на списанието "Текстилна индустрија" Београд, Србија | 0.5 |
| 4 | Член на советот на водство на Текстилно-трговската асоцијација, кластер за текстил на РМ | 0.5 |
| 5 | Изготвување и пријавување научен проект: Проектирање естетско функционални својства на облеката, МОН, 2008 (носител) | 1 |
| 6 | Изготвување и пријавување научен проект (2): Добивање и карактеризација на нови типови рециклирани композити со комплетно искористување на отпадниот материјал, МОН 2010, Развој на одржлива технологија за производство на нови композити со обезбедување на повратен тек на отпадниот материјал, МОН 2011 (соработник) | 1.0 |
| 7 | Раководител на Институтот за текстилно инженерство на ТМФ | 3 |
| 8 | Член на комисија за избор во звање (6), М. Нофитоска, Д. Бурџеска-Трајковска, М. Кикиритокова, С. Спасова, Н. Ќирковиќ | 1.2 |
| 9 | Член на комисија за постдипломски студии | 0.5 |
| 10 | Координатор на студиски програми (3): Менаџмент на конфекциски процеси, Текстилна хемија и екологија, Менаџмент на квалитет | 3 |
| 11 | Раководител на ПДС Менаџмент на конфекциски процеси | 2 |
| 12 | Соработник во изготвување и пријавување меѓународен проект (3): Tempus IV — Reform of higher education through international university cooperation Third Call 2010 EACEA N° 28/09, Tempus IV — Reform of higher education through international university cooperation Second Call 2009, | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | EAC/01/2009, IPA - Socio-Economic Partnership Programme 2010 | |
| 13 | 2008-2010 European Information and Innovation Centre for Macedonia part I, CIP project, учесник во проект | 1 |
| 14 | 2011-2012 European Information and Innovation Centre for Macedonia part I I, CIP project, учесник во проект | 1 |
| 15 | GTZREDEM-проект за регионален развој на источниот регион на Македонија, GTZ, 2007, учесник во проект | 1 |
| 16 | E. Zenov, G. Demboski, Productivity Improvements in Macedonian Apparel Companies II part - Blazer production, Apparel Cluster Pilot Project, MCA-USAID, pilot project final report, 2006 | 1.8 |
| 17 | G. Demboski, Improving production efficiency in two apparel companies – TTA/TC members, MCP pilot project, final report, 2008 | 2 |
| 18 | Стручно признание: Certificate of appreciation from MCA-USAID for outstanding performance in recognition of commitment to improving apparel industry education and extraordinary contribution to excellent results from the Macedonia Apparel Cluster Pilot Project for Productivity Improvements | 1 |
| | **Вкупно** | **25,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **53,0** |
| | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **58,7** |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **25,5** |
| | **Вкупно** | **137,2** |

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Христо Петров, ред. проф., Технички универзитет-Софија, с.р.

________________________

2. Д-р Костадинка Љапчева, ред. проф. во пензија, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, с.р.

________________________

3. Д-р Виолета Чепујноска, ред. проф. во пензија, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, с.р.

________________________

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕДИУМИ И КОМУНИКАЦИИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс објавен во весникот „Дневник" на 2 март 2011 година за избор на наставник во насловно звање - вонреден професор на научната област медиуми и комуникации, Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први", на седницата од 24 март 2011 година формира Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Томислав Чокревски (претседател), проф. д-р Томе Груевски и проф. д-р Димитар Гелев (членови).

Рецензентската комисија, по прегледот на поднесените документи, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор во насловно звање - вонреден професор на научната област медиуми и комуникации објавен на 2 март 2011 година, се пријави кандидатот: доц. д-р Зоран Костов. Кандидатот ги поднесе сите потребни документи и прилози по конкурсот и Законот за високото образование.

Биографски податоци на кандидатот

Д-р Зоран Костов е роден 1964 година во Скопје.

Образованието го оформил на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Дипломирал на студиите по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во 1998 година, со просечна оценка на положени предмети 8,4.

Магистрирал во 2002 година на групата за комуникации при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, со магистерска теза: *Правни, политички и социо-културни импликации на Интернет: свесност кај корисниците во Република Македонија.*

Докторирал на студиите по новинарство при Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во 2006 година, со докторска теза: *Социјалната природа на компјутерски посредуваните комуникации.*

Од 1988 до 2006 година д-р Зоран Костов е вработен во универзитетската издавачка куќа „Студентски збор" на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во текот на овој период бил:

- главен и одговорен уредник на весникот на студентите на Македонија „Студентски збор" (1988-1992).

- извршен уредник на „Дијалог" - списание за општествена теорија и критика (1992-1994).

- главен и одговорен уредник на универзитетската издавачка куќа „Студентски збор“ (од 1994) и извршен уредник на „Евродијалог“ - списание за европски прашања (од 2001).

Од 2006 година д-р Зоран Костов е вработен како национален директор на Фондацијата “Хабитат Македонија“.

Оценка на научните, стручните, педагошките и други остварувања

Д-р Зоран Костов има голем број објавени научни, стручни и новинарски трудови, како и широк опсег на педагошки и општествени остварувања.

Во рамките на неговата долгогодишна преокупација, во издавачката куќа „Студентски збор“ бил уредник на неколку стотини броеви на весникот „Студентски збор“, како и уредник на повеќе од 150 учебници, учебни помагала и научни трудови, издадени од еминентни наставници и научни работници од универзитетите во Македонија. Истовремено бил еден од иницијаторите за обновување на списанието „Дијалог“, како и иницијатор за воспоставување на списанието „Евродијалог“.

Во периодот 1998-2002 и 2006-2008 година бил член на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како демонстратор по предметите *теорија и практика на новинарството 3* и *современи информациски и комуникациски системи* на студиите по новинарство при Правниот факултет „Јустинијан Први“ е ангажиран од 2002 година. Во овој период бил ангажиран и како предавач на Летната новинарска школа во организација на Факултетот, а учествува при подготвувањето на новиот наставен план на студиите по новинарство согласно со ЕКТС, во соработката со странски невладини организации кои се занимаваат со образование на новинари, како и во дебатите за унапредување на образованието за новинари организирани од Правниот факултет.

Од летниот семестар во учебната 2005/06 година го предава предметот *медиуми и општество*, а од јули 2006 е избран за насловен доцент по истиот предмет.

Во 2007 година бил член на организацискиот одбор на научниот собир: Триесет години студии по новинарство во Македонија и е член на уредувачкиот одбор на зборникот кој е издаден по тој повод.

Од учебната 2008/09 година одржува настава и за вториот циклус (постдипломски) студии по предметите *социологија на комуникации* и *нови медиуми.*

Потврда на научните и стручните остварувања на д-р Зоран Костов се стипендиите за студиски престои во странство, доделени од меѓународно реномирани научни и општествени институции.

Во 2001 година д-р Зоран Костов користел стипендија на Јапонската фондација при Министерството за надворешни работи на Јапонија. Бил гостин истражувач на Факултетот за политички науки и економија при Универзитетот Токаи во Токио. Темата на неговото истражување е дефинирана како: *Импликации на информациските и комуникациските технологии врз општествата: Нео-Лудитите против Сајбер панацеата.*

Во 2004 година користел заедничка стипендија на Лондонската школа за економија, Институтот отворено општество, Форин и комонвелт офис на Велика Британија и Фондацијата „Чевенинг“. Бил гостин - истражувач во Центарот за студии на глобалното владеење при Лондонската школа за економија и политички науки. За време на престојот развил наставен курикулум насловен како: *Новите медиуми и општеството*, а спровел и

објавил истражување насловено како: *Глобалните тенденции и локалните импликации: сајбер исклученоста на/во земјите на Западен Балкан.*

Како потврда и признание за оствареното добил нова стипендија за истражувачки престој во Центарот за студии на глобалното владеење при Лондонската школа за економија и политички науки во 2007 година.

Во текот на 2004 и 2005 година користел меѓународна стипендија за применета политика на Центарот за изучување на применета политика при Универзитетот на Централна Европа во Будимпешта.

Во 2010 година користел стипендија на Универзитетот Харвард за професионално образование во областа на стратегиски менаџмент за лидери на НВО.

Во 2011 година е прифатен за гостин - истражувач на Универзитетот Кеио во Токио, преку нова стипендија од Јапонската фондација при Министерството за надворешни работи на Јапонија, со истражувачка тема: *Јапонските политики, механизми и практики за е-вклучување, и улогата на третиот/невладин сектор.*

Д-р Костов е член на Европската асоцијација за комуникациски истражувања и образование од 2007 година.

Во изминатите десет години д-р Зоран Костов зема учество или презентира стручни излагања на повеќе домашни и меѓународни семинари и конференции, меѓу кои:

- симпозиум „Митот за глобалниот Интернет“ на Европската асоцијација за комуникациски истражувања и образование одржан во Брисел, Белгија, 2007 година, презентиран труд: *„Сајбер исклученоста како социјална исклученост: искуство од Југоисточна Европа“*;

- симпозиум „Еднаквите можности и комуникациските права“, на Весалиус колеџот, Европскиот центар за новинарство и Европската асоцијација за комуникациски истражувања и образование одржан во Брисел, Белгија во 2007 година, презентиран труд: *„Проширување на јавната сфера наспроти колонизацијата на сајбер просторот“*;

- паневропска конференција за информациско општество одржана во Букурешт, Романија, 2002 година, како европска подготвителна сесија за Светскиот самит за информациско општество;

- семинар на Центарот за глобални комуникации „Глоком“ при Меѓународниот универзитет на Јапонија, одржан во Токио, Јапонија, 2001 година, на тема: „Новите лидери на информациското општество“;

- конференција за он-лајн (електронско) учење одржана во Денвер, САД, 2000 година;

- Салцбург - семинар, сесија 359, на тема: „Социјални и политички импликации на Интернет“, одржан во Салцбург, Австрија, 1998 година;

- конференција на УНЕСКО за културни политики и развој одржана во Стокхолм, Шведска, 1998 година, со презентации во сесијата за *културата и технологијата на новите медиуми*;

- 29-та Генерална конференција на УНЕСКО одржана во Париз, Франција, 1997 година, со презентација во тематската област *комуникации и информации*;

- конференција на ОН за социјален развој, одржана во Копенхаген, Данска, 1995 година.

Во изминатите 25 години, доц. д-р Зоран Костов покажува и забележителен општествен ангажман:

- во периодот 1991-1995 бил претседател на Младинскиот совет на Македонија - национална координација на младинските организации од Македонија, член на Извршниот

комитет на Европскиот младински совет и член на Собранието на Светската младинска асамблеја;

- во периодот 1995-1999 бил член на Националната комисија за УНЕСКО, одговорен за младински прашања;

- во периодот 1995-2000 бил член на Управниот одбор на Македонскиот центар за меѓународна соработка, а од 1998 година е член на Одборот на старатели на неговата апекс-структура: Македонската фондација за развој на претпријатија;

- во периодот 1996-2000 бил член на Претседателството на Здружението на новинарите на Македонија, а во периодот 1999-2003 бил член на Издавачкиот совет на „Утрински весник";

- во периодот 2002-2006 бил член на Управниот одбор на Македонската радиотелевизија,

- во периодот 2006-2008 бил член на Извршниот одбор на „Транспарентност Македонија".

<u>Објавени стручни и научни трудови</u>

Во изминатите 25 години д-р Зоран Костов објавил неколку стотини новинарски трудови објавени во весниците: „Млад борец", „Студентски збор", „Младост", „Нова Македонија" и „Утрински весник". Првиот објавен новинарски труд датира од 1981 година.

Голем дел од објавените трудови имаат стручен карактер во областа на новите технологии, информациското и комуникациско општество, односите меѓу медиумите и општеството, менаџментот на знаење и сл.

Во изминатите години, д-р Зоран Костов објавил и повеќе научни (теоретски) трудови, меѓу кои:

- „Некои правни аспекти на феноменот Интернет", *Дијалог* бр. 15, НИП Студентски збор, 1998;

- „Advanced Cyber Optimism Awaiting Certification", *Japan Foundation Newsletter*, Japan Foundation, Tokyo, 2001;

- „Телевизијата и јавната сфера: европското наспроти искуството на САД", *Евродијалог* бр. 4, ЦРИС Студиорум, Скопје, 2003;

- „Global Tendencies and Local Implications: Cyber Exclusion of/in the Western Balkan Countries", Discussion paper, Centre for the Study of the Global Governance, LSE, London, 2005;

- „Предизвици на јавниот радиодифузен сервис", во зборникот *Професионалното новинарство и развојот на медиумите во Македонија*, Фондација „Конрад Аденауер", Скопје, 2006;

- „Сајбер исклученост на и во земјите на Западен Балкан", во *Евродијалог* бр. 9, ЦРИС Студиорум, Скопје, 2006;

- "Теоретски референци на компјутерски посредуваните комуникации", *во Комуникологијата и другите науки* (зборник на трудови), Правен факултет, Скопје, 2007;

- "Иатрогенични болести на информациското општество", во *Зборник* на Правниот факултет, Правен факултет, Скопје, 2010.

Ангажиран како надворешен експерт, д-р Зоран Костов е автор и на поглавјето за комуникации во *Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на Република Македонија (2010-2020).*

Во печат се наоѓа неговата книга: *Интернет, социјална феноменологија.*

Врз основа на изнесеното, а во согласност со Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**ПРЕДЛОГ**

**за избор на кандидатот доцент д-р Зоран Костов во насловно звање - вонреден професор на научната област медиуми и комуникации**

Д-р Зоран Костов ги исполнува критериумите за избор во насловно звање - вонреден професор на научната област медиуми и комуникации на студиите по новинарство, медиуми и масовни комуникации при Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Рецензентската комисија констатира високо ниво на научните, стручните, педагошките и други остварувања на доцент д-р Зоран Костов, како и на неговите стручни и научни трудови.

Со особено задоволство, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" доц. д-р Зоран Костов да биде избран во насловно звање - *вонреден професор* на научната област медиуми и комуникации.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Томислав Чокревски, претседател, с.р. __________________

Проф. д-р Томе Груевски, член, с.р. __________________

Проф. д-р Димитар Гелев, член, с.р. __________________

# ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Зоран Благоја Костов

**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје

**Научна област:** медиуми и комуникации

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред, број | Назив на активноста | Поени | Вк, поени |
|---|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии**<br>• Медиуми и општество 2 (часа) * 15 (недели) * 0,04 = 1,2<br>2006/07: **1,2**<br>2007/08: **1,2**<br>2008/09: **1,2**<br>2009/10: **1,2**<br>2010/11: **1,2** | 0,04 | **6,00** |
| | **Одржување на настава од втор циклус студии**<br>• Социологија на комуникации:<br>2008/09: 2 (часа) * 15 (недели) * 0,05 = **1,5**;<br>2009/10: 2 (часа) * 15 (недели) * 0,05 = **1,5**;<br>2010/11: 2 (часа) * 15 (недели) * 0,05 = **1,5**;<br>• Нови медиуми:<br>2008/09: 2 (часа) * 15 (недели) * 0,05 = **1,5**;<br>2009/10: 2 (часа) * 15 (недели) * 0,05 = **1,5**;<br>2010/11: 2 (часа) * 15 (недели) * 0,05 = **1,5**; | 0,05 | **9,00** |
| | **Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)**<br>- Семинарски трудови на студенти, втор циклус на студии<br>• Социологија на комуникации:<br>2008/09: 2 (часа) * 15 (недели) * 0,03 = **0,9**;<br>2009/10: 2 (часа) * 15 (недели) * 0,03 = **0,9**;<br>2010/11: 2 (часа) * 15 (недели) * 0,03 = **0,9**;<br>• Нови медиуми:<br>2008/09: 2 (часа) * 15 (недели) * 0,03 = **0,9**;<br>2009/10: 2 (часа) * 15 (недели) * 0,03 = **0,9**;<br>2010/11: 2 (часа) * 15 (недели) * 0,03 = **0,9**; | 0,03 | **5,40** |
| | **Консултации со студенти**<br>• 2006-2011: 100 (студенти на прв циклус студии) * 5 (години) * 0,002 = **1,00**; | 0,002 | **1,12** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • 2008/09, 2009/10 и 2010/11: 20 (студенти на втор циклус студии) * 3 (години) * 0,002 = **0,12** | | |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат**<br>• М-р Кристина Христова Николова: Комуниколошки аспекти на интернетот како фактор на глобализацијата и демократизација на општествата во транзиција (2008)<br>• М-р Елена Петровска: Злоупотребите на интернетот и стратегии за нивно надминување (2008)<br>• М-р Даниела Блажевска: Деловната комуникација во менаџментот на медиумите на Република Македонија (2009)<br>• М-р Жанета Ќосе: Говор на омраза: медиумско известување – печатени и електронски медиуми во Република Македонија<br>• М-р Сашо Огненовски: Односи со јавноста и со медиумите во Република Македонија<br>• М-р Сузана Џамтовска – Здравковска: Комуниколошки аспекти на јавниот менаџмент со посебен осврт на Република Македонија (2010) | 0,5 | **3,00** |
| | **Пакет материјали за одреден предмет**<br>• Читанка по предметот медиуми и општество<br>• Читанка по предметот социологија на комуникации<br>• Читанка по предметот нови медиуми | 1 | **3,00** |
| | **Вкупно** | | **27,60** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред, број** | **Назив на активноста** | **Поени** | **Вк, поени** |
|---|---|---|---|
| | **Учесник во меѓународен научен проект**<br>• Social Science in South East Europe Syllabus Handbook, Centre for the Study of Global Governance, London School of Economics, London (2007) | 5 | **5,00** |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**<br>• „Сајбер исклученост на и во земјите на Западен Балкан", во *Евродијалог* бр, 9, ЦРИС Студиорум, Скопје, (2006);<br>• "Теоретски референци на компјутерски посредуваните комуникации", *во Комуникологијата и другите науки* (зборник на трудови), Правен факултет, Скопје, (2007);<br>• "Иатрогенични болести на информациското општество", во *Зборник* на Правниот факултет, Правен факултет, Скопје, (2010), | 4 | **12,00** |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | 3 | **3,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • "Global Tendencies and Local Implications: Cyber Exclusion of/in the Western Balkan Countries", Discussion paper, Centre for the Study of the Global Governance, LSE, London, (2006). | | |
| | **Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание**<br>• "Предизвици на јавниот радиодифузен сервис", во публикацијата *Професионалното новинарство и развојот на медиумите во Македонија*, Фондација "Конрад Аденауер", Скопје, (2006). | 2 | **2,00** |
| | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br>• симпозиум "Митот за глобалниот Интернет" на Европската асоцијација за комуникациски истражувања и образование одржан во Брисел, Белгија, презентиран труд: *Сајбер исклученоста како социјална исклученост: искуство од Југоисточна Европа* (2007),<br>• симпозиум "Еднаквите можности и комуникациските права", на Весалиус колеџот, Европскиот центар за новинарство и Европската асоцијација за комуникациски истражувања и образование одржан во Брисел, Белгија, презентиран труд: *Проширување на јавната сфера наспроти колонизацијата на сајбер просторот* (2007). | 2 | **4,00** |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат**<br>• "Теоретски референци на компјутерски посредуваните комуникации", презентиран труд на научен собир: Триесет години студии по новинарство во Македонија, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје (2007) | 1 | **1,00** |
| | **Вкупно** | | **27,00** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред, број** | **Назив на активноста** | **Поени** | **Вк, поени** |
|---|---|---|---|
| **Дејности од поширок интерес** | | | |
| | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание**<br>• Списание за европски прашања "Евродијалог", Скопје (2002-2011) | 0,5 | **0,5** |
| | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир**<br>• Организациски одбор на научен собир: Триесет години студии по новинарство во Македонија, Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје (2007) | 0,5 | **0,5** |
| | **Студиски престој во странство**<br>- до три месеци<br>• Универзитет Харвард, професионално образование во областа на стратегиски менаџмент за лидери на НВО | 1 | **2,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | (2010);<br>- до 6 месеци<br>• Центарот за студии на глобалното владеење при Лондонската школа за економија и политички науки, Лондон, гостин - истражувач, стипендија на Лондонската школа за економија, Институтот отворено општество, Форин и комонвелт офис на Велика Британија и Фондацијата "Чевенинг" (2007) | | |
| | **Член на Универзитетскиот сенат**<br>• 2006-2008 | 2 | **2,00** |
| | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл,)**<br>• "Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020" (област: комуникации), Министерство за труд и социјална политика и УНДП (2010 година) | 2 | **2,00** |
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи**<br>• член на Управен одбор на Македонската радио-телевизија (2006),<br>• Претседател на Комисија за соработка со НВО при Министерството за труд и социјална политика (2004-2008) | 1 | **2,00** |
| | **Учество во изработка на национална програма од одредена област**<br>• Национален акционен план за спроведување на Стратегијата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија во 2011 година (област комуникации), Министерство за труд и социјална политика и УНДП (2011 година) | 3 | **3,00** |
| | **Вкупно** | | **12,00** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **27,60** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **27,00** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **12,00** |
| **Вкупно** | **66,60** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Томислав Чокревски, претседател с.р.
2. Проф. д-р Томе Груевски, член с.р.
3. Проф. д-р Димитар Гелев, член с.р.